ПРИЛОЗИ. ОДДЕЛЕНИЕ ЗА ЛИНГВИСТИКА И ЛИТЕРАТУРНА НАУКА
CONTRIBUTIONS. SECTION OF LINGUISTIC AND LITERARY SCIENCES

ISSN 0350-1914

МАКЕДОНСКА АКАДЕМИЈА НА НАУКИТЕ И УМЕТНОСТИТЕ
MACEDONIAN ACADEMY OF SCIENCES AND ARTS

ОДДЕЛЕНИЕ ЗА ЛИНГВИСТИКА И ЛИТЕРАТУРНА НАУКА
SECTION OF LINGUISTIC AND LITERARY SCIENCES

ПРИЛОЗИ

CONTRIBUTIONS

XXXVII 1-2

**ПРИЛОЗИ ПОСВЕТЕНИ
НА АКАДЕМИК БЛАЖЕ РИСТОВСКИ
ПО ПОВОД НЕГОВАТА 80-ГОДИШНИНА**

СКОПЈЕ – SKOPJE
2012

Уредувачки одбор:

акад. Блаже Ристовски (претседател)
акад. Витомир Митевски
акад. Катица Ќулавкова
проф. д-р Билјана Ристовска-Јосифовска (координатор)



БЛАЖЕ РИСТОВСКИ

Петар Хр. ИЛИЕВСКИ

РЕВИДИРАНИОТ ПРЕВОД НА МАКЕДОНСКОТО БОГОСЛУЖБЕНО ЕВАНГЕЛИЕ

Содржина: 1. Увод. Значење на библиските и, особено, евангелските преводи. – 2. Осврт кон историјата на евангелските преводи општо и на словенските посебно, во чии рамки имаат свое место и македонските. – 3. Првиот превод на Престолното евангелие на македонски литературен јазик од 1952 год. – 4. Ревидираниот превод на Македонското престолно евангелие од 2008 год. – 5. Илустрации на варијанти меѓу овие две изданија. – 6. Перспективи на понатамошните библиски, посебно евангелски, преводи на македонски јазик.

1. Појавата на второто издание на *Македонското престолно евангелие* претставува настан од особена важност за нашата црковна и народна култура. Оваа необична книга, *Светото евангелие*[1], вечна со својата свештена содржина и богата литургиска симболика, е темел на христијанството. *Престолното евангелие,* посебно, го симболизира и Самиот Христа. Без оваа книга нема православен храм; без неа не може да се одржи најважното богослужение, Света Евхаристија (литургија), на која верниците доаѓаат за да се соединат духовно со Христа.

Библиските, а особено евангелските преводи, не се чин кој штом еднаш ќе се изврши, потоа вечно ќе трае, туку процес на непрекинати ревизии според современите стандарди на јазикот. Содржи-

[1] Издадено во чест на 50-годишнината од возобновувањето на Охридската архиепископија во лицето на Македонската православна црква, Скопје, 2008.

ната на оваа книга останува иста, и понатаму нема да се промени ниедна најмала буква додека не се исполни сè (Мт. 5. 18). Во преводот, меѓутоа, често се менува изразот според стандардот на јазикот од времето кога тој е направен. Преводот е јазична работа, а јазикот е жива материја во постојано превирање, условено од наследени внатрешни тенденции, но и од јазичната средина во која се употребува јазикот.

За да се разбере точно што претставува новото издание на *Македонското престолно евангелие,* потребно е човек да има предвид што му претходело нему во поблиското и подалечното минато, како и што се очекува да следи по него. Поради тоа во своето излагање се запирам, главно, на следниве три точки:

а. За евангелските преводи на други јазици воопшто и, посебно, за македонските.

б. Новото ревидирано издание на *Македонското престолно евангелие* во споредба со претходните евангелски преводи на македонски, а пред сè, со објавеното во 1952 година.

в. Какви се перспективите за понатамошните библиски и, особено, евангелски преводи на македонски јазик.

Со оглед на сè позасиленото негирање на македонскиот јазик од страна на некои наши соседи, сметам дека е неизбежен еден макар и бегол преглед на ваквите постари преводи, за да не се помисли дека пред спомнативе две изданија немало и други такви на македонски. Затоа ќе се запрам прво на нив.

I

2. За разлика од некои религии каде што светите книги не смеат да се читаат на друг јазик освен на оригиналниот, на којшто за првпат биле запишани, *Светото евангелие* од самиот почеток се проповеда и чита на разни јазици. Тоа е најпреведуваната книга во светов. Основа за тоа има во духовденскиот настан (Дела ап. 2. 1–47), кога апостолите, просветени од Св. Дух со дарот на јазици, им се обратиле на многубројните поклоници (дојдени во Јерусалим од разни места заради празникот Педесетница) на нивниот мајчин јазик и започнале да им зборуваат јавно за Христа, за Неговите дела и за Неговото учење.

Набргу потоа започнале да се нижат и писмени преводи (коптски, латински, ерменски, грузиски, готски и др.) на Светото писмо, на Стариот и Новиот завет, а посебно на Евангелието.

Поради преводот на оваа книга голем број народи во светов се здобиле со своја писменост[2]. Првите писмени спомени, на нивниот јазик и за нивната култура, започнуваат со преводот на Евангелието. А преку преводите и нивните варијанти може да се следи и историскиот развој на јазикот. Таков е случајот и со Словените почнувајќи од IX век. Во тие рамки и македонскиот превод на Евангелието има своја подолга историја.

И во најстариот словенски превод на Евангелието, направен од Солунските браќа свв. Кирил и Методиј, се зачувани траги од говорот на словенското население во Солунско, врз чија основа тоа било и преведено. Дијалектните разлики на словенските племиња во тоа време, меѓутоа, биле минимални. Евангелието во превод на дијалектот од македонското словенско население го разбирале и го сметале за свое и Моравците, и Панонците, па и источните руски племиња. Тој превод е на општословенски јазик и никој од современите словенски народи нема право да го присвојува само за себе.

Константин Философ – св. Кирил, инвентор на првото словенско писмо – глаголицата и кодификатор на старословенскиот литургиски и литературен јазик, ги решавал графичките и јазичните проблеми во склоп со евангелската и литургиската содржина. Неговиот глаголички систем е нагоден така, што и визуелно да го проповеда Евангелието. Најголем број од глаголичките букви се оформени, целосно или делумно, од три основни христијански знака: ✞ (крст – најважниот христијански симбол), Δ (триаголник – Св. Троица) и О (круг – совршенство).

Тие се целосно вградени во самиот почеток од првото зачало на изборното евангелие: *Крстот,* со кој започнува секоја работа на христијанинот, е со гласовна вредност на *А* има и бројна вредност *1,* (т.е. прво зачало), *триаголник* со натпишан *круг* ја означува буквата *И,* а

[2] Библиските преводи често биле и се предмет на многубројни студии. Тие особено се зголемија откако во XIX век (1804) Британското и светско библиско друштво – British and Foreign Bible Society (BFBS) егзалтирано настапи со ставот дека Светото писмо треба да им биде достапно на сите луѓе во превод на нивниот сопствен говорен јазик, и организира широка мисионерска активност за таа цел во светов. За постигање на оваа цел тоа формирало Генерален комитет, којшто ги координирал локалните (националните) друштва и придружни организации, како и една група платени соработници што ги организирале изработката и печатењето на современите библиски преводи, како и нивната дистрибуција во земјата. Св. Кирил Философ, инвентор на словенското писмо (глаголицата) и првиот преведувач, заедно со брата си Методија, на слов. Евангелие, за единаесет векови ги испреварил овие идеи на BFBS (сп. неговата Беседа на Венецијанскиот диспут).

обратно свртен, кругот здола, а триаголникот згора – *С* (= ИС), кратенка за името *Исус,* и почеток на *Јн. Евангѣ.* 1, 1: **искони бѣ слово**. Според познатиот чешки теолог и палеославист Војтех Ткадлчик, св. Кирил ја оформувал глаголицата преведувајќи го Евангелието.

Кириловото словенско писмо во Моравија немало долг век. По смртта на св. Методија таму тоа било заменето со латиница, а словенскиот јазик со латински или германски. Во североисточна Бугарија по кратка употреба тоа било заменето со грчко писмо, дополнето со дватринаесет букви од глаголицата. Само во Охридскиот книжевен центар на свв. Климент и Наум Охридски продолжила употребата на глаголицата за уште два века, а потоа и овде била заменета со грчко-глаголичкото писмо, наречено *кирилица.*

Но континуитетот на писмениот јазик од првите библиски преводи, пред сè на Евангелието, не е прекинат[3]. Со исклучок на јужниот дијалектен ареал во Македонија таа традиција продолжува. Во основата пишаниот јазик навидум останува ист[4], додека говорниот, како секој жив организам, постојано се развива и со тоа сè повеќе се оддалечува од фиксниот писмен јазик. Поради тоа се јавува потреба повремено да се доближуваат архаичните текстови до говорниот јазик преку понови преводи.

Од средината на XVI век, пак, кога започнале да се оформуваат поголем број на европски и словенски современи јазици, и балканските словенски народи биле зафатени од еден просветителски бран.

Решителен стимул за преводи на говорен јазик во Македонија тогаш е дојден од дамаскинарската книжнина[5]. Под влијание на напред-

[3] Руската варијанта на црковнословенскиот задолжителна во православниот словенски свет, па и за Македонската православна црква *била, е* и *ќе остане официјален јазик* заедно со македонскиот.

[4] Јазикот на Кирило-Методиевиот превод на Евангелието навидум останувал ист. Меѓутоа, и во него проникнувале особености од говорниот јазик. Речиси при секој препис на преводот спонтано проникнувале во него и нови црти од дијалектот на препишувачот. Во Македонското евангелие на поп Јована од XIII век веќе јасно се диференцирани некои специфични македонски црти, особено во фонетиката (сп. **ѫ** > *а; х* > *в* и др.).

[5] Во краткиот, но мошне сугестивен *Увод* на зборникот *Thesauros (Сокровиште)* Дамаскин ја истакнува целта на својата просветителска дејност со следниве зборови: „Каква полза од една заклучена градина, или запечатен извор? Каква полза и од Светото писмо ако тоа за луѓето претставува лавиринт или загатка и сфинга?“

ните идеи на Дамаскин Студит кај нас се појавиле намерни тенденции за понароднување на писмениот црковен јазик, зашто старословенскиот од Кирило-Методиевиот период веќе станал неразбирлив за верниците. Првиот превод на Дамаскиновиот зборник *Сокровиште* е направен во Македонија од еп. Григориј Пелагониски, и во науката е познат како *Македонски превод на дамаскиноѿ*. Определбата *Македонски* на овој превод не е само географска, туку има и подлабока, јазична основа наспроти *Средногорскиоѿ (бугарски)* превод[6].

По углед на Дамаскин Студит, којшто дава цитати од Библијата на новозаветниот општ грчки дијалект, а објаснувањата – на новогрчки, и Григориј Пелагониски дава цитати од Библијата, особено од Евангелието, на архаичен црковнословенски јазик, а објаснувањата – на народен македонски од западното наречје. Тоа, неоспорно е обид на црковните луѓе да му го доближат Словото Божјо на народот. Навистина, ова не е типичен превод, но парафразите се опширни и многубројни, допуштани на околу 1100 ракописни страници голем формат, а тоа претставува значителен евангелски текст на народен говор.

Во време на османлиската доминација, кога сме немале свој административен центар да врши надзор, писмениот јазичен развој се одвивал стихијно во одделни дијалекти. На дијалектен јазик се ширеле и преводите на зборникот од Дамаскин Студит, особено во XVIII и XIX век. На ист начин често било преведувано на говорен дијалектен македонски јазик и Евангелието во избор или во уште помали делови. Познати се неколку такви фрагментарни преводи.

Во Егејска Македонија, каде што црковните служби се извршувале на грчки јазик, под притисок на фанариотските владици, било наполно истиснато и словенското писмо. Таму се појавиле преводи на Евангелието на македонски говорен јазик со грчко писмо. Во XIX век се објавени неколку превода на изборни евангелија на дијалектен македонски говор со грчко писмо: *Еницевардарско (Кониковско) евангелие*, превод на архимандрит Павел Божигропски од с. Кониково, објавено во Солун 1852 год.[7]; *Солунско (Кулакиско) евангелие,* превод на учите-

[6] Сп. П. Хр. И., *М.Ј*, 11–12, 1961–62, 33–52; 53–72.

[7] Сп. Й. Иванов, *Български старини из Македония,* София 1931 (1969), 181–183. Една финска експедиција на слависти во последно време откри во Библиотеката на Александриската патријаршија постар ракопис од тој превод и неодамна го објави под наслов *The Konikovo Gospel (Кониковско евангелие),* под редакција на J. Lintedt, Lj. Spasov, J. Nuorluoto, Societas Scientiarum Fenica, 2008.

лот Евстатиј Кипријадис, од 1860 год.[8]; *Неврокопско (Трлиско) евангелие* од 1861 год.[9] и *Корчанско* (с. Бобоштица) од 1870–1880[10].

Во ракопис се откриени и други слични преводи од XIX век, на дијалектен македонски јазик, пишувани со црковнословенско писмо, како на пр. евангелските четива на мијачки дијалект во т.н. *Брждански дамаскин,* всушност по потекло од манастирот Св. Пречиста, Кичевско[11].

3. Полн текст на *Престолното евангелие* во превод на литературен македонски јазик за првпат е објавен во 1952 год. Бидејќи по повод 50-годишнината на овој превод во *Прилози* на МАНУ (ОЛЛН, 28, 1, 2003, стр. 25–58)[12] е даден опширен преглед, овде само бегло ќе спомнам некои моменти за тоа како е преведено и на какви принципи е поставено[13], зашто новото Престолно евангелие (од 2008) се смета за негово II издание.

Свештеничката конференција, одржана за време на Втората светска војна на ослободена територија во с. Издеглавје во септември 1943 год., е израз на вековните желби на македонскиот народ за национална и црковна самостојност. Со апелот за обновување на Охридската архиепископија од деновите на Илинденското востание, како и од многу порано, повторен и на спомнатиот Собир во Издеглавје и особено на Првиот црковно-народен собор во март 1945 год., беше многу појасно изразен општонародниот стремеж за независна македонска црковна организација. Тоа, пак, спонтано бара употреба на народен јазик во Црквата. Првата книга, која служи како темел на една национално и црковно самостојна установа, е Светото евангелие.

---

[8] Й. Иванов, о.с, 195–198; A. Mazon, A. Vaillant, *L'Évangéliaire de Kulakia. Un parler du Bas-Vardar,* Paris, 1938.

[9] Л. Милетич, „Два български ръкописа с гръцко писмо", *Български старини* VI, София 1920.

[10] A. Mazon, *Documents, contes et chansons slaves de l' Albanie du Sud,* Paris 1936. За дијалектните разлики во јазикот на овие евангелија сп. Р. Угриновска-Скаловска, „Околу преведувачката постапка применета во евангелските текстови пишувани со грчко писмо", *Македонските дијалекти во Егејска Македонија,* Зборник на трудови од научен собир, МАНУ, Скопје 1994, 127–135; З. Тополињска, „Од синтаксата на макед. евангелија", *Прилози, МАНУ, ОЛЛН,* 13, 2, 1988, 141–161.

[11] Сп. П. Хр. Илиевски, *Крнински дамаскин,* 1972, 79.

[12] Сп. и *Јубилеен зборник – 25 години митрополит Тимотеј,* Охрид 2006, 217–226, краток преглед од истото.

[13] Предмет за кој уште во 50-тите години мнозина пројавија жив интерес.

По завршувањето на II светска војна, Иницијативниот одбор за организирање на Православната црква во Македонија (понатаму ИО) како приоритетна задача зацрта во својата програма превод на Библијата на македонски јазик во фази: прво да се објави *Светото евангелие* за црковна употреба, потоа *Апостолот* и *Новиот завет,* а најпосле и комплетниот текст на Библијата. Единствениот услов што притоа го поставуваше И.О. беше, библиските преводи на говорен макед. јазик треба да се прават од црковнословенската Библија која кај православните ужива најголем авторитет и ги обединува.

Во едно писмо од 24 дек. 1973 год.[14] свештеник Ѓорѓи Милошев, тогаш службеник во Книгоиздателството „Просветно дело", подоцна Архиеп. Охридски и Македонски Гаврил, го известува г. Звонимир Смиљаниќ, претставник на Библиското друштво за Југославија, дека во јуни 1947 тој склучил договор со ИО за превод на Светото евангелие и во јули 1948 го предал преводот на четирите евангелија. Но тој текст не беше објавен.

На барање од Иницијативниот одбор за организирање на Македонската православна црква тој беше од основа ревидиран, поточно препреведен од двајца теолози, кои по демобилизирањето од НОВ во јануари 1945 беа вработени при ИО и со одобрение од Министерството за просвета на НР Македонија назначени за вероучители во скопските гимназии[15]. Тие веќе имаа извесен опит за превод на библиски текстови. Паралелно со редовната верска настава во школите (од 1945–1947), а потоа при црквите сè до 1952, тие имаа организирано и црковни хорови од ученици[16]. За потребите на црковните служби, во кои земаа активно учество со хоровите, преведуваа на македонски јазик *псалми* и други четива од Библијата (особено од *Евангелието* и од *Апостолот),* како и одделни песни од црковните служби. Тие посебно беа вклучени во

[14] Тоа е одговор на едно барање од Библиското друштво преку З. Смиљаниќ од 14 дек. 1973 год., да им се поднесе извештај за македонскиот превод на *Новиот завет,* зашто имале податоци дека четирите евангелија во македонски превод биле објавени во Графичкиот завод „Гоце Делчев" во 1952, дека *Новиот завет* издаден од Библиското друштво во 1967 „бил преведен од Комисија на Иницијативниот одбор во состав од Ѓорѓи Милошев, Петар Илиевски и Борис Бошкоски". Препис од писмата прилага отец А. Гиревски во својата докторска дисертација *Македонскиот превод на Библијата,* со посебен осврт врз неговата улога во современата мисија на Црквата, Прилог 78 и 79, стр. 296–299 (ракопис).

[15] Проф. Борис Бошкоски и Петар Хр. Илиевски (првиот во Женската, а вториот во Машката гимназија).

[16] Првиот во црквата Св. Димитрија, а вториот во црквата Св. Петка.

подготовката на преводни текстови на македонски за бденијата во црквата Св. Мина, каде што повремено и проповедаа. Во следните неколку години текстовите беа коригирани и дотерувани, особено пред празниците на кои требаше тие да се повторат. Притоа постојано се додаваа и нови преводи, кои се умножуваа, а копии од нив се испраќаа во други цркви и надвор од Скопје.

Во преводот на Евангелието се тргнуваше од ставот дека тој треба да биде колку е можно поблизок до грчкиот оригинал и црковнословенскиот превод, а македонскиот јазик – што почист од туѓи влијанија. Сепак, смислата на изразот, проникнат од евангелски дух, се сметаше за поважна од убавината на јазикот според принципот *non verbum ad verbum, sed sensum ad sensum*[17]. Се избегнуваа книжевни зборови и неологизми, или интернационализми што им се познати само на учени професори. Затоа консултациите со селани од краишта што најмалу биле подложени на влијание од соседните словенски јазици, беа од посебна корист во работата.

Сепак, некои лексички и граматички архаизми беа допуштани во преводот за да не се прекине сосема и врската со црковнословенскиот којшто не престанал да се употребува во нашите цркви, на пр. *лоно,* наместо *прегратка,* поскоро *скут; митар, митница,* не *цариник,* зашто нивните значења не се поклопуваат секогаш, а во црковната практика зборот *митар* не може да се заобиколи. Подготовката за Великиот пост започнува со „Недела на *митарот* и фарисејот", во народот е добро познат зборот *митарство,* а цариник и царинарница во свеста на луѓето спонтано се поврзуваат со современото значење на граничната царинска служба, што не ѝ одговара на службата што ја вршеле старите закупци (наречени митари) за собирање даноци и други дажбини.

Преводот на Библијата, посебно на Евангелието, неоспорно, е долготраен процес на ревизии заради негово подобрување и осовременување. Секој нов, комисиски ревидиран и објавен превод на Библијата би требало да претставува макар еден степен повисок од претходниот. Меѓутоа, независно во која фаза на соодветност се наоѓа преводот, тој претставува нов труд и има свое историско, културно и национално значење.

[17] Во работата покрај спомнатите текстови на грчки и црковнословенски беа постојано консултирани и други пет-шест преводи. За проверка на потешки и спорни места текстот темелно се споредуваше со грчки, црк.-слов., руски, латински, бугарски, српски, германски... Бидејќи во тоа време немаше македонски речници, често баравме селани од краишта со подобро зачуван макед. јазик, и ги распрашувавме за да чуеме како тие би ја кажале фразата.

II

4. Да видиме сега какво место му припаѓа на новото издание на Македонското престолно евангелие во споредба со претходните, а особено со објавеното во 1952, од аспект како на јазичните особености на преводот, така и на техничкото оформување на текстот.

На прв поглед се чини дека има голема сличност меѓу нив. Но при едно позадлабочено прелистување на двете изданија се забележуваат и значителни разлики од секаков вид. Најпрво паѓаат в очи формалните одлики од доменот на техничкото оформување.

Прво остава впечаток обемот на книгата. Во II-то издание тој е за 60 страници поголем отколку во I-то. Потоа, додека I-то е отпечатено со кирилица што личи на црковнословенското писмо, на хартија со загасита, мат боја за да прилега на старите ракописи, од каде што се избрани иницијалите, вињетките и заставките, со цел Евангелието и надворешно да се поврзе со црковнословенскиот превод, на што постојано се инсистираше, II-во издание е отпечатено со современа кирилица, на млечно бела хартија, со потесни маргини и со покрупни букви, што е причина и за зголемениот обем на книгата. Иницијалите само надворешно наликуваат на оние од I-то издание. Во обемот тие се намалени за една петтина. Но, украсени со додадени внатрешни уметнички орнаменти и отпечатени со жар црвена боја, лесно паѓаат в очи. Сите се еднообразни, додека во I-то издание оние со кои започнува глава се покрупни, а кај зачалата се за нијанса поситни. Илустрациите на евангелистите во новото издание се заменети: Матеј од икона на Св. Б-ца Перивлептос во Охрид, Марко и Лука од фрески во Лесновскиот манастир, а Јован – од икона на Топличкиот манастир. Во новото издание вињетките и другите графички орнаменти се елиминирани, а за сметка на тоа текстот е повеќе истакнат.

Колонцифрите на секоја страница го олеснуваат наоѓањето на четивата, што е од практична страна многу корисно, а покрупните букви даваат можност да бидат полесно и точно прочитани и од постари лица. Тоа е мошне добро замислено и технички перфектно изведено.

Како што се спомна, Престолното евангелие го симболизира Самиот Христа. Тоа јасно се гледа од *малиот вход* на литургијата што го претставува Христовото излегување на јавна проповед. Ѓаконот (одн. свештеникот, ако нема ѓакон), го изнесува Светото евангелие од олтарот, држејќи го високо над главата, за да го видат верниците, прави опход од северната врата на олтарот до пред амвонот насред црквата,

па пред да го врати на престолот и пред да влезе низ царските двери, извикува гласно: *Премудрост прости!* (т.е. Застанете простум, ќе се чита Премудрост!). Овие зборови пред читањето на Светото евангелие, го задолжуваат и ѓаконот, одн. свештеникот, да го прочита секој збор од евангелскиот текст јасно и точно.

Со такво прецизно читање свештеникот (одн. ѓаконот), истовремено исполнува двојна благородна мисија: прво просветителска, со евангелска светлина и, второ, просветна, затврдувајќи го стандардниот македонски литературен јазик, често нарушуван дури и од оние што се најповикани да го штитат и пропагираат.

*

Во самиот евангелски текст, ако се чита прво од едното, потоа од другото издание, или обратно, одвај ќе се забележи по некоја синонимична варијанта при предавањето на евангелската содржина. Но, ако се читаат позадлабочено паралелно двата текста, ќе се видат многу повеќе разлики меѓу нив.

Разликите се во најголем број (преку 90%) синонимични лексички и фразеолошки варијанти во духот на основниот принцип: „Не буквално преведување, туку адекватно предавање на смислата". Такви варијанти се забележуваат од самиот почеток и во ракописите на оригиналниот грчки текст, во зависност од кое време потекнуваат тие. Тоа јасно се гледа од коментарите со *variae lectiones* на критичките изданија.

Многу поголем број на такви варијанти има во латинскиот превод од II–IV век. Поради тоа папата Дамас го задолжил бл. Јероним, длабок теолог и мошне учен филолог, да изврши ревизија на многубројните евангелски преводи на латински. Блажени Јероним собрал мноштво такви ракописи и ги споредил со грчкиот текст. Кон секоја од варијантите се однесувал многу одговорно и со особена почит. Без крајна неопходност не отфрлал фрази што можат да се вклопат и во неговиот *Novum opus*. Но, во преписите на неговата првокласна *Vulgata* во средниот век навлегле многубројни нови варијанти.

Во новото издание на Македонското престолно евангелие се направени неколку стотици интервенции, вклучително со често повторуваните, во текстот од сите четири евангелија. Интервенциите се однесуваат на предмети, речиси, од сите сегменти на јазикот: ортографијата, ортоепијата, граматиката, синтаксата, фразеологијата, а особено лексиката.

Тоа е сосема нормално, ако се има предвид фактот дека изданието од 1952 е почнато да се работи кога Правописот на македонскиот литературен јазик, објавен во 1945, беше шапирографски умножен на само 16 страници; во 1948 беа внесени извесни корекции во Правописот, што бараше ревизија на преведените текстови, а во 1950 се појави и *Македонскиот правопис со правописен речник* на **180** страници мал формат (12°), кога беше извршена и порадикална ревизија на преводот. Во седумдесеттите години Македонскиот правопис веќе беше објавен на 600 страници (8°), што дава пошироки можности за јазична контрола од различен вид. Други наши книги, објавени во 50-тите години од минатиот век одамна се заменети со нови, ревидирани изданија. Преведувачите на **Престолното** евангелие од 1952 не очекуваа дека тоа ќе има така долг век на употреба. За секој случај тие дадоа на крајот од евангелскиот текст и пасхална таблица за подолг период, од 60 години (до 2012), кој наскоро истекува. Среќен сум што, како еден од тројцата преведувачи на тоа Евангелие, го доживеав и моментот да ја видам замената со осовремен и значително подобрен текст. Тоа лесно може да се види од следниве споредби.

5. На самиот почеток паѓа в очи различно дефинираниот наслов на евангелијата во новото издание: Светото евангелие *според* Матеја, Марка, Лука, Јована, наспроти *од* Матеја, Марка итн. во I-то. На грчкиот предлог *katá* со акузатив, всушност, повеќе му одговара значењето *според,* отколку *од.* Меѓутоа, принципот да не се оддалечува македонскиот превод од црковнословенскиот, којшто е во паралелна употреба во православните словенски цркви, ги задолжуваше преводачите на првото Богослужбено евангелие да го задржат предлогот *од.* Тимот за ревизија на преводот очигледно не бил притиснат од таква директива, но сепак и во II-то издание не можел да биде заобиколен предлогот *од* во насловот на избраните четива на Единаесетте утрени неделни евангелија и Евангелијата во деновите на страсната седмица (стр. 243–287).

Спомнатите најбројни лексички и фразеолошки варијанти можат да се поделат на неколку подгрупи:

Едни од нив, со минимални формални додатоци, речиси се идентични по значење, како: *качи – искачи; прати – испрати; пишано – напишано; пак – повторно; приготви – подготвува; простува – опростува; утринта – утринава; жребе – ждрепка; Отец небесен – О. Којшто е на небесата* и др. [бидејќи овие зборови од I-то и II-то издание *(1–2)* се повторуваат на повеќе места во евангелијата, референците кон глави и стихови се изоставени]. Тука можат да се додадат и

глаголските форми во кратка или проширена форма: *излечи – излекува; онемиш – онемееш; п̄раша – п̄рашува; радуј се – радувај се* и др. Кратките форми се употребуваат, главно, во I-то, а подолгите во II-то издание. Но, има и обратни случаи, како: *крп̄а од небелен п̄лат̄ – нова крп̄а; ја п̄роп̄оведаше радоснат̄а вест̄, за царст̄вот̄о Божје – г̄о п̄роп̄оведаше еванг̄елиет̄о на царст̄вот̄о Божјо* (Мк. 1. 14); *п̄рочуен член на совет̄от̄ – уг̄леден синедрионец;* кој друг може да *оп̄рост̄ува г̄реови освен еден Бог̄* – кој друг може *да п̄рост̄ува г̄ревови* освен *Единиот̄* Бог (Мк. 2. 7).

Во повеќе балкански јазици меѓувокалното *в* е нестабилно и отпаѓа. Забележително е дека ваквото *в* пред *о* најпрво започнувало да се губи. И во македонското западно наречје тоа било најслабо во ваква позиција. Затоа пишувавме *г̄реови, меови* – сега поправено во *г̄ревови, мевови.* Мисирков го избриша интервокалното *в* насекаде во својот правопис. А Бл. Конески, го врати ова *в* во правописот откако го вклучи и велешкиот говор како базичен за македонскиот литературен стандард, зашто велешкиот е поврзан со источните говори, каде што *в*-то е стабилно и потесно го зближи западното со источното наречје.

Во I-то издание се употребуваат и поархаични зборови кои се сѐ уште живи во народниот говор, но во второво издание на Евангелието тие се заменети со соодветни современи форми, како: *баг̄реница – п̄урп̄урна намет̄ка; езичници – незнабошци; лоно – п̄рег̄рат̄ка,* одн. *скут̄, п̄азува; дреа – облека; г̄орно алишт̄е/облека – намет̄ка; одарот̄ – п̄ост̄елкат̄а; мит̄ницат̄а – царинарницат̄а*, како и некои именски форми: *чудеса – чуда* и др.

Бројот на синонимни разлики меѓу I-то и II-то издание е зголемен и поради некои принципиелни разидувања. Кога во непосредна близина во текстот ќе се јават повеќе исти зборови, заради стилска разновидност преводачите на 1-то издание зазедоа став, најмалку од три такви збора, барем едниот да го заменат со синоним, а авторите на II-то издание ги оставаат истите зборови како и во оригиналниот грчки текст. Така во евангелието според Марка, гл. 1, ст. 18–21 трипати е повторен зборот *веднаш.* Во I-то издание едното е заменето со *одеднаш.* Забележително е дека и во старословенскиот превод на Библијата се разбива монотонијата со синонимични изрази. Тоа е, пак, уште повеќе нагласено во *Македонскиот̄ п̄ревод на дамаскинот̄* од еп. Григориј Пелагониски (сп. *Крнински дамаскин,* стр. 37–45, 109–116).

Синоними од различни основи: *вршеше – п̄равеше; крив – виновен; за да г̄о окриват̄ – за да г̄о обвинат̄; кривица – вина;* сврзникот *како – от̄како; зашт̄о – бидејќи; се боеја – се п̄лашеа; баба му* на

Симона – *тешта му на С.; пазеа – внимаваа;* сите што *чуја – слушнаа;* и *одеднаш* ангел Господен – *и еше* ангел Господов; да му го *сложаш* името – да му го *дадаш* името итн.

Меѓутоа, има зборови што на времето кога се правеше I-то издание се употребуваа, а денес се излезени од употреба. Тие се сосема правилно заменети во новото издание: *ѓубав, ѓубаша – лепрозен, лепрата; сведочанство – сведоштво;* па *му запрети* – па *му заповеда* (Мк. 1. 43) и др. Подобрување во јазичниот израз е постигнато со разни средства. Една запирка префрлена на соодветното место придонесува за појасен израз. А со попрецизни зборови и променет ред во реченицата, текстот уште повеќе се појаснува, како што се гледа од следниве неколку паралели: *по мене иде – по мене доаѓа; ќе ме ублажуваат – ќе ме нарекуваат блажена; беше близу пасха – се наближуваше пасха; црковната – храмовната завеса; чкртање со заби – крцкање* со заби; *да дојдеме* (Мк. 1. 38) во првото издание е печатна грешка со замена на *п* во *д – појдеме*, што во второто е исправена.

Редоп на зборовите во реченицата според образецот: субјект – предикат – објект: Тогаш *ѓо стресе нечистиоп дух – нечистиоп дух ѓо стресе* (Мк. 1. 26); *И почнаа учениците да кинат – И учениците почнаа да кинат* (Мк. 2. 23).

Други промени во редот на зборови: И целиот град *се беше собрал – беше се собрал* (Мк. 1. 33); *А Марија како стана во тие дни* отиде набргу во горниот крај – *А во оние дни М. откако стана, отиде набргу во ѓорниоп крај, во ѓрадоп Јудин* (Лк. 1. 39); *Слава во висините на Бога – Слава на Бога во висините* (Лк. 2. 14); И рече Марија *мојата душа Го велича Господа – Душата моја Го велича Господа* (Лк. 1. 46); *Јас ви реков веќе – Јас веќе ви реков* (Јн. 9. 27). Заради стилска разновидност и посилно нагласување на некој факт од реченицата сепак се допушта промена на редот според овој образец дури и во јазици каде што тој многу построго се чува.

Од *морфосинтаксичките одлики* на македонскиот во новото издание посебно внимание привлекува доследната употреба на *удвојувањето на индиректниоп објекп,* коешто во првото издание наместа е изоставено: *и праќа дожд* на праведните и на грешните – *им праќа дожд* на... (Мт. 5. 45); *и на нечистите духови заповедува – им заповедува* (Мк. 1. 27); *Што е полесно да кажам на фатениов – да му кажам* (Мк. 2. 9) [и обратно: *И Му се случи* да минува во саботен ден преку нивјето – *И се случи* да... (Мк. 2. 23)]; *па даде и на оние* што беа со него – *а им даде и на оние...* (Мк. 2. 26); *и порача на учениците – и*

им по̄рача на... (Мк. 3. 9); *сакајќи да уг̄оди на народо̄т – да му уг̄оди* на... (Мк. 15. 15); *По̄тоа се јави во друг̄ вид на двајца од нив по̄ па̄то̄т ко̄г̄а одеа в село – По̄тоа им се јави во по̄инаков лик по̄...* (Мк. 16. 12); *не по̄верувааа на мои̇̄те зборови – не им по̄верувааа* на... (Лк. 1. 20); *а име̄то на девојка̄та беше Марија – ѝ беше Марија* (Лк. 1. 27).

Во четириесеттите години од минатиот век така пишуваа и други наши автори. Позната е оценката на Бл. Конески за I-то издание на Евангелието непосредно по неговото отпечатување: „Добро е, немам забелешки“. Удвојувањето на индиректниот објект тогаш беше во голема мера факултативно. Но, по објавувањето на граматиката на македонскиот литературен јазик од Конески, во педесеттите години, тоа стана задолжително во македонскиот стандард. Во новото издание на Евангелието удвојувањето на *Оо1 и Оо2* доследно е применето насекаде.

Извесни разлики се забележуваат во *транскрипцијата на ту́г̄и зборови и лични имиња:* искушуван *од со̄тона̄та – од са̄тана̄та* (Мк. 1. 13). Во I-то издание зборот е според народниот јазик, а во новото *са̄тана̄* е според оригиналниот изговор во еврејскиот. Во македонскиот, како и во повеќе други словенски јазици, краткото *а* во странски зборови преминува во *о*. Сличен е случајот и со името на архангелот *Гаврил/о* (народен изговор) и *Гавриил,* како *Авраам* (оригинален), но *Исус* секаде, наместо *Иисус*.

Има случаи каде што во преводот се прави обид со минимални интервенции во зборот да се проникне подлабоко во неговото значење. Така во текстот на евангелието според Марка, каде што има релативно и најмногу интервенции од различен вид, во гл. 16. стих 3, жените мироносици, одејќи рано кон гробот каде што бил погребан Христос, си разговарале, според првото издание: *кој ќе ни г̄о по̄дига̄не камено̄т од вра̄та̄та на г̄робо̄т?* Во новото издание, наспроти оригиналниот грчки текст: *tís apokylísei imîn ton lithon ek tîs thýras tou mnimeíou,* е внесена и една нијанса на интерпретација, како да се подигне тој тежок камен, имено да се *оттрг̄не, оттркала – Кој ќе ни г̄о оттрг̄не камено̄т?*

Слични случаи има и во првото издание. Така, во првиот стих од 7-та глава на евангелието според Матеј, којшто обично буквално се преведува: „Не судете за да не бидете судени“, е внесена мала интервенција со цел преводот да се доближи повеќе до евангелската мисла, имено: *Не осудувајте, за да не бидете судени.* Осудувањето е погубно. На крајот од настанот *Же̄на̄та фа̄тена во г̄рев* (в. Јн. 8. 10–11) Исус ја

прашал: „Жено, каде се оние што те обвинуваа? Никој ли не те осуди? А таа рече: – Никој, Господи. Тогаш Исус ѝ рече: – Ни Јас не те осудувам. Оди си и немој повеќе да грешиш“. – Во новото издание на Престолното евангелие, меѓутоа, таа интервенција е отфрлена.

Во текстот, пак, на Беседата на гора (Мт. 5. глава), во новото издание е направена една извонредно значајна корекција за правилната употреба на глаголот *вели.* Во современото западно-македонско наречје значењето на *вели* е наполно изедначено со *кажува, г̄овори.* Затоа во I-то издание на Престолното евангелие не се прави разлика во нивната синонимична употреба. Првобитното значење на *вели,* меѓутоа, не можело да се разликува од она на ст. слов. глагол **велѣти** од којшто е изведен *вели,* а имено *благ̄а зап̄овед со желба да биде исп̄олнет̄а.* Тоа значење е документирано во форми изведени од оваа основа и во други индоевропски јазици со постара писменост, како во старолатинскиот. Во новото издание на Евангелието тоа е правилно употребено (сп. Мт. 5. 21–22): *Ст̄е слушале* дека им било речено на старите: „Не убивај... Јас, пак, ви *велам* дека секој што се гневи на брата си без причина, ќе биде виновен пред судот...“. Тоа *велам,* кажано со авторитет, каков што му одговара на Христа, овде е дадено сосема правилно (сп. и ст. 28, 34, 39 од 5-та глава).

*

Од гореизложеното се стекнува двоен впечаток. Од една страна се чини дека двете изданија, и покрај големиот број на разлики, се, речиси исти, а од друга, се гледа дека II-то е во секој поглед значително подновено и подобрено и претставува нов превод. Членовите на Комисијата за ревизија на Престолното евангелие постапиле со длабок респект кон I-то издание.

Тие го прифатиле принципот за замена на *nomina sacra* (Бог/-у, Син, Св. Дух) со личната заменка за 3. лице *Он* и, не само што доследно го примениле во новото, туку ги отстраниле ретките пропусти и исклучоци во старото. Зборови, пак, што можат да навеат опцуени мисли и во II-то се заменети со еуфемични описни изрази, сп. Господи, кога Те видовме ... *необлечен и Те облековме?* (Мт. 25. 36, 38, 41, 43, 44). Има и многу други, навидум ситни работи, но тие служат како спони што ги зближуваат овие две изданија.

III

6. Истакнавме дека библиските преводи, а особено евангелските, претставуваат непрекинат процес, главно од замени на варијанти. Евангелската содржина, се разбира, останува иста, се менува само јазичното руво според стандардот на јазикот од тоа време. Преводачите на изданието од 1952, како што веќе спомнавме, беа свесни за тие промени и не се надеваа дека нивниот превод ќе остане толку долго во употреба.

Две причини беа ургентни за да се замени тоа издание. Прво, за време на поплавата во ноември 1962 год. подрумот на Скопската митрополија, каде што заедно со архивата беше складиран и фондот на отпечатениот тираж од Евангелието, се исполни со каллива вода, која бавно скипнуваше, а потоа се покажа дека голем број од книгите, скиснати во тиња, беа толку многу оштетени што не беа веќе за употреба и пропаднаа. Изградбата, пак, на нови цркви во земјата и надвор на неколку континенти, каде што наши православни верници мигрирале и организирале свој црковен живот, ја зголеми потребата од препечатување на постојното или печатење на нов превод на Престолното евангелие, без кое нема православен храм. Беше избрана вторава варијанта, зашто преводите бргу застаруваат според промените во јазикот, и бараат повремено осовременување, па уште во деведесеттите години, по објавувањето на комплетната Библија на македонски, се пристапи кон ревизија на отпечатениот библиски текст и посебно на Богослужбеното евангелие во организација на Библиското здружение на Република Македонија. Ревидираната Библија излезе во 2006, а за Богослужбеното евангелие во 2003 година беше избрана нова Комисија за супер-ревизија на ревидираниот текст.

Како што се гледа од горната анализа, вторава Комисија успешно ја има завршено обврската. Членовите на Комисијата: Протоѓакон Ратомир Гроздановски – Евангелието според Матеја; Архимандрит Нектариј Најдоски – Евангелието според Марка; Протоѓакон Славе Пројковски – Евангелието според Лука и проф. Јован Кумовски – Евангелието според Јована[18] пристапиле кон работата со извонредна сериозност и свест дека извршуваат одговорна задача. И тие приложија Пасхална таблица за подолг период (од 100 години, до 2100), што значи дека биле свесни за времената трајност и на ова издание. Библиските пре-

[18] Откако ја завршиле својата обврска, секој од нив го читал текстот и на другите рецензенти давајќи сугестии за евентуални дополнителни промени.

води се како и речниците. Штом ќе излезе едно издание, веднаш се пристапува кон подготовка на ново.

Ако се прочита изданието критички и овде можат да се најдат зборови и фрази што можат да се заменат со подобри. Полно совршенство тешко се постига. Пожелно е отсега да се води повеќе сметка и за чистотата на македонскиот јазик. Како во првото, така и во второ издание, впечаток остава мошне честата употреба на причинскиот сврзник *оти*. Тој е позајмен од грчкиот уште во средниот век и одамна одомаќен. Заемки на технички термини од грчкиот во словенскиот има многу. Голем број такви како интернационализми, се прифатени и во други јазици. Сврзник од типот на *оти*, меѓутоа, за кој имаме соодветни наши форми: *зашто, бидејќи,* нема причина толку да се форсира. Тој треба постепено да им го отстапува своето место на домашните форми. Но тоа е работа што ќе следи од идната Комисија за ревизија на преводот. Сега кога е веќе вака убаво технички оформено ова богослужбено издание[19], претстои уште ревизија на богослужбената книга *Апостол* и целиот *Нов завет,* а потоа и на *Стариот завет,* одн. полниот текст на Библијата. Како првото издание на Богослужбеното евангелие во 50-тите години што послужи за основа на *Новиот завет,* а потоа и на целата Библија, сега истата улога треба да ја одигра и II-во издание.

Petar Hr. ILIEVSKI

THE REVISED TRANSLATION OF THE MACEDONIAN LITURGICAL GOSPEL

(Summary)

The introduction of this paper is a strikingly powerful portrayal of the pivotal role that the biblical, notably the Gospel translations, played in the shaping of the European, and particularly, of the Slavic languages. In it the author also mentions the

[19] Има ретки печатни грешки и други случајни пропусти, на пр. „исправете ги патеите (= *патеките*) *Негови* (Лк. 3. 4); „Овој беше во почетокот во Бога (Јн. 1. 2), буквално точно е преведено, *Autòs*, м. род, се однесува на *Lógos,* но во словенските јазици *Слово* е среден род и во 2 ст. од 1 гл. треба да стои *Ова.* Вакви и слични ситни пропусти можат да се соберат, во одделен список да се отпечатат и да се залепат на крајот од евангелскиот текст.

necessity of periodic revisions of the translations and their adjustment to the contemporary languages.

The paper continues with a short historical review of the Macedonian Gospel translations from the XVI century onwards, enumerating a few handwritten translations of Gospel fragments from the XIX century, and also printed editions of greater fragments of the Slavic translation of the Gospel written in Greek letters. In the XVI century the bishop Grigorij of Pelagonija made the first Church Slavonic translation of the collection of sermons *Thesauros* by Damaskinus Studites. The translator followed the principles of the author, giving the Bible quotations in the original old language, and the interpretations in the vernacular.

The third item gives information about the first edition of this translation which was published in 1952. This text was revised after the publication of each orthographic dictionary:

1. May 3rd 1945, the first edition of the Macedonian orthographic dictionary on 16 pages.
2. 1948, revised edition.
3. 1950, the second edition, on over 180 (12°) pages.

In the fourth item the author of this paper, as one of the three translators of the four Gospels (Boris Boškoski, Gjorgji Milošev, and Petar Hr. Ilievski), reveals even more details about the translational process, i.e. about the principles that guided the translators through their work. Language change is inevitable, so the need of reviewing the first edition came naturally, the revising of the translation required enormous amount of dedicated hard work, and the new edition of the revised text appeared in 2008. At first glance the differences between the first and the second (revised) edition are minimal, but if one undertakes an in-depth analysis and compares the two texts more thoroughly, they will inevitably notice the multiple changes, albeit mostly synonymous, as well as the improvements of the text.

This is demonstrated very meticulously using numerous examples in the fifth item of the paper. In this item there is a detailed analysis of the reasons for the new formulations, as well as the rationale behind the first translation.

The paper ends with several suggestions regarding the preparation of the upcoming revised edition of the translation, namely:

> *If one reads the new translation from a critic's point of view of course that the need to replace certain words and phrases with more fortunate choices will be utterly evident. Perfection is hard to achieve. It is desirable, however, that future translators pay more attention to the purity of the Macedonian language.*

The above quotation from the final item of the paper is a clear message to the successors – now that there is a standardised language, Macedonian translators should by all means adhere to the maxim *non verbum ad verbum, sed sensum ad sensum,* while fostering and preserving our rich linguistic heritage along the way.

Илија ВЕЛЕВ

ЧЕТВОРОЕВАНГЕЛИЕТО НА ПОП ПЕТАР ОД 1586 ГОДИНА – СОФИЈА, ЦИАИ бр. 574

(Кон идентификацијата на поп Петар – македонски книжевник од втората половина на XVI век)

Ракописната збирка во Црковно-историскиот и архивен институт при Бугарската патријаршија во Софија располага со голем фонд од 1463 зачувани старословенски и грчки ракописни и старопечатени писмени споменици, од кои еден значаен дел се донесени од Македонија. Оваа богата збирка од старословенски ракописи го следи континуитетот на библиотечните трезори на некогашниот Синод на БПЦ и на Софискиот црковен музеј. Првобитната ракописна збирка се формирала во рамките на Синодалната библиотека во Софија, а од неа во 1900 година Ефтим Спространов опишал 137 ракописи и 20 фрагменти (или вкупно 157 археографски единици)[1]. Во 1923 година се формирал Црковниот музеј кога ракописната збирка од Синодалната библиотека се пренела на чување во оваа новоотворена институција, а спомнатиот Опис на Спространов почнал да важи и како Прва инвентарна книга на ракописни и старопечатени книги. Во истата година поранешниот егзархиски скопски митрополит Неофит ја збогатил ракописната збирка, подарувајќи 30-тина ракописни и повеќе старопечатени книги. Ракописите ги донел од Македонија кога по Првата светска војна се преселил во Бугарија, зашто Српската православна црква ги откупила за духовно владеење македонските црковни епархии од Цариградската патријаршија.[2] Од тогаш почнала да се води и Втората инвентарна книга, што

[1] Е. Спространовъ, *Описъ на ръкописите въ библиотеката на св. Синодъ на Българската църква въ София*, София 1900;

[2] Митрополитот Неофит бил роден во 1870 година во Охрид, а откако на 20-годишна возраст се замонашил, Егзархијата го испратила да учи во Москов-

ги зафаќа инвентираните броеви од 158 до 915 на ракописни и старопечатени старословенски и грчки книги. Од 8 јули 1940 година се отворила и Третата инвентарна книга, во којашто се инвентирале приложените или купени ракописни и старопечатени книги од бр. 916 до бр. 1356. По 7 оставени празни страници (стр. 257–263) на стр. 264–333 од наведенава Трета инвентарна книга се евидентираат уште 100 запишани единици, но тие носат инвентарни броеви од 1500 до 1599. Тоа значи дека не постојат ракописни или старопечатени книги под инвентарните броеви од 1364 до 1499.

Во ракописниот дел со фондот од Описот на Спространов има само еден ракопис донесен од Македонија – Четвороевангелието на поп Јоан Кратовски од 1562 година (ЦИАИ бр. 34), но и тоа било однесено во Софија уште во 1646 година во црквата „Св. Никола". Во истиот дел од овој фонд се регистрира и ракописното Четвороевангелие, кое во 1578 година во софиското село Пролеша го пишувал поп Петар, ученикот на поп Јоан Кратовски (ЦИАИ бр. 28). Во оваа археографска збирка почнало да пристапува ракописното наследство со потекло од Македонија од 1923 година наваму, почнувајќи со даровниот прилог на егзархискиот скопски митрополит Неофит. Оттогаш па наваму бројот на македонските ракописни книги сè повеќе се зголемувал во тамошниот трезор. Во 1974 година при Бугарската патријаршија се основал сегашниот Црковно-историски и архивен институт (ЦИАИ), на кого му бил отстапен целокупниот дотогаш евидентиран ракописен и старопечатен фонд на Софискиот црковен музеј. Во рамките на денешнава институција продолжил да се збогатува фондот на ракописните и старопечатени книги, а во последните две децении научниот интерес

ската духовна семинарија. Црковно-политичките потреби на теренот во Македонија биле пресудни предвреме да биде повикан назад, при што не успеал да ја заврши и духовната академија во Москва. Без малку една деценија ѝ служел на Егзархијата како воспитувач во Скопското педагошко училиште и како истакнат активист во црковните општини во Дојран, Кукуш и Солун. Во периодот меѓу 1908 и 1910 година ја вршел црковната функција на брегалнички епископ и викарен скопски митрополит, а од 1910 година и сè до крајот на Првата светска војна како скопски митрополит ги бранел духовните политички интереси на Бугарската егзархиска црква наспроти оние на Српската црква. (Види: К. Христовъ, Високо Преосвещений св. Скопский митрополитъ Неофитъ, *Илиндень*, книга 2 (92), 1938, стр. 3–16.)

Во најново време своевиден археографски краток каталог на ракописите предадени од митрополитот Неофит во ЦИАИ објави колегата Ѓорги Поп-Атанасов, со кого околу 5 години (2003–2008) заедно работевме врз македонските ракописи во спомнатава софиска ракописна збирка (Види: Ѓорги Поп-Атанасов, Ракописната збирка на егзархискиот скопски митрополит Неофит, *Кирилометодиевистика*, кн. 6, Скопје 2010, стр. 135–162.)

кон оваа археографска збирка е сè поактуелен. Како плод на вакѵиот научен интерес во 2009 година еден истражувачки тим од Бугарската археографска комисија при Националната библиотека „Св. Кирил и Методиј“ во Софија го објави најновиот опис на старословенските библиски ракописни книги од збирката на ЦИАИ.[3] За жал, речиси петгодишните заеднички истражувања во оваа ракописна збирка што ги имавме со колегата Ѓорги Поп-Атанасов сè уште не се интегрирани во посебен научен труд, па по неговите првични парцијални објавувања и мене ми преостана дел од новооткриените сознанија да почнам да ги презентирам во научната периодика.

Во ракописната збирка при ЦИАИ во Софија се чуваат околу 50-тина ракописни четвороевангелија, од кои со највпечатливи калиграфски и илуминаторски вредности се токму преписите што настанале во македонските скрипториуми, од тамошните книжевни дејци: Четвороевангелијата на поп Јоан Кратовски од 1562, 1567 и 1579 година – бр. 34, 250 и 473; Пчињското четвороевангелие од третата четвртина на XVI век – бр. 353; Слепченското четвороевангелие од истиот период – бр. 340; Четвороевангелието на поп Петар од 1586/87 година – бр. 574, и др.

На 26 јануари 2005 година моето истражување во ракописната збирка при ЦИАИ во Софија беше концентрирано на последниот споменат ракопис – Четвороевангелието на поп Петар, што таму се чува под инвентарен број 574. Порано, при научните истражувања, на овој ракопис речиси не му се посветуваше поголемо внимание, па дури тој не се поместуваше и во пошироките каталошки прегледи од ракописното наследство со потекло од Македонија. Него го нема ниту во другите сводни каталози. Единствено Мању Стојанов кратко се задржал на овој мошне добро илуминиран ракопис, кога објавил две црно-бели фотографии со фрагменти од илуминацијата и од лигатурното писмо во неговата позната книга со опис на украсувањата на словенските ракописи што се чуваат во Бугарија.[4] Тоа за мене беше предизвик да му посветам поголемо истражувачко внимание на овој ракопис, при што од самото истражување во неколку наредни денови произлегоа повеќе нови сознанија. Најважно од сè беше што на пагинираниот лист 124а

[3] Боряна Христова, Елисавета Мусакова и Елена Узунова, *Опис на славянските ръкописи в Църковно-историческия и архивен институт – София*, том 1, Библейски книги, Под научна редакция на проф. Климентина Иванова, София 2009.

[4] Маньо Стоянов, *Украса на славянските ръкописи в България*, София 1973, стр. 148, бр. 259.

меѓу горните стебла на орнаментиранaта заставка го евидентирав записот на пишувачот на ракописот – поп Петар: **Поменї ч҃ⷭтни оч҃е и грѣⷲнагѡ поⷫа Петра.** (Види прилози бр. 1, 2 и 3 на крајот од текстот.) Со оглед на тоа што за ракописот се знаеше дека бил донесен од Македонија од страна на егзархискиот скопски митрополит Неофит, тогаш преостана и можноста да идентификуваме уште еден средновековен македонски книжевник. Ова откритие не го објавив веднаш, зашто требаше да излезе во научната јавност како интегрален труд од истражувањата врз целата ракописна збирка што ги вршевме заедно со колегата Поп-Атанасов. Мојата ангажирана трпеливост остави простор идентификацијата на книжевникот Петар да се обзнани како препишувач на ракописот од авторите на најновиот Опис на библиските ракописи од ЦИАИ,[5] а името на книжевникот се соопшти и од страна на Ѓ. Поп-Атанасов при предавањето на неговите кратки археографски белешки за ракописите од збирката на митрополитот Неофит – главно користејќи ги податоците од овој нов археографски Опис.[6] Како што е и вообичаено за ваквите видови на изданија, најновиот опис на Четвороевангелието пишуван од поп Петар целосно не ги разјасни подробните сознанија за овој значаен писмен и уметнички споменик, при што и Поп-Атанасов укажа на неколку неразјаснети ситуации околу неговото потекло и пишување. Тоа стана дополнителен повод за овој научен прилог да ги допрецизира актуализираните прашања околу пишувањето и потеклото на ова Четвороевангелие.

Првичното стручно прегледување на ова ракописно четвороевангелие го извршил познатиот бугарски научник Иван Гошев, којшто бил и најзаслужен за формирањето на оваа ракописна збирка во поранешната библиотека на Софискиот црковен музеј.[7] Од негова рака се запишани и стручните белешки за овој ракопис во Втората инвентарна книга, на кого и му го означил инвентарниот број 574. Поведувајќи се од содржините на неколкуте записи по празните листови, тој го датира

---

[5] Боряна Христова, Елисавета Мусакова и Елена Узунова, op. cit. стр. 101–103, оп. бр. 53; Како прилог на описот се предава и снимениот лист со записот на книжевникот Петар (Таблица CLX).

[6] Ѓорги Поп-Атанасов, op. cit., стр. 153–155.

[7] Во пет наврати, низ продолженија, во Годишникот на Софискиот богословски факултет Иван Гошев објави стари записи и натписи, што ги евидентирал од поранешните и од новопристапените ракописи во Црковниот музеј. Види: свеска I, за 1926–1927 година, София 1927, стр. 335–378; свеска II, за 1928–1929 година, София 1929, стр. 1–36; свеска III, за 1934–1935 година, София 1935, стр. 1–41; свеска IV, за 1935–1936 година, София 1936, стр. 1–58 и свеска V, за 1936–1937, София 1937, стр. 1–46.

ракописот од периодот меѓу 1583 и 1587 година. Но, тој не го наведува и книжевникот којшто го пишувал ова четвороевангелие. Токму неговите запишани стручни белешки во инвентарната книга точно ги определуваат ракописите што во 1923 година ги подарил егзархискиот митрополит Неофит. Меѓу нив било и Четвороевангелието на поп Петар бр. 574.

Своевиден инвентарен список на ракописите од ЦИАИ објави и поранешниот вработен во таа институција Трендафил Крстанов (види: Commision of Slav Manuscripts, стр. 34–58). Таму се каталогизирани безмалку сите ракописи што до денес се чуваат во збирката при ЦИАИ во Софија. Секој ракопис е евидентиран со основните податоци: инвентарен број, назив на ракописот, датирање, обем и формат. Под бр. 574 се евидентира и ракописното Четвороевангелие, што е предмет на нашето овдешно истражување. Таму ракописот се датира од крајот на XVI век, со обем I + 279 хартиени листови, со формат 310 × 210 и 210 × 140 mm.

При најновиот опис на словенските ракописи со старозаветна и новозаветна библиска содржина во ЦИАИ авторките Борјана Христова, Елисавета Мусакова и Елена Узунова го опишуваат и Четвороевангелието на поп Петар бр. 574.[8] Тие го датираат овој ракопис од периодот на 70-тите години на XVI век, потпирајќи се врз филигранолошките карактеристики на хартиените листови. Меѓутоа, имајќи ги предвид некои од зачуваните записи во ракописот може и конкретно да се определи датирањето на ракописот. Имено, на залепениот лист од внатрешната страна на предната корица има два записа. 1. **ѡткȣпи а҃ еѵ҃лїе. Пвлȣ а҃. Боке а҃ еѵ҃лїе**; 2. Од друга рака: **† сїе ст҃ое бл҃говестїе** (следи тајнопис: **ꙁцишвдꙁс кькд евплли ҂ꙁч҃а** (7091 = 1583) **гц҃кв = грешнагѡ пьпа Николи ҂ꙁч҃а** (7091 = 1583) **҂ꙁр҃пи сектемвриа к҃** (7188 = црковна 1679, а мирска 1678 година на 20 септември). На листот Іа е зачуван следниот запис: **† сїе ст҃ое бл҃говѣстїе г҃рѣшна^гѡ попа Николи коупи^х его ѿ единого дїака лето ҂ꙁ҃.р҃.п҃.ꙁ҃. м҃ца се҃п .и҃. дьнъ** (7187 = мирската 1678 година на 8 септември). На празниот лист IIа од крајот на ракописот го расчитавме и следниот запис: **въ лето ҂ꙁ҃ тисȣшно .ч҃д҃.** (7094 = 1586) **бы҃с жито товаръ по х҃. и н҃.** (= 650) **и бы҃с гладъ по всеи и въсение ꙁмли. Ѵ цр҃а Мȣратъ бега. Беше ве^дро вїно по .о҃.в҃.** (= 72) **и много лȣди помреше ѿ гла^дї. въ ти дн҃и саписа се сїе еѵ҃лїе іереи. коꙗ и довршихъ сїе еѵ҃лїе въ лето .ч҃е.** (веројатно црковната 7095, што наместо 1587 би одговарала на 1586 година). **въ лето пре҃стави се ѡт҃цъ нашъ іеромонахъ Іѡванъ въ цр҃ве небе҃не. Бь҃ да га про҃сти м҃ца ферфара .к҃.ꙁ҃.**

[8] Боряна Христова, Елисавета Мусакова и Елена Узунова, op. cit. оп. бр. 53, стр. 101–103;

дн҃ъ (27 февруари веќе мирската 1587 година) въ свет8ю недел8. прѣ҃тави сѧ. Токму врз основа на овие записи од Четвороевангелието во Втората инвентарна книга при ЦИАИ во Софија и Иван Гошев го датира ракописот од периодот меѓу 1583 и 1587 година. Очигледно е дека наведената 1583 година во записот на внатрешната страна од предната корица не може со сигурност да се прифати како веродостојна, зашто таа е напишана како нецелосна бројка во дел од тајнописната форма на содржината веднаш пред дешифрираната 1678 година. Како што се гледа од нашето наведување на горните белешки, истата 1678 година се потврдува и во записот на предниот лист Iа. Имајќи ја предвид содржината на последниот наведен запис од крајниот празен лист IIа, ние сме склони да прифатиме дека пишувањето на Четвороевангелието бр. 574 се завршило кон крајот на 1586 година. Всушност, истата година се совпаѓа и со согледувањето на застапените водени знаци по листовите на ракописот, коишто се датираат од периодот меѓу 1565 и 1585 година.

Во најновиот опис на ракописот се наведува дека тој содржи I + 278 хартиени листови, со напомена дека содржината завршува на лист 275б, а последните три листови 276а–278б се празни и подоцна врз нив се оставиле неколку записи.[9] При нашите истражувања забележавме дека пагинацијата во ракописот е на секој 10-ти лист (10, 20, 30 ... 270), а 9-тиот лист е пагиниран како 10-ти (веројатно бил броен и првиот празен лист). Треба да го нагласиме тоа дека првиот кватернион е без првиот празен лист, а и содржината со главите на евангелието по Матеј почнува на наредниот л. 1а. Меѓутоа, при попрецизното набљудување на целата означена пагинација во ракописот забележавме дека грешката се исправува од л. 190 до л. 200, кога редоследот на нумерираните листови е сосема во ред. Содржината на четвороевангелието е пишувана на л. 1а – 276б, при што ваквата согледана ситуација ни покажа дека Четвороевангелието бр. 574 содржи I + 276 + III хартиени листови (или вкупно 280 листови).

Содржината на ракописот е зачувана во нејзината целовитост и ја одразува полната текстуална редакција на четвороевангелијата, типологизирани за периодот од втората половина на XIV до крајот на XVI век и наваму. Секое од четирите евангелија (по Матеј, по Марко, по Лука и по Јоан) претходно е проследено со содржината по глави и со предговор преку егзегетските толкувања од Теофилакт Охридски. Содржините по глави за секое од четирите евангелија и нивните предговори со толкувањата почнуваат со богата илуминација на заставки,

[9] Истиот цитат.

лигатурен наслов и иницијални почетни букви. Додека пак, самите содржини на секое од четирите евангелија почнуваат со уште пораскошно и во покрупен обем насликани илуминации, под кои следат насловите со извонредно лигатурно писмо и почетните букви на содржините со украсени иницијали. Секако дека самата илуминација ја извел книжевникот поп Петар, зашто и било вообичаено евангелските ракописи да ги пишуваат добрите краснописци и вештите илуминатори. Преписот на четирите евангелија завршуваат на пагинираниот л. 265а, а наредниот л. 265б е празен. На крајот од четирите евангелија се препишани и другите придружни состави, кои вообичаено се поместуваат во тој или во помал обем. Така, на л. 266а–272б е краткиот месецослов, над чијшто лигатурен наслов исто така има насликано илуминација. Во црковниот календар за сите 12 месеци се евидентираат само спомените за јужнословенските светители Сава Српски и Симеон Нови Мироточец. Присуството на српските светители во содржината на месецословот упатува на размислувањата дека ракописот бил пишуван во северните краишта од Македонија, каде што понагласено биле изразени македонско-српските духовни и книжевни врски. По месецословот, до крајот на ракописот следат составите со упатства кога се читаат избрани евангелски содржини и за какви богослужбени намени. На самиот крај од ракописот е таблицата со назначениот распоред за богослужење на евангелски и апостолски четива, изведувани според осмогласниот систем на црковно пеење. По целосната текстуална структура на Четвороевангелието укоричениот и подврзан кодекс завршува со три празни листови, врз кои подоцна се пишувале записи и се оставале извесни цртежи на раце и птици. Токму од содржините на подоцнежните записи оставени на последните празни листови Iб и IIIа од ракописот се потврдува и потеклото на Четвороевангелието бр. 574 од кумановско-скопскиот крај, во пределите на Скопска Црна Гора:

Лист Iб: **Да се има ꙁнати како поклони Траꙗнъ Гръчъковиħъ три матики лоꙁе на Ꙁабелъ ꙁа дꙋша своиа. Богъ да про^сти. ҂а҃.ѱ.ѯ҃.д҃.** (=1769). **Месеца маиа .к҃д.** (29) **дн҃ъ.**

Лист IIIа: **Писа^х аꙁъ Иѡилъ еромона^х ѿ мана^стиръ Драковица храмъ Въве^дение прѣс҃тие вл^дчци нашеи и Бц҃и више село Банꙗни въ лѣто ѿ съꙁданїе мира ҂ꙁ ти^сꙋщъ. р҃.ч҃.е҃.** (7195-5508=1687) **а ѿ рож^дъства Г҃а нашего І҃с Х҃са ҂а҃.х҃.п҃.ѕ҃** (1686) **ѡ^х ѡ^х това врѣме беше велїкъ гладъ по васеи ꙁемли и беда и вои^ска беше жи^то решето по пет^ссътъ а^спри а вино по .ч҃.д҃.** (94) **и по^спимо** (?) **сиромаси крон^ддиръ вино по^дъ ꙗбꙋкꙋ оу Браꙁдꙋ и помреше лю^ди мноѕи ѿгла^ди по вьсеи вьселениеи.** Потпис **Iѡ (Иѡилъ).**

Во тој прилог оди и записот по првата корица на почетниот празен лист Іа: † **Сїе ст҃ое бл҃говѣстїе г^рѣшна^{гѡ} попа Николи коупи^х его ѿ единого дїака лето ҂з҃.р҃.п҃.з҃.** (71875509=1678) **м҃ца се҃п .и҃. дьнъ** (8 септември).

Според содржините на горенаведените записи би можело делумно да се реконструира потеклото на Евангелието на поп Петар од 1586 година бр. 574. Всушност, ова ракописно евангелие го купил поп Никола во 1678 година од некој непознат дијак и го доставил во Забелскиот манастир „Воведение на св. Богородица“, каде што се наоѓало сѐ до почетокот на XX век. Од неговата манастирска библиотека, или од Скопската митрополија, го зел егзархискиот владика Неофит и го однел во Софија.

Во самиот ракопис се запишале повеќе записи со различна содржина, а меѓу нив има и од раката на книжевникот поп Петар. Најважен е оној во заставката на пагинираниот л. 124а: **Поменї ч҃тни оч҃е и грѣ^шнагѡ по^па Петра.** Другите записи од раката на книжевникот исто така ги евидентираме во полињата на илуминациите. На л. 1а: **ѡ г҃і поспеши ѡ вл^дкѡ направи**; На л. 6а: **ѡ г҃і поспеш^и ѡ вл^дкѡ съвръши**; на л. 208а: **ѡ м҃ти Б҃а моего призри и поспеши**; на л. 265а: **ѡ вл^дкѡ Г҃и Іѵ҃с Х҃е пр^изрї на съвръшенїе дел8 сем8**; На л. 264а крстообразен запис: **ХС ЗА^ч И КѠ^нНЦЬ.**

На л. 204а кај заставката пишувачот поп Петар оставил уште еден запис во форма на тајнопис: **Гѕи клчвен Ѳесдее нъ ѡодвх бж҃вю** (= **Зде почине Анѡанн въ слав8 бж҃ию**). Во самиот тајнопис веројатно станува збор за грешка, при што расчитувањето на името би било наместо **Анѡанн = Іѡаннь** (Види прилог бр. 6 од крајот на текстот). Тоа го натера Ѓорги Поп-Атанасов да констатира дека би можело да станува збор за извесен Јован – име на вториот пишувач на ова ракописно четвороевангелие.[10] Неговата констатација се заснова само врз основа на протолкуваната смисла од содржината на објавениот запис во новиот опис. Меѓутоа, палеографската анализа на писмото во тој дел од ракописот покажува одраз на истиот дуктус со раката на поп Петар. Едноставно, содржината на овој запис во тајнопис од раката на пишувачот поп Петар соопштува дека од тоа место почнува преписот на Евангелието по Јоан. Навистина на л. 204а-б е содржината по глави на Евангелието по Јоан. Значи, ракописот не бил пишуван од двајца книжевници, туку целиот го препишал поп Петар.

При подготвувањето на овој научен труд ми се наметна помислата дали можеме да извршиме идентификација на книжевникот поп

[10] Ѓорги Поп-Атанасов, *Ракописната збирка на егзархискиот скопски митрополит Неофит,* стр. 154–155.

Петар со некој од книжевните дејци од втората половина на XVI век. Имајќи ги предвид содржините на подоцнежните записи во Четвороевангелието бр. 574, приближно можев да ја лоцирам миграцијата на ракописот во областа на Скопска Црна Гора. Веќе и погоре се наведе дека уште во 1678 година извесен поп Никола го купил ракописното четвороевангелие од непознат дијак и го доставил во Забелскиот манастир „Воведение на св. Богородица" кај Бањани, на Скопска Црна Гора. Според зачуваните записи не може да се констатира точно од кое место бил купен ракописот, а со тоа и каде во 1586 година поп Петар го пишувал истиот. Но, долгогодишното мое истражување врз книжевните дејци од македонските скрипториуми по интуиција ме упатуваше кон потребата да се направи споредба со зачуваниот фрагмент врз кој е напишан записот на книжевникот Петар од село Длабочица (Софија, НБ – БИА II А 7460 = поранешна инв. сигнатура бр. 1352/10).[11] Затоа се обратив до бугарските колешки Марија Јовчева и Елена Узунова да ми испратат електронска снимка од спомнатиот ракописен фрагмент, кои непоштедно го сторија тоа во краток период, при што им изразувам огромна благодарност и им посветувам дел од заслугата за новото откритие. Со самото отворање на електронската снимка веднаш се согледа истиот ракопис на поп Петар во записот на л. 124а во Четвороевангелието бр. 574 со оној во записот од фрагментот на книжевникот Петар од село Длабочица на Скопска Црна Гора кај Куманово. По извршената детална палеографска споредба веќе со сигурност се потврдува дека станува збор за исто лице – македонскиот книжевник поп Петар, кој работел во скрипториумот во село Длабочица кај Куманово.[12] (Види ги прилозите бр. 1, 2, 3 и 4 на крајот од текстот.) За пишувањето на овој научен прилог ми преостана уште да извршам и споредба на самите оригинали од ракописното Четвороевангелие бр. 574 од ЦИАИ со ракописниот фрагмент Софија НБ – БИА II А 7460. Тоа би го решило и прашањето – дали листот со подолгиот запис од Софиската народна библиотека му припаѓал на истиот ракописен кодекс од ЦИАИ бр. 574 или пак, тој бил откинат од друго ракописно четвороевангелие пишувано од истиот книжевник поп Петар? Од електронската верзија на снимката што ја имаме на располагање не можевме со сигурност да понудиме прецизна кодиколошка аргумента-

[11] Маньо Стоянов и Христо Кодов, *Опис на славянските ръкописи в Софийската народна библиотека*, т. IV, София 1971, стр. 150.

[12] Ѓорги Поп-Атанасов, Илија Велев и Маја Јакимовска-Тошиќ, *Скрипторски центри во средновековна Македонија,* Скопје 1997, стр. 63–67; Истите, *Творци на македонската литература* (IX–XVIII век), Скопје 2004, стр. 271.

ција, но сепак сме убедени дека односниот фрагмент со записот на книжевникот Петар од село Длабочица е откинат лист од Четвороевангелието бр. 574. На ваквата констатација нѐ упатуваат содржините на записите од двете инвентарни единици.

Прилог 1: Лист 124а од Четвороевангелието бр. 574 од ЦИАИ во Софија со записот на поп Петар како пишувач на ракописот во горниот дел од заставката

Прилог 2: Фрагментот од л. 124а на Четвороевангелието бр. 754 од ЦИАИ во Софија, со записот на поп Петар како пишувач на ракописот

Прилог 3: Фрагментот од л. 124а само со записот на поп Петар горе во заставката на Четвороевангелието бр. 754 од ЦИАИ во Софија



Прилог 4: Фрагмент со записот на книжевникот поп Петар, пишувач на Четвороевангелието од 1586 година (Софија, НБ – поранешна сигнатура со инв. бр. 1352/10; а сега под сигнатурата Софија, НБ – БИА II А 7460)



Прилог 5: Лист 126а од Четвороевангелието на поп Петар, ЦИАИ бр. 574

Прилог 6: Лист 204а со тајнописот на поп Петар, дека од овде почнува Евангелието по Јоан

Ѓорѓи ПОП-АТАНАСОВ

СЛОВО Ѡ СТРѢЗѢ ЗЛОМЫСЛЄНОМЬ

(Според препис на Антониј Светоански од 1643 година)

Кон крајот на XII и почетокот на XIII в. настануваат крупни политички промени на Балканот. По смртта на Маноил I Комнин (1180) моќта на Византија постепено опаѓа, а нејзината територија е цел на странски напади и освојувања. Српскиот велик жупан Стефан Немања ја отфрлил зависноста од византиската централна власт, а Бугарите, под водство на браќата Петар и Асен, преку организиран бунт, ја обновуваат својата независност, формирајќи го на територијата на Византија своето Второ бугарско царство. Особено кобен за Византија бил Четвртиот крстоносен поход, кој резултирал со заземање на Цариград од страна на Латините (1204) и формирање на Латинско царство на дел од територијата на византиската империја. Во истото време во јужниот дел на Македонија е формирана уште една држава на Латините – Солунското кралство, на чиешто чело застанува Бонифициј Монфератски.

На територијата на бившата византиска империја се формирани и неколку држави, чиишто предводници манифестираат претензии кон државно-правниот континуитет на византиската владетелска круна. Некои од нив, притоа, имаат пресудно влијание врз развојот на политичките настани на територијата на Балканот – Никејското царство, на чиешто чело застанал Теодор Ласкарис, зет на Алексиј III, и Епирското деспотство, предводено од Михаил Комнин.

Во таа преломна епоха повеќе византиски феудалци се осамостоиле и функционирале како самостојни феудални владетели.

Некои од нив биле претенденти за византиската царска круна (Маноил Камиц, Јован Спиридонакис, Теодор Манкафа), додека други, по распадот на Византија во 1204 год., се стремеле кон формирање на нова византиска држава (Лав Згур, Маноил Маврозом, Сава Асиден, Никифор Контостефан).[1]

Таквите политички околности создале услови за формирање на самостојни феудални владенија и на територијата на средновековна Македонија. Кон крајот на XII в. (до 1202 год.) такво било властелинството на Добромир Хрс, чиешто седиште во почетокот било во Струмица, а потоа во Просек, а по 1207 год. статус на самостојни владетели стекнале Алексиј Слав со седиште во градот Мелник и Стрез, кој за своја престолнина ја одбрал изградената од неговиот претходник Добромир Хрс тврдина Просек.

Стрез доаѓа во Македонија по драматични настани. Во есента на 1207 год., при опсадата на Солун, е убиен бугарскиот цар Калојан, по што трновскиот царски престол е заземен на незаконски начин од поголемиот брат на Стрез Борил,[2] кој, веднаш по зацарувањето, посакал да се ослободи од сите можни идни претенденти за царската власт, вклучувајќи го тука и својот брат Стрез.

Соочен со ваквата опасност, Стрез побарал политичко прибежиште кај српскиот велик жупан Стефан Немањиќ (Првовенчани), кој го примил благонаклоно и покрај постојаните закани од страна на новиот бугарски цар. Со помош на српскиот владетел, Стрез бил упатен со соодветна воена придружба во тврдината Просек, по што за кратко време загосподарил со опширна територија во централниот дел на Македонија.

За време на своето владеење, во зависност од политичкиот интерес, Стрез често ги менувал своите сојузници. Во почетокот бил во пријателски односи со српскиот жупан Стефан, но по битката во Пелагонија во 1212 год., кога бил поразен од здружените сили на Солунското кралство и Епирското деспотство, тој го променил својот однос кон Србија и ѝ се приклучил на коалицијата на Бугарите, Епирците и Латините, кои се подготвувале за војна про-

[1] Радивоје Радић, Обласни господари у Византији крајем XII и у првим деценијама XIII века. – Зборник радова Византолошког института, XXIV–XXV, 1986, 280.

[2] Во последно време повеќето автори го сметаат Стрез за Борилов брат, иако има и такви кои претпазливо го третираат само како негов роднина.

тив српскиот жупан. Соочен со опасноста од оваа четиричлена коалиција, жупанот Стефан го испратил својот брат Сава да преговара со Стрез и да го убеди, во име на старото пријателство, да се откаже од подготвуваниот напад врз Србија. Оваа дипломатска мисија на Сава детално е опишана во неговото житие, составено од Теодосиј Хилендарец, а тука наоѓаме изворни податоци и за животот и дејноста на Стрез, за неговата престолнина Просек и воопшто за условите во коишто живеел македонскиот народ во тој период.

Хилендарскиот монах Теодосиј житието на св. Сава го напишал по порачка на старецот Теодул кон крајот на XIII или во првите децении на XIV в., најверојатно, во времето на српскиот крал Милутин (1282–1321).[3] При пишувањето на овој хагиографски текст, Теодосиј се служел со житието на св. Сава, што претходно го напишал ученикот на св. Сава, хилендарецот Даментијан околу средината на XIII в., на барање од српскиот крал Урош I (1243–1276), но и со други писмени извори што му ги доставил старецот Теодул.[4]

Со ракописната збирка на Хилендарскиот манастир, кој е основан од св. Сава и неговиот татко св. Симеон и каде што култот кон овие православни светители е најсилно изразен, се поврзани повеќе словенски ракописи, во чиишто текстови се зачувани преписи од Теодосиевото житие на св. Сава. Ракописите со двата најстари преписи од житието – Теодуловиот зборник од 1336 год. и зборникот на монах Марко од 1370/1375 год. уште во 1896 год. се земени од српскиот епископ Димитрие од библиотеката на Хилендарскиот манастир и однесени во Српската Кралска академија во Белград,[5] каде што се подготвувало критичко издание на Савиното житие од страна на професорите Ѓорѓе Ѓорѓевиќ и Драгутин Костиќ. Овие два преписа од Теодосиевото житие на св. Сава требало да послужат како основа на планираното критичко издание,

[3] Теодосије, Житије светог Саве. Превео Лазар Мирковић, превод редиговао Димитрије Богдановић, Београд 1984, VIII.

[4] С. П. Розановъ, Источники, время составленія и личность составителя Ѳеодосіевской редакціи житія Саввы Сербскаго. – Извѣстія Отдѣленія русскаго языка и словесности Императорской академіи наукъ, т. XVI, Санктпетербургъ, 1912, 181.

[5] Димитрије Богдановић, Каталог ћирилских рукописа манастира Хиландара, Београд, 1978, 128–129.

меѓутоа, во 1898 год. ненадејно починал проф. Ѓорѓевиќ, по што работата врз критичкото издание на житието престанала. За жал, во тоа време исчезнал и Теодуловиот зборник, како и преписот од Савиното житие што од овој зборник го направил Др. Костиќ[6] кои, најверојатно, се наоѓале во домот на проф. Ѓорѓевиќ.

Зборникот на монах Марко, исто така, не е вратен во библиотеката на Хилендарскиот манастир. Во 1914 год. тој е префрлен во белградската Народна библиотека, каде што го преживеал пожарот од 6 април 1941 год., бидејќи во тоа време се наоѓал кај проф. Владимир Ќоровиќ. За време на војната, најверојатно по загинувањето на проф. Ќоровиќ, ракописот е вратен во Народната библиотека, каде што денес се чува под сигнатура рс 17. Преписот од Теодосиевото житие на св. Сава во овој зборник, меѓутоа, не е зачуван во целина: недостасува почетокот, делови од средината и крајот на житието.[7]

Денес во библиотеката на Хилендарскиот манастир се чуваат пет преписа од Теодосиевото житие на св. Сава, кои настанале во периодот од XV до XVIII в. Најстариот препис се наоѓа во зборник од првата четвртина на XV в., меѓутоа, овој препис не е целосно зачуван, додека три од преписите се од XVIII в. и претставуваат црковнословенски преработки на хагиографскиот текст. Единствениот препис што е целосно зачуван и е од релативно постар период е преписот во зборникот бр. 509, пишуван во 1643 год. од јеромонах Антониј во ќелијата „Св. Преображение“ на светогорскиот скит „Св. Ана“.[8]

Во текот на работењето околу темава, рѐгистриравме седум ракописи на јеромонахот Антониј, пишувани во скитот „Св. Ана“, кој се наоѓа во јужниот дел на Света Гора и е подвластен на Великата лавра „Св. Атанасиј“. Станува збор за следниве ракописи:

1. *Зборник*, 1643 год., хартија 348 л. Содржи хагиографски и химнографски текстови. Се чува во Хилендарскиот манастир под бр. 509.[9]

[6] Теодосије, Житије светог Саве, 212.

[7] Љубица Штављанин-Ђорђевић, Мирослава Грозданович-Пајић, Луција Чернић, Опис ћирилских рукописа Народне библиотеке Србије, књига прва, Београд 1986, 28–29.

[8] Димитрије Богдановић, Каталог, 192.

[9] Сигнатурните броеви за ракописите од Хилендарската збирка се според Каталогот на Богдановиќ.

2. *Златоуст* (цветен), 1652 год., хартија III+600+2л. Содржи слова на св. Јован Златоуст и на други црковни писатели. Се чува во библиотеката на Хилендар под бр. 411.

3. *Богородичник,* 1654 год., хартија II+128+1л. Пишуван е по порачка на јеромонах Јоасаф од манастирот Хопово. Ракописот долго време се наоѓал во Хопово, а денес се чува во Универзитетската библиотека „Светозар Марковиќ“ во Белград под сигнатура рс 5[а].

4. *Типик* (ерусалимски), 1656 год., хартија 245 л. Покрај типикот на св. Сава Ерусалимски содржи и повеќе маргинални белешки со хагиолошки и летописен карактер. Се чува во библиотеката на Хилендарскиот манастир под бр. 376.

5. *Октоих*, 1657 год., хартија I+199+1 л. Содржи октоих-параклитик од скратен тип за сите осум гласови. Пишуван е по порачка на хилендарскиот егумен Виктор. Се чува во библиотеката на Хилендар под бр. 136.

6. *Пролог* (стиховен), 1670 год., хартија II+339 л. Содржи пролошки житија за првата половина од годината (јануари-јуни) и триодни синаксари. Пишуван е по порачка на јеромонахот Евсевиј Хоповец и е испратен во манастирот Хопово. Долго време се наоѓал во Хопово, а сега се чува во Музејот на Српската православна црква, збирка на Радослав Груиќ бр. 167.

7. *Типик* (ерусалимски), 1674 год., хартија 253 л. Пишуван е по порачка на јеромонах Висарион Рачанин и други монаси-рачани. Ракописот е испратен во манастирот Рача, но подоцна се нашол во манастирот Савина, каде што се чува и денес под бр. 14.

Зборникот бр. 509, кој е предмет на нашето истражување, е пишуван со полууставно писмо и ресавски правопис. На крајот од ракописот јеромонах Антониј го оставил следниот запис:

Прѣписа сїю книгꙋ, мнѡгогрѣшнїи Антонїє, їєрмонах въ горѣ аѳонꙑсцѣи, на мѣстѣ гл҃ѥмомь Ст҃аа Анна, въ храмѣ ст҃аго пр҃ѡбраженїа г҃а б҃а и Сп҃са нашего Иі҃ѵ Х҃а, въ лѣ҃ѯрна (7151=1643). Тѣмже молю се ст҃ости вашои съ ꙋмилѥнїємь, мл҃тиви моѥи грꙋбости рꙋкы и оума страстꙑнаго нем҃щи боудете · елици прочитаѥте грꙋбописателꙑное потрꙋжденїє нашего ꙋсръдїа, да не въ стꙋдь и прѣтиканїє моѥи хꙋдости въмѣните, за нѥже и молю

се: помолите господа подати ми ѡ сихь и ѡ прочїихь ѿпꙋщенїе, вам бо маль трꙋдь, мнѣ же велїе богатꙋство, въ единои рѣчи ѿ ст҃го срц҃а вашего изнешои се.

Роука слаба, оумь такожѐ.

Теодосиевото житие на св. Сава се наоѓа во почетокот на зборникот (до л. 96б), при што од л. 50 до л. 55 е поместена, како интегрален дел од текстот на житието, засебна текстуална целина под наслов „Слово ѡ Стрѣзе зломысленомь“. Во овој текст авторот Теодосиј ги пренесува автентичните сведоштва на Савиниот ученик Доментијан за историските настани што се случувале во Македонија во почетокот на XIII в., чијшто главен актер бил средновековниот македонски владетел Стрез.

Авторот на Словото го претставува Стрез во целосно негативна светлина. Тој за него е „ѕвѣра сверѣпооумна“, горделив и немилостив убиец, кој го заборавил Бога – и забы б҃а, възвисив се оумомь · оубїица бо и немилостивь, ꙗр же и некроткь; и за најмала вина ги осудувал луѓето на смрт, по што тие биле фрлани од висока карпа во реката Вардар. Освен тоа, кога осудените биле фрлани од карпата во Вардар, тој се веселел и со висок глас довикувал „Внимавај да не си го наводениш кожувот“.

По приклучувањето кон тројниот сојуз (Бугарското царство, Цариградското латинско царство и Епирското деспотство), којшто се подготвувал за војна против српската држава, Стрез бил обвинет дека го заборавил старото пријателство и дека на доброто возвратил со зло и на љубовта – со омраза (се бо положише на ме зла въз бл҃гаа · и ненависть за възлюблѥнїе). Кај него Стефан испраќа српски властелини да го убедат да се откаже од непријателскиот однос и да му се врати на старото пријателство. Тие го потсетувале македонскиот феудален владетел на добрините што му ги сторил Стефан, за братимењето со него пред Бога итн., а кога тоа не помогнало, српскиот велик жупан го испратил во дипломатска мисија кај Стрез и својот брат Сава, кој во тоа време имал архимандритски чин и бил егумен на Хилендарскиот манастир.

Дипломатската мисија на Сава била последна шанса да се избегне војната помеѓу Стрез и жупанот Стефан. Дека тоа е така, се потврдува од фактот што Сава не го нашол Стрез во неговата

престолнина Просек, туку во воен логор северно од Скопје, кога тој веќе фактички бил во воен поход и се движел со својата војска кон српската територија. „Смирениот по срце и сладок по душа“ Сава, меѓутоа, не успеал да го убеди „бесовесниот, нечувствителен и каменоумен“ Стрез да се откаже од својата намера, поради што тој се обратил кон него со заканувачки зборови: „вѣдомо же ти боу҆, ꙗко и мы на г҃а имоуще надежꙋ҆ · не имамы оустрашити҆ вась · ниже оуклонити се вашего мнѡжьства въсхощем · конь готовь на брань · ѿ г҃а же помощь“.

По неуспешната мисија на Сава, се прибегнало кон последното оружје – бил организиран заговор против Стрез и тој бил убиен. Се претпоставува дека тоа се случило во 1214 год., по што Стрезовото феудално владение паднало под власта на Епирското деспотство.[10]

И по смртта на Стрез, споменот за него продолжил да живее во историската памет на македонскиот народ. Јасна потврда на тоа е пронајденото од Јордан Хаџи Константинов-Џинот легендарно житие на Стрез (Житїе кнѧза Стрегана), коешто настанало не порано од XVIII в.,[11] врз основа на стари народни преданија.

Иако во хагиографскиот жанр по принцип доаѓа до идеализација на прославуваниот светец и сатанизација на оние, кои на еден или друг начин му се спротивставувале, што е случај и со Теодосиевото житие на св. Сава, сепак, житијните текстови во историографијата се третираат како важни извори на историјата.[12] Ваквиот третман на средновековните хагиографии на недвосмислен начин се потврдува и од фактот што во основата на голем број историски хроники лежат одделни житијни текстови.[13] Водени од

[10] Никола Радојчић, О неким господарима града Просека на Вардару. – Летопис Матице српске, св. VIII, 1909, 38.

[11] Вера Весковиќ – Вангели, Самостојните феудални владетели во Македонија, Скопје 1963, 49.

[12] Е. П. Наумов, Сербские средновековые биографии как исторические источники. – Историография и источниковедение стран Центральной и Юго-Восточной Европы, Москва 1986, 166; Сп. Е. Дрознева, Житие Иоакима Осоговского как исторический источник. – Советское славяноведение, 4, Москва 1982, 61–70.

[13] Петар С. Протић, Житија српских светаца као извор историјски, Београд 1897, 182.

вакви размислувања, кон статијава го приложуваме текстот на „Слово ѡ Стрѣзе зломысленомь“ според препис на светогорскиот монах Антониј од 1643 година.

СЛОВО Ѡ СТРѢЗЕ ЗЛОМЫСЛЕНОМЬ

Нѣкы оубо Стѣѕь, нарыцаемы · аще и злооумьнь, нъ блг҃ородꙋнь сы · ѿ бльгарскые стѧны, црⷭ҇каа ро҃ сы · сърoдникꙋ бо, Калоꙗна цр҃а загорскаго · · егоже оуби ст҃ы Димитрїе.

Тъ бо Калоꙗнь цр҃ь · по҃виг се, и мнѡгїи҃ градовь гръчьскїи҃ по въсѣи ѕакы, и Македоны разоривь · тогда фроуго҃ царьствꙋющїимь · въ Константинѣ градѣ · и не поболѣвшїи҃ ѡ разоренїи про́чїихъ градовь · ꙗкоже и не своихъ помышлꙗющїимъ · тьже поусте҃ и беспомощный҃ ѡбрѣтае разарааше · Прїиде же съ мнѡгыми силами · ꙗкоже Сенахери҃ древлѥ[14] · на бж҃їꙗ гра҃ Їерⷭ҇лмь · тако и съ на бг҃охраними градь Солꙋнь · на ѿчьство великомⷯ҇ника Димиѕїа · ꙗко҃ и прочїи҃ мнѡгїихь градовь, хоте и Солꙋнь разорити, и въ конꙋчное запꙋстенїе поставити помышлꙗаше · и тѣплыи҃ ст҃го къ бо҃у прѣ҃стателствомь, ѿпаде соуемоу҃рьны свое҃ помысла · не исыпа бо тꙋкь стрѣль · ни ѡрꙋжїа ѡбнажи · коупно҃ съшъствїе҃ къ градꙋ · бж҃їемь соудо҃, ꙗзвꙋ невидимꙋ въ срⷣцы своéмь приѥмь съмрътнꙋю, напрасно сконча се · и тако бъ҃ не воева нь гр҃ь защити мл҃твами ст҃го. · Пришѣ҃ше ѥже силы оужасо҃ ѡдръжими быше · боѥще се ст҃го, бѣжати помышлꙗюще · начелници же и воеводы, не хотеще цр҃а своего ѡставити въ порꙋганїе гражаномь · ѕвѣремь и птица҃ въ снѣдь · мръ҃ва цара понесоше · и тако въ своꙗ отидоше.

Тъже вышере҃нны Стѕеѕо, по ꙋмръти цара Калоꙗна · ѿ приѥмшаго црⷭ҇тво Борила, гонимь бѣше · ꙗко сърoдникь цр҃евь

[14] 4 Цар. 19, 35–37.

оубити се · бѣ бо и тъ гоѳїнь Стреѕо, гл҃ѥмы ·мꙋжьствомъ оудивлѥнь мнѡго · того бо раї и въ ꙁависти паче бѣше · и боꙗхꙋ се да некако въц҃рит се, и ѡнѣхь погоубить ·и ѿ дръжави ихъ ѿгнаше его · и прибѣже къ самодръжцꙋ Стефанꙋ · тъже хс҃толюбьць приѥмь его радостно, и съ вьсѣми пришѣшим съ нимь · и въсако бл҃годшїе показавь къ нѥмꙋ · и не ꙗко прѣбѣга, нъ ꙗко брать възлюблѥнь почьте его · и своее трапеꙁы недостоина оудостоивь · и ꙗко мнѡгыѥж къ нѥмꙋ любве · ръпꙋтахꙋ начелници Стефанови · и соущїим въ Загори цр҃твоующїимь, мнѡжицею ѿ нихъ оу Стефана, Стреѕо просимь бѣ, да оубиють его · ѡвогда дары великыѥ посилающе, ѡвогда бранꙋми прѣтѣще · обаче прн҃о прошаахꙋ · и ꙗко сїа Стреѕꙋ раꙁомѣющꙋ, боꙗтис и трѣпетати · и инамо бѣжати помышлꙗющꙋ · и да не како прѣдань боудеть въ роуцѣ врагомь его ·бл҃гочс҃тивыж Стефань клетвами не боꙗти се того оувѣрае. На болшеѥ же иꙁвѣщенїе и любовь истинныѥ вѣры · ст҃ым еѵ҃глїемь · непоѡбнаго того, брата себѣ споѡблꙗет ·ѡбогатив же его мнѡгыимꙋ доволꙋством, и въсакїими потрѣбами. Прѣжде же, то́го гоѳомь въꙁмогшїим, и градовь мнѡгїих гръчьскых раꙁорившїимь, и дрꙋгых прѣѥмше, дръжахꙋ окр҃ть Солꙋна · тажи Ѡхридь прѣдрьжеще · да бл҃гочс҃тивыж Стефань, нѣкыихь властель ꙁагорскїихь, иже тогда градовы съдръжаахꙋ · приближающїих се къ ꙁемли его · къ семꙋ Стреѕꙋ ꙗко къ сароднику и себѣ братꙋ привѣщавь · иже и съ градовы къ нѥмꙋ присвоише се. Пръвѣе же единь твръдѣишїи градь Просѣкь, Стефаном въвѣдень бысть · дав же емꙋ и воискꙋ, воеводы своѥ на помощь · и самь помогь емꙋ · и оутвръдив же и ѡгосподивь · и дроуга себѣ и брата оустроивь · и на помощь .въсакꙋ, къжод, комꙋжод ѡбрѣтати се о семь съвѣщь · таже и дрꙋгїих грады приѥмь, и людми оумнѡжив се · ꙁнаахꙋ бо его ꙁагоране и прихожаахꙋ къ нѥмꙋ мнѡѕїи.

И зе҆ хощꙋ безоумїе его показати · аще и оумнѡжимь повѣсть. Мнѡго оубо разбогатевь ·ꙗко рещи о нѥ҆ пѡ҆обно · оути и оутлъсте, и разширѣ безоумїе҆ · и забы ба҃, възвисив се оумомь[15] · оубїица бо и немл҆остивь · ꙗр же и некроткь. Оутврьдив бо себѣ домь на камени выше ре҆но҆ Просѣцѣ · по҆ нимже рѣка ѥ҆ текоущи велика, Вардарь нарыцае҆ · на томь оубо камени помостивь дрѣвїе҆, позорище свое сътвори. Вънѥгда же веселити се бѣше томꙋ окаанномꙋ · прѣ҆сѣдѣаше оупивае се на мръско҆ томь соудищи, играе и веселе се · веселїе же его съмрь҆ бѣше чл҃ка, и за малꙋ ѥго виннꙋ съгрѣшившаго · съмрътїю ѡсоужа҆аше · и нис камень онь низринꙋти повелѣваше · вънѥгда же кого низринѣхꙋ · велїе҆ гласо҆ веселеше се гл҃ааше · бл҃юди, да си кожꙋхь не исквасиши · нигде҆ инде пасти хотѣше низврьженны, тъчїю оу самꙋю рѣкꙋ · и аще где кого изврьглаби вода · тога҆ чл҃чьскомꙋ спѡ҆блꙗаше се погребенїю. Сицево бѣше веселїе его съмрь҆ бѣше чл҃ка · сицева ѿ нѥго съдѣвахꙋ се · на свою крѣпость наѣ҆е се, и на Ѣрьди камень, каменооумны · а не на ба҃ оуповаше · ре҆ бо въ себѣ · и кто ѥ҆ иже ѿ зе҆ мене съвръжеть · и спомѣнꙋвь окаанны ре҆нное · понѥже безчъстивь еси ѕѣлѡ, и прѣзорливь срц҆емь възнесь се · и кто мене съврьгне҆ ѿ зе҆ гл҃ѥши; и посрѣ҆ ѕвѣзь҆, аще гнѣзо҆ сътвориши, съвръгоу те гл҃ѥ гь҃.[16]

Сїа же слышавь бл҃гочс҆тивы Стефань о нѥмь · скрьбѣше, и съвѣстїю ба҃ боꙗше се, ѡсоужа҆аше се ·ꙗко тьковаа҆ ѕвѣра сверѣпооумна, ѿ съмръти избавльша, и ѡгосподивша · въ мръзость же и еже къ нѥмꙋ братьсѣо помышлꙗше. Мнѡгажи҆ же писаше, моле ѿ таковїи҆ прѣстати · нъ ꙗкоже Соломонь, ре҆ · даи и ѡбличаи мꙋдраго, и възлюбит҆ те·безоумны҆ възненавидит҆ те.[17]

[15] Второз. 32, 15.
[16] Авд. 1, 3–4.
[17] Изреки 9, 8.

Сице и ть любещаго възненавидѣ · въса бо Стефанова въ забы́ть положивь · и еѵ҃гльское братꙋство прѣобыдевь · и ѿстоупивь ѿ вѣры · и зависти и злобѣ рабь бывь · за мнѡга ꙗже къ нѥмꙋ бл҃гаа Стефанова · бесчисльнаа зла тьщетооумны · на нь поꙋчи се · примири бо се къ грькѡ҃м · и къ свои҃м гоѳо҃м присвоив се · и ѿ нихь мнѡжьство езыкь събравь · съ мнѡгою грьдинѥю ꙗко лъвь рыкае[18] · на ѿчьство его по҃движе҃с · ꙗко озлобити и опꙋстити. Сїа же бл҃гочс҃тивыи Стефань · мнѡгажи҃д посилаше къ нѥмꙋ бл҃городнїи҃х свои҃х · помѣноути емꙋ пръвꙋю любовь · и таковаго свѣрепаго начинанїа · моле его прѣмѣнити се · онже никако же сего мл҃ѥнїа послꙋшавь · и мнѡжьс҃тво езыкь на҃н приводеща · недооумѣнїемь ѿ вьсоу҃д одръжи҃м бываше · въсѣх же чл҃чьскїи҃х помощи ѡставль · и къ бо҃у прибѣгае҃т, гл҃ѥ · Бж҃е въ помощь мою вънми · г҃и помощи мнѣ потьщи се[19] · г҃и не ѡстави въ радо҃сть врагꙋ моемꙋ мене мл҃твами прѣчс҃тые ти мт҃ре и прс҃но дв҃ы Марїе · и ст҃го оц҃а нашего, оуго҃дника твоего Сѵмеѡна · имже показаль еси намь оувѣдѣти те истиннаго живота · мл҃твами того, призри на ме грѣшнаго · на те оуповающаго · соудо҃м твоимь праведныи҃м, расоуди прꙋ мою · се бо положише на ме зла въз бл҃гаа · и ненависть за възлюблѥнїе[20] · ꙗды хлѣбы мои, възв҃диси на ме петꙋ свою · и ꙗко пасти ми се · за пети ми тъщит се · помози ми г҃и бе҃ мои · и сп҃си ме по мл҃сти твоеи[21] · да ꙗви҃т се безчисла силна роука твоꙗ · и възпрѣти҃т по҃движающїим се на ме · да оузри҃т врагь мои стыденїе свое, и посрамит се · да оужаснет се и оубоит се · и ст҃ахѡ҃м оуши его ѡгльнетѣ · аз же възвеселю се и възра҃дꙋю се рабь Твои, ѡ мл҃сти твоеи · ꙗко призрѣ на смѣренїе мое, и сп҃се ѿ гонещїи҃х дш҃ꙋ мою.[22]

[18] 1 Птр. 5, 8.
[19] Пс. 69, 1.
[20] Пс. 108, 5.
[21] Пс. 108, 26.
[22] Пс. 108, 31.

И тако съ своими бл҃городны҃ми воисками съвькоуплѥнь · оупаванїѥм же ѿ млт҃вы, ꙗко҃ ѡрꙋжїе҃м облож се · бг҃омоу҃рыи же тога҃ къ бо҃у; Сава ігꙋмень · ꙗко҃ Мѡѵси · и дрꙋгы Самꙋиль ꙗвѣ пр҃ѣстоꙗше · и въ скръбы братоу ср҃цемь съболѣзноваше · със҃таше же и д҃шею, за ѿчьство оубо и единоплѣменныѥ люди, не мало скръбѣше · ꙗко въ сънити мнѡгаго ѡроужїа помышлꙗе, невъзмо҃жно мнѡгїи҃м не быти съмрътемь · паче же вѣрою, и оусрьдиѣ борꙋщїи҃м се · оуставлꙗше҃ самодръжца, и въсе начелныѥ воеводы, гл҃ѥ · азь пръвѣе къ противномꙋ идꙋ, и гл҃ю емꙋ · аще и мнѡгїи҃х мене, ѡ бз҃ѣ оучеща и не послꙋша мене. Тога҃ и вы чл҃чьска починаите · и абїе двь҃скою кротостїю и вѣрою, къ ономꙋ Голїаѳꙋ, изыде · и обрѣте его мнѡжьс҃во мнѡго езыкь събравша · и на ѿчьство его идꙋща · посрѣ҃ же ихь то҃ѡ самого, ꙗкоже дрꙋга его Двь҃ сказае҃т · видѣх҄ нечьстиваго прѣвъзносеща се и высеща се, ꙗко кѥдры ливансцїи[23] · и егда оубо оузрѣ ст҃го · ꙗко҃ ега҃ оу самодръжца Стефана, ѡбычаи къ нѥмꙋ имѣше, на землю падь покланꙗе҃т се · ст҃ыи҃ любъзно приѥмь его цѣловаше. И постоани ꙁапезѣ бывши, и хлѣбꙋ приѥмници бывше · на нѥи же мнѡгыми сладкїими словесы бж҃їими, ст҃ы пр҃ѣ мнѡгы҃ми вѣрнїими пооучивь его · ѥже прѣстати ѿ ꙗрост҃и, и къ пръвои любвы присвоити се · и не кръвїи и оубиства многїи҃х быти повиннꙋ · ꙗко въсѣмь слышещїи҃м, дивити҃с сладости ѥзыка, и силѣ словесь ст҃го, и прѣмоудрости · по прѣмꙋдромꙋ гл҃ати, сатове медовнїи словеса бл҃гаа · сладость же д҃ши исцѣлѥнїе[24] · онже горкы д҃шею не сла҃дкь и бридькь ꙗвлꙗаше се · ꙗко въ всѣмь дивити се, и къ ст҃мꙋ оумилити҃с · на сего҃ негодовати. И възетѣ бывшї <.....> ꙁапезѣ · пакы особь гл҃ѥ҃т емꙋ ст҃ы · мене мл҃ю те не прѣслꙋшаи · бол҄шею любовию нежели испръва присвоити се · и сп҃сенїе томꙋ д҃ши ѿ съмръти ищꙋщи҃х · и не ꙗко поиграти мнѣти се съ бм҃ь,

[23] Пс. 36, 35
[24] Изреки 16, 24.

прѣстоуплѥнїе҆ь клетвы. Сказае҆т же ему и сръпь летающь, иже Захарїа видѣ · егоже длъгота лъкты к҃ · и ширина, і҃, лъктїи[25] · имже клетвопрѣстоупникь не раскаꙗнь · до съмръти, мъсти҆м пожинает се · и нѣ҆с врѣме нн҃ꙗ въсѣхь изг҃лати. Тъ же тешкосръдїи, и невъниманїемь глꙋхы · ꙗко аспидь ѿ обавника затьче оуши свои · еже не слышати гласа, ни словесь ст҃го · ѡ вьсѣм бо не послꙋшааше его · и просто рещи мира никако же нѣсть.

Видѣв же смѣренны ср҆цемь, и сладкыи д҃шею ·бе҆зсьвѣстнꙋю съвѣсть · и нечювс҃тныи нравь каменнооумнаго · гл҃а къ нѥмꙋ · мы оубо ꙗко себѣ и тебѣ бл҃гаа хотеще, гл҃ахо҆м сице · и понѥже орꙋжїе҆м самь ѡ себѣ зла почрьпѣши. Вѣдомо же ти бо҆ꙋ, ꙗко и мы на г҃а имоуще надѣжꙋ҆ · не имамы оус҃ташит҆с вась · ниже оуклонити се вашего мнѡжь҆ства въсхоще҆м · конь готовь на брань, ѿ г҃а же помощь[26] · б҃ъ же да оузри҆т межꙋ҆ тобою и нами · и тако изыде ѿ нѥго · бѣ бо ве҆рь оуже. Пришѣ҆ же до своего пристанища · и въздѣвь прп҆бнѣи роуцѣ къ Боу҃ · из гльбини д҃ше мл҃е се, и помощи просить, гл҃ѥ · Помощь нашꙋ оудръжи г҃и · развѣ бо тебе помощника въ скръбѣхь не имамы · Г҃и силь соудеи праве҆нѣ · испытаеи ср҆ца и оу҃тобы[27] · и тебѣ ѿкрыхѡ҆м ѡправа҆нїа наша · и ты съвѣси, ꙗко къ семꙋ лоукавно сътворихѡ҆м ничто҆ж · да вижꙋ҆ ѿмьщенїе ѿ тебѣ на сего · на силꙋ бо свою оупова҆т · неправе҆но на на҆с мъчь свои поѡс҃ти. Ѣоею силою да вънидѐт въ ср҆це его. Г҃и силь соудеи правдꙋ. Сице съ слъзами помощь просе помл҃ив се · помощь же оуслышати се призыва҆т пр҃чт҃ꙋю бц҃ꙋ · и къ ст҃мꙋ своемꙋ оц҃ꙋ Сѵмеѡнꙋ, ꙗко къ чювъс҃то мꙋ зре, гл҃ѥ҆т · Прїидоше ѥзыци въ достоанїе твоѥ,[28] оч҃е · нъ не прѣмльчи ѡ нась къ г҃оу мл҃твами си. не дажь҆ въ поношенїе чедь и рабь твои҆х ·

[25] Зах. 5, 2. Сп. Откр.14, 14–20.
[26] Пс. 120, 2.
[27] Ер. 11, 20.
[28] Пс. 78, 1.

и абїе оувѣрив се ѿ ба҃ дх҃ѡ стыи҃ р҃енный въ дши его, спсь ѣои есмь азь[29] · и скоро нощїю въ поуть свои поиде · онже иже стг҃о съвѣть не приюемь · нощию спе и покои приюемлюе · вънезаапꙋ с҃трашнй ѿ одра стенанїе҃ въсклицае҃ · бѣ близь по правеномꙋ прошенїю · мл҃твꙋ боещїих се его послꙋшае҃[30] · посла агг҃ла люта · посрѣ срц҃а его пробаеть ѡрꙋжїе҃ · соущїй же съ нимь въскочившїй, и въпрашающїй винꙋ, с҃трашнаго въскликновенїа его · онже окаанны, едва дыхае сказае҃ · ꙗко юноша нѣкы рече с҃трашнь, ѿ Саве послань ·на҃ спещаго мене прїиде · и исхыти мьчь мои · и пронзе въса вънѫ҃трънꙗа моꙗ · Скоростїю же Савꙋ звати оумилюеннѣ молеше · текꙋщїи же притекше, и Савꙋ не обрѣтше · тако бо оусмотри бѣ, ꙗко не обрѣсти се и исцѣлꙗющомꙋ · и ꙗко тако томꙋ страшныи҃ стенанїе҃, невимою срьдьчною ꙗзвою, въ тꙋ нощь испоусти дꙋхь. Ратници҃ ѡни иже ѿ нюего събраны быше · скорое оубиенїе его · м҃твою стг҃о видевше · с҃трахѡ велїе҃ ѡдръжими быше · въкоупѣ же Стефанова нашьс҃вїа боеще се, скоро въ своꙗ възвратише се · мнѡѕи ѿ болшїй С҃треѕовѣ, къ Стефанꙋ прибѣгоше · и постигоше стг҃о, и еще на поути соущꙋ · и исповѣдаше напраснꙋю съмръть Стреѕовꙋ · стыи҃ много плакавь, ѡ непокаанїи его · и тако блг҃одаривь ба҃, въ своꙗ къ братꙋ Стефанꙋ мирь и любовь исповѣдающе · и ничто ѡ бывше҃ смѣе похвалити се сты и гл҃ати · нъ смѣренїе҃ паче по мнѡгꙋ, ꙗко дрѣхль и оуныль биваше.

Стефан же ѿ соущїй съ стыимъ оувѣде винꙋ ѡ дрѣхлости стг҃о, не сме ѡ сихь въпрашати его · ѿ пришьшїй Стреѕовехь въса оувѣдѣвь, о страшнои съмръти противнаго · с҃трахѡмь ѡбьюеть бы҃, чюжааше се ·и въсесилнаго ба҃ прославлꙗ҃ · и мнѡго и ть плакавь, ꙗко аг҃льскаго брата · Бг҃омꙋдрый Сава, къ Стефанꙋ братꙋ, въсе начелныюе его призвавь и мнѡго тѣхь поучивь, рекь ·

[29] Ис. 49, 26; 60,16.

[30] Пс. 144,18–19.

Се г҃ь б҃ъ, мл҃твами прѣчⷭ҇тые его мт҃ре · и прпⷣбнаго Сѵмеѡна оц҃а нашего, пособствовавь по ваⷭ҇ · и кромѣ ѡроужїа, и чл҃чьскыѥ помощи · ратника вашего поразн · и за се емꙋ сїа приключише се, за несмѣреннꙋю его волю, и грьдꙋю вию его · и за немлрⷭ҇дїе къ чл҃чьскомꙋ ѥⷭ҇ствꙋ · и клетвы прѣстꙋплѥнїа · и стⷭ҇раха бж҃їа прѣобыденїе · въсако бо лꙋкавство не можеⷮ оубѣжати бж҃їа гнѣва и ꙗрости · и ѿмьщенїе бж҃їе не изнемагаеⷮ гоне безаконоующїиⷯ, дондеⷤ постыгнеⷮ иⷯ · аще ли и поврѣмени ѿлагаⷮ гнѣвь свои, дльготрьпѣнїа сиꙗ творить · покаанїа раⷣї ожидае. И по тоⷨ не обращающиⷯ се и не покаавшїиⷯ · горчаишꙋю мꙋкꙋ на сихь подаеⷮ · и егаⷣ мнеть, ꙗко избѣгоше гнѣва бж҃їа, и соуда · тогаⷣ вънезаапꙋ казнь прїимоуть · ꙗкоже и сь о нѥмже слышасте · како своими соуⷣбами о нѥⷨ б҃ь, страшнꙋю съмрⷮ навеⷣ · нъ оубо вы не толико неразоумнїи, ниⷤ небоꙗзниви · стⷭ҇рахѡⷨ же и трепетоⷨ своѥ житїе оукрашающе · и не бес правды свое воинство не съдѣваите · помышлꙗюще ꙗко б҃ъ присно съ нами ѥⷭ҇ и аще что бл҃го, или лоукаво твориⷨ · въса нага и ꙗвлѥнна прѣⷣ ниⷨ ѡбрѣтают се · ничто же бо нашиⷯ таинныиⷯ и срамныиⷯ, ѡчїю его оукрыет се · и аще на нь оуповающе оугоⷣна емꙋ твориⷨ · ничтоⷤ зло враѕы наⷩш възмогꙋⷮ сътворити намь · вышнꙗго бо реⷱ · положиль еси прибѣжище твое · и не придоуⷮ к тебѣ зла · и раны не пристоупеⷮ къ тѣлѣсы вашиⷨ · тѣмже и вы смѣрающе се ѡ въсѣⷨ · бл҃годарите въсебл҃гаго б҃а · и съ Двд҃омь гл҃юще · ꙗко въ смѣренїи нашеⷨ помѣнꙋ ны г҃ь · и избавил ны ѥⷭ҇ ѿ врагь нашиⷯ[31] · не на лꙋк же, или мышцꙋ свою · нъ на б҃а оуповающе, творещаго велїа чюдеса, им же нѣⷭ҇ числа · идѣтеⷤ ꙗко б҃гоⷨ пособствовани въ своꙗ си съ мироⷨ, и зрⷣави боудете.

[31] Пс. 135, 23–24.



Записот на јеромонах Антониј (л. 348)



Страница од преписот на јеромонах Антониј (л. 53)

Лилјана МАКАРИЈОСКА

ЛЕКСИЧКИТЕ СЛОЕВИ ВО МАКЕДОНСКАТА СРЕДНОВЕКОВНА ПИСМЕНОСТ

Проучувањето на јазикот на македонските средновековни текстови ги потврдува специфичностите на македонската црковнословенска писменост, а преку влијанијата од другите средини и нејзиното место во размената на културните вредности. Анализата на лексичкиот состав од хронолошки аспект, како и од аспект на жанровската припадност на текстовите укажува на повеќе лексички наслојки, на подновената наспроти архаичната лексика и придонесува за расветлувањето на развојот на црковнословенскиот лексички фонд. Во лексиката на македонските црковнословенски текстови е застапен пред сè основниот лексички фонд, којшто има општословенски карактер. Одделните слоеви, временски или регионално обележани, ги одразуваат развојните фази на старословенскиот, односно црковнословенскиот јазик, контактите со нови средини итн.

Со споредбено-историската анализа на различните преписи на библиските ракописи, на лексичките и на зборообразувачките варијанти може да се установи менувањето на текстот во сооднос со грчките оригинали.

Обработениот материјал за проектот *Речник на црковнословенскиот јазик од македонска редакција*[1] (РЦЈМР) потврдува дека околу една третина од зборовите не се застапени во другите речници, како на пр. SJS[2] и речникот на Миклошич, што се должи не само на жанров-

[1] За овој труд се користени картотеките на Одделението за историја на македонскиот јазик при Институтот за македонски јазик „Крсте Мисирков“ и електронски ексцерпираните извори.

[2] Прашкиот речник го опфаќа материјалот од канонските ракописи, а вклучува и подоцнежни меѓу кои и ракописите од македонско потекло: *Охр, Слеп* и *Стр, Бон* и *Пог, Григ* и *Лобк.*

ската припадност на нивните извори, туку и на подновувања карактеристични за македонската писменост. Семантичката содржина на некои лексеми во нашите извори е различна и го документира нивниот семантички развиток.

Македонските црковнословенски текстови јасно го потврдуваат надоврзувањето на кирилометодиевската традиција. Во текстовите се задржале низа архаични елементи својствени на глаголската препишувачка традиција, а од друга страна врз постарите варијанти се напластувале подновувања. Присутноста на архаичниот лексички слој добро е документирана и во библиските и во небиблиските текстови и упатува на заедничката основа на преводот. Но, лексичките архаизми секако не сведочат секогаш за староста на текстот зашто можеби не се првобитни, туку се внесени од подоцнежни препишувачи.

Од најстарите зачувани евангелски текстови *Зог̄р* и *Мар* се најблиску до првичниот кирилометодиевски превод. Лексиката на *Дбм* во многу случаи се совпаѓа со лексиката на најстарите евангелија, а особено со лексиката на *Мар*. Лексичкиот систем на *Крп̄* упатува на блискост со *Дбм* и преку архаични лексички варијанти потврдени во глаголските евангелија: вълати сѧ, гоумьно, шоуи, отъпоущениє итн. (Десподова, 1997: 109). И во евангелијата од XIV и XV век се задржале низа архаични елементи, пр. во *Крат̄* редовно се употребуваат лексемите съньмъ како и съньмищє, вєлии, во *Мкд* се потврдени архаизми како брань, ключити сѧ, любодѣица, дъва кратъı, три кратъı итн[3].

Споредбата на најстарите претставници на словенскиот апостол на лексички план ја дооформува претставата за меѓусебниот однос на апостолите од првата редакција. *Охр, Ст̄р* и *Вран* според Конески (1956: 51) се блиски според својата лексика. Во однос на лексичките особености на *Вран* Конески ги посочува подновувањата, како на пр. дѣлѣ, обовчи, коумиръ, трѣба, но заклучува дека текстот се надоврзува на традицијата, чувајќи траги од стара глаголска предлошка и има допирни точки со *Охр*. За разлика од *Охр*, во *Карп̄* систематски се внесени лексички подновувања како одраз на ревизијата на апостолскиот текст. Во врска со односот на *Ст̄р* спрема останатите апостоли Блахова и Хауптова (1990) констатираат најголема блискост со *Охр*.

[3] Тие главно се застапени во евангелието по Лука, па може да се претпостави дека тоа е препишувано од друг пишувач или од друга предлошка (Костовска, 2004).

Застапеноста на архаизмите и неологизмите во лексичкиот систем на псалтирите *(Пог̄, Бон, Рдм, Дчн)* придонесува за објаснување на развојот на псалтирниот текст, поконкретно на неговата лексика. Карактеристичните особености несомнено се поставуваат во тесна врска со прашањето за редакциите на псалтирниот текст, па оние на архаичната редакција се определени и врз основа на текстот на *Син,* на пр.: ино- / єдино-, съньмь - съборъ, искрьнии - ближьнии, ꙗдро - скоро, натроути - напитати, отълѣкъ - останъкъ, отокъ - островъ, рѣснота - истина, ашоуть, спъıти - беꙁоума, налѧцати - напрѧꙁати (Карачорова 1989: 132, Макаријоска, 1997). Карактерот на разновидностите во *Бон, Рдм* во споредба со останатите псалтири претставува сведоштво за поправките на псалтирниот текст. Пр. во *Рдм* се чува дел од лексичките архаизми и притоа паралелно се употребуваат, но преовладуваат подновените лексички варијанти. Карачорова врз основа на компаративно-текстолошка анализа на: *Син, Бон, Пог̄, Рдм* и др., истакнува постоење на две редакции на псалтирот, во архаичната ги вбројува *Син, Пог̄, Бон,* а при натамошните истражувања и *Рдм.*

Варирањето на постариот и на помладиот лексики слој е карактеристично за паримејните текстови, *Григ̄* и *Лобк.* Според Рибарова (2009: 169–175) лексиката на тропарите во *Григ̄* како и на паримиите, содржи несомнени архаични црти, вклучувајќи и моравизми, а дел нив се чуваат и во триодите (пр. врътъпъ, достоꙗниє, иꙁбавитєль, молитвьникъ, обладати, съвѣдѣтєльствовати, тръпѣливъ). Подновувањата не го нарушуваат архаичниот карактер на јазикот, кој во различна мера е зачуван и во *Лобк,* во *Хлуд* и *Орб.*

Архаичниот лексички слој ќе го документираме преку примери за употреба на одделни лексеми во изворите за Речникот.

велии се смета за постара варијанта, а во повеќето текстови се среќава паралелно со **великъ**. Сп. гласи вєлїи L23,23 *Крат̄ Крп̄ Орб Хлуд*] гласы вєлми *Дбм,* вєликы *Дбј, Рад,* вєликыми *Мкд*; дрѣво вєлиѥ L13,19 *Рад Дбм Крп̄ Крат̄ Мкд*] вєлико *Дбј,* вєликоє *Јов;* грѣси ихь вєлици ꙁѣло Gn18,20 *Орб*] вєлиї *Григ̄, Лобк, Хлуд,* плачь вєликь ѥс‹ть› єгуптѣномь Gn50,11 *Орб*] вєлєи *Григ̄, Лобк, Хлуд.* Двете варијанти паралелно се употребуваат во триодите, во *Хлуд* со иста честота, а во *Орб* преовладува великъ. Во *Вт̄ш, Ст̄ан, Крн* исто така почесто се употребува великъ.

вънѫ се среќава во сите разгледувани текстови. Сп. прѣдь мноѧ вынѫ А2,25 *Вран*] присно *Карӣ*, въїнѫ божтъ сѧ б‹ог›а comPs33,10 *Бон,* вынѫ даѫ имь хлѣбь 169с35 *Орб*. Во *Дчн* и *Поӣ* во согласност со *Син* има доследна употреба на вънѫ, додека *Бон* доследно употребува присно, а *Рдм* и двете варијанти. Во *Лес* преовладува вънѫ, додека во *Крн* се употребува само присно. Паралелна употреба на двете форми во ист контекст се следи во *Орб*: ꙁастѫпникь же бѫди вынѫ и присно 31d21.

Од двете варијанти **вьсь миръ** – миръ првата се смета за поархаична и е вообичаена за триодите како и за *Вран, Кич* и др. Иако вьсь миръ претставува архаизам, тој се употребува доследно и во некои помлади ракописи како резултат на редигирање на текстовите (Horálek, 1954: 81–82), пр. го документираме во *Мкд* во Мс8,36, Мс14,9, Мt26,13, но има и самостојна употреба на миръ. На пр.: ц‹а›рствїа мира Мt4,8, ѿ сложенїа мироу Мt13,35. Во *Крн* почесто се среќава миръ, но има и потврди за вьсь миръ.

Лексемите **жаль, жалие** се сметаат за ретки архаизми. жаль се среќава во *Крӣ:* ѿ жали исходѧща Мt8,28 *Крӣ Сӣм*] ѿ гробь *Рад Мкд*. **жалие** е карактеристична за првобитниот текст на апракосот (Русек, 1969: 151), се среќава во *Шаф*: на жалие приде лаꙁарево 110r14, а во ист контекст со гробъ во *Лес*: како ѿврьꙁажт сѧ гроби како сьстрѧсѫть сѧ жалїа 233v1.

Архаичната заменска форма **етеръ** е одлика на канонските ракописи пр. на *Асем,* на *Зоӣр*, додека единъ преовладува во *Мар*. Се среќава и во *Орб, Хлуд, Вӣш, Сӣан,* ретко во *Лес*: вь градѣ етерѣ, наспроти почестата нѣкъıи.

Според Јагиќ (1918: 401–402) лексемите **съньмъ** и **съньмище** се сметаат за првични, а во *Зоӣр*, како најстар евангелски текст со лексички подновувања, се среќава и поновото съборъ. Двете варијанти го одразуваат старото варирање на старословенската лексика (Славова 1989: 106–107). Во *Краӣ* редовно се употребуваат **съньмъ** и **съньмище**, во *Мкд* е почеста постарата форма съньмище наспрема съборище, додека

съньмъ и съборъ имаат иста честота. За разлика од *Лобк* грч. *συνέδριον* во *Григ̄* никогаш не се предава со подновената варијанта съборь, туку само со съньмъ, додека глаголите събьрати сѧ како и сънѧти сѧ се вообичаени. Сп. сборь старѣишины жьрєчьскыѧ и фарисєи J11,47 *Рад*] сьнмь *Крп̄*, сьборь многь людии L6,17 *Дбм*] множьство *Крп̄*, сборь прѣс‹вѧ›тъıѫ б‹огороди›цѫ 139r4 *Крп̄*, на сьборъ кь кнѧзамь A16,19 *Карп̄*] тръгъ *Охр*, почто нє прıидє вь сьборь 193r10 *Лес*, сьборь пр‹о›рокь сьсловїє 78d30 *Вт̄ш*. Во *Орб* ги документираме сите варијанти: сборь лѫкавы 156a9, лѫкавоє сборищє 164d17, вь єдино соньмищє сьвькѹпи 101c12, сьбєри сѧ лѫкавнаа сьнмıцє 156a29.

Архаизмот **ѧдро** се среќава во триодите, во *Син*, во *Пог̄*, во *Бон* додека во помладите *Рдм* и *Дчн* редовно се употребува скоро. Пр.: скоро Ps36,2 *Рдм Дчн*] ѩдро *Син, Пог̄, Бон*, скоро Ps142,7 *Рдм Дчн*] ѩдро *Пог̄, Бон*, а исто така: скорописца Ps44,2 *Рдм Пог̄, Дчн*] ѩдропишьца *Син*, ѫдро писѫща *Бон*, оускори Ps30,3 и Ps105,13 *Рдм Дчн*] оуѩдрı *Син, Пог̄, Бон*.

въıѩ претставува охридизам (Цејтлин, 1977: 49), се среќава во *Бит̄, Хлуд, Орб*, како и во *Вт̄ш, Ст̄ан, Лес*. Во *Лес* почеста е архаичната лексема **въıѩ**, покрај шиѩ, што се среќава и во *Вт̄ш, Лес, Крн*.

Глаголот **въламати сѧ** често се употребува во македонските текстови, додека во бугарските погрѫжати. Оваа лексема е присутна во *Асем, Зог̄р* (Львов 1966: 74–76, 1959: 494) и во: *Јов, Крп̄, Крат̄, Мкд, Григ̄, Лобк, Бит̄, Заг̄, Орб, Шаф*. Сп.: пристанищє намь бѫди влаѫщимь 126d26 *Орб* и присновлаємоє морє 1c26 *Орб*.

Според Љвов (1959: 501) **гѫгънивъ** спаѓа во првичната лексика. Се употребува во: глоуха и гѫгнива Mc7,32 *Дбј*] нѣма *Рад Дбм Јов Крп̄ Крат̄ Мкд*, пр. и во ѧзъıкъ гѫгнивъıмъ Is35,6 *Григ̄ Хлуд, Вт̄ш*, во *Орб, Шаф*: гѫгниво и нѣмоу 69r14.

Лексемата **женихъ**, што е карактеристична за глаголските ракописи, за *Асем, Зог̄р, Мар, Син*, ја бележиме во псалтирите, паримејниците, триодите, во *Ст̄ан* и *Вт̄ш*. Во *Лес* се среќава покрај брачьникъ

и невѣстьникъ, што е карактеристична за преславскиот центар. Во *Стан* женихъ се бележи со значење *свршеник, младоженец*, додека зать со значење *зет*.

Глаголот **лобъзати** е регистриран во: *Стр, Орб, Хлуд*, во *Стан*. Во *Орб* се среќава и **облобъзати**: шблобизаемь любовиж 91c28, именката **лобъзание**: лобзание ти бесѹестно 168b24.

И лексемата **пастъирь** му припаѓа на архаичниот слој. Застапена е во евангелијата, апостолите, во *Бон* и *Рдм*, во триодите, во *Втш, Стан, Лес, Крн*, а придавката пастъирьскъ во: *Охр, Слеп, Карп, Верк, Бит, Хлуд, Втш, Стан*. Во *Мар* се среќава само пастъирь, поновата форма пастоухъ во *Зогр, Сав*, а во нашите извори ја бележиме само во *Дбм* и *Заг*.

Во *Мар* и *Асем* се јавува само постарата форма **плащаница**, додека во *Зогр* оваа лексема не е потврдена, туку само понѣвица. Сп. и плаштанїцж велиж A10,11 *Охр*] понѣвж *Карп*. Во *Мкд* има понѣвицѣа во Mc15,46, додека во Mt27,59 Mc14,51 се јавува постарата форма: плащаницѣа. Во *Стан* понѣва има во еден пр.: понѣвы же шбрѣтошж са ѥдины 302v18, а почеста е лексемата плащаница. понѣва се употребува во *Карп, Бит, Орб* и *Стан*, додека понѣвица во *Дбј, Рад, Мкд*.

Лексемата **ѹрътогъ** често се употребува во триодите, во *Лобк, Втш, Стан, Лес*, а придавката ѹртожьнъ во *Втш*: ѩкоже ѹртожнїѥ тебѣ шврьзоше се 35c18. Со значење *постела, место за спиење* се употребува ложе (Львов, 1966: 168), а со лексемата од персиско потекло ѹртогъ во *Стан* се означува *соба за младоженци:* бракоу же бывшоу и ѹртогоу сьврьшенноу 168r18.

шоуи се употребува во сите триоди, како и во *Втш, Лес, Крн*, а лѣвъ во *Стан, Лес*. Сп. покадить ... вса десна страна пот‹ом› ѡ шѹж 209d29 *Орб*. Во *Лес* преовладуваат шоуи, шоуе во споредба со лѣвъ, лѣво. Сп. **шоуе** и во: ни на десно ни на шоуе comPs118,102 *Погр*, не приути мене ѡ шоуа 120v7 *Шаф*, лѣво: ѡ дѣсно и ѿ лѣво 116r18 *Крн*, ни на десно ни на лѣво 106r1 *Лес*, ѿ десноую себѣ а дрѹгаго ѿ лѣвою 148r5 *Крн*. Сп.

шоуица: шьоица Mt6,3] лѣвица *Мкд*, шоуица Gn4,11 и Jon4,11 *Григ*] лѣвицѫ *Орб* и во: *Бит, Орб, Втш, Лес, Крн,* а лѣвица во *Мкд* и *Орб*.

Во **подновениот лексички слој** подновувањата можат да се однесуваат на замена на архаизмот, на самостојни лексички решенија или на задржување на архаичниот корен со понов попродуктивен афикс. Пр. лексиката на *Мкд* содржи голем број лексички подновувања карактеристични за редактираните евангелски текстови. Во *Вран* Конески (1956) посочува определени подновувања карактеристични за Преславската школа, како на пр. дѣлѣ, обовъи, коумиръ, трѣба. Во *Орб* е присутен еден слој од поновата лексика, а најчесто се работи за лексика заедничка со онаа на *Супр* и со поновите преславски ракописи. Споредбата со *Стан* покажува дека *Втш* преферира некои понови лексеми, сп. хѫдожьство, благовѣстиє, сѫродьникъ, баг(ъ)рѣница, шиѭ, наспроти хъітрость, евангєліє, ближика, плащаница, въіѭ во *Стан*, но и обратно съвѣдѣтєльствовати, храмина, наспроти послоушьствовати, домъ во *Стан*.

Лексемата **блѫдьница** во *Мкд* се јавува во Mt21,31/32, додека постарата форма любодѣица се чува во L15,30. блѫдьница се јавува во сите триоди. Од споредуваните евангелија лексемата любодѣица ја има во *Рад* и во *Дбм*, а потврдена е и во *Григ, Лобк, Стан, Лес*. Пр. съ лоуводѣицами L15,30 *Дбм*] блѫдницами *Рад*. Во *Лес* преовладува **блѫдъ** и образувањата **блѫдьникъ, блѫдьница**, во споредба со **любодѣѭниє, любодѣи, любодѣица**.

дъвѧщи е понова лексема и на пр. во *Мкд* е употребена во Mc14,30 и Mc14,72, додека во L18,12 е задржана постарата два крати. Оваа лексема во другите евангелија не е потврдена, но се среќава во: *Слеп, Карп, Погр, Бон, Орб, Хлуд, Втш, Стан, Лес* и *Крн*.

Лексемата **жрътвьникъ** е употребена во Mt23,18/19/20 во *Мкд*, а во *Зогр, Мар, Асем* во истите контексти стои постарата лексема олътарь. Во *Мкд* олътарь е задржана во Mt23,35 и L1,11. жрътвьникъ се среќава уште во *Крат*, а ја бележиме и во *Погр, Втш, Стан,* додека олътарь во евангелските, апостолските текстови, во псалтирите и паримејниците, во: *Орб, Хлуд, Втш, Стан, Лес* и *Крн*. Пр. станєт прѣд с‹ѣ›тымь

ѡлтарємь 210a30 *Орб.* трѣбьникъ се среќава само во Mt23,19 *Хлуд*] ѡльтарь *Рад,* жрьтьвник *Мкд.*

Во понова лексика спаѓа и глаголот **ꙁаоушити** присутен во *Суӣр,* а и во: *Заг̄, Хлуд, Орб, Вш̄ш, Ст̄ан, Лес, Крн,* пр. бреньноѫ рѫкоѫ ꙁаꙋшєнь бы 17b26 *Орб*, **ꙁаоушєниє** во *Дчн Заг̄ Орб, Хлуд Лес.*

Поновата варијанта **ꙗрьмъ** ја документираме во *Заг̄*, постарата иго се среќава во *Григ̄, Бит̄, Лес,* додека и **ꙗрьмъ** и **иго** во *Орб:* иго жє испросимь сь миромь приємати 241b7, ѫꙁыкы приводѧ бєсловєсныѭ под ꙗрємь 132b4.

Лексемата **калъ** ја бележиме во: *Слеӣ, Дчн, Бит̄, Заг̄, Орб, Хлуд, Ст̄ан, Лес, Вш̄ш, Крн,* пр.: слѣпа ѿ рождєниꙗ каломь помаꙁавь 231d26 *Орб.* Во *Орб* се употребува и придавката **кальнъ**: вь калнѫѧ рыꙁѫ 110a31, глаголот **окалѣти**: д‹оу›хь ѡкалѣхь 122c22. Употребата на постарата варијанта брєниє е почеста и во *Орб* и во *Хлуд.*

Лексемите **кръмити, кръма** му припаѓаат на поновиот слој во однос на питѣти, пища. кръмити е потврдено во *Слеӣ, Карӣ*, во *сотПог̄, сотБон,* кръма во *Рад*, *сотПог̄ сотБон, Бит̄ и Заг̄,* пр. да кръмїт сѧ присно comPs43,2 *Бон,* до ·м҃· лѣт кръмѧ ѫ A13,18 *Слеӣ*] питѣ *Охр;* вь крьмѣ ли мноꙁѣ L7,25 *Рад*] и вь пищи *Дбм*, и пищи *Крӣ Крат̄ Мкд*; скѫдноѫ крмоѫ вꙁнєсєни 55v5 *Бит̄.*

Лексемата **одєжда** се употребува во сите разгледани библиски текстови, исто така и во триодите, во *Вш̄ш, Ст̄ан, Лес* и *Крн.* Пр. нєѡблєчєна ѡдєждєѧ брачноѧ Mt22,11 *Мкд*] ѡдѣаниє *Крӣ*; ѡ ѡдєжди моєи мєташѫ жрѣбиѧ J19,24 *Орб*] риꙁахь 132v24 *Крӣ*, котъıгѫ *Дбј*, матиꙁмꙋ *Дбм*; б‹о›готканьнѫѧ ѡдєждѫ 110a12 *Орб,* ѡдєждоу багрѣньноую 160v16 *Заг̄.*

нєбрѣщи се среќава во старословенските *Зог̄р, Сав, Суӣр*, а во нашиот материјал во евангелските, апостолските текстови, во *Орб, Бит̄* и *Хлуд,* во *Вш̄ш, Ст̄ан* и *Лес.* Пр. нєбрѣгошѫ повєлѣниꙗ бєꙁꙋмнаго 169a1 *Орб.*

Во овој слој се вбројуваат и лексемите **распѧти, распѧтиє**, коишто се употребуваат во евангелијата, апостолите, псалтирите, трио-

дите, во *Вт҃ш, Ст҃ан, Лес, Крн,* покрај употребата на пропѧти, пропинати, пропѧтиє. Сп. распѧтиєм си 54b1 *Орб,* пропїнаєма 76v12 *Григ҃*, пропинаємъ 112r1 *Хлуд*‖ распинаєма *Лобк Орб,* распинаємъ 119r3 *Хлуд*, распєнъшоу ти сѧ 76v13 *Григ҃ Лобк*‖ пропѧтоу бъівшоу ти *Хлуд*. распѧти е почесто во *Зогр, Сав, Асем*. Љвов (1966: 225) заклучува дека распѧти се наоѓало во кирилометодиевскиот превод на апракосот, додека пропѧти било вклучено во тектовите во Моравија. Специјалното значење *расп҃не (на крст҃)* е присутно во тропарите, а во старозаветниот текст само конкретното значење кое се изразува со глаголите пропѧти, пропинати. Врз основа на анализата на употребата на двете форми во *Хлуд* Русек (1969: 155) укажува дека во евангелскиот дел имаат иста честота, додека во триодниот речиси доследно се употребува распѧти. Формите од распѧти се многу почести и во *Шаф*.

Во подновениот лексички слој спаѓаат и грабленіе (разграбленіе), разграбити, наспроти хыщєніе, расхытити, на пр. пльни сѫть грабленіѧ L11,39 *Рад Мкд*‖ хыщеніѣ *Дбм, Дбј, Крп, Крат*; атрьѧдоу же сѫть пльни грабленіа Mt23,25 *Мкд*‖ хыщєніѧ *Рад, Крп, Крат*; не можєть дїаволь нас побѣдити съ грабленїємь 38r1 *Крн*.

Несомнено е **грчкото влијание** во првите словенски преводи на богослужбените книги при потребата соодветно да се пренесат содржините од грчкиот јазик, јазик со долга книжевна традиција и оформена христијанска терминологија. Зачестената употреба на грцизмите се објаснува со стремежот за верност кон кирилометодиевската традиција. Од аспект на лексичкиот систем и преведувачката техника се презентира односот кон традицијата и специфичните еволутивни особености на јазикот на текстовите[4]. Охридската школа ја карактеризира релативно послободниот однос кон грчкиот оригинал. На слободниот однос кон грчкиот текст укажува и присуството на повеќе различни начини на превод на ист грчки збор што е потврда за изразните и зборообразувачките можности на црковнословенскиот јазик. Во Преславската школа се изградува нов етимолошки пристап пр. голем број калкирани сложенки со идентична структура на грчките зборови.

Варирањето на лексиката во текстовите обично се должи на поврзаноста на варијантите со одредена ракописна традиција, на раз-

[4] Грчко-црковнословенската картотека на проектот РЦЈМР претставува основа за *Речникот҃ на грчко-црковнословенски лексички паралели* (РГЦЛП).

војот на соодветниот жанр итн. Присутноста на слојот на старите грцизми во некои текстови, како на пр. во *Крп̄* укажува дека препишувачот се служел со многу архаична предлошка. Меѓутоа, преку разликите во лексичкиот фонд во одделните делови од ракописот може да се забележи дека препишувачот веројатно употребил повеќе предлошки.

Замената на грчки зборови со словенски се следи уште во најстарите евангелски текстови. Според Недељковиќ (1970: 269–279) во текстот на *Асем* има повеќе грцизми отколку во *Мар, Зогр* и *Сав*. Непреведените зборови се сметаат за типични за првобитниот превод, додека словенските за подоцнежни поправки, но некои препишувачи се навраќале кон непреведените изрази. И Хоралек (1954: 65–70) посочува грцизми на места каде што веќе биле преведени во Евангелието: власвимиѧ, икономъ (L12,42, L16,1,3), мамона (L16,11), камилъ (L18,25), стратигъ (L22,52) итн. Ќе укажеме на некои примери во нашиот материјал: **ефимериѧ**: ѿ ефимерїє L1,5 *Крап̄, Мкд, Дбј* наспроти отъ дьневъныѧ чрѣдъı *Зогр,* по чрѣдѣ *Дбм,* **кентоурионъ**: кентоурионна Mc15,45 *Дбј, Крп̄, Крап̄* наспроти сотьника *Дбм, Рад, Мкд;* **кератъ**: ѿ кератыи L15,16 *Крап̄, Рад* наспроти отъ рожьць *Зогр, Мар, Дбм, Дбј, Крп̄, Мкд,* **кратистъ**: кратистє ѳеофилє L1,3 *Крап̄,* наспроти славъныı теофилє *Мар, Зогр,* дрьжѣвьны теофилє *Дбм, Мкд,* дръжавныи боголюбє *Дбј*.

Многу стилистички варијанти во словенскиот текст се инспирирани од грчкиот оригинал (Horalek, 1954: 44), па така на пр. со глаголати и рєщи се истакнува разликата меѓу *ε ἰ πε ῖ ν* и *λ έ γειν*, а со одръ и ложє меѓу *κράββατος* и *κλ ί νη*. Стилистичка вредност можело да има и повторното воведување грцизми во текстови од XIV век (сп. Десподова, 1997: 92). Сп. власфимиѫ Mc7,22 *Крап̄* хоула *Дбм,* хоулноє слово *Рад,* похоулить Mr3,29 *Мкд*, хоула *Дбј*, хоулить *Крп̄* власфимисаєтъ *Зогр Мар Асем Крап̄ Дбм*.

Во *Мкд* се забележува стремежот за преведување на грцизмите, има пр.: въ храмь наѣдєщїи имѣнїа L21,1 за газофилакиѧ, бѣлильникъ Mc9,3 за грцизмот гнафеи, вьсесъжєжєниє Mc12,33 за олокавтоматъ, прѣблазнити Mt18,6 за скандалисати; съблазникъ Mt13,41 за скандалъ. Од друга страна содржи и грцизми кои не се среќаваат во другите текстови алєктроглашєниє Mc13,35, спѫга Mc15,36, керамеовъ Mt27,7, Mt27,10.

И во псалтирите од македонска редакција среќаваме грцизми и на места каде што во *Син* има словенски збор пр. Ps77,47 чрьница *Син*] сикамина *Бон Рдм*, Ps132,2 миро *Рдм*] хризма *Син*, Ps50,18 олокфтомати *Рдм*] вьсєсъжагаємъіхь *Син*. Освен општопознатите грцизми од канонските и повеќето црковнословенски текстови, во коментарот кон псалтирот има и поретки и помалку познати грцизми како: метафрєна comPs90,4 *Пог̄*, кротафъ comPs131,4 *Пог̄*, акротомъ comPs104,41 *Пог̄*.

Меѓу лексикографски необработените заемки спаѓаат на пр. грцизмите алєкторъ во *Јов* и *Крат̄*, алєктороглашєниє во *Мкд*, астрономъ во *Бит̄* и др., а во поновите пр. во *Крн*: армєно, аргатъ, мєтохъ, своунгато, соулига.

Во македонските текстови се потврдени поголем број грчкословенски синонимни парови како на пр. аєръ *αῆρ* – въздоухъ, гєєна *γέεννα* гєєна огньнѣ – родьство рождьство огньно/єзєро огньно, идолъ *ε ἴδωλον, ε ἰδωλε ῖον* – коумиръ – трѣбищє, кувоть *κιβωτόφ* – ковъчєгъ, ароматъ *ἄρωμα* – вонѣ, власфимиꙗ *βλασφημία* – хоула, хоулєниє, варваръ *βάρβαρος* – иноꙗзъічьникъ, катапєтазма *καταπέτασμα* – запона – завѣса, икона *ε ἰκών* – образъ, сикєра *σίκερα* – пиво, питиє, икономъ *ο ἰκονόμοφ* – приставьникъ, домовидьць, домодрьжьць. Има и повеќечлени синонимни низи, на пр.: **катапєтазма** *καταπέτασμα* – завѣса – запона – опона, пр. катапєтазма Mt27,51 *Мар, Зог̄р, Асем*, опона Mc15,38 *Мар, Зог̄р,* во *Орб*: црькьвьна катапєтазма 177a22, покрај трите словенски синонима: цр‹ь›к‹о›вна завѣса ... распадє сѧ 191c12, запона цр‹ь›квьнаа раздра сѧ 176d21, ѡпона раздра сѧ 229d26. Во низата **тєлонъ** *τελώνηφ* – мъітарь – мъітоємьць грцизмот тєлонъ којшто не му е својствен на старословенскиот канон, се наоѓа во сите најстари триоди, па оттаму може да се заклучи дека му припаѓала на првобитниот превод на триодот. Исто така во *Орб* ја бележиме синонимната низа **ѵпостась – лицє – сѫщьство – єстьство – вєщь – вєщьство – своиство – съставъ** и тоа кога се зборува за тројната природа на Бога, пр.: вь трєхь ѹпостасєхь 81c13, вь три лица ѹпостаси 82a33] єдина вь ·г· ѹпостаси *Заг̄*, вь три лица 82a38, єст‹ь›с‹т›во паѵє сѫщьства 82b25] ѥс‹ть›ство паѵє ѥс‹ть›ство *Заг̄*,

приде вьспитѣнь вь велицѣи вещи 157b18] вь велицѣ сѫщьствѣ *Заг̄*, раздѣлѣет сѧ лици же своистви 54d23, вь трехь сьставѣхь поема 111b26] вь три лица хвалима *Заг̄*.

Тенденцијата за појаснување на грцизмите со словенски зборови е својствена за *Лес, Ст̄ан, Крн* и др. текстови од XII-XV век. На пр. во *Лес* тоа се наметнува од функционалната определба на поучителните слова; во коментарот кон Псалтирот, грцизмите се придружувани со толкување на нивните симболични значења, а појаснувањето на грцизмите е особено својствено за јазикот на дамаскинот. Сп. номось рекше законь 58r16 *Лес,* вь власвимиѫ рекше вь хоулѫ 250v25 *Лес,* ѥхерии сирѣчь плать ризьныи 241v20 *Ст̄ан,* наче‹ть›к индиктоу рекше нов‹оу› л‹ѣ›т‹оу› 1v15 *Ст̄ан,* кvвоть сирѣчь ковчегь великь 35v4 *Крн,* но и обратен процес, објаснување на словенски збор со грчки: старѣишинѣ своемоу рекше игоуменоу 179v1 *Лес,* вѣстникь сирѣчь агг‹е›ль 226r5 *Крн.*

Моравскиот или **западнословенскиот лексички слој** оставил траги во текстовите. Во Климентовите химнографски дела се изделуваат лексеми што припаѓаат на моравската варијанта, како на пр.: вьсь миръ, древле, дрѣвль, знаменати, отъпоустъ, цѣсарьствие итн. Во текстовите што се предмет на нашата анализа ги документираме моравизмите: балии (балениe), братръ, ближнии, варити, вельми, вьсемогъıи, гобьѕовати, древле, дръколь, животъ, заклепъ, знаменати, моудити, намѣстие, недѫгъ, область, стоуденьць и др.

Моравизмот **балии** кон XI век добива ново значење *маѓесник* (Львов, 1957: 31–46). Потврда дека балии е првична според Јагиќ (1918: 324) е тоа што во старословенските ракописи се познати и бальство и оубаловати, но не и врачьство и оуврачевати. Сп. балиı исцѣли сѧ самь L4,23 *Крп̄*] врачю *Рад;* цѣлоуетъ въї лоука балии G4,14 *Охр*] врачь *Ст̄р, Слеп̄*, балиѩ въскрѣсѧть Ps87,11 *Пог̄*] врачеве *Бон.*

Варијантите **братръ, братриѩ** редовно се застапени во *Мар*, а поретко и во *Зог̄р.* Формата братръ ја нотираме во *Слеп̄*, во *Пог̄*, братриѩ во *Пог̄:* мънеи бѣ въ брати моеи Ps151,1 *Бон, Рдм, Дчн,* въ братрии *Пог̄*, ѩдыи съ мноѫ ѩко братръ comPs40,10 *Пог̄*.

ближьнии е потврдено само два пати во *Син* (Ps37,12 и Ps77,19), а преовладува искрьнии. Сп. миръ ближниимъ E2,17 *Охр, Слеп, Карп, Верк,* ѿ ближних до послѣдних‹ь› 7v1 *Заг*, сѫсѣда ближнѣго своего Ex12,4 *Орб*] искрънѣго *Григ,* невѣста ближна 196c12 *Вш*, ближнаго кождо 1C10,24 *Верк*] дроужънѣаго *Охр.*

Во моравскиот слој спаѓа и **вельми,** што се употребува во сите апостоли, во псалтирите, паримејниците, во *Вш, Сшан, Лес, Крн:* ꙁвацаꙗше велъми Ex19,16 *Григ, Лобк, Орб, Хлуд,* биѥнь бывь велми 288v6 *Сшан,* глас‹ъ› трѫбы ꙁвацаꙗше велъми Ex19,16 *Григ, Лобк, Орб, Хлуд;* въси въсплакаше с‹е› велми 163r4 *Крн.*

Употребата на моравизмот вьсемогъıи е типична за триодите, за тропарите во кои се јавува како еквивалент на *παντοδύναμος,* додека *παντοκράτωρ* се предава со вьседръжитель и тоа како во тропарите така и во паримејниот текст.

Моравската варијанта **древле** на местото од првобитната прѣжде се среќава и во апостолите, псалтирите, триодите, во *Вш, Сшан, Крн.* Сп. и **прадревле**: древле бо и прадревле comPs32,11 *Пог.*

Лексемата **животъ** се смета за моравизам, а жиꙁнь му припаѓа на првобитниот јужнословенски лексички слој (Львов 1965: 270), пр. подасть намь животь вѣчныи 10r19 *Сшан,* животь нашь съи ес‹т› ꙗкоже пꙋт 197r22 *Крн,* животь мои расточивь 200v24 *Лес,* **животьнъ**: животнїи хлѣбь 28d5 *Вш.* Во *Орб* и *Хлуд* најчесто се употребува животъ, потоа жиꙁнь, а поретко житиє, во *Сшан* најчесто е житиє, дури двојно повеќе од животъ, а најретко жиꙁнь, во *Вш* почеста е варијантата животъ, па жиꙁнь, а во *Крн* најчесто животъ, па житиє и жиꙁнь. Во *Лес* при паралелната употреба на трите варијанти најфреквентно е житиє (во синтагми общее житиє, мнишьское житиє), пред жиꙁнь (во вѣчнаꙗ жиꙁнь) и животъ.

Лексемата **недѫгъ** исто така има моравско потекло, сп.: исцѣлѣѫ всѣкь недѫгѫ Mt4,23 *Рад,* раꙁличнъıа недѫгы Mc1,34 *Дбј*] ѧꙁами *Рад,* недѫгь ꙋврачюете 121b28 *Орб,* исцѣлеваахꙋ ѿ недоуꙁѣх 188r8 *Крн,* недоугы исцѣли 36v2 *Сшан.* Заедно со **болѣꙁнь** се употребуваат во сите триоди, а во *Орб, Заг*, почесто се употребува болѣꙁнь. Сп. и **недѫговати:**

нєдѫгоуѫ смѣрєномь ср‹ьд›цємь 107c6, покрај **болѣз(нь)новати**. Двете варијанти се потврдени во ист контекст: болѣзни избыхь и нєдѫгы 17a2 *Орб*. Во *Лес* е евидентна почестата употреба на лексемата **болѣзнь** во споредба со **нєдѫгъ**.

Моравизмот **искони** се употребува на пр. во: бывшє искони самовидци L1,2 *Крат*, сє ѥс‹т› искони х‹ри›с‹т›ь 186v17 *Заг*. Двете варијанти се употребуваат и во *Заг, Орб, Хлуд, Шаф*. Во *Орб* и *Хлуд* почесто е испръва, за разлика од *Шаф* во кој е почесто искони. Во *Крн,* пак, има само еднаш испръва, за разлика од *Втш* каде се среќава само испръва.

Во лексемите со моравско потекло се вбројува и **стоудєньць** (сп. Львов, 1956: 45-56) стоудєнєцъ єстъ глѫбокъ J4,11 *Дбј*] кладѧзь J4,11 *Рад*, кь стоудєнцоу придє 227d24 *Орб*] на истоуникъ *Шаф*, постави ѵрьпало на стоудєнци 228a27 *Орб,* покрај **кладѧѕь, кладєньць**: бѣ жє тоу кладѧзь J4,6 *Рад*] стоудєнєць *Дбм*, вь кладєзь вьпадєть L14,5 *Рад*] стоудєнєць *Дбм*, приходѧщє на кладѧць Ex2,16 *Орб*] на стоудєнєць *Лобк*.

Во паримејниот дел на *Орб* се изделува архаичен лексички слој во кој се застапени низа моравизми: клєпьць Pr6,5, кроуна Is62,3, нѫта Gn50,8, подъбои Ex12,7, покрѫта 3Rg17,11 (Рибарова 2005: 30, 35–38).

Моравската варијанта **нєбєсьскъ** е потврдена во *Рад*, во апостолите, во *Пог* и *Бон*, во *Григ, Лобк, Бит, Орб*. Во *Орб* има доследно **нєбєсьнъ,** во *Син* редовно се среќава нєбєсьнъ, како и во *Асем*, за разлика од *Мар, Зогр* и *Клоц* во кои е редовна формата нєбєсьскъ. Според Хоралек (1954: 42, 83) пак, формата зємьскъ била ограничена во апракосите од формата зємьнъ, исто како и нєбєсьскъ од формата нєбєсьнъ.

Во текстовите се среќаваат и извесен број **протобугарски заемки** како на пр.:

бѣльѵоугъ се среќава само во *Орб*: ни аще свиєши ꙗко и бєлѵѹгь выѫ твоѫ врѣтищє и пєпєль постєлєши Is58,5] крѫгъ *Григ Лобк Хлуд* (Русек 1969: 177, Рибарова 2005: 187).

Лексемата **бисьръ** ја документираме во: златомъ или бисєриємъ 1T2,9 *Слеп*, во *Заг, Орб, Хлуд,* во *Втш, Стан, Лес, Крн*: б‹о›жьствьны

бисерь 126d7 *Орб*, свѣтли бисерие 19b34 *Орб*, оукрашена камениемь драгымь и бисромь 34r18 *Стан*, безь каменїа драгаго и бисра 145v16 *Лес*.

Протобугаризмот **болѧрь** е потврден во *Стан, Лес, Орб*, пр.: пирь сътвори болѣромь 265r17 *Лес*, разлѫчихь сѧ ѿ болѣрь 266v7 *Лес*, цѧ›рие и болѣре 16c22 *Орб*.

Употребата на лексемата **капище** ја бележиме во *Хлуд, Орб, Втш, Стан, Крн:* паде капище ираклиево 300r13 *Стан*, въ капище апол-лоново 189v22 *Крн*. На потеклото на капъ, капище укажува Љвов (1973: 216).

коумирь се употребува во *Слеп, Вран, Карп, Пог, Бон, Хлуд, Шаф, Орб, Втш, Стан, Лес*. Пр.: ѡ д‹оу›ше поставльши страсть ѩкоже коумирь 115d15 *Орб*. вьсхищенно бѫдет прѣжде тѣло твое ѿ коумира сего 85r14 *Лес*. Сп. и **коумирьнъ**: коумирьныѧ храмы 103r20 *Стан*, коумирень градъ 301r18 *Стан*, **коумирьскъ**: коумирьскоу грѣхоу 85r17 *Лес*.

Лексемата **пеѵатъ** се среќава во апостолите, во *Пог, Бон, Бит, Орб, Хлуд, Втш, Лес* и *Крн*, пр. во *Орб*: и пеѵатми wбязана 148c22, пеѵаты гробныѫ 216d36, и формата пеѵатьнъ, запеѵатлѣньнъ: мѫдростиѫ запеѵѣтлѣннѫ 138c2, а пеѵатьлѣньнъ, пеѵатьлѣти во *Бит*.

За протобугаризми се сметаат и образувањата со суфикс **-ѵии**. Пр. **крьмъѵии**: пристѫпи к немоу крьмьѵии 198d28 *Орб*, **кънигъѵии**: ѩко възастє клоуча разоумѣнию L11,52 *Рад*, горє вамь книгоуиа Mt23,29 *Рад*, гдє книгоуїи 245r7 *Лес*.

Руското влијание во македонската средновековна писменост има многу стари корени. Спорадични примери за ова влијание се откриваат уште во *Охр*, а во текстовите од XIII и XIV век станува поинтензивно[5]. Несомнено е дека во овој период се работи за одраз на руското влијание во целокупната јужнословенска писменост, пр. неспорна е врската меѓу јужнословенските и руските пролози. *Стан* е ракопис што го потврдува руското воздејство врз јужнословенската книжнина

[5] Меѓу текстовите од XIII и XIV век во кои е одразено руското влијание се посочуваат *Стан* (Конески, 1977; 1983), *Јов* (Конески, 1983), *Дбј* (Конески 1983, 1988), како и *Лобк* (Рибарова 1991: 187–188), *Мкд* (Костовска, 1995), *Орб* и *Хлуд* (Рибарова 1993: 97, Црвенковска, Макаријоска, 2010).

во XIII и XIV век (Конески, 1977: 13) преку руските јазични елементи во лексиката, пр.: оувѧсло, смръкъ, шесть, ошибати сѧ, жератокъ, глаꙁати, дѧгъ, пѧтьница. Конески, осврнувајќи се на руското јазично влијание врз лексиката на македонските текстови од XIII-XIV век, ги посочува на пр. лексемите връста, жератъкъ, оувѧсло и др. во *Ст҃ан,* ꙗгодиѵина во *Дбј* и *Рад* итн.

Ова влијание во евангелијата се потврдува и преку употребата на **правъ** наспроти аминъ: правъ сѫдиль еси, гл‹агол›аше правь, преку употребата на **капь** наспроти ножьница итн. Во *Рад* се бележи пет пати почесто од аминъ. право од изворите за Речникот го познаваат само *Мкд, Јов* и *Крӣ.* Лексичките совпаѓања на *Рад* со руските евангелија ја потврдуваат пред сѐ поврзаноста со определена традиција проширена во руската писменост. Во *Мкд* е застапен и лексичкиот слој карактеристичен за руските евангелски текстови, како на пр. бѣдьнѣ L11,52 за лютѣ, прѣобидѣти L16,13 за неродити, изразот камень горѧщь L17,29 за жюпьлъ. Блиската врска на *Мкд* со руската писменост се потврдува и преку заглавијата во текстот.

Влијанието на народниот говор се пројавува преку елементи од говорот на препишувачите веќе од XII век, главно во записите и во небогослужбените текстови. Пр. во записите од *Бит҃*: мрьꙁнеть 9r, ѿ ꙁаѫца в листькꙋ 21r, грѫбо 28r, ѿ мраꙁа 70v, прѣсоль и млѣѵице 90v, сврзникот оти: ѡти мі даваше прѣсоль и млѣѵице 90v. Најчесто народната лексика е потврдена во типиковиот дел кон богослужбениот текст, што не подлежи на строгите црковни канони.

Употребата на некои подновени лексеми може да се поврзе со одредена говорна средина, пр. иꙁьмь ножь *Карӣ,* иꙁъмъкъ ножъ *Слеӣ*, а иꙁъвлѣкъ ножъ во *Охр* се поврзува со употребата на глаголот *извлече* со ова значење во западномакедонското наречје.

Подновувања на народна основа има и во *Орб,* на пр. **юхо, сланитковъ**: юхо слатниково 25b22, **слива, кроуша**: сливы соушени или кроушѫ 25b25, **вариво**: да ꙗдѧтъ вариво 25c23, во *Вт҃ш*: **иꙁвънъ**: иꙁвьнь монастира 143v2, **нарѧдити**: прѣжде наредисмо 145v31, **омакати**: не ѡмакаѥт се прьс‹т› 145r13, **побръже**: типик побрьже поѵинаѥмь 144v22, **повъторити**: тож‹е› повтори 94c1, **прѣвратити** листъ: ѡпет прѣвративше

листь 52d20, **пакъ**: и ѵтєт сє пак 143v23, **ꙁаради**: ꙁарад‹и› днєх славних 145v33, во *Ст҃ан* **тиква**: приѥть тиквоу 11r22, **плѣвьница**: вь плѣвницѫ оубѣгь 235v16, **огрълиє**: дашє има ... ѡгрьлиѥ 33v12, **тєтька**: бѣшє ѥмоу тєтка 226r15, во *Крн* **бльвати**: блъвѹть и пакы лижѹт 249r4, **брига**: падє въ вєликѹ бригѹ 256v22, **брижити сѧ**: брижит сє єдино ради дрѹго 222v10, **бриѵити сѧ**: да нє бриѵит сє 231v9, **бритва**: бритвѹ да нє въꙁложѹ 231r20, **котьлъ**: котєль вєликь 243r14, **масльникъ**: масло ѿ маслъника 105v16, **паꙁоуха**: паꙁоухы въдовицамъ 207r3, **падарь**: сътворишє єго п‹а›дара 256v11.

Во некои случаи се појавува послободен однос во употребата на некои лексеми кои пишувачите настојувале да ги приближат кон своето разбирање (Конески, 1956: 63). Во *Крн,* проникнале многу елементи од говорниот јазик, а се документирани и промени во семантичката структура на лексемите под влијание на народниот јазик. На пр. брань покрај со значења *бит҃ка, војна, бој, борба* е употребена и за *невреме, бура*, кај брашьно покрај *јадење, храна* го документираме и значењето *брашно*.

Можеме да заклучиме дека лексичкиот систем на македонските текстови, покрај тоа што ја потврдува присутноста на заедничкиот архаичен лексички слој како дел од кирилометодиевското наследство, преку подновената лексика укажува и на специфичните особености на лексичкиот систем на црковнословенскиот јазик од македонска редакција. Присутноста на архаичниот лексички слој добро е документирана и во библиските и во небиблиските текстови, потврдувајќи ја присутноста на архаичните предлошки и нивното долготрајно користење во македонските скрипториуми. Овој слој вклучува и одделни моравизми, како на пр. моудити, нєприѩꙁнь, шоуи и др., некои поретки пр. наслѣдиє, вьсємогъı, како и западнословенски влијанија во семантиката на одделни лексеми. Употребата на подновените варијанти е поврзана со развитокот на писменоста во Преславскиот центар како резултат на отвореноста на лексичката норма. Тие можат да се должат на поврзаноста на одделни текстови со различни ракописни традиции, на јазикот на препишувачот или на дијалектната ситуација, или пак да претставуваат израз на потребата од збогатување на изразните можности на јазикот и од стилска диференцијација како одраз на еволуцијата на текстот. Грчките влијанија наоѓаат одраз во активирањето на изразните можно-

сти на црковнословенскиот јазичен систем, во семантичката структура на лексемите и во начинот на образување нови специјализирани поими поврзани со христијанската духовна култура. Меѓуредакциските контакти претставуваат значаен фактор за развојот на македонската црковнословенска писменост, а карактерот на влијанието на руската писменост, на бугарската или на српската писменост во секоја средина има свои специфичности.

ЛИТЕРАТУРА

Блахова Е., Хауптова З., 1990: *Струмички (Македонски) апостол,* МАНУ, Скопје.

Vyskočil P., 1980: *Rusismy v apoštoláři Ochridském. Slovo* 30, Zagreb, 7–15.

Десподова В., 1977: Лексиката на Добромировото евангелие, *Македонистика* 1, Скопје, 5–96.

Десподова В., 1988: Архаизмите и неологизмите во лексиката на Карпинското евангелие, *Кирило-методиевскиот (старословенскиот) период и кирило-методиевската традиција во Македонија*, Скопје, 35–42.

Десподова, 1995: Десподова В. (ред.), Бицевска К., Пандев Д., Митревски Љ., *Карпинско евангелие.* Македонски средновековни ракописи IV, Скопје–Прилеп.

Десподова В., 1997: *Студии за македонската средновековна лексика*, Скопје.

Jagić V., 1907: *Psalterium Bononiense.* Vindobonae – Berolini – Petropoli.

Jagić V., 1918: *Entstehungsgeschichte der kirchenslavischen Sprache*, Berlin.

Карачорова И., 1989: Към въпроса за Кирило-Методиевия старобългарски превод на псалтира, *Кирило-Методиевски студии*, кн. 6, БАН, София, 130–245.

Конески Б., 1956: *Вранешнички апостол,* Стари текстови II, Скопје.

Конески Б., 1975: Варијантите на црковнословенскиот јазик во Македонија во првата половина на XIV век, *Од историјата на јазикот на словенската писменост во Македонија*, Скопје, 72–77.

Конески Б., 1975: Јазикот на евангелието на поп Јована, *Македонски јазик*, XXVI, Скопје, 11–31.

Конески Б., 1977: За Станиславовиот пролог, *Прилози* II, 1–2, МАНУ, Скопје.

Конески Б., 1983: Руското јазично влијание врз македонските текстови од XIII–XIV век, *Реферати на македонските слависти за IX меѓународен славистички конгрес во Киев*, Скопје, 25–29.

Костовска В., 2004: *Македонското четвороевангелие*, Скопје.

Львов А. С., 1956: Из лексикологических разысканий, К етимологии старославянского слова кладязь, *Доклады и соопщения Института языкознания АН СССР,* 10. Москва, 45–56.

Львов А.С., 1957: Из старославянската лексика, *Български език,* VII, кн. 1, София, 31–46.

Львов А. С., 1959: Из наблюдений над лексическими вариантами памятников старословянской писменности, *Slavia* XXVIII, 4, Praha, 489–506.

Львов А. С., 1965: К вопросу о моравизмах в языке памятников старословянской писменности, *Slavia* XXXIV, 2, Praha, 263–272.

Львов А. С., 1966: *Очерки по лексике памятников старословянских писменности,* Москва.

Львов А. С., 1968: Чешско-моравская лексика в памятниках древнерусской письменности. *Славянское языкознание*, Москва, 316–338.

Львов А. С., 1973: Иноязычные влияния в лексике памятников старославянской письменности (тюркизмы), СЯ, VII Международный съезд славистов, Москва, 211–228.

Макаријоска Л., 1997: *Радомиров псалтир*, Стари текстови V, Скопје.

Мошин В., 1954: *Македонското евангелие на поп Јована,* Скопје.

Недељковић О., 1970: Редакције старословенског јеванђеља. *Симпозиум 1100-годишнина од смртта на Кирил Солунски*, кн. 2, Скопје, 269–279.

Поп-Атанасова С., 1995: *Лингвистичка анализа на Битолскиот триод*, Скопје.

РГЦЛП, 2003: *Речник на грчкоцрковнословенските лексички паралели*, Аргировски М. (ред.), Андријевска Н., Ѓуркова А., Скопје.

Рибарова З., 1998: Русизми во Радомировото евангелие, *Македонско-руски јазични, литературни и културни врски, Прва македонско-руска славистичка конференција*, Скопје, 195–204.

Ribarova Z., 2003: *Indexy k staroslovenskému slovníku,* (red. E. Bláhová), Slovanský ústav AV ČR, Nová rada, sv. 16, Praha.

Рибарова З., 2005: *Јазикот на македонските црковнословенски текстови*, МАНУ, Скопје.

Рибарова З., 2009: *Палеославистички студии,* Скопје.

Русек Й., 1969: Из лексиката на среднобългарските триоди, *Известия на Института за български език*, XVII, София, 149–180.

РЦЈМР – *Речник на црковнословенскиот јазик од македонска редакција,* гл. уредник З. Рибарова, ред. Л. Макаријоска, З. Рибарова, Р. Угринова-Скаловска, т. 1, Вовед, а–б, Скопје 2006, св. 8–9, 2008, св. 10, 2009.

SJS – *Slovník jazyka staroslovenského*, Praha I 1962, II 1973, III 1982, IV 1997.

Славова Т., 1989: Преславска редакция на Кирило-методиевия старобългарски евангелски превод, *Кирилометодиевски студии,* 6, София, 15–129.

Трајкова К., 2002: *Лексиката на Станиславовиот пролог,* Скопје

Угринова-Скаловска Р., Рибарова З., 1988: *Радомирово евангелие*, Скопје.

Угринова-Скаловска Р., Десподова В., 1992: *Добромирово евангелие II*, Скопје – Прилеп.

Horálek K., 1954: *Evangeliáře a čtveroevangelia.* Praha.

Цейтлин Р. М., 1977: *Лексика старославянского языка.* Москва.

Цейтлин Р. М., 1986: *Лексика древнеболгарских рукописей X–XI вв.,* София.

Цейтлин Р. М., 1988: Лексика славянских языков X–XI XIV–XV вв. (результаты сопоставительного исследования), *X Международный съезд славистов, Славянское языкознание*, Москва, 369–388.

Цейтлин Р. М., 1996: *Сравнительная лексикология славянских языков X-XI – XIV–XV вв.,* Москва.

Црвенковска Е., 1999: *Загрепски триод,* Скопје.

Црвенковска Е., 2006: *Јазикот и стилот на триодот*, Скопје.

Црвенковска Е., Макаријоска Л., 2010: *Орбелски триод,* Скопје.

Цубалевска М., 2009: *Ваташкиот минеј (со посебен акцент врз лексиката),* Скопје.

КРАТЕНКИ НА ИЗВОРИТЕ

Асем – *Асеманово евангелие,* крај на X – поч. на XI век
Бит – *Битолски триод,* XII век
Бон – *Болоњски псалтир,* прва пол. на XIII век (1230–1241 год.)
Втш – *Ваташки минеј,* XV век
Верк – *Верковичев апостол,* XIV век
Вран – *Вранешнички апостол,* XIII век
Григ – *Григоровичев паримејник,* крај на XII – поч. на XIII век
Дбј – *Добрејшово евангелие,* прва пол. на XIII век
Дбм – *Добромирово евангелие,* поч. на XII век
Дчн – *Дечански псалтир,* крај на XIII век
Заг – *Загрепски триод,* прва пол. на XIII век
Зогр – *Зографско четвороевангелие* крај на X – поч. на XI век

Јов – *Евангелие на Иоан Јован,* втора пол. на XIII век
Карп – *Карпински апостол,* поч. на XIV век
Крат – *Кратовско евангелие,* средина на XIV век
Крн – *Крнински дамаскин,* XVI век (1560–1580 год.)
Крп – *Карпинско евангелие,* крај на XIII век
Лес – *Лесновски паренезис,* 1353 год.
Лобк – *Лобковски (Хлудов) паримејник,* 1294–1320 год.
Мар – *Мариинско четвороевангелие*, крај на X – поч. на XI век
Мкд – *Македонско четворо евангелие,* XIV – поч. на XV век
Орб – *Орбелски триод,* втора пол. на XIII век
Охр – *Охридски апостол,* крај на XII век
Пог – *Погодинов псалтир,* XIII век
Рад – *Радомирово евангелие,* втора пол. на XIII век
Рдм – *Радомиров псалтир,* втора пол. на XIII век
Син – *Синајски псалтир,* XI век
Слеп – *Слепченски апостол,* XII век
Стм – *Стаматово евангелие,* поч. на XIII век
Стан – *Станиславов пролог,* 1330 год.
Стр – *Струмички (македонски) апостол,* втора пол. на XIII век
Шаф – *Шафариков триод,* XIII век

Liljana MAKARIJOSKA

THE LEXICAL LAYERS IN THE MACEDONIAN MEDIEVAL LITERACY

(Summary)

The lexical system of the Macedonian texts dated from 12th until 16th century (sources for the Dictionary of the Macedonian Recension of Church Slavonic) confirms not only the presence of the common archaic lexical layer as a part of the Cyril and Methodius heritage, but also the specific features of the lexical system of the Macedonian redaction, through the innovated lexis, as well as the influence of the dialects. The presence of the archaic lexical layer is well documented in the bible and non-bible texts, confirming the presence and the long-term usage of the archaic original books. This archaic lexical layer includes certain moravisms, lexemes which are well confirmed in the old Slavic texts. The innovations may result from the relation of certain texts with various manuscript traditions, as well as from individual innovations that characterize the text and which occurred

as a result to the current situation in the scribes' language or to the situation in a dialect. Also they can represent a reflection of the need for enriching of the language expressive capacities and of the style differentiation as a result to the text evolution etc. The comparative research of the lexical variants enables to determine the history of lexemes, and the existence of the Greek loans shows the diversification of the text relative to the Greek texts. The usage of the new variants is related with the development of the literacy in the Preslav literary center, as a result to the openness of the lexical standard. The inter-redaction contacts are significant factor for the development of the Macedonian Church Slavonic literacy, but the type of influence of the Russian literacy, the Bulgarian literacy or the Serbian has its own features in each area.

Key words: Church Slavonic lexicography, Macedonian recension, lexical system, basic lexical fond, lexical innovations, synonyms, biblical texts, non-biblical texts, grecisms, Russian influence, lexicon differentiates, Dictionary of the Macedonian Recension of Church Slavonic

Лариса І. ШЕВЧЕНКО
(Київ, Україна)

СЕМАНТИКА ОБРАЗНОГО СЛОВА КИЄВО-ПЕЧЕРСЬКОГО ПАТЕРИКА

Система образних засобів пам'ятки давнього українського письменства розглядається як синкретична, функціонально рухлива і поліваріантна щодо виразових можливостей слова.

Ключові слова: семантика, художньо-естетична парадигма, києво-руське письменство, староукраїнська літературна мова, образна атрибуція слова.

Раннє українське середньовіччя є спраглим пошуком і світлим втіленням софійності. Християнське світобачення й одночасна зверненість до візантійської канонічної традиції у змалюванні духовних змагань людини, відтворення сакрального в парадигмі семіотичної спадковості культури (за Ю. С. Степановим) стають для української традиції всеохопними.

Формування естетики Київської Русі відбувається в симбіозі "двох стихій: візантійського християнства, сповненого неоплатонізмом, гностицизмом та еллінськими традиціями, і міфологічного поганського світу, який перебуває у вигляді прихованого комплексу культурних ідей" [3, с. 4].

Синкретизм культурно набутих із прийняттям християнства та ментальних ізоглос виявлено як художньо-естетичну парадигму ціннісних ідеалів, що сконцентровані навколо ідей істинної віри, духовного самопізнання і праведності шляху людини в осягненні суті Божественного, а отже, – прекрасного. Разом із тим, християнські духовні змагання властиві людині, що живе в конкретному (або гіпотетично модельо-

ваному як узагальнена дійсність) світі. Ця паралельність, чи, швидше, контамінація концептів генетично успадкованої та набутої культурних ізоглос формують специфічний світоглядний, а звідси й художній час і простір, набуваючи характерної емоційно-вольової та вербальної тональності, що хронотипічно виявлена і вічністю, і позачасовістю, і безкінечністю, і цілим, і частиною [2, с. 5].

Жанри літературної мови, що в українській дослідницькій традиції пов'язуються з християнством і писемними пам'ятками, за типами хронотопу, вербалізованого в них, типологічно співвіднесені з різними субстанціональними просторами, зокрема **фольклорним** (літописи) чи **ідилічним** (повчально-дидактичні тексти).

Ідилічний вербалізований простір як хронотипічна цілісність ідейно-естетичних засад і мовних форм набуває характеру функціональної типології існування національної літературної мови. Йому властиві органічність, єдність названого (зображуваного) і місцезнаходження чи місцереалізації подій: факти висвітлюються в контексті життя, географії, атрибутики рідного краю, дому, поля, лісу та ін. [2, с. 258]. Ідилічний хронотип не вимагає надмірної деталізації обставин, за яких відбуваються події, – важливою є передусім змістова сублімація, християнська ідея, проектована в реальний світ. І найважливіше, ідилічний хронотип – це можливість "єднання людського життя з життям природи, єдність їх ритму, спільна мова для явищ природи і подій людського життя... В ідилії ця спільна мова переважно стала чисто метафоричною..." [2, с. 259].

У ранньому українському середньовіччі ідилічний хронотип виразно відбиває процеси звуження і розширення в культурі ментальних ізоглос (відбитих у формах природної мови українців) і набутого цивілізаційного зразка, втіленого старослов'янською, пізніше – церковнослов'янською мовою української редакції.

Києво-Печерський патерик є характерним із погляду репрезентації засадничих ідей та характерних особливостей києво-руської писемності: публіцистичний і одночасно "повчальний щодо князівської влади характер, а також зв'язок із фольклором і принцип викладення матеріалу за роками" [4, с. 101], на що звернув увагу ще в середині минулого століття Д. С. Ліхачов [7, с. 77].

Повчально-дидактична спрямованість тексту пам'ятки давнього києво-руського письменства, його агіографічність визначають жанрову специфіку твору і, відповідно, системні характеристики мови, з вираз ною домінантою книжного слова. Фольклорна стихія зумовлює не

лише "семантичні прирощення" слова і смислу та функціонально-кому нікативну перспективу Києво-Печерського патерика в українському світі, але й мотивує частоту фольклорної образності, її прозорість і зрозумілість читачеві. Врешті, в сукупності це і визначило попу лярність, певним чином хрестоматійність Патерика протягом історично об'єктивованої культурної історії українського народу. Загальновідомо, що в кожній освіченій оселі поряд із творами Кобзаря читали Києво-Печерський патерик, "золоту книгу українського письменного люду", за афористичною характеристикою В. І. Крекотня. [6, с. 271].

Важливо, що джерельна база Патерика, зокрема текстів Симона ("Слово о создании церкви Печерской", "Послание къ Поликарпу"), спирається на житія Антонія Печерського, Теодосія, Ростовський літопис, монастирський Синодик, перекладні тексти – "Ліствицю" Івана Ліствичника, Скитський Патерик, Пролог та ін. Ці тексти виділяє сам автор, цілком залишаючись у межах тогочасної традиції: важливими передусім є події, їх етична й історична оцінка, відповідність жанру. Аналогічна ситуація з текстами інших авторів – Полікарпа, і пізніше приєднуваними до Патерика (з XV ст.) текстами Несторового літопису, що складають хронологічну, тематичну мовно-структурну цілісність Патерика. Тому логічним є коментар Патерика як "домо рідного відгомону пізньовізантійської монахоманії", що є найкориснішим з "соціяльного й інтелектуального погляду", як зауважив Михайло Грушевський [1, с. IX]. Учений наголошував при цьому на християнських витоках писемної традиції та особливому місті її в духовному розвитку народу. Якщо від загальної, обґрунтованої гуманітаріями, характеристики Патерика в історії української культури звернутися безпосередньо до тексту, його мовної структури, переконливість слів М. Грушевського видається очевидною.

Безсумнівним є церковнослов'янський вплив на мову Києво-Печерського патерика, що зумовлений суспільним статусом "книжного вчення священною мовою богослужебних книг" [5, с. 257]. Навіть у жанрово відмінних текстах цього історико-літературного періоду, таких як "Слово о полку Ігоревім", присутня названа характеристика літературних текстів [5, с. 257]. Тематика Патерика, сюжетна й дидактична зверненість до постатей і діянь, асоційованих у національній історії культури з основними догматами та ідеями православ'я, логічно вмотивували вербалізацію християнської свідомості авторів у канонізованому слові.

Генетично церковнослов'янською є атрибутивна оцінність Патерика: ***божественаа, свята церква*** *("Разумно бысть всѣм, яко все строится божіимъ промыслом, еже о той* ***святѣй*** *и* ***божественѣй церкви"*** [6, с. 15]; *"Основана же бысть сіа* ***божественаа церква*** *богородичина в лѣто 6581"* [6, с. 8]), ***христолюбивый, благовѣрный князь*** *("****Христолюбивый князь*** *Святославъ вдав же 100 гривенъ злата в помощь блаженному"* [6, с. 8]; *Въ дьни* ***благовѣрнаго князя*** *Святослава, сына Ярославля, нача здатися церкви сіа, иже своима рукама нача ровъ копати"* [6, с. 8]), ***блаженый митрополитъ*** *(И въпроси тѣх* ***блаженый митрополитъ****: "что ради приідосте, не звани бывше?* [6, с. 14]), ***богохранимый Костянтина градъ*** *(Придоша от того же* ***богохранимаго Костянтина града*** *къ игумену Никону писця иконниі..."* [6, с. 9]), ***благочестивый муж*** *("Бысть убо нѣкый* ***благочестивый муж*** *от града Любеча..."* [6, с. 16]), ***человѣколюбивый Господь*** *("****Человѣколюбивый*** *же* ***Господь*** *възложи сему ити въ страну Гречьскую и тамо острыщися* [6, с. 16]) та ін.

Староукраїнська літературна мова успадкує семантичну модель образності, вибудованої на атрибутивних характеристиках, що є аналогами до священного тексту або цитатами з нього. Симон, розповідаючи про побудову церкви Печерської, зауважує: *"Въ Ѳеодосіевѣ же житіи всѣм явленна сут, како столпъ огнѣнъ явися от земля до небеси, овода же облакъ, иногда же яко дуга от връха оноя церкви на сіе місто, многажды же и иконh преходити, аггеломъ ту носящимъ, на хотящее быти мѣсто. Что сего, братіе, чюднѣе? Прошедъ убо* ***книги ветхаго и новаго закона****, нигдѣже убо таковых чудесъ обрящеши о святых церквах, якоже о сей"* [6, с. 23].

Розуміння Симоном біблійного тексту як канонічного, "закону" (наголосимо, до речі, і Старого, і Нового Заповіту, оскільки авторові доводилося чути зумовлену сучасною церковною дискусією в Україні необхідність уваги в лінгвістичному аналізі лише до Нового Заповіту як священної книги православ'я) поширюється і на мову цього "закону" – вона є взірцевою, вербальним узусом тогочасного мислення. Постійні образні характеристики, переважно атрибутивні, мають кваліфікативну природу, віднесеність до мовного зразка.

Однак мовний зразок не є показником застиглості значення і форми у староукраїнській літературній традиції, відсутністю руху у світосприйманні живою людиною та її еволюційно змінними формами мови. Атрибутивні словосполучення метафоризуються, трансформуючи біблійну образність у розгорнені символьні ряди. Логічно скорельована

з християнським текстом, проте естетично нова мовленнєва реальність постає у метафорах, що спираються передусім на переносне значення прикметникової атрибуції: "... *се, о владыко, **стадо словесных твоих овець**, им же мя бѣ пастыря еси сътворилъ и еже упасах на божественѣй твоей пажисти...*" [6, с. 23], *"И къ ученикомъ его рече: приидѣте, благое стадо, добляго пастыря **словесныя овчата**, иже мене ради алъкавше и трдившеся, приимѣте уготованное вамъ царство от сложенiа миру"* [6, с. 23] та ін.

В образній атрибуції, що є однією з давніших форм метафоричності (саме ці форми здебільшого фіксуються в сучасній літературній мові українців загальномовними / стертими метафорами) відбувається розвиток полісемантичності слова. Тобто, природні зв'язки явищ та їх характеристик трансформуються в логічні зв'язки та взаємозалежності набутих у культурі асоціацій і мотивацій. Києво-Печерський патерик послідовно, рельєфно відбиває ці характерні для інтелектуалізації літературної мови закономірності:

1) *"И оттолѣ цвѣтяше и умножашеся мѣсто то праведника молитвою: "праведникъ бо, рече, **яко и финиксь процвѣтеть и яко кедръ, вже въ Ливанѣ**, умножится. Умножаху бо ся оттолѣ братiа, и **цвѣтяше місто то добрыми нравы и молитвами их** и инѣмь благочьстивым...*" [6, с. 38]; 2) *"Аще бываше брат **легокъ сердцем и тепль на любовь божію**..."* [6, с. 41]; 3) *"...и се вниде **свѣтель отрокъ** въ воиньствѣи одежди и поклонися..."* [6, с. 50].

Таким чином, Києво-Печерський патерик є не лише пам'яткою української літературної мови раннього періоду середньовіччя, що об'єднала інтелектуальний потенціал двох мовних стихій – живомовної та старослов'янської, – у мовній тканині пам'ятки староукраїнського письменства відбиті витоки системних, виявлених уже в той час мовних процесів, що є активними і репрезентативними для сучасної української мови, яка вербалізує свідомість народу.

1. Абрамович Д. Києво-Печерський патерик: Репринтне видання / Д. Абрамович. – К.: Час, 1991.

2. Бахтин М. М. Литературно-критические статьи / Бахтин М. М. – М.: Художественная литература, 1986, 544.

3. Бовсунівська Т. В. Історія української естетики першої половини XIX століття / Бовсунівська Т. В. – К.: ВД Дмитра Бураго, 2001. 344.

4. Висоцький С. О. Київська писемна школа X–XII ст. (До історії української писемності) / Висоцький С. О. – Львів – Київ – Нью-Йорк : Вид. М. П. Коця, 1998, 246.

5. Житецкий П. Г. О поэтическом стиле и литературной форме «Слова о полку Игореве» // П. Г. Житецький. Вибрані твори. Філологія. – К.: „Наукова думка", 1987, 255–286.

6. Києво-Печерський патерик : Репринт. вид. / Д. І. Абрамович. – Репринт. вид. – К.: Час, 1991, 280.

7. Лихачев Д. С. Русские летописи и их культурно-историческое значение / Лихачев Д. С., М.: Изд-во АН СССР, 1947, 499.

Larisa I. SHEVCHENKO
(Kyïv, Ukraïne)

SEMANTICS OF FIGURATIVE WORDS OF KYIV-PECHERSKIY PATERIK

(Summary)

The system of figurative means of the ancient Ukrainian written language's monument is examined as a syncretic, functionally mobile and polyalternative in aspect of word's expressional opportunities.

Key words: semantic, aesthetic paradigm, Kyiv Rus written language, Old Ukrainian language, figurative attribution of the word.

Витомир МИТЕВСКИ

ВИЗАНТИСКИОТ ЕП *ДИГЕНИС АКРИТА* И СЛОВЕНСКИОТ СВЕТ

Историјата на црковната и световната книжевност во Византија хронолошки се поклопува со целокупната нејзина историја, но напоредно со неа, свој посебен живот има и народната епска усна поезија чии почетоци не може точно да се утврдат поради отсуството на записи. Сепак, за таа традиција имаме посредни сведоштва, а едно од нив е искажувањето на митрополитот Арета од Кајсареа (Цезареа) во Кападокија (IX–X век). Кај него наидуваме на критика на некакви питачи и скитници од Пафлагонија кои своите песни за подвизите на храбрите и видни јунаци ги пеат одејќи од куќа на куќа.

Некои истражувачи[1] укажуваат на три развојни фази на византиската епика, а усната епска традиција ја сметаат за зачеток на првиот, творечкиот период. Народната епика доживува вистински подем во времето меѓу IX и XI век, а тоа се објаснува како израз на историските околности во кои Византија се наоѓа поради постојаната борба за опстанок со непријателите кои непрекинато навалувале на нејзините гранични области. Најжестоки и долготрајни се борбите на источните граници каде што почнувајќи уште од VII век, арапските племиња постапно освојуваат нови територии, а подоцна во источните провинции се разгорува борбата и со турските освојувачи. Тие долготрајни судири полека добиваат верски карактер при што, наспроти муслиманската навалица се јавуваат истакнати поединци, бранители на византиските христијани.

[1] Попова 1985.

Во тој историски контекст се јавуваат преданија и песни за тие херои од граничните предели кои носат колективни имиња на апелати и акрити. Називот *апелат* (ἀπελάτης) изворно значи *гонител на добиток*, *номад*, а во однос на царската власт, апелатите имале задача да ја бранат државата и нејзините поданици од надворешниот непријател. Со време, тие се охрабриле и започнале да пресретнуваат богати трговци по друмовите претворајќи се така во насилници и разбојници. Поради оваа промена, нивниот лик во апелатските песни, но и воопшто во епската поезија може да се појави во позитивна, но и во негативна светлина.

Со појавата на песните за акритите (ἀκρίτας т.е. *оној што ги брани границите*) почнувајќи од IX век, апелатските песни постапно губат популарност сè додека на крајот не изчезнат. Акритската усна епска поезија го доживува својот творечки процут меѓу IX и XI век и таа исфрла на површина поединечни херои со свое лично име и индивидуален профил. Меѓу нив се истакнуваат имињата на Велисариј, Армурис и Дигенис Акрита како носечки ликови на истоимените епски дела.

Според една условна хронологија, на прво место доаѓа епот за Велисариј. Главниот херој е историска личност, војсководецот на Јустинијан кој се прославил во борбите со соседните земји и со проширувањето на Византиската Империја. Со игра на судбината, тој животот го завршува како заборавен ослепен старец. Темата е инспирација за низа морализаторски поетски епизоди, а нејзините записи од вториот развоен период на византиската епика по својот обем варираат меѓу 556 и 997 стихови.

Темата на епот за Армурис, од којшто ни останале запишани 215 стихови, е јунаштвото што главниот херој го пројавува ослободувајќи го својот татко од муслиманско заробеништво. На стилски план делото е посебно интересно поради присуството на типични епски изразни средства: хиперболи, описи, типични теми на борба, ранување и сл. Сето тоа остава простор за плодоносни споредбени анализи со слични епски творби.

Запишаните верзии на овој еп, како и на епот за Дигенис Акритас, главно, потекнуваат од претпоставената трета развојна фаза (од XIV до XVI век). Покрај запишувањето на усните епски дела, во овој период се создаваат и книжевни епови чиишто автори се познати поименично. Тука се истакнуваат дела кои се инспирирани

од класичната митологија како што се *Ахилеида* (делото содржи многу елементи на акритска поезија) и византиската *Илијада.*

Сепак, ако треба да се издвои едно дело кое доминира во целокупната византиска епика, тоа несомнено би бил славниот еп за Дигенис Акрита. Со своите книжевни вредности, популарност и влијателност, ова епско дело далеку ги надминува останатите творби од овој вид и со оправданост се смета за византиски национален еп.

Дигенис Акрита паѓа в очи и со својот обем кој, зависно од различните запишани верзии, варира меѓу 1867 и 4778 стихови. Тематски тоа сосема се вклопува во традицијата на акритската епика: главниот херој е типичен акрита, бранител на народот во пограничните области од нападите на соседните муслимански (арапски) племиња и од домашните одметници – апелати.

Содржинскиот преглед на еден од најдобро зачуваните записи (ракописот од Гротаферата) ни го открива тематскиот круг кој може да се земе како образец. Тука епот е поделен на осум книги (пеења), нерамномерни по обем. Во првите три книги е предадена т.н. песна за емирот. Прво е прикажан богатиот арапски емир кој тргнува во поход против Византија при што ја грабнува ќерката на еден византиски војсководец. Откако браќата ќе ја пронајдат девојката кај емирот, доаѓа до двобој меѓу најмладиот од нив и емирот при што овој изјавува дека ја сака за жена нивната сестра. Во втората песна, сите заедно доаѓаат во Византија и емирот, откако ќе премине во христијанска вера, ја зема девојката за своја жена. Во третата песна емирот се враќа меѓу своите со новата жена и сите ги преобраќа во христијанство. На крајот дознаваме дека од бракот на емирот и византиската девојка се раѓа синот единец – Василиј Дигенис Акрита.

Од четвртата книга до крајот, интересот потполно се свртува кон Дигенис Акрита; во неа тој грабнува девојка со која се жени, а потоа се сретнува со императорот Василиј. Во петтата книга, тој во една оаза наидува на девојка која ја силува за потоа горко да се покае за злоделото. Во шесттата е опишана неговата борба со дивите sверови, со апелатите и со амазонката Максимо. Во кусата седма книга е прикажан мирнодопскиот живот на Дигенис, а централно место зазема описот на неговиот раскошен дворец со градината. Последната, осма книга, говори за тешката болест на херојот, за неговата смрт и за ритуалот на погребувањето.

Од овој кус преглед може да се добие претстава дека епот е тематски свртен кон историските теми додека само во некои изолирани места донесува елементи од митологијата. Меѓутоа, и покрај многуте обиди историски да се идентификираат некои од ликовите,[2] останува впечатокот дека тоа е тешка задача, дури и без надеж дека може нешто да се утврди со сигурност.[3] Не може точно да се определи ни авторот ни времето кога се оформил самиот еп што во крајна линија не е необично за усно создадените епски дела. Во однос на генезата на епот останууваат како прифатливи само широките временски рамки почнувајќи од IX или X век; како сведоштво се земаат предвид фолклорните и културни елементи што преовладуваат во епот, а се обележје и на тоа време.

Од критички книжевен аспект, *Дигенис Акрита* е сложено дело. Тоа ги обединува одликите на народната византиска епска традиција од една страна и на стилските карактеристики на христијанската учена поезија од друга страна.[4] На места може да се препознаат и некои елементи од класичното книжевно наследство.

На композициски план епот не остварува вистинско единство. Напред беше речено дека првите три пеења раскажуваат за емирот додека Дигенис стапува на сцена дури од четвртото пеење. Оттука и произлегуваат некои претпоставки дека делото е производ на компилација од две сосема различни поранешни уметнички творби: песната за емирот и романот за Дигенис. Разликите меѓу овие две компоненти се јавуваат и во однос на идејната определба; песните за емирот како да одразуваат некакви историски настани на границите на царството додека песните за Дигенис повеќе навлегуваат во водите на митот и христијанско морализирање.

Морализаторскиот начин на изразување се манифестира преку цела низа стилски изразни средства. Бројни се афоризмите развиени во неколку стиха кои упатуваат на традицијата на собирање мудри изреки (гноми) уште од доцноантичкиот период. На таа линија се наоѓаат и сентенциите кои обично се наоѓаат на почетокот или на крајот на епизодите со јасна улога на коментар на настаните.

Деталните описи на лица и настани исто така се чести. Таков е описот на емирот кој се подготвил за борба или пак на уба-

[2] C. Grégoire, 1975.

[3] Jeffreys, 1998; XXX.

[4] Фрејберг – Попова, 1978; 97.

вината на неговата жена. Посебно се издвојува детално разработениот опис на дворецот со градината на Дигенис. При опишувањето се користи изобилие на епитети како омилено изразно средство на епската поезија. Посебно интересен е епитетот *Дигенис* (*Διγενής*) кој е всушност еден вид прекар на главниот херој и изворно укажува на неговото двојно потекло: од мајка Византијка и татко – емир со арапска крв. Некои сметаат дека во заднината на овој епитет се крие настојувањето на прагматичните Византијци да се помират двете различни култури – христијанската и муслиманската.

Јазикот на епот за Дигенис е средновековниот народен грчки, т.е. раниот димотики. На тој јазик се пишувани и некои авторски поетски дела, како што се песните на Теодор Продром, потоа некои византиски хроники и житија на светите. Во однос на лексиката, забележливо е присуството на некои латинизми кога станува збор за оружјето, облеката и сл. што веројатно се должи на јазичната традиција на Византија како Источно Римско Царство.

Стихот на најзначајните ракописи (Гротаферата и Ескуријал) е неримуваниот петнаестерец кој го носи името *политички стих* (т.е. стих од *градот* (πόλις) на Константин односно Константинопол), а бил во употреба во литературата на раниот димотички грчки и станал стандарден стих на византискиот еп. Во основа, тој стих е поделен на 8 слогови во првата половина до цезурата и уште 7 слогови по цезурата. Неговиот ритам е јамбичен.[5]

Според многу показатели, епот *Дигенис Акрита* бил мошне популарен во Византија. Тешко е да се посведочи присуството и негувањето на овој славен еп во народното усно творештво, но присуството на ракописите говорат дека тој бил познат и по освојувањето на поранешните византиски територии од страна на Турската Империја, а се ширел по писмен пат и надвор од тие граници. За современата наука, епот бил непознат сè до 1868 година кога за првпат е откриен ракопис на *Дигенис Акрита* во еден манастир близу Трапезунт (на источното Црноморие). Се смета дека овој ракопис потекнува од XVI век. Потоа се откриваат ракописи и на островот Андрос (еден во 1878 година кој потекнува од XVI век и еден ракопис откриен во 1898 година со потекло од XVII век). Во меѓувреме, 1879 година, во манастирот Грота Ферата близу до

[5] Метричкиот образец на *политичкиот стих* (πολιτικὸς στίχος) кој би можеле да го наречеме и *цариградски* или просто – *градски* е следниов: ∪–∪–∪–∪–|∪–∪–∪–∪

Рим е откриен и најстариот ракопис кој потекнува од XIV век, а во 1904 година од страна на Карл Крумбахер, основоположникот на византиските студии, во библиотеката на Ескуријал (крај Мадрид) е откриен уште еден ракопис од XVI век. Покрај овие, познати се и други ракописи на грчки јазик чија автентичност и вредност се предмет на расправи.

Од историски и книжевен аспект, најзначаен е ракописот од Грота Ферата (ГФ). Тој е напишан во петнаестерец, а по обем опфаќа 3 749 стихови. Вредноста на оваа запишана верзија се издвојува во однос на другите не само по тоа што е формално најстар запис, туку и затоа што според иследувањата, најдобро ја одразува првобитната редакција на епот.[6] Епот во ова издание се истакнува и со својата композиција, а посебна вредност од филолошки аспект е тоа што во ракописот има најмалку нејасни места и лакуни. Од тие причини денес оваа верзија се зема како стандарден образец на *Дигенис Акрита*.

Како еден вид дополнение на оваа верзија се зема ракописот од Ескуријал (Е) кој е помал по обем (содржи 1 867 стихови) и има многу нејасни места, но заслужува посебно внимание затоа што за разлика од ГФ кој јазично бил дотеран според нормите на книжевниот грчки, Е е јазично поблизок до изворниот народен грчки (димотики) на кој епот се ширел во првобитната усна форма. Освен тоа, овој запис е поверодостоен во однос на изворните имиња на лица, места и народи.

Ракописот од Трапезунт е обработка на претходниве две значајни верзии, а оној од Андрос (од 1878 година) е некој вид превод на новогрчки на претходниов. Ракописот од Оксфорд и другиот ракопис од Андрос (од 1889 година) се исто така преработка на постарите верзии, но на пониско книжевно рамниште.

* * *

Со самиот факт што епот за Дигенис Акрита изворно ѝ припаѓа на многувековната традиционална усна традиција, неизбежно се налага помислата за можното заемно влијание на оваа фолклорна творба со творбите од истиот вид во другите, прос-

[6] Некои сметаат дека текстот датира од деветтиот век. Така, Грегоар (Grégoire, 1975; XIII, 337) верува дека верзијата од Грота Ферата ја одразува состојбата во Византија од IX век, и тоа во балканските региони каде што имале силно влијание павликијаните.

торно блиски култури. Впрочем, генезата на епот нè упатува кон источните гранични предели на Византија, односно кон областите на Еуфрат и Ерменија каде што се јавуваат голем број песни за Дигенис Акрита, но и за војсководците павликијани – Карбеас и Хрисохир кои имаат слични типолошки обележја. Истражувачите укажуваат и на мотиви и ликови од арапскиот фолклор.

Во науката веќе одамна се утврдени некои поблиски аналогии на нивото на просопографијата, типичните теми, симболи и сл. Меѓу другото, се спомнуваат типолошките совпаѓања на византискиот еп со персиските, турските и други епски творби. Во некои случаи се чини дека таквите аналогии се производ на сличното културно искуство на соседните народи, но понекогаш се чини дека тие се резултат на културно влијание што не претставува никакво изненадување.

Во самиот еп за Дигенис може сосема прецизно да се констатира влијанието на античката митологија и на *Библијата*. На пример, во осмото пеење непосредно се споменуваат Харон и Хад, ликови од античката митологија. Од друга страна, наидуваме на места каде што византискиот епски херој се споредува со библиските ликови на Самсон, Давид и Саул.

Се разбира, за нас се најинтересни паралелите со јужнословенската епика која со векови се развивала на просторите кои се дел од Византиската Империја или се во нејзино непосредно соседство. Таа блискост остава простор да веруваме дека се можни влијанија и тоа од обете страни.

За присуството на *Дигенис Акрита* во словенскиот свет имаме несомнен доказ. Имено, уште на почетокот на XIX век во Русија е пронајден првиот од неколкуте словенски ракописи со превод или прераскaз на славниот византиски еп под наслов *Девгениево деяание.* За жал, овој ракопис изгорел во време на пожарот на Москва во 1812 година, но подоцна се појавуваат и други преводи. Таков е објавениот ракопис од Тихонравов во кој, покрај познатите теми на борба на Дигенис со дивите sверови, се наоѓа и една епизода во која Дигенис војува со византискиот цар и го победува. Оваа необична тема е во основа на хипотезата дека мотивот на победата над царот е израз на отпорот на павликијаните спрема него, во текот на IX век што значи дека ние во словенски превод ја имаме најстарата верзија на епот за Дигенис. Како поткрепа на оваа претпоставка доаѓа уште еден словенски превод од

крајот на XVII и почетокот на XVIII век, кој бил пронајден во 1857 година во зборникот на Пагодин. Анализите на текстот укажуваат на тоа дека во него е зачувана старата изворна верзија на епот и тоа особено во однос на композицијата. Без да навлегуваме во подробности, ќе го истакнеме само заклучокот на специјалистите дека сите овие словенски преводи на *Дигенис Акрита* биле многу популарни во словенскиот свет. Патем да потсетиме и на убедувањето на Халански уште од крајот на XIX век според кое блиските паралели меѓу византиската и словенската епика на југ даваат основа да се претпостави постоењето на стари словенски преводи на песните за Дигенис и на јужнословенските простори.[7]

Во врска со прашањето – дали јужнословенскиот еп е самобитен или никнал под туѓи влијанија? – К. Пенушлиски ја уважува природната појава на заемно влијание во традиционалната епика и тврди дека влијанието на *Дигенис Акрита* врз нашата епика е несомнено.[8]

Вистина, доколку се осврнеме поодблизу на херојските ликови, на типичните теми на двобој со природни и натприродни суштества и сл., добиваме богат материјал за паралели кој укажува на можните влијанија.

За разлика од паралелите во областа на традиционалната епика кои главно остануваат на нивото на можното, споредбата со поетските дела на Григор Прличев нудат повисоко рамниште на влијание кое би можеле да го дефинираме како веројатно.

Во прилог на оваа теза говорат и некои надворешни моменти. Познато е дека Прличев одлично го знаел грчкиот во неговите развојни фази од Хомер до современиот димотики што му овозможувало непосреден контакт со делата напишани на тој јазик. Понатаму, тој едно време студирал во Атина каде што ја имал можноста да ги продлабочи своите познавања од епската поезија од античкиот и византискиот период до нивните подражавања во поново време. Најпосле, во тоа изучување му помагал професорот Рангавис за кого е познато дека бил добар познавач на византиската книжевност. Ако ги имаме на ум сите овие де-

[7] М. Халанский, *Южнославянские сказания о Кралевиче Марке в связи с произведениями русского былевого эпоса.* Варшава, 1984; дел, стр. 451.

[8] К. Пенушлиски (приредувач), *Марко Крале – легенда и стварност*, Скопје 1983, стр. 32.

тали, тогаш влијанието на византиската епика во двете големи поестки дела на Прличев, *Мартолозот* (*Сердарот*) и *Скендербеј* е сосема веројатно.

Пристапот кон самите дела открива многу елементи од античката (хомерската) епика,[9] но покрај тоа, во нив свое место имаат и поетските елементи кои ги наоѓаме во византиската епика, односно во епот *Дигенис Акрита.*

На формален план, прво паѓа в очи употребата на јамбскиот петнаестерец, односно *политички стих* кој е типичен за византиската епика, а Прличев го применува и во двете свои поетски дела, и тоа во *Мартолозот* во алтернација петнаестерец/осмерец (првиот дел од полниот петнаестерец кој се наоѓа пред цезурата), а во *Скендербеј* го користи исклучително византискиот петнаестерец.

На тематски план и во двете дела препознаваме претставници на типичната акритска поезија. Беше речено дека *Дигенис Акрита* е најпознатата творба од традиционалната византиска епска поезија која пее за акритите, т.е. бранителите на народот од насилниците во граничните предели на земјата, но тоа би можело делумно да се каже и за Скендербеј додека Кузман како главен лик на *Мартолозот* и поименично[10] и како тип на народен бранител од разбојниците е токму традиционалниот византиски *акрита.*

Ние не знаеме дали Прличев преземал нешто директно од епот за Дигенис или е можеби тоа влијание посредувано од некои подоцнежни поетски подражавања и творби од тој вид, но некои мотиви и типични теми говорат за присуството на елементи од византиската епска традиција.

---

[9] Сп. В. Митевски, *Хомер и Прличев*. Скопје 1995 година.

[10] Во своето критичко издание на Ὁ Ἀρματωλός, М. Д. Петрушевски, објаснувајќи го именувањето на епот со *Мартолозот*, се повикува на Прличев кој во својот словенски препев на делото става наслов *Амартолос* што упатува на турскиот односно персискиот збор *крсердар* или просто *сердар.* Но, изразот *сердар* „се употребувал за ознака на заповедник одн. командант на регуларната турска војска, а нашиот Кузман не бил таков, „ами" војвода на еден нерегуларен одред од доброволни чувари и заштитници на мирното население какви што биле крсердарите и мартолозите во последните векови од Отоманската Империја". Сп. Г. Прличев, *Мартолозот.* Од грчкиот оригинал препеал Михаил Д. Петрушевски. „Македонска книга", Скопје 1983; стр. 73.

Ако го свртиме нашето внимание кон *Мартолозот* како тематска целина, јасно е дека ова поетско дело ја обработува темата на оплакување на загинатиот херој. Тоа е општо позната и мошне раширена тема во светската епика, но поблиската анализа покажува дека при својата поетска обработка на оваа тема, Прличев се користел со два модела. Првиот е хомерскиот модел кој е обработен на крајот на *Илијада* при оплакувањето на загинатиот Хектор, а се чини дека вториот е оплакувањето на умрениот Дигенис во завршниот дел на *Дигенис Акрита*.

Хомерската рамка на темата *оплакување на херојот* ја препознаваме во непосредните учесници во дејствието. Имено, Хектора го оплакуваат: професионални тажачки, мајка му Хекаба, жена му Андромаха и снаата Елена. При оплакувањето на Кузман, над неговото тело тажат професионални тажачки, мајка му Неда и свршеницата Марија. Со тоа Прличев главно го задржал хомерскиот образец, бидејќи во *Дигенис Акрита* имаме поинаква ситуација каде што наедно се оплакувани и главниот херој и неговата жена која умира во исто време со него, а над нив тажи народот и видните великодостојници дојдени на погребот.

Заедничко за сите три обработки на темата е оплакувањето на херој-бранител на народот; затоа истакнувањето на фактот дека по смртта на херојот веќе нема кој да ги брани слабите и незаштитените, во сите три случаи може да се доживее како општо место.

Меѓутоа, кај Прличев има едно суштествено отстапување од хомерскиот образец и приближување кон византискиот епски модел на оплакување, а тоа се случува во областа на идеологијата. За разлика од Хомер кај кого немаме развиена идејна заднина на херојската борба, во византискиот еп и кај Прличев херојот се јавува како бранител на христијаните што отвора простор за внесување на идејна нишка при разработувањето на темата.

Беше спомнато дека во христијанскиот контекст на *Дигенис Акрита* нашле место и некои ликови од античката митологија: Танатос (богот на смртта), Хад (богот на умрените) и Харон (сплаварот кој ги пренесува душите на починатите на Оној свет).

При оплакувањето на Дигенис, присутните пеат библиски химни, а целиот завршен дел на епот (почнувајќи од 281 стих) се одвива во духот на длабока религиозност и посветеност на христијанството.

Прличев го имал пред себе Хомер како главен извор на тематски модели, но кога ќе се најде во ситуација да го внесе историски неизбежниот христијански контекст во оплакувањето на Кузман, тој посегнува по решението кое одамна било познато во византиската епска традиција. На еден општ план, нашиот поет го усвојува обичајот на византиската епика да внесува ликови од античката митологија па така и самиот прави споредби со Арес, античкиот бог на војната колку и да изгледа необична таа постапка од идеен аспект.

При оплакувањето на Кузман, кон неговото тело пристапува калуѓерка која ги пее библиските маки на Јов. Понатаму, ожалостените бараат утеха во *Библијата* слично како и во епот за Дигенис. Завршниот чин на *Мартолозот* е сцената во која Марија, свршеницата на починатиот Кузман, доаѓа закалуѓерена на неговиот гроб. Таа дава завет дека својот живот ќе му го посвети на Бога, значи, повторно мотив на потполна посветеност на Бога кој доминира на крајот на оплакувањето на Дигенис.

Во овие тематски рамки се движи Прличев при обработката на типичната епска тема на оплакување на херојот, но треба да се одбележи дека траги на византискиот еп *Дигенис Акрита* можат да се забележат и во низа други типични теми како во *Мартолозот* така и во *Скендербеј*.

ПРИЛОГ

Диге̄нис Акрӣта
Оплакувањето на Дигенис
(од кн. 8, стихови: 202–313)
(препев)[11]

А веста штом се рашири надалеку во светот
надојдоа владетели многумина од Исток:
Харзијанци, Кападокијци, Кукулиарио́ти,
Подандити најславните, Терси́ти, Маврони́ти,
Багдатците најодбрани и Батиријаки́ти,
благородни Вавилонци и мнозина од Емет
побрзаа да стасаат на погребот на Акри́та.
Множеството необичо отсекаде се собра
та просторот пред дворецот се исполни со народ.
А кој со зборој да опише тажачките им нивни,
лелеците и солзите, несреќата им страшна?
Од болката преголема споулавени се сите,
час едни коси корнеа, час други брада скубат
викајќи: земјо, стреси се и ти вселено жали,
а ти сонце помрачи се и скриј ги твојте зраци,
месечино ти потемни, нек згаснат твојте лачи,
светилата ги згаснете и вие ѕвезди сите,
зар ѕвездата најблескава што светеше на светот,
тој Дигенис Василиј наш сред младите ни украс
и верната му сопруга сред жените си славна
ненадејно заминаа од светот овој во ист час.
Вљубеници, пријатели на храброста, ај сега
тажете го најхрабриот благородник Акрита,
жалете го најсилниот, најстрашниот од сите
што секој душман можеше во светот да го сотре,
наградувајќи нѐ пак сите нас со траен мир и спокој.

[11] Препевот е направен на изворниот византиски петнаестерец (*по̄лӣтӣчки стӣих*) според критичкото издание на грчкиот оригинал на епот *Διγενὴς Ἀκρίτης* – Гротаферата верзија: *Digenis Akritis. The Grottaferrata and Escorial versions.* Edited and translated by Elizabeth Jeffreys. Cambridge, Univerity Press, 1998.

228 О, жени вие плачете по вашта убост свидна
229 што горди сте на прелеста и младоста ве крепи,
230 тажете ја невестата, најмудрата од сите.
231 Ох, леле, каква несреќа! Ненадејно две ѕвезди
232 што блескаа на светот ни, пред времето ги снема.
233 Со тие зборој тажеа и жалеа без престан
234 присутните пред гробот на покојниците славни.
235 А откако испеаја пред гробот химни красни
236 и сé што беше в дворецот подарија на бедни,
237 со почест ги положија останките им нивни
238 во гробот над клисурата што високо си беше
239 крај место што од некои наречено е Тросис.
240 На висок свод се издига гробницата на Акрита
241 изградена необично од темно црвен мермер
242 за туѓинец гледајќи ја со благослов ја дари.
243 Поставена на висок врв од далеку се гледа,
244 зар она што е високо надалеку се види.
245 А потем се искачија што беа дошле сите:
246 големците, владетели и сите други луѓе,
247 та гробот го опколија китејќи го со венци
248 и почнаа да говорат облеани во солзи:
249 Поглејте кај е положен на храброста на врвот,
250 поглејте кај е положен тој Дигенис Акрита
251 на својте претци венецот, на младите им слава,
252 поглејте кај е положен тој цвет ромејски красен,
253 на царојте им гордоста, на видните им сјајот,
254 а ужас за лавовите и сите редум ѕверој.
255 Ах, леле, леле што бидна со таа силна храброст?
256 О, Боже, каде замина јунаштвото и моќта?
257 Та каде е сега стравот тој од самото му име?
258 Зар ако сал се чуеше за Дигенис Акрита,
259 обземеност од голем страв владееше кај сите.
260 Со таква милост младичот од Бога беше дарен
261 што името душманите ги гонеше во бегство.
262 Штом само ќе излезеше чудесниот да лови
263 ѕверовите си бегаа во жбуној да се скријат,
264 а сега е веќе заробен в гробницата му мала,
265 беспомошен, неподвижен, пред очите на сите.

Но, кој се толку осмели да врзе ваков јунак?
И кој непобедливиот го совлада со сила?
Тој Танатос најомразен и победник над сите
и Харон трижпроклетиот што душите ги сели
и Хад тој ненаситникот – убијците се тројца.
Безмилосни се тројцата што старо или младо,
убавина ил' добар глас погубуват и ништат.
Беспоштедни кон младите, не се срамат од стари,
не се плашат од моќните, кон богати без почит,
без чувство за убавина – та прав од неа чинат,
сал кал и пепел смрдлива од сето тоа прават.
Акрита сега чудесен во нивните е раце,
во гробот тој е заробен и земјата го пие,
а телото му убаво на црвите е гозба.
Во Хадот сега венее убавата му снага.
Но, која е причината што тоа нас нè снајде?
На Адам гревот тоа е и волјата на Бога.
Но, Боже Ти и Господе, доблесниот ни воин,
тој млад и личен човек што омилен е сегде
да умре зошто даде Ти, а не да биде вечен?
А Бог Отец одговара: „Та жив не ќе е никој
без смртта да ја види тој." Зар животот е минлив
и овој свет што видлив е, а славата е лажна.
О, Христе! Кога загинал на светов сличен нему[12]
на младите им цветот, а на храбрите пак слава?
О, Христе! Дај да воскресне и духот му се врати,
а ние да го видиме со жезолот во рака
па потем нека умреме и сите нек' нè снема.
О, залуд, залуд добрата во светот лажен овој,
богатството и љубовта и сета младост залуд,
а жално за грешниците што не знаат за покај,
за дрските во младоста и моќниците горди."
Тажејќи така длабоко за сите тие нешта,
кон дворецот заминаа собраните во толпа,
на погребот на светата и таа славна двојка.
О, Христе, Ти господару и творецу на светот,

[12] Т.е. на Дигенис Акрита.

302 Василиј благородниот, љубената ни рожба,
303 и младата му сопруга што нему слична беше
304 и сите што живееле со христијанска радост,
305 на овој свет штом дојдеш да душите им судиш,
306 о, Христе, тогаш пази ги и чувај ги од маки,
307 Ти од десно прибери ги, сред својте верни слуги.
308 А нас пак сите од Тебе што живот ни е даден
309 од душмани заштити нѐ и уште сила дај ни
310 за име да Ти славиме непорочно и крупно,
311 на Отецот и Синот му и Духот Свети исто
312 и Тројството еднородно, божествено и чисто
313 за долго и бесконечно во веки и веков.

РЕФЕРЕНТНА ЛИТЕРАТУРА

Beck, H.-G., 1971. *Geschichte der byzantinischen Volksliteratur.* München.

Grégoire, Henri, 1975. *Autour de l'* épopée byzantine. London: Variorum reprints.

Фрейберг, Л. А./Попова, Т. В, 1978. *Византийская литература эпохи расцвета IX–XV вв.* Москва: Академия наук СССР.

Jeffreys, Elizabeth, ed. and transl., 1998. *Digenis Akritis. The Grottaferrata and Escorial versions.* Cambridge: Univerity Press.

Сыркин, А. Я., Перевод, статьи и комментарии. 1960. *Диг̄енис Акрит̄.* Москва: Академия наук СССР.

Сыркин, А. Я., 1960. „К истории изучения Дигениса Акрита". *Византӣйский временник* 17, 203–226.

Попова, Т. В. 1985. *Византийская народная литература. История жанровых форм эпоса и романа.* Москва: Академия наук СССР.

Ricks, D., 1990. *Byzantine Heroic Poetry.* Bristol and New Rochelle.

Митевски, В., 1995. *Хомер и Прличев*, Скопје.

Vitomir MITEVSKI

BYZANTIN POEM *DIGENIS AKRITAS* AND THE SLAVIC WORLD

(Summary)

Digenis Akritas was very popular traditional poem not only in the Byzantine Empire but also in the Slavic world. It was translated in Slavic language in the IXth century and so was spread among the Slaves in the Balkan and Rusia.

Thanks to these historical circumstances there is a room to believe that some contact between this famous Byzantine epic poem and the traditional South-Slavic epics is possible. The analogies in the prosopography, the typical themes (battle scenes, arming of hero etc.) and the stylistic divices between *Digenis Akritas* and the Macedonian epic cycle on Marko the King show that there is a reason to expect some kind of influence.

On the other side, we can recognize the influence of this Byzantine poetry on the two poems written by Grigor Prličev, Macedonian poet of XIX century. The comparison between the lament scene over dead hero Digenis and the lament scene over dead hero Kuzman in Prličev's poem *Martolozot* shows some interesting common elements.

Antonija ZARADIJA KIŠ
(Zagreb, RH)

PROPOVIJED, STRAH BOŽJI I JUNAŠTVO – PUČKE SMJERNICE U KAČIĆEVU *RAZGOVORU UGODNOMU NARODA SLOVINSKOGA*[1]

Uzalud je smišljati što pokloniti znanstveniku, domoljubu, dragomu čovjeku i prijatelju. Mudrost je ta koja ga resi, mudrost je ta koju je stjecao junački se družeći s vremenom i znanjem – ta mudrost najbolje mu je i pokloniti.

Ali, otkuda nam Mudrost dolazi? (Job 24, 12)

... pokušat ćemo je pronaći u promišljanju na Kačićevu temu, koja „veliča plemićko i viteško poimanje čovjekova sudjelovanja u povijesnom razvoju"

(Perillo 2007: 9), njegov identitet i njegovu vrijednost.

*

Pristupajući *Razgovoru ugodnomu naroda slovinskoga*[2] fra Andrije Kačića Miošića (1704–1760), u kontekstu hrvatske pučke književnosti, bili smo vođeni trima temeljnim pojmovima, koji su usmjeravali naše istraživanje, a to su: *propovijed, strah Božji, junaštvo.* Upravo ovi pojmovi, koji se konstantno provlače kroz Kačićevo čuveno djelo, ističu unutarnju vrsnoću *Razgovora* kao pučke književne vrste univerzalnih odrednica. Preko njih se

[1] Ovaj je rad proširena verzija ranije studije na Kačićevu temu, *Intencije pučkoga u Kačićevu Razgovoru ugodnomu,* „Zbornik Kačić", god. 39–40, Split 2007–2008., str. 169–176.

[2] U ovom radu koristili smo se izdanjem *Razgovora ugodnoga naroda Slovinskoga* iz 1889. godine koji je za tisak priredio, prema izdanju iz 1759. godine, Odbor za Kačićev spomenik.

uspostavlja čvrst odnos između autora, koji pripada ustaljenom toposu *nekada* i recipijenta koji objedinjuje pojmove *nekada* i *sada,* a koji predstavljaju temeljnu i ukorijenjenu literarnu vezu s latinskom književnom tradicijom Kačićeva doba. Nije zato nimalo čudno što je popularnost djela dosegla takve razmjere, koji su se mogli uspoređivati s najpopularnijim nabožnim književnim vrstama, a što je razvidno u nazivima poput „pravi narodni brevijar" (Kombol 1961: 366) ili „pučki, narodni rodoljubni katekizam" (Bogišić 1974: 324; usp. Šundalić 2007.) i dr.

Razgovor ugodni nije samo jedna od niza predodžaba Turaka u hrvatskoj turkološkoj književnosti (Dukić 2004) već je jedan od možda i najbitnijih literarnih trenutaka u Hrvatskoj koji suprotstavlja pojmove junaštva i zločinstva, koristeći se usmenom epikom i povijesnim pripovijestima, primjerima junaštva i junaka te ustrajnosti u vjerskim i domovinskim idealima (Mijatović 2007: 315–329). „A oni kojima je bio na srcu duhovni razvoj nacije često su, šireći kulturu, prelazili iste putove kojima je išao i na koje je upozoravao pjesnik, shvaćajući da oni vode do srca jednostavnih ljudi" (Perillo 2007: 25) snažna duha, među kojima tolerancija i njezino doziranje ima presudnu ulogu, što je i do danas ostala aktualna tema mnogih rasprava.

Zbog svoje autentičnosti izraza koje gotovo i ne nalazimo u tadašnjem europskom okruženju, *Razgovor ugodni naroda slovinskoga* najsnažnije je poticajno djelo na pravcima razvoja hrvatske pučke književnosti. To je posebice razvidno u kidanju spoznaja o epu kao visokohijerarhiziranoj vrsti, što je važno poimati „za posvjetovljavanje svih tijekova književnosti... kao i za demokratizaciju kulture i uključivanje svih slojeva društva u čitalačku publiku." (Fališevac 1997: 16).

Propovijed

Propovijed[3] nije samo književni žanr, iznimno razvijen i tražen u 18. stoljeću (Zečević 1993.), već je to na poseban način oblikovano usmeno pripovijedanje, koje se tijekom stoljeća razvijalo, podlijegalo književnim i stilskim promjenama, a "u baroku se oblikuje po zakonima barokne poetike, promatrajući svijet ponajprije kao pozornicu povijesti" (Bratulić 1996: 6), što je razvidno kroz elemente učenosti i stečena znanja. Oblikovani odlomci povijesnih događanja na primjeru Kačićeva *Razgovora,* predstavljaju čvrstu

[3] U latinskom jeziku propovijed je *contio, oratio, praedicatio,* ali to je također i *predika, prodika,* no i *postila* i *homilija*. Iako se u širem značenju imenica *praedicatio* odnosi na objavljivanje, oglašavanje i širenje nazora, u njezinu užem značenju, ona objedinjuje pojmove slavljenja i hvaljenja (HER 2002: 1061) te bi ju u tom značenju valjalo imati na umu u kontekstu *Razgovora ugodnoga.*

znalačku sponu s još živim i bogatim srednjovjekovnim kulturnim nasljeđem, neodoljivo vezanim za Bibliju (Zečević 1978: 392–398; usp. Tomasović 1999: 194), no utemeljenim na njezinu oralnu izričaju.

O književnim izričajima europske srednjovjekovne kulturne baštine posebno se bavio Paul Zumthor (1915–1995), jedan od najvećih medievista s kraja 20. stoljeća, koji iznad svega ističe *la vocalité* tj. pojam usmenosti kroz koji se materijalizira srednjovjekovni tekst i u kojemu je *la voix,* tj. glas tekstološka inkarnacija (Zumthor 1987). *Usmenost* kao temeljno načelo srednjovjekovne proizvodnje tekstova uopće (Zlatar 2000: 23), glavno je polazište u tumačenju pučkih književnih pojavnosti promatranih u kontekstu propovijedi, kao što je to i Kačićev *Razgovor ugodni.*

Imajući na umu Kačićev epitet pučkoga govornika, *evangelicus contionator* (Eterović 1922: 22), čija je visoka naobrazba zadobila široke prosvjetiteljske smjernice, pučke elemente *Razgovora* valja tražiti kroz Kačićeve disputacije ili raspre te u propovjedničkim nadahnućima interpretatora Istine, kako povijesnoga tako i kršćanskoga naučavanja, jer:

... propovjednik se trudio pronaći prikladne riječi i izravno izraziti Istinu (Eccl 12, 10)

U našem kontekstu valja imati na umu značaj javnih intelektualnih bogoslovnih rasprava, *oppositiones theologicae,* koje su bivale uobičajene u Kačićevo vrijeme, predstavljajući snažan odraz srednjovjekovnih intelektualnih nadmetanja učenih pojedinaca čiji je cilj dokazivanje Istine. Prisjetimo se one najstarije i Slavenima dobro znane, Ćirilove disputacije iz oko 867. godine u Veneciji koja je duboko odjeknula među učenim svijetom (Bratulić 1985: 76–78), a potom i one Kačićeve u Šibeniku (s tragičnim ishodom) tijekom koje „fra Andrija su dva velika oka omieri onoga *božijega pievca*; ter kakono sokol, naleti na njega; i su malo besiedah *O uputjenu Sina Božjega* svlada ono ponosito momče, koje se zamrsi i zastidi; tako da od ljutine, do osam danah crče!“ (Eterović 1922: 22).

U razmatranju istinitosti Kačić sam priznaje da se koji put otklonio od Istine, naglašavajući pritom da ipak svaka njegova pjesma „ima dobar temelj od istine“ (Matić 1956: 12), koji autoritativno, po uzoru na starozavjetna *Propovjednika,* prenosi Kačićev „starac Milovan“. Njegova je Istina oblikovana na iskustvenim granama života i **mudrosti,** koje spontano izviru iz autorova životnoga poziva franjevca vješta u dijalektici i majstora u retorici. To su i temeljni društveno-obrazovni preduvjeti, koje nalazimo u oblikovanju književna djela namijenjena izravno **puku**, u čemu je naš „starac Milovan“ kao *propovjednik* i pronositelj Istine ostao nenadmašan.

Kompleksnost Kačićeve sveukupnosti znanja i rada, rezultirala je u propovjednom smislu neobičnom i lako prihvatljivom alternacijom *kronikata* i *fabulata* od kojih je prvi odlika proze, a drugi stihova (Botica 2003: 42). Razrađena jednostavnost autorova priopćavanja počiva, dakle, na tvrdu temelju sazidanu od istine, čovjekove svakodnevice katkad grube i neravne s mnogim ponorima i jamama, ali sada ugodno prihvatljive zahvaljujući „nastojanju siromaha Milovana" (Matić 1956: 12). Specifične propovjedničke oblikovne elemente Kačićevih iskustava, tj. prezentacije mudrosti učena čovjeka puku koja je utemeljena na utvrđenim književnim i osobito znanstvenim[4] spoznajama, Kačić iznalazi u elementima legendi i bajki (varijante *Ljetopisa popa Dukljanina*, Orbini, Marulić) (usp. Šanjek 2007: 309–313) te posebice u martirologijima i hagiografijama (Bedeković, Lučić, Glavinić, Posilović) (usp. Jurišić 2007: 399–419), no ni u jednom trenutku ne odstupajući od principa „straha Božjega", jer kako piše u mudrosnoj *Knjizi o Jobu:*

Strah Gospodnji – eto što je mudrost;
zla se kloni – to ti je razumnost. (Job 28, 28)

Taj imperativni biblijski propovjednički iskaz znan od davnina, a nerijetko potreban i danas, valja promatrati unutar već spomenuta toposa *nekada / sada,* ustaljena još od srednjega vijeka. On je kod Kačića, iskusna propovjednika, naširoko razvijen i vrlo produktivan. Propovijed je, kako je već poznato, pisani način izražavanja usmenosti. Usmenost je *nekada,* a propovijed je *sada.* Ona nastaje u sadašnjosti i „suprotstavlja se sadašnjosti u ime vječnosti. Sadašnjost je, naime, vrijedna ako je prožeta vječnošću, što znači da je vrijedna ukoliko je sakralizirana i usmjerena brigom na čovjekovo spasenje." (Zečević 1993: 8).

Propovjedni smisao *Razgovora* ogleda se, dakle, sadržajno u isticanju čovjekovih vrednota i vrlina, a time i brigom za njegovo poštenje i spasenje. Ustaljene formule kojima se na početku iskaza želi podcrtati istinitost, iskrenost i poštene nakane, a time i briga za sveopću vjeru i spasenje, ističu se iskazima emotivne nabijenosti kojima se skreće pozornost čitatelja ponajprije apostrofiranim veznicima, uzvicima, rječicama, a napose uporabom imperativa:

Ter ovako starac besiđaše (1),
Poslušajte gospodo (7),

[4] Riječ je o različitim povijesnim izvorima koje spominje sam Kačić, a odnose se kako na hrvatske tako i na talijanske autore poput: Vitezovića, Farlatija, Vramca, Mrnavića, Šižgorića, Crijevića, Zavorovića, Slade, Bedekovića, Lučića i drugih (Botica 2003: 43–57).

... nu poslušaj nauk majke tvoje (9),
Majka njemu besidila biše (28),
U knjizi je njemu besidio (29),
Al poslušaj, dragi pobratime (94),
Nu poslušaj, moj mili brajane (94),
Al da ti je, pobre, poslušati (94) itd.

Učestalom uporabom imperativa kao važna elementa stilskoga rekvizitorija za postizanje unutarnje napetosti izraza, kojega su obilno rabili srednjovjekovni pisci, a kojega je Kačić nasljedovao i znalački primjenjivao, stvara se „ugođaj koji je svojom patetikom i emfatičnošću sukladan duhu srednjovjekovne književnosti" (Hercigonja 1983: 407).

Uporabom viševezničkih rečenica, tj. polisindeta kao stilske figure koja se odlikuje izražajnošću, posebice u biblijskoj sintaktostilematici, Kačić je znalački i vrlo često rabi. Zapažamo tako da je u Kačića najslušniji sastavni veznik *ter* (*tere*), široke izražajne funkcionalnosti (RJAZU 1962–1966: 216–222), a potom veznik *i* koji najčešće alternira s prethodnim u polisindetu

...i gradove bile preuzeo, ter ih daje posinku svojemu (35),

zatim *pak* i *i*

pak otiđe k ravnoj Arbaniji, i s njime je trista Arbanasa (23),

ali i *već*

ali mu se ino ne mogaše, već mu daje ključe bila grada (23) itd.

Uporaba takvih elemenata je uočljiva, ali ne i pretjerana, čime deseterački iskazi dobivaju posebnu slast, dragu pučkom slušateljstvu, uz pojačanu ekspresiju i dodatni psihološki efekt.

Knjigu piše od Kotara kneže
po imenu starac Radovane,
***ter** je šalje pobratimu svome...*
U knjizi ga lipo pozdravljaše
***Ter** ovako starac besiđaše...*
Kadno lani prođe niz Kotare
I ponese gusle javorove
***Ter** zapjeva pjesmu od junaka,...* (1).

Nakon ponovljena veznika ili rječice, čitateljeva se pozornost svaki put s napetošću zadržava uz izraz, rečenicu ili opis koji slijedi čime se postiže

zahtijevani psihološki efekt – napetost u čitatelja. Dubljim tekstološkim seciranjima potvrđuje se vrlo snažna veza s hrvatskim srednjovjekovnim književnim korpusom, posebice onim neliturgijskim, kojega je Kačić bez sumnje dobro poznavao, nasljedujući ne samo stilska sredstava svojih prethodnika, već ih uspješno modelirajući i primjenjujući u svojima djelima.

Nekolicina gore navedenih primjera iz *Razgovora* kao da su literarna transformacija nešto ranijih, kasnosrednjovjekovnih i vrlo popularnih vizualnih načina skretanja pozornosti čitatelja koji su iskazivani u prikazivanju ruke s istaknutim kažiprstom uperenim na određeno mjesto u tekstu (Zaradija Kiš 2001: 10). Crtež ruke u srednjovjekovnih pisaca je vizualizirani simbol autorova znanja, koje želi svakako prenijeti recipijentu.



U Kačića, ako to nije sam autor, onda je to mudra osoba koja se pojavljuje u liku majke ili iskusna starca.

Propovjedničko-moralizatorski ton *Razgovora* s hvalospjevno-molitvenim naglaskom (Šundalić 2007: 162–166) Kačić izvrsno razvija na temeljnim stilskim elementima spomenuta toposa *nekada* i *sada* u kojemu se ističe oda junaštvu stvaranu *nekoć,* a opjevanu i u vječnu slavu uzdignutu *sada.*

Strah Gospodnji / junaštvo

Najomiljenija tema pučke književnosti zasigurno su junačka djela ratnika koja kod Andrije Kačića Miošića zauzimaju jedno od najvažnijih mjesta u *Razgovoru ugodnomu* ponajprije zbog općih povijesno-socijalnih prilika autorova vremena i onoga koje mu je prethodilo (Mijatović 2007: 315–329). Ishodište junaštva pritajeno je u strahu pred Gospodinom te dolazi do izražaja tek nakon eksplozije potaknute akumulacijom osjećaja, što je u Bibliji najbolje iskazano u priči o Juditi i Jobu. Njihovim razumijevanjem stvara se temeljni preduvjet tumačenja junačkih djela i Kačićevih junaka koja nisu od jučer. Kult junaka u Kačićevu *Razgovoru* valja povezati s razvijenim kultom junaka u starih Grka, gdje junaci dosežu stupanj gotovo mitoloških bića. To je način na koji se utire put poimanja važnosti junaka u socijalnu i moralnu

odgoju društvenih zajednica, u kojima tijekom stoljeća upravo junaci postaju identifikacijske reference lokalne povijesti (Cabouret 2004: 20–21).

• ***Strah Gospodnji*** je najsnažnija pokretačka misaona i djelotvorna energija čovjeka koja se u Kačićevu *Razgovoru* oblikuje i iskazuje putem *junaštva* (usp. Grbavac 2007: 389–395). Strah Gospodnji je „čovjekov pozitivni, zaštitni strah" (Zečević 1993: 67), koji mu daje gotovo nadnaravnu moć za ostvarivanje sigurnosti – jer strah rađa potrebu za sigurnošću.

Tko se boji Gospoda – velik je zauvijek (Jud 16, 16),

juditovski je topos koji prožima gotovo svaku pjesmu, a izrečen je na duži ili kraći način:

... slavimo lipo ime Isusovo (24);
Turci zovu sveca Muhameda, a kršćani ime Isusovi (24);
Hodi s Bogom, drago dite moje, ne privari svete vire tvoje! (23);
Nisu Turci, nego braća vaša, koji jednu viru virujemo (28);
u njega (u Jure Kastriotića) *je srce milostivo, milostivo i Boga bojeće* (33),
itd.

Kad je pak riječ o kvazijunacima strah se izriče antitezom, točnije litotom:[5]

To govori, al Boga ne moli (26).

РУСКАТА СЛАВИСТИКА И ЗБОРНИКОТ НА БРАЌАТА МИЛАДИНОВЦИ

Во првите четири десетлетија од XIX век се конституира чешката, виенската, полската, руската, балканско-словенската и другите европски славистики како систематско познавање на словенската филологија, т.е. пред сè на јазикот, книжевноста, древните словенски книжевни споменици, етнографијата и фолклорот, археологијата итн. на словенските народи. Нека ми биде дозволено на почетокот да ги цитирам зборовите на истакнатиот руски славист, етнограф, литературовед и историчар на културата Александар Николаевич Пипин (1833–1904): *В первой четверти XIX века полагаются первые прочные основы истинно научного исследования древности и языка.*[1] И малку понатаму: *Настоящее славяноведение как в смысле непосредственного ознакомления с целым составом славянского племени, так и в смысле научного исследования, принадлежит у нас только XIX в.*[2]

Првите руски слависти, на пр. Осип Максимович Бодянский (1808–1877), Петр Иванович Прејс (1810–1846), Измаил Иванович Срезневский (1812–1880), Виктор Иванович Григорович (1815–1876) и некои други се школуваа во Прага и во некои други славистички центри. Знаеме како интензивно и систематски се интересираше за словенските писма, за црковнословенскиот јазик и старини, на пример, Павел Јосеф Шафарик (1795–1861). В. И. Григорович патуваше по Балканот (1844–1847), ја посетил, меѓу другото, Света Гора, Солун, Охрид, Буга-

---

[1] Пыпин, А. Н.: *Русское славяноведение в XIX столетии,* Вестник Европы, 1889, кн. 7, с. 238–274, кн. 8, с. 683–728.

[2] Пак таму, с. 238.

рија и други места и насобрал многу уникални словенски ракописи. На враќање од Балканот директно отиде во Прага да го информира П. Ј. Шафарик и другите чешки слависти.

Од шеесеттите години на XIX век, кога стапи во сила новиот закон за универзитетите и кога се појави нова славистичка генерација, славистиката ја фиксира својата позиција како севкупност од научни дисциплини за Словените.

Во втората половина од XIX и во првите десетлетија од XX век руската славистика разработила некои општотеоретски и конкретни прашања од областа на споредбената словенска граматика, дијалектологијата, јазичните контакти, историската фонетика, фонологијата и др. Значајна улога изигра т.н. московска школа на чело со Филипп Федорович Фортунатов (1848–1914) и казањската школа со Ј. Бодуен де Куртене (J. Baudouin de Courtenay, 1845–1929). Во почетокот на XX век рускиот филолог Григориј Андреевич Илински (1876–1937) посебно внимание посвети, меѓу другото, на српскиот јазик. Во почетокот на XX век излезе од печат монографија за кајкавското наречје. Неколку руски слависти се посветија на изучувањето на бугарската граматика, фонетика, морфологија и литература.

Почнувајќи од втората половина на XIX век руските слависти сè посистематски започнаа да се интересираат за словенската лексикографија. Разработуваа толковни и двојазични речници. Руската славистика во XIX век трајно се интересираше за сè што се случуваше на Балканот. Руските слависти мошне последователно го проучуваа особено најстариот период на словенската писменост и култура, кирилометодиевскиот период, најстарите литературни споменици, прашањата околу создавањето на глаголицата и кирилицата итн.

Истовремено руските слависти се занимаваа и со создавањето на наводно најстари *народни песни*, какви што беа мистификациите на Чехот Вацлав Ханка (1791–1861). Еден од основачите на руската славистика, Измаил Иванович Срезневски (1812–1880), на пример, препорачуваше т.н. Краледворски и Зеленогорски ракопис да се преведат на сите *словенски наречја*. Во врска со нашата тема ќе подвлечеме дека прва рецензија за зборникот *Български народни песни* напиша Чехот Мориц Фиалка (1809–1869) и по него И. И. Срезневски, кој, слично на Фиалка, многу позитивно го оцени и го карактеризира зборникот на браќата Миладиновци.[3]

[3] Види: *Известия Императорской Академии Наук, по отделению русскаго языка и словесности*, том X, 1861–1863, стр. 413–414.

Да забележиме веднаш на почетокот дека во структурата на руската славистика, за разлика, на пример, од германската и виенската славистика, се појавија разни и различни тенденции. Во втората половина од XIX век таа во универзитетската обука и во истражувачката практика се ориентираше кон еден доста широк дијапазон на славистичката дејност, која опфаќала не само филолошки прашања, туку и прашања од други општествени науки, пред сè од историографијата.

Во 1863 година беше примен новиот универзитетски закон и настапи на научната сцена нова генерација руски слависти, која беше многу покритичка кон други концепции и авторитети. Се раширија истражувачките интереси, пред сè руската славистика започна да ја изучува историјата на словенските народи. Но според универзитетскиот закон од 1884 година славистиката се развиваше пред сè или исклучително во катедрите за словенска филологија. Во нив преовладуваше лингвистиката. Значи дека во тој период таа имаше претежно филолошки карактер. Имињата на лингвистот, фолклористот и литературниот критичар Фјодор Иванович Буслаев (1818–1897), потоа на лингвистот и текстологот Алексеј Александрович Шахматов (1864–1920), на водачот на т.н. Московска лингвистичка школа Филипп Фјодорович Фортунатов (1848–1914), на лингвистот и литературен историчар Роман Фјодорович Брандт (1853–1920), филологот Григориј Андреевич Иљинскиј (1876–1937), славистот и палеограф Вјачеслав Николаевич Шчепкин (1863–1920), на литературниот историчар и фолклорист Александр Николаевич Пыпин (1833–1904), којшто заедно со Владимир Данилович Спасович (1829–1906) ја напиша првата историја на речиси сите словенски литератури (1879–1881), и литературниот историчар и теоретичар Александр Николаевич Веселовскиј (1838–1906), најзначајниот претставител на споредбено-историскиот метод, трајно се запишаа во историјата на европската славистика.[4]

Кон нив секако спаѓа и името на Александр Львович ДЮВЕРНУА (24 август 1840 во Москва – 16 март 1886 Москва), професор по *славјански наречија* на Московскиот универзитет.

Името на овој истакнат руски славист, кој има големи заслуги за познавањето и изучувањето на словенските јазици (според тогашната терминологија *словенски наречија* на единствениот *славјански јазик*) до ден-денес остана, за жал, пред сè во Македонија и Бугарија, па и во другите словенски и несловенски земји, речиси сосема непознато. Во

[4] *Славяноведение в дореволюционной России*. Биобиблиографический словарь, изд. Наука, Москва 1979.

руските енциклопедиски прирачници за него се забележува дека *в истории русской славистики Дювернуа остается прежде всего автором болгарского словаря, талантливым преподавателем славистических дисциплин в университете, с которым он бил связан в течение 30 лет.*[5]

Ќе видиме подолу каква беше во XIX век во Русија и во Бугарија состојбата во областа на словенската лексикографија и во што фактички се состојат заслугите на А. Л. Дјувернуа. Постоеше дотогаш грчко-бугарскиот дел од речникот на Неофит Рилски (1793–1881). При своето патување низ Македонија и Бугарија во 1844–1845 година го видел рускиот славист Виктор Иванович Григорович (1815–1876). Но, за жал, речникот на Н. Рилски остана недовршен. Неговиот втор дел (бугарско-грчки) авторот успеа да го доврши само до буквата **о**.

Бугарскиот поет, лингвист и дипломат Најден Геров (1823–1900) со својот прв потполн петтомен *Речник на блъгарскиј јазик с тлъкување на речити на блъгарскиј и руски* (1–5, 1895–1904), кој содржаше богат материјал од живиот, разговорен јазик (слично на *Срп̄ски рјечник* на Вук Ст. Караџиќ) тогаш имаше стигнато само до буквата **в.** Ниту неколку кратки речници и словоуказатели, какви што беа тие два речника кон на германски јазик напишаната граматика[6] на браќата Антон (крај на XVIII в. – 60-те години на XIX век) и Драган (1828–1911) Цанкови или оној краток речник со граматика на Петар Алексеевич Бессонов (1828–1898) додаден кон вториот дел од изданието на неговата збирка *Болгарские песни из сборников Ю. И. Венелина и Н. Д. Катранова и других болгар* (1–2, 1855), како и краткиот речник на Љубен Каравелов (1834–1879) кон неговата на руски јазик издадена книга *Памятники народнаго быта болгар* (1861), не можеа никако да ги задоволат потребите на руските слависти и на славистите од другите европски земји. Постоеше уште еден Бугарско-англиски (1860) и еден Француско-бугарски (1869) и Бугарско-француски речник (1871) составен од *големиот пурист, ковач на нови зборови* (како што го нарече поетот и прозаистот Иван Вазов во еден епиграм) Иван Богоров (1820–1892). Оттогаш зборот „богоровштина“ стана синоним за претеран јазичен пуризам.

Сосема заборавен и речиси наполно непознат остана еден македонско-бугарско-српско-руски речник од 1882 година. Како додаток тој е составен дел од зборникот на историчарот на јужнословенските

[5] Пак таму, стр. 153.

[6] *Grammatik der bulgarischen Sprache*, Wien, 1852.

литератури Владимир Василјевич Качановски (1853–1901) *Памятники болгарскаго народнаго творчества.* Выпуск 1–й (1882).

Имено собирањето и издавањето на бугарски, македонски и српски народни песни, обичаи, пословици и поговорки се главна заслуга на рускиот *специјалист по словенска филологија. Речникот* на В. В. Качановски не само што покрај српски и бугарски содржи и македонски зборови, туку во заграда дава транскрипција и објаснениј за потеклото на зборот, т.е. дали е од турско или грчко потекло и наведува во кое село е запишан (зборот, односно песната). В. В. Качановски на крајот, меѓу другото, зебележува дека Речникот содржи и зборови што не се ексцерпирани од објавените песни и додава: *Составитель словаря нашел возможным сделать это на том основании, что он таким образом желал представить пробные листы думаннаго им обстоятельнаго болгарскаго словаря по говорам, отсуствие котораго сильно чувствуется в науке.*[7]

Иако В. В. Качановски претежно се занимаваше со историјата и литературата на Јужните Словени, тој соработуваше со бугарско-рускоукраинскиот славист Марин Дринов (1838–1906) при составувањето на еден речник на бугарскиот јазик што остана до ден-денес недовршен и необјавен.

А. Л. Дјувернуа, ученик на познатиот славист Осип Максимович Бодјански (1808–1877), две години (од 1865 г.) специјализирал во странство (Прага, Виена, Тибинген, Берлин, Хејделберг) и подготвувал споредбена граматика на индоевропските јазици. Во тие години тој интензивно се занимаваше со прашања од областа на славистиката. Неговото внимание го привлекле пред сè ракописните материјали што се наоѓале во прашката Национална библиотека и во Виенскиот универзитет. По враќањето од странство Дјувернуа заштити магистерска дисертација *за историските наслојувања во словенското зборообразување.*

И кога во 1869 година беше О. М. Бодјански пензиониран, Дјувернуа ја зазеде на Московскиот универзитет Катедрата за словенска филологија. Пет години подоцна (1872) тој ја одбрани докторската дисертација *за системот на основните елементи и облици на словенските наречја* и стана вонреден професор, подоцна – од 1877 година – редовен професор.

---

[7] *Памятники болгарскаго народнаго творчества*, вып. 1, Сборник западно-болгарских песен с словерем, Спб., 1882, стр. 558.

Почнувајќи од седумдесеттите години на XIX век А. Л. Дјувернуа неколку години засилено работеше врз подготовката на материјали за речникот на старорускиот јазик.[8] Материјалите беа издадени постхумно и *заслужено добија висока оценка.*[9]

А. Л. Дјувернуа осозна дека кога предава историја на словенските јазици нема при рака никакви речници на бугарски јазик. Затоа последните години од својот живот тој им ги посвети на составувањето на *Речник-от на бъ̀гарскиот јазик* (*Словарь болгарскаго языка по памятникам народной словесности и произведениям новейшей печати*) за кој пред сè овде станува збор.

И кога руските војски во 1877–1878 година успешно војуваа против турските поробувачи и ја ослободија Бугарија, Александр Львович Дјувернуа започна да го составува погоре наведениот речник. Речничкиот материјал го експерпирал од спомениците на народното творештво и од делата издадени во поново време, како што гласи поднасловот.

Во летните месеци на 1880 година А. Л. Дјувернуа ги посети јужнословенските земји и Бугарија, се запозна со живиот бугарски јазик и се снабди со низа издадени бугарски книги што по враќањето ги искористи за експерпција на речнички материјал. По шест години усилена работа А. Л. Дјувернуа се убеди дека материјалот е веќе доволно богат и започна со печатењето на *Речникот*.

Првиот дел излезе од печат на 6 април 1885 година, кога во Русија и во некои други словенски земји се славеше илјадагодишнината од смртта на Методиј. Имено од тогаш, т.е. од Денот на св. Методиј, Руската православна црква започна да го чествува споменот и делото на солунскиот филозоф и просветител. А. Л. Дјувернуа на Московскиот универзитет одржа *Реч за блаженият Методиј, словенски пръвоучител* имено на 6 април 1885 година.[10] Истата година беше даден за печат и вториот дел од *Речникот* но, за жал, тој излезе по смртта на авторот, којшто почина на 16 март 1886 година.

А. Л. Дјувернуа *Речникот* му го посвети на својот учител, професорот Петар Николаевич Кудрјавцев.

---

[8] Пак таму, стр. VI.

[9] *Материялы для словаря древнерусскаго языка*, Москва 1894.

[10] *Блаженний Мефодий, первоучитель славян.* Речь, произнесенная в Московском университете … 6 апреля 1885 г., Москва 1894.

Другите два дела од *Речникот* излегоа веќе по смртта на А. Л. Дјувернуа (во 1887–1889г.). Дел од буквата П беше подготвена за печат од тогашниот *кандидат на историско-филолошкиот факултет на Петербуршкиот универзитет* Борис Михајлович Љапунов (1862–1943), кој се занимаваше претежно со прашања од споредбената граматика на словенските јазици.

Во печатењето на *Речникот* учествуваше и сопругата на А. Л. Дјувернуа Галина Александровна, која не само што му помагаше на својот сопруг, туку го научи бугарскиот јазик и ја подготви за печат буквата Е и дел од буквата З. Од учениците на Дјувернуа по неговата смрт учествуваа во изданието на *Речникот* и Вјачеслав Николаевич Шчепкин (1863–1920), којшто ја напиша буквата К, и Петар Алексеевич Лавров (1856–1929), автор на Предговорот, на дел од буквата Д и на буквите З и И, потоа врвниот лингвист Фјодор Евгењевич Корш (1843–1915). Веќе споменатиот бугарски историчар, етнограф и лингвист Марин Дринов (1838–1906) и дури бугарскиот поет Тодор Г. Влајков (1865–1943) кој тогаш (1886–1888) студирал во Москва филозофија и станал приврзаник на идеите на Л. Н. Толстој. Марин Дринов напиша за *Речникот* на Дјувернуа и една опширна рецензија, која заедно со рецензијата на Геровиот *Бъ̀лгарски тълковен речник* стана теоретска основа на бугарската лексикографија.[11]

Речникот на А. Л. Дјувернуа претставува еден импозантен труд. Тој има вкупно (заедно со предговорот, белешките, поправките итн.) 2696 страници. *Для своего времени* – пишува руската славистика – *словарь Дювернуа был событием. Некоторое время он оставался лучшим пособием в этой области и до сих пор не потерял своего значения.*[12]

Авторот во својот *Вовед* кон *Речникот* на цели 24 печатени страници дава преглед на самогласките во бугарскиот јазик. Во него Дјувернуа користи информации пред сè од статии на Ватрослав Јагиќ и Фран Миклошич. *Прѣгледот* на Дјувернуа има изразит споредбен карактер, бидејќи во него авторот дава примери од другите словенски јазици. Освен од српскиот јазик, во *Воведот* (како и во самиот *Речник)* при објаснувањето, толкувањето на одделни зборови наведува примери и од полскиот и чешкиот јазик. *По лествице родства, болгарский язык обикновенно группируется с сербским, и в сравнительной грамматике*

[11] Види: *Записки Академии Наук*, 1893, том 70, прил. 2.

[12] *Славяноведение в дореволюционной России.* Биобиблиографический словарь, изд. Наука, Москва 1979, стр. 153.

Миклошича он занимает среднее место между славянским и сербским. Найболее индивидуальную особенность сербскаго языка составляет чрезвичайная его просодическая живость – пишува Дјувернуа.[13]

Анализирајќи го принципот на словенската прозодија А. Л. Дјувернуа забележува една суштествена разлика, која е поголема од таа меѓу српскиот и бугарскиот јазик. *Прозодијата,* пишува тој, *е најдуховниот елемент на вокализмот, се однесува на сиот организам на јазикот.*

Интересно е да се подвлече дека Дјувернуа пишува за словенските наречја (славянские наречия), за хрватското (*мы не касаемся вовсе аналогических явлений просодии наречия хорваскаго)* и македонското наречје, но и за бугарскиот или српскиот јазик. Кога пишува за звучноста на самогласките, тој меѓу другото забележува: *Совершенно такое же тяготение к звучной согласной обнаруживает болгарский глагол цафтя (цвету, срб. цвјетати).* И продолжува: *Последнее образование, употребительное в литературном языке для длительнаго вида этого глагола, в македонском наречии заменяется формой цутам, цуткам: Кога трандафил цутеше, секој му душа љубеше.* Примерот е земен од Зборникот на Миладиновци.[14]

Населението на Македонија авторот го означува како македонски Словени или како македонски Бугари. Во тогашната руска славистика и историографија за македонското словенско население тоа беа нормални термини. Кога Дјувернуа пишува за изговорот на темниот вокал **ъ** тој вели дека во македонските говори тој се заменува со вокалот **о** или **а.** Врз основа на тоа, како што е познато, Павел Јосеф Шафарик (1795–1861) направи чуден заклучок *о специфическом сродстве македонских Славян с Славянами ильменскими.*[15] Изговорот на темниот вокал **ъ** и **о** во западна Македонија, вели Дјувернуа, го сближува ово наречје со словенечкиот јазик, во кој темната согласка (полугласка) е насекаде заменета со **о.**

По славистот Виктор Иванович Григорович (1815–1876) беше денес воопшто непознатиот руски филолог-лингвист Петар Спиридонович Билјарски (1817–1867) втор руски славист, кој му обрна внимание

---

[13] *Словарь болгарскаго языка.* По памятникам народной словесности и произведениям новейшей печати. Составил А. Дювернуа, вып. 1, Москва 1885, стр. II.

[14] Пак таму, стр. XIV.

[15] Пак таму, стр. XV.

на македонскиот ринезам (во рефератот за средно-бугарскиот вокализам што го прочита на седницата на Руската академија на науките на 7 мај 1847 година). Неговите заклучоци *нашли подтверждения и оправдания в наблюдениях, сделанных в последнее время при тщательнейшей записи звуков македонскаго наречия в его народных песнях.*

Такви набљудувања изврши Бојаџиев којшто во 1882 година објави во бугарското *Периодическо списание* редица народни песни запишани во Велешко. Тој со низа примери од македонски народни песни ја потврди замената на носовките со **ја** или **а** *как в области Велеса, так и в болъшей части Македонии.* Според А. Л. Дјувернуа изговорот на темниот вокал **ъ** како **а** (матен, рака, мака, маж) бил не само во Македонија, туку и во Софија, Ќустендил, Етрополе и други градови кои беа во составот на тогашното бугарско кнежевство.

А. Л. Дјувернуа е, значи, трет руски славист кој уште во осумдесеттите години од далечниот деветнаесетти век пишуваше за носовоста (назализмот, ринезмот) во Македонија и своите заклучоци ги документира со примери во *Воведоѿ* и во *Речникоѿ* преземени од зборникот на Стефан Верковиќ *Народне пѣсме македонских бу҃гара: ванзалив (Ми љулајте моето љуби високо, Че е дрво мрављиво, Че е вуже ванзаљиво, Ке се скине, ке да падне), гринда, канкал, канкалив (Та година зла скунија, Шиник жито за флорина, Бар да е жито како жито и то ми е канкаливо).* Во Костур и во неколку села западно од градот, пишува Дјувернуа, бугарскиот научник Марин Дринов (1838–1906) запишал форми: *многу рендови* (од еднина ред), *јензик ме боли, гренда, сто и пендесе куки или кашчи* итн.

Списокот на источници од кои Дјувернуа извлече материјал содржи исто така и неколку важни македонски извори. Тоа се зборниците на Ст. Верковиќ *Народне пѣсме македонских бу҃гара* (1860) и *Веда Словена*, книга прва (1874), потоа *Български народни песни* собрани од браќа Миладиновци, Димитрија и Константина, и издадени од Константина (1861), записите на македонски народни песни објавени во *Периодическо списание* и преводите на Огист Дозон на француски.[16]

Како што пишуваше Петар Алексеевич Лавров (1856–1929) во својот *Предѓовор* кон *Речникоѿ: Лучшие сборники народной поэзии и быта както братьев Миладиновых, Безсонова, Верковича, Чолакова и Каравелова дают богатый запас чисто народнаго языка с его особенностями.*

[16] Dozon A.: *Chansons populaires bulgares identitès.* Paris, 1875.

Во случајов е важно што *Речникот* на Дјувернуа содржи потполн или претежен дел илустративен материјал од Зборникот на Миладиновци и од лексиката на македонската народна поезија дотогаш позната на руската и на европската славистичка наука. Значи дека проучувањето на *една опширна и скоро неначната област за изучување*, како што забележа Блаже Конески,[17] го започна рускиот славист А. Л. Дјувернуа, кој, за жал, до ден-денес остана за македонските лингвисти непознат. Неговото име не го наоѓаме во списокот на ексцерпираните изданија со кои се послужија авторите на *Речникот на македонската народна поезија*.[18]

Петар А. Лавров високо ја оценува обработката на зборовните групи во *Речникот* богати со примери од народното творештво и од бугарската оригинална и преводна литература, важни за фонетските, етимолошките и синтактичките односи. *Понятное дело,* пишува П. Лавров, *мы никогда не опускаем примеров из народных песен и пословиц, как найболее выражающих дух языка.*

Големо внимание авторот му посветува на *Речникот* на придавките. И тоа не само од граматичка, туку и од уметничка гледна точка. Тој секоја придавка, употребена како постојан епитет, поконкретно ја карактеризира и дава исцрпни примери, сите речиси потполно од македонската народна поезија. На пример: *Белканка*, епитет за девојка (*Намерил Ганка Белканка* – Миладиновци, 76) *Белопола,* епитет на жена (*Се кметици белополи* – Миладиновци, 10). Кај придавката *бел,* означена како *постојан епитет на луѓе, пред сè на жени,* дава и други седумнаесет значења за означување на пченица и ориз, на растенија, на пена и вода, на чад и пепел, на животни и птици, сребро и пари, патишта и хартија, свеќи итн., на цели две страници дава примери од зборникот на Огист Дозон и од Зборникот на Миладиновци (*Сватоj, бели сватоj,* Миладиновци, 4. *Мито, мори Мито, бела Русуменке*, Миладиновци, 75, *бела погача,* Миладиновци, 67. *Појди, Јано, ми донеси, Од бел Дунав студна вода,* Миладиновци, 19 и други). Со примери се богато застапени придавките – епитети *сив, сива, сиво: Сиво стадо, сиво орлиште, Сиви бели галабе, Под румени чадир сиви конји,* сите преземени од Зборникот на Миладиновци.

---

[17] Конески Б.: *Јазикот на македонската народна поезија*, Скопје 1971, стр. 50.

[18] *Речник на македонската народна поезија*, том 1, А-Г. Под редакција на Тодор Димитровски, Скопје 1983, стр. XVII–XXIII.

За предлогот ***на***, на пример, Дјувернуа на цели две страници наведува примери, претежно од зборникот на О. Дозон и на Миладиновци. Во *Речникоѿ* на Дјувернуа се означени со ѕвездичка (слично, на пример, како во Караџиќевиот *Српски рјечник*) сите зборови преземени од турскиот јазик. Интересно е да се одбележи дека Бугарите и Македонците (па и другите балкански народи) преземаа турски зборови во таква форма (во таков облик) како што зборот го изговараше простиот турски човек, не како тој звучел во турскиот литературен јазик. Честопати турскиот збор во македонскиот и во бугарскиот (па и грчкиот) јазик се разликува не само формално туку и по значење, бидејќи е примен со едно од многуте турски значења.

Речникоѿ на А. Л. Дјувернуа за кој овде станува збор, е интересен и од неколку други гледни точки. Тој не е обичен двојазичен речник (во случајов руско-македонски или руско-бугарски), туку комбинација на т.н. преведувачки речник со толковен и етимолошки речник. Зборовите преземени од турскиот, грчкиот, италијанскиот и од други јазици се не само објаснети на руски, туку се документирани со примери, дадена е нивната оригинална форма и нивниот турски оригинал, како и францускиот, евентуално германскиот еквивалент. Кај низа зборови е наведен и синонимот (велблъд, синоним камила, велегласно, син. високо и др.) или српскиот облик и значењето на српски.

Сите наведени карактеристики прават од *Речникоѿ* на Дјувернуа најдобар речник од сите дотогаш во Русија издадени речници на словенските наречја (јазици). Така го оцени на времето *Речникоѿ* и славистот Алексеј Иванович Соболевски (1856–1929).

Според мое мислење Александр Љвович Дювернуа со својот *Речник* и со целата своја славистичка дејност треба да го вброиме кон неговите руски современици и наследници какви што беа Петар Данилович Драганов (1857–1928), Владимир Иванович Ламански (1883–1943), кој не само што ја охрабрува туку и директно ја помага работата и кариерата на Крсте Петков Мисирков[19], потоа Павел Николаевич Милюков, Петар Алексеевич Лавров, Павел Никодимович Кондаков и др. Тоа е една група руски слависти што можат да се сметаат за *ѿреѿходници* и учители на Крсте Мисирков.

Во врска со нашата тема, т.е. со прашањето за идентитетот на Македонците и за карактерот на македонското наречје (јазик) во трудовите на руските слависти е индикативно уште едно нешто: Марин

[19] Вангелов А.: *Слаѿкиѿе и сѿрасни доѿири*, сп. „Стожер“, год. 5, бр. 38–39, Јануари–февруари 2001, стр. 44–45.

Дринов, Панта Срећковиќ, Кузман Шапкарев и Димитар Матов, коишто имаат главен збор во критиката против мислењата на П. Д. Драганов, се и најпоследователни критичари на *Речникоѿ* на А. Л. Дјувернуа.

Димитар Матов, меѓу другото, напиша, дека *Речникоѿ* на А. Л. Дјувернуа *е најобширният до сега и има си и добри страни, напр. Миладиновският сборник в него е най-основателно исчерпан.*

Бугарскиот историчар и лингвист Марин Дринов во посебен опширен приказ го оцени *Речникоѿ* на Дјувернуа и им беше советник на погоре наведените соработници А. Н. Шчепкин и П. Лавров коишто го подготвија за печат вториот и третиот дел од *Речникоѿ*.

За македонската славистичка наука, за македонското народно поетско творештво и за неговата афирмација во руската и општословенската средина како и за македонската лексикографија *Речникоѿ* на А. Л. Дјувернуа има извонредно големо значење.

Според мое мислење, потребно е да се проучат делата на уште многу руски слависти за да се види и да се установи дека тие пишувале за македонската историска и лингвистичка проблематика во еден доста широк словенски контекст.

Krzysztof WROCŁAWSKI
(Warszawa, Polska)

O MOICH (ZANIEDBANYCH) ZBIORACH MACEDOŃSKIEJ PROZY USTNEJ SPRZED LAT CZTERDZIESTU

Jubileusz akademika Blaže Ristovskiego i zaproszenie mnie do udziału w edycji jubileuszowej jemu poświęconej, skłoniły mnie do powrotu wspomnieniowego do początków naszej znajomości, która to przyniosła dla mnie cenny plon naukowy.

Było to przed laty, jak wskazuje tytuł – ponad czterdziestu, dokładniej na przełomie roku 1967/1968, kiedy to po podjęciu obowiązków lektora języka polskiego na Uniwersytecie w Skopju przechodziłem niełatwą dla mnie adaptację kulturową w Macedonii i przedsięwziąłem pierwsze próby przygotowania się do wykonania zadania naukowego, jakie postawiłem sobie równolegle do wykonywania obowiązku nauczania studentów macedońskich języka i kultury polskiej. Tym zadaniem miało być odnalezienie odpowiedniego narratora ustnych opowieści, który mógłby mi posłużyć do wykonania monografii współczesnego bajarza ludowego macedońskiego, a więc zapisania jego repertuaru, okoliczności poznania i przyswojenia opowieści, aktywizacji oraz sposobu funkcjonowania narratora w naturalnym dla niego rodzimym środowisku.

Muszę przyznać, że na samym wstępie nie miałem do takiego projektu badań odpowiedniego przygotowania ani językowego (brak znajomości zarówno macedońskiego języka literackiego, tym bardziej jego dialektów), ani umiejętności poruszania się wśród ludzi odległej od znanej mi polskiej kultury ludowej i popularnej. Nie posiadałem też wystarczającej orientacji w żywej literaturze ustnej Macedonii. W tej sytuacji polecono mi (chyba poradził mi to wówczas Blaže Koneski) kontakt z instytucją, zajmującą się dokumentacją i opracowaniem zbieranego współcześnie folkloru

macedońskiego. Był to Instytut Folkloru w Skopju (dopiero później, w roku 1979, otrzymał ten instytut nazwę Marka K. Cepenkova), zlokalizowany centralnie, przy placu im. Marszałka Tita, w pobliżu Kamiennego Mostu nad Wardarem. Instytut mieścił się (o ile dobrze sobie przypominam) na drugim lub trzecim piętrze i zajmował względnie niewielką powierzchnię, na którą składało się kilka gabinetów i pracowni. Dyrektorem Instytutu był od stosunkowo niedawnego czasu dr Blaže Ristovski, po ukończonych studiach w Skopju i w Lublanie oraz uzyskanym doktoracie, energiczny i pełen nowatorskich pomysłów na realizacje zadań instytutu, którym przypadło mu kierować. Nowy dyrektor kontynuował i znacznie rozwinął szeroko zakrojoną działalność instytutu, ukierunkowaną na zbieractwo folkloru macedońskiego – świadectw kultury duchowej i materialnej (opowiadań, pieśni, także muzyki, strojów i haftów ludowych). Badania prowadzone przez Instytut objęły nie tylko obszar Republiki Macedonii, lecz także folklor Macedonii Egejskiej, niedostępny wówczas bezpośrednim badaniom terenowym z racji napiętych stosunków politycznych Jugosławii z Grecją. Cennym źródłem do badań dotyczącym tej części Macedonii okazali się uchodźcy i wygnańcy z tego obszaru, przybyli w rezultacie trwającej w latach 1946–1949 wojny domowej. Dr Blaže Ristovski podjął także z czasem cenną inicjatywę corocznego organizowania sympozjów naukowych folkloru bałkańskiego (równolegle do odbywających się imprez artystycznych Sympozjum Folkloru Bałkańskiego), które gromadziły folklorystów i etnografów nie tylko z ówczesnej Jugosławii, ale także z wielu innych krajów Europy i spoza Europy. Dzięki tym sympozjom nawiązana została wymiana doświadczeń z folklorystami krajów słowiańskich i innych bałkańskich, a zagraniczni uczeni skierowali uwagę badawczą także na ten region Słowiańszczyzny.

Dr Blaže Ristovski przyjął mnie życzliwie już na pierwszej mojej wizycie w Instytucie Folkloru, okazując zainteresowanie dla moich planów badawczych. Obiecał pomoc przy ich realizacji. Zalecił mi najpierw przejrzenie w archiwach Instytutu Folkloru materiałów z ankiet szkolnych, w których nauczyciele zlecali uczniom spisywanie usłyszanych w kręgu rodzinnym czy sąsiedzkim opowieści. Zapisy te nie miały wprawdzie charakteru dokumentu folkloru, ale ich przeglądanie posłużyło mi doskonale do zdobycia wstępnej orientacji w popularnych gatunkach i typach oraz charakterze bajek znanych powszechnie w kilku (głównie w centralnych i zachodnich) regionach Republiki Macedonii. Lektura ta była zarazem dobrym przygotowaniem do zaznajomienia się z językiem bajek przekazu ustnego, chociaż te szkolne teksty, zapisywane przez uczniów czasem nieporadnie,

prezentowały szkolny styl oraz leksykę przejściową między językiem literackim macedońskim a dialektami.

Chcę tu dodać na marginesie, przecież jednak dla mnie znaczącym, że częste wizyty w Instytucie Folkloru i zaprzyjaźnienie się z jego pracownikami (wspomnę tu na pierwszym miejscu moich rówieśników, młodych wówczas asystentów, zatrudnionych od niedawna w Instytucie – Živka Čingę i Luana Starovę) pozwoliły mi usłyszeć wiele cennych dla mnie uwag na temat samych badań terenowych i związanych z nimi okoliczności obyczajowych. Miałem także okazję w Instytucie poznać ciekawe indywidualności ze starszego pokolenia badaczy. Jako rezydent pracował jeszcze wówczas w Instytucie poprzedni dyrektor, Kamil Kjamilov, współautor (wspólnie ze Slavkiem Janevskim i Meto Jovanovskim), m.in. cennej niedużej i świeżo wówczas wydanej publikacji tekstów wspomnieniowych Macedończyków z czasów niewoli tureckiej – *Темни кажувања* (Skopje 1967). Kamil Kjamilov chętnie zapraszał mnie do swojego gabinetu na pogawędki, a przy tej okazji wspominał także jakieś swoje materiały na temat zainteresowania Grigora Prličeva poematem Adama Mickiewicza *Konrad Wallenrod*. Twierdził że nad tym tematem pracuje, przygotowując jakąś większą publikację (książkę?). Nie dał się jednak nigdy namówić na pokazanie mi tych materiałów, wymawiając się, że są na razie we wstępnej wersji roboczej. Nie wiem, jakie były dalsze losy tych jego materiałów po jego odejściu ostatecznym z Instytutu i śmierci.

Inną ciekawą postacią był Vasil Hadžimanov – wysoki, mocno już starszy pan, o którym krążyła sława przedwojennego znanego śpiewaka pieśni popularnych i ludowych. Hadžimanov sam chętnie mówił o swoich zbiorach lamentów [*płaczów*] obrzędowych, które nagromadził po tragicznym trzęsieniu ziemi w Skopju w roku 1963, a które to miał zapisywać na gorąco w trakcie uroczystości pogrzebowych po katastrofie. Vasil Hadžimanov w kilka lat później umarł. Doszły do mnie wieści, że władze Instytutu Folkloru próbowały odkupić od wdowy po Hadžimanovie te zapisy lamentów, ale rodzina wyceniła je zbyt wysoko i nie można było znaleźć na ich przejęcie odpowiednich środków. O ile wiem, przepadły one jako przedmiot badań i trudno nawet ocenić ich prawdziwą wartość jako dokumentu kulturowego.

Spośród miejscowych folklorystów jako częstego gościa wspominam także Kiriła Penušliskiego (ówczesnego rektora Uniwersytetu w Skopju), zasłużonego folklorystę macedońskiego, który blisko współpracował z Instytutem Folkloru i podejmował z jego pracownikami edytorskie inicjatywy współautorskie. To dzięki niemu w Macedonii znalazły się kopie

zapisów folkloru Marka K. Cepenkova, złożone w archiwach Biblioteki Narodowej w Sofii i jego zasługą była pierwsza niemal kompletna wielotomowa edycja tych zapisów[1]

Wreszcie częstym gościem Instytutu, przyjeżdżającym regularnie z Polski na dłuższe pobyty studyjne, był wykładowca na slawistyce Uniwersytetu we Wrocławiu, dr Kole Simičijev. Należał on do macedońskich uchodźców osiedlonych w Polsce po wojnie domowej w Grecji. W środowisku tych uchodźców należał do wyjątków posiadających ukończone studia (chyba w Salonikach ?). Ożenił się z Polką, pracownikiem naukowym (pedagogiem) we Wrocławiu. Zaangażowany w sprawy oświaty dla dzieci i młodzieży macedońskiej w Polsce (i w innych krajach komunistycznych, gdzie znaleźli się uchodźcy z Grecji); był także znawcą i miłośnikiem literatury ludowej bałkańskiej, przede wszystkim macedońskiej, autorem paru książek i szeregu innych publikacji, poświęconych folklorowi macedońskiemu, wydanych w Polsce. Kole Simičijevowi zawdzięczam wiele życzliwych rad i informacji, wprowadzających mnie do kultury i obyczajowości macedońskiej.

Powrócę teraz do moich kontaktów i prac związanych z Instytutem Folkloru i jego ówczesnym dyrektorem – dr. Blaže Ristovskim.

Z błogosławieństwem dyrektora B. Ristovskiego, a na zaproszenie Živka Čingi i u jego boku, wziąłem udział w czerwcu 1968 roku w pierwszych dla mnie badaniach terenowych – w rodzimych dla Živka Čingo okolicach Ochrydu – m.in. w tak dla mnie ważnej z racji późniejszego wyboru terenu szczegółowych badań leżącej nad jeziorem wsi Peštani. O tym piszę obszerniej w zaprojektowanej i ogłoszonej po latach monografii – w tomie pierwszym wydanym przez Instytut Folkloru w Skopju pod redakcją dr B. Ristovskiego[2], a także w moim artykule zawierającym obserwacje Živka Čingi jako badacza terenowego[3]. Odpowiednio do tematu zasygnali-

[1] Марко К. Цепенков, *Македонски народни умотворби во десет книги*. Редактирал д-р Кирил Пенушлиски, Скопје, 1972.

[2] Кшиштоф Вроцлавски, *Македонскиот народен раскажувач Димо Стенкоски*, т. 1 *Фолклористичка монографија*, редакција д-р Блаже Ристовски, превод од полски Танас Вражиновски. Институт за фолклор „Марко Цепенков", Посебни изданија, кн. 5, Скопје, 1979, с. 251; т. 2 *Текстови*, ред. д-р Воислав Јакоски, Институт за фолклор „Марко Цепенков", Посебни изданија, кн. 6, Skopje, 1984, 478 + ilustracje.

[3] К. Вроцлавски, *Живко Чинго како теренски истражувач – фолклорист*. (*XXXIV научна дискусија на XL семинар за македонски јазик, литература и култура, Охрид 13–30.VIII 2007. Литература*). Универзитет „Св. Кирил и

zowanego w tytule niniejszego artykułu nie mam zamiaru tu powtarzać rzeczy już opublikowanych, wiążących się bezpośrednio z realizacją głównego mojego projektu badawczego – monografii współczesnego bajarza macedońskiego. Pomijam więc tu całą historię moich badań we wsi Peštani, skupionych na głównym ich bohaterze – Dimo Stenkoskim i jego najbliższej rodziny. Chcę natomiast zatrzymać się nad innymi moimi obserwacjami i zapisami terenowymi, które podjąłem wówczas dla uzyskania szerszej perspektywy stanu ówczesnej ustnej prozu macedońskiej. Jeśli nawet nie zostały utrwalone przed laty w formie publikacji, to jednak nie były obojętne dla mojego opisu monograficznego opowieści ustnych Dima, jego biografii bajarskiej i kręgu słuchaczy.

Starałem się mianowicie wówczas wykorzystać wszelkie okazje, by poznać bliżej innych bajarzy macedońskich, nagrać przynajmniej fragment ich repertuaru, by na tym szerszym tle ocenić sprawność i kunszt narratorski Dima Stenkoskiego. A takich sposobności nie brakowało i tylko brak czasu (a także trud odczytywania nagranych taśm) spowodował, że odłożyłem je *ad acta* i stopniowo pokrywały się kurzem na dnie narastających archiwów – odkładane do wykorzystania na przyszłość. Jubileusz akademika Blaže Ristovskiego stał się dla mnie dopiero motywacją by do nich znowu powrócić.

Podejmę tu tylko parę epizodów z ówczesnej mojej praktyki badawczej. Jeden z nich dotyczył narratora zamieszkałego w Ochrydzie Eftima Žileva. Trafiłem do niego dzięki jednej ze studentek slawistyki na Uniwersytecie w Skopju, Verze Žilevej, słuchaczce moich zajęć. Opowiadałem moim studentom o moich zainteresowaniach i poszukiwaniach. Vera zachęciła mnie, bym odwiedził w Ochrydzie jej rodzinę i posłuchał jej dziadka znanego w kręgu rodzinnym jako narratora opowieści o treściach religijnych (czyli – legend). Plonem wizyty badawczej, która doszła do skutku w czerwcu 1968 roku, było zaznajomienie się z biografią narratora i dość obszerna orientacja w jego repertuarze. (Nagrałem od niego 55 różnych opowieści i około dziesięciu wariantowych – o czym później bardziej szczegółowo). Istotny był fakt, że Eftim (i jego rodzina) nie był urodzonym ochrydzianinem. Pochodził z pobliskiej wsi Skrebatno, urodził się w roku 1895 i dopiero w roku 1932 przeniósł się do Ochrydu. Co szczególnie istotne, był przez szereg lat *kiradžija* (woźnicą) – przewoził towary i ludzi zaprzęgiem konnym (a może ciągnionym przez bawoły lub woły?). Było to jedno z zajęć sprzyjających narracji ustnej. Kontakt z podróżującymi o

Методиј" Меѓународен семинар за македонски јазик, литература и култура. Скопје 2008, 13–20.

różnej profesji i pochodzeniu, a także noclegi spędzane w podróży na trakcie mijających się karawan, w zajazdach (*hanach*) lub organizowanych nocnych postojach, wieczory przy ogniskach, dostarczały jeszcze w czasach tureckich stosownych okazji, by popisać się znajomością różnych opowieści, sprawnością narratorską, no i – zapewniały krąg chętnych słuchaczy[4]. Czasy funkcjonowania Eftima jako kiradżii dotyczyły już zapewne zmierzchu tej profesji, stopniowo wypartej przez transport kolejowy i samochodowy.

Jak przedstawiał się repertuar Eftima Žileva na podstawie moich rozmów z narratorem oraz nagrań tekstów? Odwiedziłem go dwukrotnie: 8 czerwca 1968 roku i po raz drugi 3 stycznia 1969 r. W czasie drugiego spotkania większość opowiedzianych tekstów były wariantowymi powtórzeniami tych, które już od niego słyszałem za pierwszym razem, co było tylko potwierdzeniem, że należały do jego ulubionego repertuaru, ale też że w ówczesnym stanie jego aktualny repertuar daleko nie wykraczał poza ten przeze mnie już nagrany. Podsumowując – potwierdziła się zapowiadana mi przez wnuczkę Eftima Verę dominująca religijna tematyka opowieści dziadka z tym, że źródła takich opowieści były dwojakie: Biblia i być może inne książki religijne (narrator ich nie potrafił wskazać) a także – przekaz ustny. Eftim Žilev należał do tych narratorów, którzy opanowali sztukę czytania (ukończył trzy klasy szkoły podstawowej) a potem jego ulubioną lekturą była Biblia (czytana zapewne wybiórczo), zaś opowieści z niej zaczerpnięte i inne o pokrewnej religijnej tematyce stały się jego specjalizacją narratorską, zapewniającą mu słuchaczy. Wymienię tu tylko kilka z nich, chętnie przez niego powtarzanych: *Za Abram*; *Za sveti Ilija i za sveti Elisej*; *Za kralot Solomon*; *Za gradot Milivoje* (historia zniszczenia Niniwy); *Za bogati Jov* (historia Hioba); *Za Sodomskoto More* (O Locie i zniszczeniu Sodomy); *Za carot Akab* (Historia króla Achaba). Rzadko były to opowieści inspirowane Nowym Testamentem (np. *Isus Hristos i Irod*). Parę jego opowieści stanowiły legendy apokryficzne (*Postanok na Sotona*; *Bogorodica vo pekolot*; *Za Drvo Krstovo*). Najliczniejsze były jednak legendy poznane albo z przekazu ustnego albo z jakichś druków prawosławnych, wśród nich legendy o świętych: Spirydonie (*Za sveti Spirundie),* Janie Chryzostomie (*Sveti Jovan Zlatoust*), *Za sveti Elisej* (faktycznie fabuła przeniesiona na Elizeusza z wersji lepiej utrwalonej w przekazie – o św. Sisiniju). *Za sveta Petka*, *Za majkata na sveti Petar*, *Kum Arangjel Mihail* i inne, w tym cała grupa legend lokalnych o św. Naumie (Ochrydzkim). Opowieściom religij-

[4] Także gdzie indziej, na przykład w Rosji, woźnice wskazywani byli jako środowisko dobrych znawców opowieści ustnych (Азадовский М. К. *Русские сказочники* (w:) *Литература и фолклор. Очерки и студии*, Ленинград, 1938, 210).

nym towarzyszyło parę eschatologicznych oraz o proroctwach (apokaliptyczna *Za kraj na svetot,* o losach pośmiertnych dusz – *Za dušite*, czy o zapowiedziach upadku Bizancjum i podboju tureckiego) kilka ludowych exemplów (*Za lošata krv* i *Lakomoto čovečko oko*). Obok paru zaledwie obiegowych bajek magicznych pojawiło się nieoczekiwanie w „poważnym" repertuarze tego narratora kilka anegdot „niższej konduity", w tym jedna skatologiczna, co zaskoczyło także wnuczkę narratora, a świadczyło, że repertuar Žileva w trakcie kiradžijskich wędrówek mógł jednak mieć bardziej ambiwalentny (nie tylko pobożny) charakter, nie bez pomijania funkcji komicznej, „męskiej", a dopiero w czasie domowej „emerytury" przybrał bardziej grzeczny charakter. Niektóre opowieści miały wyraźną wymowę anty-feministyczną, patriarchalną.

Mimo pewnej różnorodności repertuar Eftima Žileva prezentował go w zasadzie jako określony typ kategorii narratora wyższych wartości duchowych i moralnych. Także jego opowieści biblijne, pozornie mniej ciekawe (proste relacje treści biblijnych), dla badacza mogą być podstawą do konfrontacji z wersją narracji biblijnej i przedmiotem analizy sposobu upraszczania wersji pisanej dla potrzeb przekazu ustnego – pomijania i dodawania określonych motywów. Jest to zarazem doskonały przykład do porównywania z repertuarem innych narratorów z tej samej kategorii i ich ogólnej charakterystyki.

Niestety, nie w pełni udanym (z powodów technicznych) epizodem okazało się spotkanie z narratorem z Prilepu, Hristo Momirovskim, dnia 12 kwietnia 1970 roku. Prilep jako miasto położone z dala od głównego obiektu moich badań ochrydzkiej wsi Peštani, budziło jednak moje zainteresowanie z innych względów – należało do ważnych od stuleci tradycyjnych ośrodków miejskich Macedonii Wardarskiej, położone na ożywionym trakcie handlowym, z rozwiniętą dzielnicą targową kupiecko-rzemieślniczą. Z tym regionem i z samą dzielnicą targową Prilepu związana była blisko biografia i imponująca działalność zbieracka Marka K. Cepenkova, który przez dłuższy czas tam funkcjonował w mieście jako krawiec i čaršijskie kontakty wykorzystywał do gromadzenia materiałów folklorystycznych. Nie pamiętam już, jakie informacje pozwoliły mi na odnalezienie Hristo Momirovskiego jako współczesnego przedstawiciela prilepskiej čaršii, sprzedającego tam swoje wyroby powroźnika (*frtomdžija*). Odwiedziłem go 12 kwietnia 1970 r. Hristo Momirovski urodził się w roku 1896, ukończył czteroklasową szkołę podstawową (w latach 1903–1908), a także jedną klasę gimnazjum. Według jego relacji opowieści uczył się głównie jako mały chłopiec (6–8 letni) od swojej babki (po matce), która była córką popa i chętnie opowiadała historie

religijne (*verski prikazni*); jego brat wujeczny, syn brata matki, był metropolitą w Bitoli). Ojciec narratora był ogrodnikiem, a Hristo jako okoliczności do słuchania opowieści wymieniał *sedenki* (posiady) w okresie letnim, wieczorami w ogrodzie ojca, gdy zajmowano się czyszczeniem cebulek przed sadzeniem lub przy łuskaniu kukurydzy. W czasie wieczorów jesiennych kobiety szykowały wyprawę dla dziewcząt. Hristo Momirovski odziedziczył zajęcie powroźnika po swym wuju – mówił, że jeszcze teraz w čaršii jest dziesięciu powroźników. W bezpośrednim jego sąsiedztwie sklepik miał jego rodzony brat i kiedy brakowało klientów, zabawiali się opowiadaniem znanych sobie opowieści.

Jak już wyżej wspomniałem, spotkanie nie przyniosło większych efektów – nie pozwoliło mi na wystarczającą orientację w repertuarze narratora. Zdołałem nagrać tylko sześć jego opowieści, co nie daje podstawy do uogólnień. Mogłem tylko odnieść wrażenie, że Hristo był dobrym narratorem o urozmaiconym gatunkowo repertuarze, skłonnym do opowieści o tematyce religijnej: legend biblijnych (*Za nabožen Lot* – o biblijnym Locie; *Za bogatiot Jov* – historia biblijnego Hioba) i innych: *Čovekot i posinet od nego g'avolot* oraz *Za drvarot i gjavolot ili Loš zbor se pametuva*) oraz pouczających (? *Kafedžijata, žena mu i carot, ili Ne kažuvaj sé na žena ti!)* Hristo przyznał, że zna także nieprzyzwoite opowiastki, ale sam takich nie powtarza. Przekazał także podanie lokalne *Starecot ubien po pat za manastir Arangjel Mihail*. Jedną opowieść, poznaną zapewne od ojca, opowiedziała mi córka Hrista, Cvetanka Čevreva – była to nowela-legenda *Koga sakaš da te najde zloto* (popularny w Macedonii wątek *Bieda na starość czy na młodość* AT 938 B[5]). Cvetanka to przykład narratorki łączącej starą i nowszą tradycję. W czasie moich odwiedzin miała lat 47, nie pracowała, mając ukończoną szkolę średnią zawodową. Jej mąż był uprzednio nauczycielem (także członek chóru cerkiewnego), interesował się opowieściami ustnymi, chętnie ich słuchał i sam także opowiadał. Cvetanka twierdziła, że ona najwięcej opowiadań zna od ojca, ale także korzysta z innych źródeł – m.in. sporo nowych przywiózł jej mąż z pobytu w sanatorium w Debarze. Zaproponowaną mi opowieść przekazała bardzo sprawnie, z darem narratorskim z tym, że pojawiały się tam echa jak gdyby zapożyczone z amerykańskich filmów (może pod wpływem oglądanych przez nią ich fabuł? Byłby to nowy nurt w prowadzeniu tradycyjnej narracji ustnej bałkańskiej.

[5] Aarne A., *The Types of the Folk-Tale, a Classification and Bibliography. Translated an enlarged by S. Thompson.* Second Revision, Helsinki, 1961, FFC nr 184; AT – oznaczenie numeru typu bajkowego.

Szkoda, że przyczyny techniczne (awaria magnetofonu) uniemożliwiły dalszą kontynuację spotkania, bo zapowiadało się ono ciekawie i pozwoliłoby mi uzyskać pewną orientację w interesującym środowisku prilepskiej tradycyjnej *čaršii*. Można tylko przypuszczać, że to rodzinne koligacje cerkiewne Hristo Momirovskiego mogły go ukierunkować w stronę kategorii gawędziarzy religijnych.

Spotkanie z jeszcze innym rodzajem narratora umożliwił mi inny student slawistyki w Skopju, Jordan Jordanovski. Zaprosił mnie do odwiedzenia jego dziadków, mieszkających w opustoszałej już wówczas wsi Krstec, oddalonej ok. 10 km od Prilepu, położonej na uboczu od głównej drogi między miastem Veles (wówczas Titov Veles) a Prilepem, w oddaleniu paru kilometrów od miejscowości Pletvar, leżącej przy tej szosie. Znalazłem się tam 16 marca 1969 roku. Z podeszłymi wiekiem dziadkami mieszkała młodsza siostra Jordana, którą zastaliśmy przy wielkich krosnach. Zapewne szykowała sobie jakieś elementy wyprawy. Dziadek Jordana, Ivče Petreski, miał już wówczas około 90 lat – nie podał dokładnego roku urodzenia, ale mógł to być rok 1895. Urodził się we wsi Nikodin, oddzielonej pobliskim pasmem górskim od wsi Krstec (około 30 km od Prilepu na północny wschód), w rodzinie żyjącej głównie z pasterstwa. Do szkoły nigdy nie chodził, czytać i pisać nie umiał. Poza pasterstwem zajmował się także myślistwem, a później przez około 25 lat był strażnikiem pól we wsi (*poljak*). W czasie powstania ilindenskiego pomagał powstańcom jako przewodnik, dostarczyciel żywności, organizator noclegów. W czasie pierwszej wojny światowej został w roku 1915 wcielony do wojska serbskiego, a następnie w roku 1917 wzięty do niewoli przez Bułgarów. Z wojskami bułgarskimi z Prizrenu przemaszerował aż do Płowdiwu. Wrócił do wsi rodzinnej Nikodin w roku 1921 i tam mieszkał do roku 1943, kiedy to przeprowadził się z żoną do wsi Krstec, do zięcia. Tam jeszcze trzy lata był strażnikiem pól, a potem pasał owce ze wsi. (Ivče Petreski zmarł w lutym 1970 roku, w rok po moim pobycie u niego).

Ivče Petreski w młodości śpiewał pieśni i grał na *kavale*. W towarzystwie innych swoich rówieśników (śpiewających pieśni i grających na instrumentach, także bajarzy) chodził po wiejskich *slavach* śpiewając a także zabawiając słuchaczy opowieściami. Sam nie powoływał się na nikogo z rodziny, od którego opowieści lub pieśni mialby się nauczyć – mówił tylko ogólnie: *po planini sme raskažuvale*. Jego wnuk Jordan natomiast słyszał od niego, że nauczył się niektórych opowieści od Wołochów, z którymi pilnował stad owiec przed napadami słynnego rozbójnika Kaluša (?).

Освен за Александар најпознати и најбројни се песните за Марко Крале, којшто има десетина разновидни имиња. Богатството на тие песни, ако ги собереме сите на едно место, можат да бидат друг македонски народен еп. Фактот дека неговото владеење било во Македонија со центар во Прилеп до Вардар на исток, до Шар Планина на север, до Охрид и Костур на југ е причина да се јават првин песни за него точно во Македонија, а подоцна да се рашират низ голем број соседни земји. Разновидноста на мотиви за Марко Крале ја чини оваа народна епика една од најбогатите на Балканот. Марко Крале со своето јунаштво може да се мери со Александар Македонски. Неговиот коњ Шарко е силен како и Александровиот Букефал, а Марковиот боздоган е она што е копјето на непобедливата фаланга кај Александар.

Дека песните на Марко Крале живееле кај народот покажува прозниот запис од верувања во Охрид, (повторно кај Шапкарев) кога неговите пријатели му кажале дека постои оружје (пиштол) со коешто и малечко и слабичко дете може да го победи и да го убие. Откако со „цевката“ пукнал во дланката и му се отворила дупка, веднаш избегал, се напил бессмртна вода и „до денденешен живее“ на скришно место. А тоа значи дека народните јунаци постојано му биле „при рака“ на народот, кога ќе затреба да излезат од скривалиштето и да го бранат.

Несомнени карактеристики на национален еп, веќе трети, има секако најдолгата македонска епска народна песна „Кузман

[5] Блаже Ристовски, *Ѓорѓија М. Пулевски и неговите книшки: „Самовила Македонска“ и „Македонска песнарка“* Скопје, 1973, 48.

Капидан“ во којашто аjдут од Охридско се прикажува како заштитник на поробената раја. Кузман, наречен капидан, бил потврдена историска личност, којшто заради своето јунаштво станал херојска фигура. Историски потврдени личности се и Марко Крале од Прилеп и Александар Македонски од Пела. И додека Александар е јунак над јунаците, чијашто слава ја разнесуваат од Македонија до Индија, Марко е од силните најсилен стотина километри околу Прилеп, а Кузман е најголемиот заштитник на христијанското население од Охридско и Дебарско до Пограделчко, Преспанско и Кичевијата. За него, освен најдолгата и најпознатата песна што ја соопштил во Охрид (има 1142 стиха) неговиот внук од ќерка Иван Гроздин, се познати и други, но многу покуси варијанти. Песни за него и денес можат да се забележат во Охридско. Таа песна станала инспирација за Григор Прличев да го напише „Сердарот“.

3.

Се добива впечаток дека ретко некој народ може да биде толку поврзан со родната земја како македонскиот. Својата поврзаност не ја изразува само со етнонимот *Македонец/Македонка*, туку и со тоа што нема село или град во Македонија, а да не се сретне ономастикот *Македон* за мажи и *Македонка* за жени или патронимот *македонски*, појава што ја следиме без прекин скоро два века. Такви се и презимињата на познати личности, како на учебникарот од XIX век Димитар Василев Македонски, војводата од востанието во 1878 година Николица Македонски, современиот, веќе покоен композитор Кирил Македонски, некако по модел на Александар Македонски, односно Филип Македонски. Ваква сраснатост на името на земјата со името на луѓето не се сретнува кај ниту еден од соседите или другаде. Можеби само ретко кај презимињата. Од таков тип е „‘Веда Словена’ епот од редот на најпознатите мистификации што на европска сцена се појавија во текот на претходниот век“ ќе запише Гане Тодоровски во „својата“ Веда[6]. Заради атрактивноста на темата: песните за Александар Македонски, па преселувањето на Словените на Балканот и песните за Орфеј беа доволна тема за бројните искажувања на повеќемина историчари, поети, писатели и други научници.

[6] *Веда Словена,* Скопје, 1979, 32.

Зошто македонската наука ја смета „Веда Словена“ за мистификација, а не за книжевно дело на еден автор, најпродуктивниот македонски поет до XIX век? Ќе покажеме со примери од книжевните истории на некои европски народи.

„Осијановите песни“ собрани од шкотскиот поет Џемс Макферсон (1736–1796), народен еп за легендарниот келтски јунак Осијан од XIII век долго беа сметани за народни песни. По смртта на поетот беше утврдено дека епските песни за Осијан се дело на Џ. Макферсон. Тие до тогаш и подоцна имале големо влијание врз европската патриотска поезија. Откако се утврди дека тие се компилација од келтски народни песни од страна на Макферсон, мистификаторот не е проколнат поет, туку застанал на врвот од шкотската поезија на XVIII век.

Краледворскиот ракопис (1817) и *Зеленогорскиот ракопис* (1818) стари чешки народни писанија со теми од X и XIII век, биле собрани и објавени од Вацлав Ханка (1791–1861). Така живееле и го јакнеле чешкиот патриотски дух и со нив се гордееле долго време. И В. Ханка ги претставил како дело на чешката народна поезија, составена од многу автори (мислење сè поприсутно и за *Илијада и Одисеја* као дело на повеќе автори). Така Ханка воспоставувал контакти со повеќе словенски народи и го бодрел панславенскиот дух. По години се открива фалсификатот дека двата ракописи не се ниту од X, ниту од XIII век, туку се авторско дело на Вацлав Ханка. Мистификацијата не само што не е осудена, туку В. Ханка станува виден поет со посебен народно-архаичен стил од X век. За тоа станува член на високи научни и културни друштва.

Францускиот виден поет и драматург Проспер Мериме (1803–1871) ја објавува збирката со народни песни *Гусла*. По време е фатен на лага и мистифијацијата негова станува многу значајно дело на француската поезија. За таа своја компилација не само што не е казнет како нечесен мистификатор, туку станува член на Францискатa академија на науките.

4.

„Веда Словена“ на Јован Гологанов има исти карактеристики. Меѓутоа, го обвинуваме и, што е најтрагично, го отфрламе Јован Гологанов само затоа што го измамил Стефана Верковиќ праќајќи му свои песни како народни. Тука поставуваме едно прашање кон бранителите на „наивниот“ Стефан Верковиќ: каде

му беше неговата научна совест, та **сите** песни што му ги испрати Гологанов да ги објави дека ги „открил в Тракија и Македонија, а ги издал Стефан И. Веркович“[7], или дека биле „собрани и издани Стефаном Ил. Верковичем“[8]. Тој самиот признава во предговорот кон втората книга во последната реченица: „Все ети песни списан с уст народа по пазарам моим другом Гологановим.“ Навистина и во првата книга, но како препишувач на песната за Орфеј се спомнува И. Папа И. Економов, подоцна попознат како Јован Гологанов. Но и покрај тоа, сите го обвинуваат Верковиќа дека тоа е негова мистификација! Зошто? Се знае, авторот е спомнат, сосема **„незабележително“**, во *првата книга* и уште поскромно со петит, на крајот од предговорот кон *втората книга*. Целата аргументација на обвинувачите е дека Јован Гологанов му испраќал „собрани народни“ песни и за тоа добивал пари. Па што? Работел за пари! Продавал песни за пари. Трговија, која била од корист за литературата. А тоа е чесно. Зошто не сметаме дека Гологанов бил поет што сакал да остане анонимен? Во случајов зад него се крие „народниот“ пејач, а кога некој поет ќе се јави анонимно, тогаш велиме дека зад анонимусот се крие „тој и тој“. Зошто и овде не го земаме тој критериум? Народниот пејач (анонимниот) е Јован Гологанов. Стефан Верковиќ е само негов инспиратор за „собирање“ на песните каков што бил Виктор Григорович за Миладиновци, и издавач каков што бил Штросмаер за Миладиновци. Од друга страна пак индолентноста на македонската книжевна историја и фолклористика е во најмала рака неразбирлива, освен луцидната „Веда Словена“ на Гане Тодоровски, што отвора нови видици. Како можеме, ако за ништо друго, барем заради квантитетот, да ги пренебрегнеме над 300.000 стихови што му ги испратил Гологанов на Верковиќ, кога поетската продукција на нашите песнопојци од XIX век можеме да ја собереме во една книга колку „Веда Словена“? Зарем не се однесуваме многу расипнички кон нашето книжевно минато? А ние спрема Иван Гологанов се однесуваме со голем срам, наместо да се гордееме! Што правиме?! Го прогонуваме Јован Гологанов од македонската литература, како да имаме десетици Жинзифовци и стотици Констан-

[7] Веда Словена, *Бхлгарски народни песни от предисторично и предхристијанско време*... кн. 1., Београд, 1871.

[8] *Веда Словенах обредни песни от јазическо времја*. Упазни со устно предание при Македонско-Родопски-те Българо-Помаци... Книга друга, С.- Петербург, 1881.

тин Миладиновци! Чуден народ! Го отфрла своето само за да излезе чесен. Велиме дека Ј. Гологанов го лажел издавачот/редакторот Верковиќ, праќајќи му ги своите стихови пишувани успешно, како народни песни. И што од тоа? Дали е тоа таков грев своето да го продаваш за пари за да преживееш, а ги отстапуваш своите поетски рожби на други. Со тоа Гологанов не што е само народен поет, туку и голем македонски патриот. Сакал да ја докаже староста на Македонецот, којшто живее од векомај на македонска земја. Не само што вистинските македонски кралеви Александар Македонски и татко му Филип II ги прикажува како македонски кралеви, туку такви ги претставува и легендарниот тракиски свирач Орфеј и Евридика – како Македонци. Еве неколку стихови од македонското издание на „Веда...“ под име:

Пак за рождение-то на Орфеј, по различно[9]

Ој ти Боже, мили Боже!
Шо си твориш чудо и нишане,
Да се чудет људе на земја-та,
И јуди Самоили низ планини.
Днеска оште рано хабер си ми дојде,
Синце крале писмо ми е пратил,
Сос писмо си кани седемдесет крале,
Да си дојдат у негова земја, гозба да се гостет.
Писмо ми донесе младо татарче,
На писмо крале сос радост напева:
Та си дума и говори:
„Е бре вие седемдесе крале!
Зошто ми земете бела книга,
Бела книга ц'рно писмо,
Да си јахнете ваши б'рзи коне,
Та да си дојдете у моја земја ц'рвенуга;
Јас да си ве гозба госта,
че ми се е породило дете бележито...

Како да читате народна песна, со чист народен јазик стар век и половина, јасен и логичен, каква што е секоја народна умотворба. Такви се и сите стихови во двете „Веди...“.

[9] Стр. 239–240.

И додека сите спомнати и познати имиња станаа и признати, Јован Гологанов, дури и за своите неверојатни над 300.000[10] стихови, остана презрен фалсификатор заради својот обемен труд – светата книга за Словените. Тоа и не е случајно. Голем број македонски романтичари од втората поливина на минатиот век колективно бараа врски со минатото и беа концепциски блиски до оние на Пулевски или Гологанов. Такво беше и гледањето за македонското некогаш кај Димитрија и Константин Миладинови, кај Цинот, Мажовски, Динката, К. Шахов и многумина други.

Кога се појави „Веда Словена" со двете изданија: белградското во 1871 и петербуршкото во 1881 година, ја подели не само славистичката, туку и европската јавност на два противни табора: *на противници* на веродостојноста на стиховите од ведите, какви што беа Јиричек(овци), Јагиќ, Штросмаер, Шишманов, Дринов, П. Славејков, И. Вазов, Вл. Ламански и други, и *на приврзаници* на стиховите како народни од двете книги, какви што беа, освен спомнатите Македонци, уште и Огист Дозон, Александар Хоsko, Флигер, Всеволод Милер и други. Првата книга е печатена со финансиска поддршка на српската влада, додека втората финасиски ја помага руската царица, рускиот министер за култура, началникот на рускиот генералштаб и многу руски високи офицери, грофови и губернатори. А потоа, сосема неоправдано згасна научната кариера на С. Верковиќ, којшто живуркал меѓу Бугарија и Русија.

Тезата според Гане Тодоровски, дека Верковиќ е интелектуален, а Гологанов физички автор на делото, колку и да е вистинита, таа е сосема неприфатлива. Колективистичкиот пристап, каков што се припишува на врската Верковиќ-Гологанов е соодносот издавач кон автор. Зашто, ни се чини, Верковиќ само сакал да го добие тоа што го замислил, а Гологанов работел по порачка и ја реализирал неговата идеја. За пари. Нели тоа е типична купопродажба?

---

[10] Во *Македонска енциклопедија,* стр. 378 направена е грешка. Прикажувајќи го Јован Гологанов како „учител и мистификатор – автор на околу 30.000 стиха во духот на македонската народна поезија." Не, Ј. Гологанов не е автор на 30.000 стихови, туку на 300.000. Иван Шишманов тврди: „Гологанов исфабрикува триста и неколку илјади стихови... Формата е грамадна, содржината фантастична"[6] за да заклучи дека Јован Гологанов е вистински и официјален признат автор на мистификацијата „Веда Словена" (Според Михаил Арнаудов, *Веркович и Веда Словена,* кн. 1., Софија, 1969).

Сега може да се постави уште едно ново прашање: во што е тајноста, натприродноста, неразбирливоста на постапката, ако се знае дека „ведата“ е мистификација. Тоа значи дека таа е измислена, лажна, не е вистина, а е сместена во светата книга „Веда Словена“. Наивно е толкувањето дека Гологанов е обичен лажго, обвинет, дури осуден на вечно непризнавање на неговиот творечки потенцијал и наместо да влезе во историјата на македонската литература и фолклористика, тој е обезличен, прескокнат, дури и прогласен за неподобен и срам за литературата. Наивноста на ова становиште е во тоа што противниците на Ј. Гологанов народната песна ја сметаат за вистина, фактографија, дури и историски факт. Обвинет е дека е измамник, а не собирач на фолклор. Јован Гологанов е стихотворец кому можат да му завидат денешните највидни наши поети. Со тоа не може да се намали националното значење на ведите во поткревање на духот на народот. Навистина е чудно што авторството се прогласува за фалсификат. Мнозина критичари сметаат дека Јован Гологанов пишува нејасно и затоа неговата поезија е неприфатлива. Во констатацијата за нејасноста има малку вистина. Но веднаш се потсетуваме на мислењето на Григор Прличев кога преведувајќи ја „Илијада“ ќе забележи дека „добриот стар Хомер понекогаш ќе задреме“ и треба, смета тој, при преводите, тие места да се прескокнат. Во „Веда Словена“ има такви стихови.

Францускиот бранител на „Веда Словена“ Огист Дозон смета дека тоа не може да биде мистификација. Тој на почетокот мислел дека Ј. Гологанов е човек, селски учител што има скудни знаења, без вкус за поезија или никаков фолклорист, којшто живее во сенката на својата анонимност. Но откако лично го запознал Гологанов, тој за 7 часа, пред него напишал 7.311 стихови! Толкав е бројот на стиховите објавени во изданието на Паско Кузман. Ако не ги бележел, значи импровизирал. А да импровизираш над 300.000 стихови е и умешност и уметност. Јас не познавам поет со толкава продукција. Ако е „оригиналдихтер“ како Макферсон, Ханка или П. Мериме тогаш обвинението дека е без основни знаења е неосновано.

Доста е да се знае дека кон крајот на минатиот век „Веда Словена“ и Јован Гологанов станаа државна акција во Бугарија, во која учествуваа: познатиот писател Иван Вазов, научникот Иван Шишманов дури и претседателот на владата Стефан Стамболов.

А до денес македонската културна и научна јавност, освен со пристапот на Гане Тодоровски (1979), излагањето во „Нова Македонија“ од 25–28 август 1995 година, нашиот прилог во *Македонска книжевност,*[11] (1988), и охридското издание „Веда Словена“ (2002), продолжува да го премолчува и да го обвинува.

Во општиот книжевноисториски прирачник *Македонија – настани, личности, дела* на Томислав Тодоровски[12] бележи дека по иницијатива на С. Верковиќ „почнува да собира и да запишува народни песни и друг вид умотворби... Подоцна му доставува серија од своерачно напишани „народни“ песни од кои ќе никне познатата Верковиќева мистификација – зборникот „Веда Словена“... Оваа мистификација, во науката наречена „грандомански и премногу кратковечен паметник на бугарскиот и македонскиот национален романтизам, содржи над 300.000 стихови што ги сочинил Гологанов...“. Чудна работа: ако се народни песни како мистификација, зошто никој не ги признава за народни и нашата фолклористика ги прескокнува и само го спомнува Гологанов како срам? Ако се стихови на Јован Гологанов, зошто не ги признава македонската книжевна историја како дело на поетот Гологанов? Најдете млад Македонец што знае нешто за него. Зарем се срамиме од нашето минато, кое во националниот занес од XIX век, кога други народи се докажувале со епови покажани погоре, Јован Гологанов сакал да го прикаже Александар Македонски и татко му Филип II како наш Словен, како и сите Македонци од најстаро време до денес. Зарем тоа е грев! Денес Грците не се срамат своите најголеми непријатели, спомнатите македонски кралеви, да ги прогласат за свои, а ние се откажуваме од книжевното творештво на најстихотворецот Јован Гологанов. И во *Македонска енциклопедија* (стр. 378) е запишано дека соработникот на С. Верковиќ Ј. Гологанов „собирал фолклорен материјал и притоа како народни

[11] *Makedonska književnost,* T. Sazdov, V. Stojčevska-Antić... Zagreb, 1988, 106: „...Pjesme Jovana Gologanova plod su Verković-Gologanovičeve kolaboracije... najviši spomenik ekstremnoga nacionalnog zanosa... ali potrebnog u razdoblju romantičarske samodopadljivosti. Objavljivanje pjesama iz pretkršćanskog razdoblja, dokazivanje da su trački pjevač Orfej, Filip i Aleksandar Makedonski porijeklom Slaveni, pokazuje da je *Veda Slovena* mistifikacija prošlosti koja je predstavila novog makedonskog narodnog pjevača Jovana Gologanova. Bez obzira na sve falsifikatorske osobine te poezije, stihove napisane u duhu makedonske narodne pjesme mogao je ispjevati samo netko tko je dobro poznavao zakonitosti narodne versifikacije...“.

[12] Стр. 79–80, Скопје, 1999.

ги лиферувал своите авторски стихови како божем стари народни песни од претхристијанското време...“. Повторно „авторски стихови“, ама авторот е проколнат и забранет македонски поет и него никаде го нема! Каква ли цензура!

Време е да го приклучиме Јован Гологанов точно заради „Веда Словена“ кон македонскиот културен Пантеон. И уште нешто: да ги собереме некако со копии останатите неколку стотини илјади стихови на Јован Гологанов, останати во ракопис, од архивите во Србија, Бугарија и Русија. In spe!

Јасмина МОЈСИЕВА-ГУШЕВА

ИЛИНДЕН ВО МАКЕДОНСКАТА ДРАМА

Текстот го отвора прашањето за развитокот на македонската драма преку посветеноста на драмските писатели, од самиот миг на појавувањето на жанрот сè до денес, на темата Илинден – еден од најзначајните трагични настани од минатото на Македонците. Гледано во поширок теориски и книжевно-историски контекст, преку својот однос кон историјата и револуционерната идеологија, бројните македонски драмски писатели што пишувале на оваа тема ги откриваат спецификите на развојот на драмата во Македонија.

Клучни зборови: Илинден (трагичен настан во македонската историја), развоен процес на македонската драма, историја и идеологија, Војдан Чернодрински, Никола Киров Мајски, Васил Иљоски, Коле Чашуле, Петре Бакевски, Горан Стефановски.

Не е нималку случајно што овој преглед го започнуваме со драмите на Војдан Чернодрински, основоположникот на македонската драмска литература, и со годината на важното историско случување, кое несомнено морало да остави траги во тогашниот културен живот, бидејќи една од главните задачи на духот на културата на еден народ е да го обезбеди опстанокот на нацијата. Имено, токму во кобната 1903 година, со желба да го разбуди и зајакне патриотското чувство, Чернодрински ја пишува и изведува стихуваната мелодрама *Срешта,* посветена на тогаш набргу загинатиот предилинденски револуционер Гоце Делчев. Во неа тој е претставен во сосема природен амбиент на духовит народен заштитник, што одговарало на реалноста и на другите негови книжевни ликови (расказот „Табакерата“ на Иван Точко). Познато е дека тој постојано го менувал својот идентитет за да си обезбеди

непречено движење по турската империја, што е јасно потенцирано и во оваа мелодрама, каде што го носи името Цветко-војвода. Единствена недоследност во однос на историските факти е свесната мистификација што ја прави Чернодрински, претставувајќи го за гемиџија со изградена идеолошка свест на атентатор, сакајќи веројатно со тој факт, како што истакнува и неговиот долгогодишен проучувач Алексиев, „да го поттикне патриотизмот на широките народни маси во виорот на веќе започнатото Илинденско востание" (Чернодрински 1992: 18).

Уште во 1905, според наводите на истиот проучувач, на Чернодрински му се обраќа Крушевското братство од Софија, со молба да напише драма за илинденските случувања за да го овековечи споменот на херојскиот чин и воедно да им помогне на настраданите. Тоа на Чернодрински му поаѓа од рака дури во 1909 година кога ја пишува едночинката *Духот на слободата* каде што востанието е само повод да се истакне тезата дека идејата на слободата е поважна и од сопствениот живот, без некоја негова историска реконструкција или елаборација. Историското во оваа драма е сведено на минимум. Тоа се огледа само во познатиот историски податок дека во моментот кога на полноќ востаниците го нападнале Крушево, во градот сè уште одекнувале зурлите и тапаните од неколкуте свадби што биле во тек. Ова ќе биде само подлога врз која Чернодрински како писател со иновациски предиспозиции ќе ја изгради својата историско-психолошка драма во која најважен сегмент сепак ќе биде истакнувањето на идејата на слободата, како што е, впрочем, насловена и самата драма. За неа е карактеристично што покрај формите и содржините од народниот живот, кои се својствени за сите негови драми, тој во оваа драма воведува иновација вметнувајќи го симболичниот лик – Слобода. Таа можеби изгледа необично за неговото реалистично проседе, но има успешна улога во поставувањето и разрешувањето на моралната дилема што го мачи секој револуционер. Со оваа своја драма, тој се јавува како предвесник на современиот драмски израз и неслучајно токму таа ќе биде ползувана како интертекст на истоимената постмодернистичка верзија на Горан Стефановски.

Историска драма базирана врз илинденските случувања, во вистинската смисла на зборот, среќаваме дури кај Никола Киров Мајски, кој во 1923 година ќе ја напише драмата *Илинден*. Нејзината автентичност е двојна, најпрвин поради крушевскиот дијалект на кој е напишана, а кој ќе биде анатемисан од бугарската реакционерна критика, а потоа поради историографските елементи што во неа се инкорпори-

рани (Мајски 1991: 26). Мајски како учесник и идеен творец на Крушевската република (како автор на Манифестот на Крушевската република) сосема доследно во неа ќе ги помести: прокламацијата на Крушевската република, Прогласот на Крушевскиот востанички штаб, упатен до турското и албанското население, Писмото што како одговор на прогласот го испраќаат селаните-Турци од село Алданци, како и неколку историски личности што учествувале во Востанието (Никола Карев, Тодор Христов, Миле Станоев, Велко Пецанов, Ванчу Кипров, Ставре Трајков, Сулејман), меѓу кои и самиот тој преку ликот на Даскалот. Иако Мајски во оваа своја драма инсистирал, пред сè, на автентичноста и историската фактографија, поради што драмата ја добива формата на ангажирана, реалистичка, политичка драма, во неа тој го покажува и својот креативен потенцијал, што се огледа во вештата композитна структура на делото во која е успешно вткаена и неговата песна посветена на Илинден, како и многу фолклорни елементи (говор, песна, амбиент, традиционално однесување), кои како што точно забележува Борислав Павловски (Павловски 2000: 24) ќе бидат составен дел на драмските структури особено во периодот на реализмот. Преку нив ќе бидат пренесени идеолошките согледби и ставови на народот во однос на целите и методите на организираното општествено дејствување.

Во ист фолклорен стил, по повод 65-годишнината од Илинденското востание е напишана и драмата *Окрвавен камен* (1968) од Васил Иљоски. Неговиот драмски текст ги проблематизира илинденските случувања преку дилемата за прераното кревање на востанието, како и преку ликовите на двајца историски протагонисти – Питу Гули и Никола Карев и нивните различни идејни погледи како составен дел на нивните идентитети. Карактеризацијата на ликовите е строга и едноставна што придонесува јунаците на оваа драма да се поделат во две категории. На една страна се флексибилните реалистични личности како што се: Томе Никле, војводата Попето, Никола Карев, чие однесување се приспособува на ситуацијата. На друга страна стои категоријата ликови со трагични својства: Питу Гули, Димче, Здраве, Коста, Насте, предодредени за губиток, но истовремено предодредени и за слава. Помеѓу овие две антагонистички групи, конфликтот е неминовен. Голем дел од заплетите во драмата е поврзан со нивното спротивставување и изнаоѓање аргументи на чија страна е вистината, кој е поверен на општото дело, на револуцијата и на борбата. Исказите кои тие ги упатуваат едни на други имаат точно определена, меѓусебно спротивставувачка, функција во актуелниот општествен контекст. Дуа-

листичката поставеност на ликовите, кои копнеат за остварување на општите вредности, нивната богата еднофункционална етикеција, како и обидот да се реконструираат сите позначајни настани поврзани со Илинден, ја вбројуваат драмата во најкомплетно реалистично драмско сведоштво за овој настан.

Веќе во драмата *Суд* (1980) на Коле Чашуле среќаваме модернистичка стилска постапка, која е оформена врз парадигмата на криминиприказна (Вангелов 1983: 92). Како што е добро познато, *Суд* е конструирана како драма на иследување на убиството на комитата Христо Црномара, кое се случило пред Смилевскиот конгрес (1903). Овој историски настан се поврзува со инкорпорацијата на врховистите во автентичното ВМРО, што подоцна имплицира серија немили настани. Во средиштето на драмските случувања е испитувањето на можните убијци на Црномара, при што се применува криминалистичката техника на намерно заведување на читателот во погрешна насока за да се оневозможи откривањето на вистинскиот виновник. Сомнението најпрвин е насочено кон Темелко поради шамијата со која бил врзан убиениот, местото на неговото закопување и поврзаноста на наводниот виновник со Керим-бег. Потоа индициите за убиството се насочуваат кон Дрен поради неговото брзање да го ликвидира Темелко без да биде докажана вината. Расплетот покажува дека убиецот е сосема трета личност – Андон Дрварот, кој бил заведен од тајниот припадник на врховистичката организација – Даскал Наум, кој при судењето се јавува како сведок во прилог на обвинението на Дрен. Карактеристично за оваа драма на Чашуле, како и за другите од „циклусот на црнила", каде што се тематизираат настаните и личностите од македонската историја (Војводата Црномара, Ѓорче Петров и Пере Тошев) е тоа што таа е заснована врз фикциска конструкција. Имено, Чашуле секогаш одбира личности или настани од историјата коишто му служат само како подлога врз која ја накалемува (развива) фикциската конструкција на драмата. Притоа, тој повеќе сака во центарот на вниманието да ги постави политичките, идеолошките и моралните аспекти на настаните, отколку верно да ги реконструира историските збиднувања. Таквиот концепт му овозможува да ги поставува проблемите во широкиот контекст на драми на идеи, во кои се сопоставени различни можни решенија. Честите промени на носителите на драмските функции ја донесуваат игровитоста на текстот.

Во драмата *Белиште коњи* (2003) на Петре Бакевски – напишана и изведена по повод стогодишнината од Илинден се постигнати уште поголема игровитост и дисперзивност, со внесување податоци од био-

графијата на Никола Киров Мајски (кому оваа драма му е посветена), интертекстуални елементи од неговата драма *Илинден*, историски реминисценции, поетски симболи. За да ја задржи драмската напнатост, Бакевски успешно ги комбинира сите овие форми во кратки самостојни сцени, кои ја формираат мозаичната структура на целата драма. На преден план во драматуршките зафати доаѓаат конфликтните ситуации произлезени од идеите и аспирациите за претопување на македонскиот народ, од една страна, и истрајниот дух на македонските револуционерни стратези за зачувување на македонската автономија, од друга страна. Во целата структура на текстот е вплетена животната драма на Никола Киров Мајски – духовниот стратег на Илинденското востание. Драмата е со инверзен почеток во кој од гробиштата се појавува неговиот дух заедно со духовите на белите коњи – симболот на загинатите за слободна Македонија. Натаму, без некој посебен ред, се инкорпорирани секвенци во кои се проблематизира македонскиот јазик на кој е напишана неговата драма *Илинден,* како и индолентниот однос на македонските политички структури кон него и неговото дело.

Вистинска децентрализација и поливалентност тѐмата за Илинден доживува во постмодернистичката верзија на драмата *Духоѿ на слободаѿа* (2005) – создадена од Горан Стефановски. Применувајќи ја деконструктивистичката постапка, тој успеал да создаде текст со поинакви значења и стил од оригиналот во кој идејата за саможртвување е делегитимизирана, моралните идеали минималистички, а идејата за слобода депласирана. Во драмата Стефановски ја нагласува очигледната интертекстуална поврзаност, па дури и палимпсесноста на двата текста конструирајќи ја така што првиот дел, ситуиран во минатото, е комплетно преземен од Чернодрински, додека другите два, кои го прошируваат минатото во сегашноста и иднината, се негова креација. Архетипот на слободата, олицетворен во националното ослободување на македонскиот народ од турската империја на почетокот од векот, Стефановски во новата драма го деконструира заменувајќи го, како што самиот назначува во дидаскалиите, со „себична потрага по индивидуалната среќа". Тој возвишен архетип (симбол) за кој во минатото се жртвувал животот сега заведува, успевајќи да го вовлече главниот лик Мануел во водите на индивидуалниот хедонизам, во американскиот сон за успехот, во моќта на парите, кои секогаш се бараат надвор од Македонија. Во подоцнежната фаза веќе се чувствува неговата несигурност, која предизвикува внатрешна хипокризија, растргнатост, темна разорност со самоуништувачки тенденции. За разлика од монолитниот лик на Чернодрински, *Духоѿ на слободаѿа* на Стефановски најпрвин

се дезинтегрира разложувајќи се на индивидуални структури, а потоа целосно се дестабилизира и згаснува исто како и потребата од него. Додека во трагедијата на Чернодрински Маноил ја разрешува моралната дилема, прифаќајќи го предизвикот да се жртвува за големите идеи при што го губи и животот, кај Стефановски тој покажува целосна неподготвеност за такви крупни потези, останувајќи збунет пред идејата да се биде слободен и им се препушта на своите мали ситни задоволства од обичниот живот.

На крајот од овој наш осврт на драмите посветени на Илинден, можеме да го констатираме следново: изразувајќи го својот однос кон историскиот настан – Илинденското востание, македонските драмски писатели Војдан Чернодрински, Никола Киров Мајски, Васил Иљоски, Коле Чашуле, Петре Бакевски и Горан Стефановски го покажуваат развојниот процес на драмата од реалистичките концепции, преку модернизмот сè до постмодернизмот. Анализирајќи ги нивните драми во контекст на идеолошките и историските параметри, доаѓаме до сознание дека во некои од нив трагичните настани се предадени врз основа на историска документација, додека во други доминира идеолошката подлога и субјективната перспектива на прикажување. Понекогаш, за да го задржат трагичниот патос, авторите ги идеализираат историските личности, претставувајќи ги како високо морални, безгрешни субјекти. Друг пат, користејќи се обилно со симболизацијата, ги разоткриваат мрачните сили што ја управувале судбината на македонскиот народ на самиот почеток од дваесеттиот век. Постојат и такви драми коишто применувајќи различни постмодернистички стратегии алудираат на еден поширок значенски идеолошки контекст. Различните пристапи кон историската тема и идеолошките погледи во однос на сфаќањето на слободата се поврзани не само со авторскиот имагинативен сензибилитет туку и со времето во кое настанале.

ЛИТЕРАТУРА

Antologija nove makedonske drame, 2000, priredio Pavlovski Borislav, Zagreb: Hrvatski centar ITI – UNESCO.

Бакевски Петре, 2003. *Белите коњи*, Скопје: МНТ.

Вангелов Атанас, 1983. *Решето*, Скопје: Наша книга.

Иглтон Тери. 2005, *Идеологија*, Скопје: Темплум.

Илинден и македонската драмска литература, 1983, приредил Алексиев Александар, Скопје: Македонска книга.

Мајски Никола Киров, 1991, *Драми*, приредил Тодоровски Томислав, Скопје: Мисла.

Петковска Нада, 1996, *Драмското творештво на Коле Чашуле*, Скопје: Детска радост.

Стефановски Горан, 2005, *Духот на слободата*, Скопје: Културен живот, бр. 3.

Чашуле Коле, 2002, *Драми,* приредила Лужина Јелена, Скопје: Матица македонска.

Чернодрински Војдан, 1992, *Одбрани дела*, приредил Алексиев Александар, Скопје: Мисла.

Jasmina MOJSIEVA-GUSHEVA

ILINDEN (ELIJAH'S DAY) IN MACEDONIAN DRAMA

(Summary)

This study opens the issue on the development of Macedonian drama through the subject of Ilinden (Elijah's Day) – one of the most immense tragic events in Macedonian past.

Expressing their attitude towards history and ideology, Macedonian drama writers Vojdan Cernodrinski, Nikola Kirov Majski, Vasil Iljoski, Kole Casule, Petre Bakevski and goran Stefanovski illustrate the drama developing process looking from different perceptions, from modernism to postmodernism.

Analysing their dramas in the context of historical knowledge and ideological foundation, we come to evidence that, in some of them, tragic events have been presented on the basis of historical documentation, whereas in others their own perspective of presentation dominates. Occasionally, in order to maintain tragic chaos, the authors idealize historical characters, presenting them as if they are highly moral sinless subjects. On occasion, painfully using symbolism, they uncover dark forces having ruled Macedonian people's destiny in the very beginning of XX century. There are also such dramas applying various post-modern strategies that allude to a wider meaningful context. Different approaches to the ideological and historical subject are connected not only to the author's imaginative sensibility but also to the time they appeared in.

Key words: Elijah's Day (tragical event in Macedonian history), drama developing process in Macedonia, history and ideology, Vojdan Cernodrinski, Nikola Kirov Majski, Vasil Iljoski, Kole Casule, Petre Bakevski and Goran Stefanovski.

Катица ЌУЛАВКОВА

ТРАНСЕСТЕТСКА ИНТЕРПРЕТАЦИЈА НА ПОЕЗИЈАТА НА ЈОВАН (ЈОНЧЕ) КОТЕСКИ

Клучни зборови: социјална поезија, лудистички херметизам, поетски еротизам, интертекстуална ирониј, егзистенцијалистичка меланхолија, мечта, интегрална оптика, трансестетска интерпретација.

Читањето е вистинската средба на јазикот со уметноста, вели Ханс Г. Гадамер во својот есеј „Меѓу феноменологијата и дијалектиката. Автокритички есеј“ (1991, 28). Читањето е најчувствително кога се работи за книжевноста, која впрочем и се дефинира како уметност на јазикот (и на говорот, и на писмото). Оттаму, разбирањето/толкувањето на книжевноста е првенствено, првобитно и иманентно јазично. Читањето е увод во секое разбирање (‘тивко толкување’) и толкување (‘гласно разбирање’). Погрешните толкувања на книжевните/уметничките дела, за коишто толку многу зборува Умберто Еко (2001), произлегуваат од површноста на читањето, од непознавањето на поетичките категории, како и од фактот дека секое уметничко дело е предодредено од повеќе чинители (биографски, сицијални, антрополошки, традициски, културни, лингвистички, естетички, психолошки). Ако читањето е површно и ако е поставено врз лабави координати, тогаш интерпретативната средба со уметничкото дело и со неговиот јазик е ефемерна, лажно учена, рестриктивна, деформативна, стереотипна. При такви средби доаѓа до погрешно препознавање, до заблуди, па и до кобни последици.

Таков е примерот со не-до-разбирањето на поезијата на македонскиот писател Јован Котески (1932–2001). Интерпретацијата на поетскиот опус на Котески во македонските критички рамки е површна,

рестриктивна и погрешна. Таа е втемелена врз сомнителни претстави за поезијата, врз претстави кои заговараат класификација врз тематски принцип (социјална, љубовна, патриотска), така што ја потценуваат идејата за поезијата како полисемантичен дискурс несводлив на тематски доминанти. Таквата интерпретација ги доведе во заблуда македонските читатели, како и севкупната рецепција на поезијата на Котески.

Дваесет години по смртта на Јован Котески, дваесет години по објавувањето на неговата последна збирка и две децении по излегувањето од печат на тротомното издание на поезијата на Котески (Скопје, Издавачки центар „Три"), може да се каже дека критиката почнува да пројавува интерес и свест за идентитетот на поетскиот опус на Јован Котески и го надминува локализмот и провинцијализмот на стереотипните претстави за поетските вредности во македонски рамки.

Денес располагаме со критички прилози во коишто е направена јасна ограда од интерпретативната заблуда на традиционалната македонска книжевна критика од втората половина на 20 век, која ја идентификуваше поезијата на Котески како доминантно 'социјална'. Меѓу критичарите и зналците на поетскиот занает, кои го направија радикалниот интерпретативен пресврт по однос на поезијата на Котески се вбројуваат Санде Стојчевски (2000, 2008), Миодраг Друговац (2003), Венко Андоновски, Бранко Цветкоски и Оливера Ќорвезироска. Тие го свртија интерпретативниот интерес од тематско-социјална насока во насока која во фокусот на интерпретативното внимание го доведува јазично-стилскиот и формален аспект (сонорност, еуфоничност, формална совршеност), но и спрема други, митопоетички, културални, автобиографски и политички аспекти на поезијата на Јован Котески (на пр. Блаже Миневски, во серија текстови од 2005–6, подоцна Наташа Аврамовска ќе ги толкува т.н. затворски песни на Котески и др.).

Пре-фокусирањето на интерпретативниот интерес кон стилско-реторичките, семиотичките и интертекстуалните аспекти на поезијата на Котески, се должи на нејзиното внимателно, темелно, па и дистанцирано читање. Во некои критичко-интерпретативни текстови се забележува сè уште влијателната улога на бинарната перцепција на поетскиот идентитет, како состав од форма и од содржина, но кај некои други текстови се прави интерпретативен пресврт кон една синтетичка, т.е. *интегритивна или трансестетска оптика*. Нагласениот интерес за формата се јавува како реплика на претходниот интерес за содржината, па со тоа претставува коректив без којшто не се може во натамошното интерпретативно соочување меѓу критиката и поезијата. Ако

е за право, одредувањето на естетските доблести на поезијата на Котески, низ призма на нејзината втемеленост врз опсесивниот, пасиониран (и до совршенство изведен) интерес за формалните и заумните аспекти на поетскиот дискурс, е направено како резултат на едно внимателно читање на поетскиот текст и неговата плуралност. Таа повеќецентрична интерпретација се ослободи од упростувачки едностраната идентификација на поетските содржини на поезијата на Котески како 'социјални'.

Освен од иманентно поетичката перспектива, поезијата на Котески, изминативе десетина години, беше предмет на толкување и од биографски и социо-политички контекст, со оглед на трагизмот на самиот Јован Котески. Имено, тој беше предмет на долготрајно и систематско полициско иследување, беше (невино) осуден на затворска казна и одлежа во затвор две години од својот живот (за што пишуваат Блаже Миневски и Јасна Котеска). Ова травматично казненичко тетовирање на животот и личноста на Јован Котески не можеше а да не се одрази врз неговата поезија, и да не влијае (макар со задоцнување) врз критичките и интерпретативните координати/практики. Зашто, имено, јасно е дека песната е рефлексивна и авторефлексивна, дека поетскиот опус е историчен, та затоа не може да се изведе едно сериозно препознавање на суштинските одлики на една поезија, ако се игнорира социо-културната констелација во којашто настанала и во којашто се восприемала таа поезија. Генезата на поетското дело е неразделна од неговата културна, перформативна и естетска функција, впрочем како и од неговата структура/семиоза.

Имајќи ги сите овие нешта предвид, ќе понудам свој прилог кон толкувањето на поезијата на Јован Котески, со интерес за извесна *интегрална трансестетска интерпретација* која бара помирување меѓу принципот на формата и принципот на содржината, меѓу индиферентноста спрема стварноста (социјална, политичка, историска, биографска, перформативна, интертекстуална и друга проблематика), од една страна, и сензибилноста спрема стварноста, од друга. На песната ѝ треба толкувачки контекст, а мојата интерпретативна интенција е контекстот да не го редуцирам на стереотипни аспекти, туку да ја промовирам неговата комплексност (во таа смисла, непретенциозно – неговата тоталност или интегралност). Социјалната и лудистичката парадигма на поетиката на Јован Котески се урамнотежуваат во парадигмата на интертекстуалната ирониј, која е дијалогична, инклузивна, инвентивна...

Во овој оглед, значи, се поаѓа од сознанието дека поетскиот опус на Ј. Котески е заснован врз три доминантни начела – (1) начелото на *егзистенцијалниот интерес* (чувствителност на социјалниот амбиент, интерес за генезата, за личниот и колективниот идентитет, антиципација на доцниот *егзистенцијалистички* штимунг во затворската и дел од пост-затворската поезија на Јован Котески), (2) начелото на *поетскиот лудизам* (ритуализација на јазичните игри со зборови и значења, заумен јазик, јазикот како перформативен чин, како чинодејствен исказ со магиски, бајачки, фармаконски или исцелителски ефекти) и (3) начелото на *интертекстуалната ирониј*а (алузивни упатувања и реминисценции на други погледи на свет, на други стереотипи прикажани во некои текстови и уметнички дела од книжевната и од културната традиција, обележани од стремежот да деконструираат и да ревидираат, ама дискретно, суптилно, духовито и со шарм).

Врз тие три конструктивни начела се структурирани *трите доминантни поетички стратегии* на Јован Котески:

1) *Социјалната стратегија*, која започнува како облик на егзистенцијална катарза (патос, восхит, величење, химничен став спрема својата и македонската животна ситуација, спрема македонскиот социокултурен код),

2) *Лудистичката стратегија* (исто катарсична, ама преку игра, бегство, изолација во јазичните замки и енигми, опозитна реакција спрема претходната, социјална поетика, и

3) *Интертекстуално-ироничната стратегија* на референрање на културната историја, која е проекција на човечката историја и шифриран запис на битието на човештвото, со елементи на препознавање на повторувањето на историјата, на архетипските обрасци на човештвото, синхроницитетот, детерминираноста, симболизмот на културната меморија. Токму оваа поетика на интертекстуалната ирониј ја востановува немиметичната стратегија и поетика на *дистанцирање* од наследените клишеа преку нивна критичка и естетичка ревизија.

Поради намерата да направам 'трансцендентно толкување' на поезијата на Јован Котески, ќе се обидам – во продолжение на овој оглед – да дадам свој одговор на неколку прашања, што ќе ги наведам по извесен хронолошки ред, соодветен на нивното покренување во текот на животот на Котески, па и постхумно (колку и да има недоследности во таа хронологија). Станува збор за следните прашања:

1. Зошто содржинскиот т.е. референцијалниот капацитет на поезијата на Ј. Котески не се исцрпува со социјалниот?

2. Зошто поетиката на Ј. Котески не може да се редуцира на формалните аспекти на поетскиот дискурс?

3. Зошто е битна биографската и егзистенцијалната констелација во којашто се оформува и во којашто се восприема (рецепција, интерпретација, валоризација) поетиката на Ј. Котески?

Ако дадам макар нацрт на одговори на овие прашања, можеби ќе се доближиме до претставата за тоа кои се доминантите (константи и конституенти) на поетскиот идентитет (диференцијалност) на опусот на Јован Котески (за што е потребен поопсежен оглед).

* * *

1. На почетокот ќе се занимаваме со првото прашање – *зошто референцијалниот не се исцрпува со социјалниот капацитет*? Имам впечаток дека токму песната „Ана", од првата етапа од творештвото на Котески, песната што тој толку впечатливо умееше да ја кажува на поетските читања, ја упати критиката во погрешна насока, дека имено неговата поезија е социјално обележана и по тоа обележје битна за македонската современа поезија и по тоа обележје некако поставена на маргините на македонската Модерна, чијшто примарен интерес беше дефокусација од социјалниот топос и свртување кон внатрешната поетска драма (на индивидуализацијата на поетот и на песната). Немам намера да го негирам фактот дека во поезијата на Котески значајна улога врши социјалната мотивација. Имам намера само да го свртам вниманието спрема семантичкиот плурализам на поезијата воопшто, па и на поезијата на Ј. Котески, кој е аргумент кој не ни допушта рестриктивна интерпретација. Она што е плурално е несводливо на една тема и воопшто е несогледливо низ призма на тематскиот параметар (кој е, впрочем, повеќе параметар за школска класификација на поезијата, одошто за толкување на поезијата).

Така, ќе кажам веднаш дека е чудно како во една песна во којашто се најавува шокантната опсесија со Женскоста, во којашто убавината се препознава како (речиси судбинска) спрега меѓу естетското, етичкото и природното (спрега која го маркира засекогаш еротизмот во поезијата на Ј. Котески!), критиката ја виде/ја прочита доминацијата на социјалната тема! Социјално-кастинскиот контекст во којшто се јавува свеста за самостојноста на еротскиот порив, избор, восхит и опсесија и во којшто се доживува самоникнатоста и невразумливоста на похотата

на мажот по жената наспроти важечките социјални табуи/забрани во никој случај не го оспорува тој навидум потиснат или секундарен топос во поезијата на Котески – топосот на похотата. Тоа што објектот на Желбата е недопирлив, не го претвора субјектот кој посакува во сирово, покорно и еднодимензионално социјално суштество! Напротив, социјалниот контекст е присутен во песната така што да создава илузија дека е на преден план на референцијалниот интерес на песната, заправо за да го спроведе ревидирањето на интересот – од социјалното кон еротското, од другиот кон себеси, од убавината кон восхитот од убавината!

Во иднина, цело време и до крајот на своето творештво, една од константните теми во поезијата на Котески се артикулира по однос на *похотата по убавината*, главно проектирана во претставата за женскоста и во нејзината моќ да гради визии/епифании, да разорува психа, да си поигрува со кревкоста на телото, да наведува на грев, да тормози, да восхитува, да проблеснува, да создава особен јазик и особена поезија! Топосот на похотата се обновува во многу различни контексти (не само во социјалниот) – во историски, политички, егзистенцијален, реминисцентен, односно во филозофски, епистоларен, гномичен и друг дијалошки интониран контекст во којшто односот на субјектот е непоимлив надвор од неговиот исконски еротизам. Така, топосот на похотата (копнежот) станува еден вид текст во текст, песна во песните на Јован Котески. Тој топос не е лишен од семантика, тој е полисемичен, тој на места е фасцинантно семантизиран сеедно што е сместен дискретно во рамки на поетскиот мизансцен и што е овоплотен со извонредна поетска мајсторија. Топосот на похотата, токму затоа, можеби и не е профаниран, туку се доживува низ неговата метафизичка димензија која колку и да е невидлива и неприсутна во јавето, толку повеќе се памти (како што се памти Сон, како што се памти Мечта), остава траги во јазикот и во меморијата на еден народ. Без таквата метафизика на мечтата човекот не би бил човек, поетот уште помалку би бил поет.

Повеќе песни од подоцнежното творештво на Котески (пост-Ана-поезијата) потсетуваат на присуството на темата на похотата и го остават читателот без зборови, токму во мигот на вистинската средба со естетизмот на неговата поезија. Во тие мигови на губење на зборот/јазикот забораваме на тезата дека секое разбирање е јазично по својот карактер. Во тие мигови јазичноста на човечкото разбирање напросто нема потреба од дополнителни зборови, толку е силна илузијата

дека е кажано сѐ. Во оваа пригода ќе упатам на неколку такви песни на Котески: *Грешница* (63), *Слекувањето на Ена* (64), *Кога ќе ви се насели...* (65), *Сонот на Ена* (67), *Зелени порти, Сцена* (77), *Ископина* (81), *Статуа 2* (84), *Атена Партенос (87), Песна за Арес* (92), *Антиној* (132), *Песна за Пелоп* (108), *Ej, Чуј! / Народен мотив* (140-1), *Незнајна* (сонувано) (155), неколку фрагменти од поемата „Трагач", потем „Мала љубовна песна", „Таа и тој" (вистинска приказна) од збирката *Кртечина* (2000).

Поврзувањето на песната и жената во единствен зачуден Ерос на којшто не му е туѓа извесна инфантилна искреност и импулсивност, како рефлексија на потребата да се започне јазичната игра токму во сенката на кобноста на убавината, па макар да е и на жена, ги ослободува песните од вишок на патос и ги прави да бидат параболични, суптилни, гномични, луцидни, самоиронични. Еден таков пример е, секако, песната „Ej, Чуј!", пишувана, како што е наведено во поднасловот, врз „народен мотив" (140–141) или интертекст од усната народна традиција.[1] Ослободениот дискурс на поетот и на песната ги обединува трите поетички опции – социјалната, лудистичката и интертекстуалноироничната. Оваа песна е структурирана како двојна антитеза, со ударен завршен (антитетички) пресврт:

„Ej, чуј –
Нема да ти го продадам коњот
нема да ти го избркам кучето (...)
ниту жицата да ти ја оптегнам
(...) туку ќе ти ја гледам жената!"

Тука следи опис на гледањето на жената во дваесет стихови. Потем, на крајот, како да го гризе совест што сѐ ќе се сведе само на гледање, како да го обзема тешка меланхолија (егзистенцијална горчина), му се обраќа на отсутниот соперник и – реторички воздигнато – вели:

„А можам да ти го продадам коњот,
а можам да ти ја оптегнам жицата!"

[1] Темата на митските, фолклорните, историските, културните и книжевните облици на интертекстуалност во поезијата на Јован Котески (археологија, историја на уметноста, колективна меморија, предание, книжевна традиција, митови, старогрчка трагедија, епика) треба да биде предмет на специјална студија и затоа во оваа пригода нема да се задржам на тој битен аспект на неговата поетска експресија, имагинација и слика на светот (КК).

2. Сега би се осврнала на второто прашање – *зошто поетиката на Ј. Котески не може да се редуцира на формалните аспекти на поетскиот дискурс*? Во тој контекст, ќе се обидам да укажам на фактот дека кај Ј. Котески, како кај вистински поет, се профилира пасијата по парономазија, што пак би требало да се протолкува како нешто повеќе од обична форма. Дали поетската форма може да биде обична? Може ли да се прашаме дали постои *необична форма* на песната, ако знаеме дека *необичноста* е иманентна одлика без којашто е невозможна поезијата? Како тоа, многу текстови ги прогласуваме за дело на големи поети, а во нив отсуствува необичната *тешка форма* (отсуствува форма, би било поточно да се каже)?

Читајќи ја поезијата на Јован Котески (Јонче), час тивко во себе и за себе (на памет), час гласно, небаре сакам да си го потврдам интуитивното насетување кое ме обзема уште при безгласното читање, се соочувам со повеќе сознанија во врска со очуденоста на неговата поезија и како таа е постигната (мислам на постапките на дистанцирање од конвенционалните обрасци, постапките на отежнување на поетската форма, постапките на стилизација и поетизација):

Прво, сознанието дека во добар дел од неговата поезија тешко се разликува лирскиот субјект во песната од авторскиот субјект и дека е можно да се сотвори еден витален, полнокрвен двојник од лирско и биографско Јас, кој предизвикува моќни евокации на двојната стварност, на една стварност која произлегува од формата и која ја впива во себе формата, небаре песната има предиспозиции да создаде илузија на стварност, небаре има сочувано нешто од улогата на фикцијата во драмата и во романот, а по форма е само песна!

Второ, Котески ја отежнува формата на своите песни, со чудото на играта, на повеќе начини: преку силната дарба за созвучје/хармонија до којашто стигнува по пат на сонорни еуфонични искази, мултисонанци, стилски паралелизми, етимолошки метафори, полисиндетони, асиндетони, елипси и параболи, реторички прашања и (македонски) антитези, парономастични склопови (сличната звучност раѓа слично значење, звучната хармонија создава семантичка хармонија), внатрешни и надворешни рими, сонетна метрика и версификација, јазични игри, заумни игри, гатки, бајачки, гноми... Тоа е поет со вродена дарба да ја 'Пое' Поезијата (да ја пее песната), а не да ја угушува со рамномерноста и монотоноста на прозниот израз.

Трето, песната на Котески се оформува и при употребата на архаичната и дијалектална лексика, пред чијашто ризница занемуваме

и започнуваме да се сомневаме во сопственото знаење на македонскиот јазик сè додека не му се препуштиме на таквиот јазик и на таквиот полу-свет пред којшто останувате фасцинирани! Да не се поети како Котески еден битен дел од македонскиот јазик и од македонската култура би бил заборавен. Она кое не е влезено во Умот (логосот, јазикот) на книжевноста, полесно станува предмет на заборав, излегува од Умот, не се ни востановува во сеќавањето, па и тоа станува лито, тенко, се кине. Современоста во којашто живееме брзоплето го напушти македонското огниште (природата, селската култура на опстојување, наследениот модел на живеење, моралните семејни и колективни вредности, идеалите врз коишто се создавала македонската традиција). Поетот има долг да ги пополнува празнините на колективниот заборав и да ја негува културата на обожавање на мајчиниот јазик.

Четврто, поетската форма кај Котески никогаш не е автархична во својата автореференцијалност, дури и кога тој го практикува образецот на лудистичко пеење во коешто светот на песната (нејзината семантика) тежнее кон самоцелност, заумност и укинување на референтот, кога се затвора во недосежните херметични искази, во играта во којашто нема место за комуникација со другиот (што ми ги евоцира претставите за поезијата на Велимир Хлебњиков и А. Кручоних од почетокот на XX век, па ми доаѓа доцниот Котески да го наречам „македонски Хлебњиков"). Македонскиот поетски лудизам на заумниот говор има свој редок претставник во ликот на Јован Котески.

Тука се отвора едно друго суштествено прашање, прашањето на *парадоксот*. Чудно е, имено, па и тажно, сознанието дека лудистичкиот херметизам во поезијата на Котески се радикализира, па би рекла и се промовира како особена поетска практика, токму во последната етапа од неговото творештво, во периодот кога кај него има најмалку причини за игра, најмногу за револт и за огорченост. Од што тогаш се потхранува тој интерес за формата со шифрирана заумна семантика? На што се должи херметичниот естетизам од збирките напишани во периодот на робијата или во периодот на изолацијата: *Живожарица* (1990), *Сончева белегија* (1990), *Морници* (1991, настаната за време но робијата), *Ралица* (1992), *Лелејка* (1994), *Самотија* (1994), *Решетки* (1996), Приќе (1997), *Одрон* (1998), *Разор* (1999) и конечно *Крстечина* (2000)? Како било можно во состојба на кафкијанска пресуда и процес да се испишат песни од типот на: *Литак мудер, Кај нам, Косидба, Лов, Ноќна рапсодија, Ане-акт, Шушуле, Партија покер, Камен...*

Може да се понудат повеќе одговори без претензија дека со тоа е затворено ова прашање: – потребата од интензивна поетска игра е

облик на бегство од безумието на стварноста, потреба од мал заборав и опуштање, потрага по терапевтското дејство на (јазичната) играта и нејзината медитативна улога; – светот на јазичните игри кои одат по рабовите на разбирливото му парира на светот на зло-употребата на (дискурсот на) моќта, затоа што и овој најчесто се движи по рабовите на разумот деградирајќи ги универзалните начела на хуманоста; – фармаконот на играта е лековит наспроти фармаконот на робијата кој е отровен (да се препуштиш сосема на робувањето значи да бидеш робијаш и кога си слободен, значи робувањето да ти стане состојба на живеење, ритуал на постоење!); – доживувањето на поетската слобода е – сепак – посилно од прифаќањето на себеси како егзистенцијално неслободен.

Поетот Јован Котески влегува во конфликт со затвореникот Јован Котески (колку тоа и да звучи безобразно и дрско како констатација). Се разбира дека повеќе ништо не е како што било, ни со него ни со светот, но и при таа преобразба е посилна константата на роденият Поет. Од единаесет нови поетски збирки (без детските), речиси девет не се директно посветени на темата на затворештвото (само двете – *Морници и Решетки* се посветени на темата на затворештвото). Збирката *Кртечина* ја отсликува свеста на поетот, повторно силно иструматизирана од сознанието дека бил предмет на систематски истражувања, и тоа во кругот на блиските колеги и пријатели, сознание кое дефинитивно го разорува/разјадува однатре (кртечината има двојна алузија, и на кртиците и нивната денонокна работа да роварат по туѓите животи, и на гризодушјето на оној кој е жртва на кртиците). Но, и во оваа збирка не стивнува поривот на поетот да биде во дослух со својата визија на светот, да го создава својот поетски јазик и да го искаже својот гнев, да го опее својот пораз, да ја насети моќта на зборот и кога е клетва, и кога е прошка, и кога памти (клетвата), и кога заборава (прошката).

3. По однос на третото прашање – *зошто е битна биографската и егзистенцијална констелација во којашто се оформува и во којашто се восприема (рецепција, интерпретација, валоризација) поетиката на Ј. Котески?,* би го понудила неколку деликатни одговори:

Најпрвин ќе укажам на еден навидум сосема небитен момент, но кој, мене, на еден обожавател на астрологијата, ми се чини сепак битен. Роден јануари, астролошки Јарец (козорог), Јован Котески, обележан од примордијален Страв од Просторот/Бесконечноста и од Вре-

мето (Хронос/Сатурн), во тој контекст и од смртта, обележан од некоја вродена меланхолија, се соочува со земјата и со родната земја,[2] во контекст го открива присуството на мајката и отсуството на таткото, се фасцинира од каменот, урнатините, ископините и резбариите, се шокира од рововите (кртечините), го чувствува студенилото на змијата за којашто испишува неколку извонредни песни и стихови, стравот, се привр-зува за македонските трагизми и традиции, ги опева ироничните лекции од историјата, демонските аспекти на човекот (Дракула, чумово оро, змијата, Црна Арапина, злодоба, злолелеење, злокуќани, затворот, мачениците, гревот, нечистите мисли), христијанската етика и стига до метафизиката на јазичните вртлози, до самата вистинска Поезија. Токму во овој круг е изгравиран, да не кажам истетовиран, семантичкиот лавиринт на неговата поезија.

Ја спомнав меланхолијата, која се јавува (ем) како силна емоција по повод многу собитија во животот на поетот од најраната возраст до крајот на животот, (ем) како предмет на опишување на лирската песна („Меланхоличар", 43), за на крај да се сподели од песната и од читателот – како метафизички квалитет на неговата поезија. Таа меланхолија природно се вклопува во амбиентот на сиромаштијата во којшто станува јасно дека постои разлика меѓу страстите (желбите) и можностите за нивното исполнување, дека многу желби остануваат само пусти желби, копнеења во коишто човек окопнува како снег, чемрее како рак... Архетипот на меланхоличарот се обновува секогаш кога ќе дојде до драматични ситуации во животот на поетот (на едно место тој вели дека неговата најголема драма е да се врати Дома). Меланхолијата кај поетите како Котески е однапред зададена во неговата судбина, па се остварува токму во склад со тој меланхоличен сатурнијански принцип на опструкција, сонот да ја натфрлува/ја надигрува стварноста. Тука чека во клопче стуткана и 'Змијата на Времето' – поезијата на Котески со задоцнување, ама сепак, еден ден, ќе биде прочитана, и на поетот ќе му биде оддадена заслужената почит. Што друго, ако не таа Задоцнетост, побудува чувство на меланхолично задоволство и метафизичка болка?

Не може да се очекува од еден хиперсензибилен поет да биде рамнодушен спрема стварноста. Тој реагира сетилно, интуитивно и умствено на стварноста, особено на парадоксите, чудесијата, неправдите и гротеските во човечкиот живот. Поезијата е етички и метафизички возврат (надомест?) за сè она што во животот го губиме, она што

[2] Првата негова збирка и носи наслов *Земја и страст* (1958).

не го добиваме никогаш, сè она кое нѐ восхитило или нѐ стаписало од страв, сè она во коешто длабоко тонеме (јазикот, играта, сонот, визијата, смртта), сè она од коешто го спознаваме човечкиот свет (историјата, археологијата, театарот, книжевноста, фолклорот, народното предание, семејството). Индиферентна поезија не е поезија. Поезијата може само да глуми дека е индиферентна на стварноста, како што и поетот/човекот понекогаш нужно глуми дека е рамнодушен заради други (повисоки!) цели. Поезијата впрочем и нема намера да биде наивно искрена, оти тогаш ќе се изгуби самата себе! Поезијата ја искажува својата нерамнодушност, својата преголема чувствителност на индиректен начин (нерамен говор) – со метафора, со парабола, со парономастични игри со зборовите, со енигми (загатки, шифри, кодови) што ги постигнува на различни начини, со дијалози со отсутни субјекти, со чудни сложувања на историските и поетските времиња, со магијата на звукот во којшто значењето е притаено како во лавиринт (ама постои!), со механизмите на реториката и на стилот на говорот и на писмото, со ритамот и формата. Затоа поетот гледа и повнатре, и повисоко, и понастрана, и подалеку, од другите. Затоа поетот ни го кажува она што не можат да го соопштат документите и колоквијалните записи.

Затоа, повредениот и шокиран поет може да се инаети на устројствата на светот со своите игри, со своите одбивања да биде дел од тој свет (кога е во можност да одбие, оти и за тоа му е неопходна минимална слобода). Но, поетот не се оглушува на стварноста, само напросто не е обичен дел од неа. Поетот е исправен пред секојдневен избор – да биде вклопен во обичната стварност или да биде расклопен од неа и да и' припадне на поетската стварност (која е сенка на стварноста која е сенка на Битието). Затоа поетот е опејувач на сенки и сеништа и често му студи, има грозници, се плаши од темницата, се плаши од обичните нешта оти токму од кај нив доаѓа несреќата...

Јован Котески го има веќе направено својот избор: тој е поет, тој може да страда, може поетски да се поигрува и со зборовите и со алузиите, и со стереотипите, да биде жртва на погрешни препознавања и злонамерни толкувања, ама не мора да се идентификува со ефемерните нешта од ежедневието. Дека го имал посветено својот живот на поезијата сведочи и неговиот лирски запис во склоп на песната со автобиографска интонација „Средба", во којашто води дијалог со поетот Петар Т. Бошковски. Во вид на јасен контраст, наспроти жалбата на Бошковски (типичен стереотип за современите услови во коишто работат писателите), дека нема време за поезија, затоа што времето му е

исполнето со новинарски и други неодложни работни обврски, другото Јас на Јован Котески вели, тивко, кротко, илуминативно, антитетично:

„Пишувам поезија и ми се чини
мене за ништо друго и не ме бива
освен да си го матам умот со кревки резбарии!
Ја отворам дланката и му покажувам
грст ситни плашици како огледалца,
рипчиња посипани со сончева вода.“ (137)[3]

Склоноста кон индиректни, сликовити и параболични одговори и облици на поетско мислење ја прави поезијата на Јован Котески да потсетува на древните зен-традиции на спознавање, просветлување и опевање. Надвор од контекстот на параболата е невозможно да се прочитаат неговите алузии и асоцијации. Котески не умее да се изразува прозаично, експлицитно и поимски. Неговиот говор е индиректен и заобиколен, неговиот говор е сликовит и пространо во својата асоцијативност, ритмичен и созвучен во својата форма. Неговата поезија е неговата слобода. Некогаш дури и инфантилно слободен да се игра и да се подбива, да се чуди и да се грози, кришум да се радува и тихум да се мечтае!

Поетот Котески, во македонската поезија од крајот на 20 век, ќе остане запомнат веројатно најмногу по неговата *дарба за мечтаење*, по капацитетот за фантазирање. Тоа е фантазија која е неопходна за глетките и ситуациите од стварноста да се претворат во поетски слики и симболи. Тоа е мечта без којашто нема уметност на поезијата, независно дали таа е гномична, или испишана како сонет, или како хибридна и долга поема, или како песна во поедноставен бел облик. Тоа чудо од мечта го води Котески до мигот во којшто тој го пишува, на пример, овој чудовишен дистих:

Совпаѓање

Кога Учело го доврши Ангелот
на сите ни се крена косата!

Дали треба песната да каже нешто повеќе за да се долови идејата за моќта на совршената уметничка форма/дело? Се разбира дека не треба, и не само тоа, таа едноставно не смее да каже повеќе одошто е

[3] Цитатите се наведени според изборот од поезијата на Јован Котески, *Сончева белеѓија*, приреден од санде Стојчевски, Битола, Микена 2008.

доволно за да се насети магијата на кажаното! Таа магија од мечта го води до луцидни спознанија кои им се спротивставуваат на интерпретативните клишеа на човечката и на книжевната историја (стереотипот на верната Пенелопа, на пр.), па го води Котески да ја испише оваа необична песна за Антиној, имплицитно песна за Пенелопа, а најмногу за поетот/Хомер:

Антиној

Не ти доделија, како што доликува, Антиној,
достојно место на љубовник – маратонец.
А сите знаеја дека ја сврдлуваш со рог на полжавв
и дека и го свртуваш капачето на кутичето златно
на прекрасната Пенелопа. Но што од тоа?
Во финалето на песната, поетот,
низ иглено уше,
и тебе те протна како излижан конец.

Се чини дека параболата на поетската слобода и на поетската илузија во оваа песна е плод на мечтата на поетот (и онаа на Хомер, и оваа на Котески), прелеана со горчливиот вкус на иронијата на личните егзистенцијални трагизми, искажана низ интертекстуални реминисценции и алузии. Се чини дека нема оригинална мисла, а не пак поезија, ако нема мечта. Се чини како од човека да останува неговата мечта, се чини како мечтата да го надживува човека. Се чини како мечтата да ја има резбано поезијата на Јован Котески, песна по песна, стих по стих. Се чини како мечтата да го има надживеано Јончета Котески. Таа, и сега, е тука пред нас, во неговата поезија, и има намера да остане и потоа. Мечтата на поетите се овоплотува во поетска ствар, во песна, а песната чемрее ако е сама, ама не умира. Нејзе ѝ треба, напросто, добар читател, сензибилен, упатен, одговорен, добронамерен. Таа не е прашање на форма, иако нема совршена форма без неа. Мечтата е нешто повеќе од форма. Нешто повеќе дури и од поезија! Мечтата, не дисциплинираниот и заробен Ум, уште половина век пред да се соочи поетот (и) лично со еклатантната исконска нечовечност (небаре и змијата е подобра од човеко!), го поставува прашањето:

– Ти човеку, од кој си род? [4]

[4] Песната „Змија“ во целина гласи вака:
„И коњот бега како сенка
под матно небо. Сосем сам,

РЕФЕРЕНЦИ

Андоновски, Венко. „Поет на митемата за самоникнатиот човек“.

Ангеловска, Деспина. 2009. « Кон Комунистичка интима од Јасна Котеска (Темплум 2008)», in *Identities*, Volume 7, No. 1/2, Winter, 251–257.

Gadamer, Hans Georg. 1991. *L'Art de comprendre. Ecrits II. Herméneutique et Champ de l'expérience humaine*: Paris: Aubier.

Друговац, Миодраг. 2003. *Поезијата на Јован Котески.* Скопје: Дијалог.

Eko, Umberto. 2001 [1995]. *Granice tumačenja*. Peograd: Paideia.

Котески, Јован. 2000. *Избрани дела во 3 тома.* Скопје: Три.

Стојчевски, Санде. 2008. „Од облак сјај“. Предговор кон изборот *Сончева белегија*, приреден од С. Стојчевски Битола: Микена.

Стојчевски, Санде. 2000. „Од прашинка до планета“, предговор кон *Избрани дела во 3 тома на Ј. Котески.* Скопје: Три. 5–51.

Котеска, Јасна. 2008. Био-библиографска белешка за авторот, in: Ј. Котески, *Сончева белегија*.

Котеска, Јасна. 2006. *Санитарна енигма.* Скопје: Темплум.

Котеска, Јасна. 2008. *Комунистичка интима*. Скопје: Темплум.

Јован Котески. 2008. *Сончева белегија.* Избор приреден од Санде Стојчевски, Битола: Микена.

Миневски, Блаже. 2005–6. Серија прилози за Јован Котески објавувани во неделникот, во периодот од декември 2005 до крај на јануари 2006 (да се види и текстот објавен на веб страницата на 'Разноликост': <www.diversity.org.mk>).

со тоа нежно чудо си играм
како со дете. А зелен плам
се шири, како од мај се враќа
и шарен поздрав во зер ми праќа
– Ти човеку, од кој си род?“

Георги СТАЛЕВ

ОСНОВНИТЕ РАЗЛИКИ МЕЃУ МАКЕДОНСКАТА И ФРАНЦУСКАТА ВЕРСИФИКАЦИЈА

Версификацијата (метриката), како дел од версологијата, кај нас била и е сосема малку предмет на интересирање. Сеќавањето нè враќа на една, велат, веќе застарена студија, *„Македонскиот верс“* (1970) во која е даден исцрпен преглед на тоа интересирање и на состојбите во македонската уметничка поезија до тоа време, но и во нашата народна песна воопшто. Оттогаш, изгледа, нема ништо ново, освен еден магистерски труд (исклучиво за *слободниот стих* во македонската современа поезија) од Сузана Спасовска. Во спомнатата книга беа посочени трудовите на Лазо Каровски (во сп. *„Литературн збор“, број 2 за 1956) и на* Христо Зографов (во сп. *„Современост“, бр. 3 за 1961*) од кои првиот беше општ осврт врз дотогашната практика, поттикнат од сè уште актуелната *Теорија на литературата на* Л. Тимофеева, а вториот се однесуваше за некои ритмички особености на песните од К. Миладинов.

Своевремено, со здобиеното искуство во работата врз препеви од руската класична поезија (Пушкин, Лермонтов, Фет и др.) објавив краток труд за Пушкиновата „онегиновска строфа“, во кој ги објаснив сите видови на четиристапниот руски јамб vis-á-vis можностите за јампско искажување на македонски јазик (се разбира, врз примери од мојот препев на романот *„Евгениј Онегин“).* Во извесна смисла таков обид направив и со метричката структура на *„Пеколот“* од Данте во споредба со ситуацијата што ми се покажа во препевот на тој дел од *„Божествената комедија“.*

Одамна размислував за една споредба помеѓу француската метрика применета во француската класична поезија и метриката

на македонскиот врзан стих, што како повод го има моето залагање во *Малата антологија на француската поезија од XIX век (1964)* и во *Антологијата на француската поезија од нејзините почетоци до крајот на XIX век (1977).*

Сега го правам тој обид.

La versification е тема разработена од француската наука мошне темелно, со оглед на обемноста, популарноста и на другите особености на француската поезија. Еве само неколку примери од таа богата литература:

Можеби за најстара појава треба да се смета текстот на:

MÉNAGE (G.): *Observation sur les poèsies de Malherbe, од 1666 година; него го следи;*

CHARPENTIER (F.): *De l'excellence de la langue française,* од 1683 г.;

DU CERCEAU: *Réflexions sur la poèsie française*, 1742, 1762;

DUBROCA (L.): L' art de lire à haute voix, 1802;

LEGOUVÉ (E.): L' art de la lecture. La punctuation, 1878;

GRAMMONT (M.): *Le vers français, ses moyens d' expression, son harmonie,* Paris, 1904;

VALÉRY (P.): *Au sujet d' Adonis, 1920;*

Пред 1923 година треба да се бараат првите изданија на *Du Rythme Dans La Versification Française* од Eugène d' Eichthal, преобјава во 2009; *Traite de Versification française, со преобјава во* 2010 итн.

MORIER (H.): *Le rythme du vers libre symboliste,* Genéve, 1944;

LOTE (G.): *Histoire du vers français,* Pariis, 1949;

SPIRE (A.): *Plaisir poétique et plaisir musculaire,* Paris, 1949;

GUIRAUD (P.): *Langage et versification d' après l' œuvre de Paul Valéry,* Paris, 1953;

LE HIR (Y.): *Esthétique structure du vers français d' après les théoriciens du 16. siècle à nos jours*, Paris,1956;

MAZALEYRAT (J.): *Pour une étuderythmique du vers français moderne,* Paris, 1963, (Od istiot avtor: *Élèments de métrique française,* 1974;

MESCHONIC (H.): *Critique du rythme,* 1982, ect.

Во сите нив *недвосмислено* се потцртува дека „француската (класична) поезија, покрај *силабичкиот стих*, го познава *уште*

само тонскиот“, и тоа како поредок!... Во нивната рамка се наоѓаат проблемите и прашањата што се јавуваат од различни аспекти.

Стихосложението подразбира цел систем на организација при составувањето на едно поетско сочинение, а тоа значи дека тука спаѓаат *видовите на строфата*, *рефренот, римувањето, метриката (версификацијата) на стиховите.* Со оглед на фактот дека македонската уметничка поезија има задоцнети појава и развој, логично е што еден добар дел од основните прашања и елементи од оваа сфера ќе се поклопуваат и како влијание на поразвиените, пообемните, попопуларните литератури. Затоа и нема да се задржуваме *повторно* на тие заеднички прашања (да речеме, за *дистихот, терцината, катренот, квинтата, секстината, септимата или октавата* итн., кај кои нема некои поголеми разидувања. *Слободниот стих* (vers libre) како дел од версологијата не е предмет на потесна метричка опсервација. Инаку – не би бил слободен стих, иако и под таа синтагма во руската наука за стихот се подразбира нешто сосема друго, поврзано за поезијата од крајот на XVIII век!

Најголемите разлики во однос на нашиов наслов се, пред сè, од историски аспект (во појавата на уметничката поезија кај Французите и кај нас, а што, впрочем, и не е теоретско прашање.) Но, кога сме кај таа појава, да се потсетиме дека (колку што помнењето нè служи), нејзините француски корени се наоѓаат некаде во XI век, во уште „неримуваната“ епоха, со првите сочувани песни на Гијом Единаесетти–војвода од Аквитанија и гроф од Поатје (1071–1127) или на Жофре Ридел (околу 1147). Но тогаш е испеан и францускиот еп *Александрида* во *дванаесетерци,* од кога во теоријата на стихознанието влегува и терминот *александрин(ец)* (стих од 12 слога, од 6 јампски стапки, со 2 или со 3 цезури) кој ќе ја преплави малку подоцна речиси целата европска поезија, во таа смисла и хрватската *дубровничка* поетска продукција. Се разбира дека тој и во француската, дури и лирика, долго време ќе биде доминантен верс, а обично теоретските трудови од областа на версификацијата започнуваат со него:

Mon bien aimè // je te cherchais // depuis l' aurore //
Sans te trouver // et je te trouve //, et c' est le soir //
(Премил мој, те барав јас уште од зората
Без да те најдам, а те наоѓам, но дури вечерта...)

Овде секој стих има по три *цезури (паузи*), по секои 4 слога, а третата задолжително се наоѓа на крајот од целината, од версот (//). Некогашнот јампски карактер се задржал, но со оглед дека подоцна *силабичко-тонската версификација* Французите не ја зачувале, вакви почисти примери поретко ќе се сретнат или ќе бидат – случајни! И уште нешто: обично на крајот од повеќесложен збор неакцентираниот вокал *е* не се изговара (тој е „нем"), но по потреба може да влезе „во игра" како затемнет вокал. На крајот од стихот неговиот изговор се елиминира сосема: тој не се брои при метричкото структуирање, а тоа важи и кога ќе се најде пред цезурата и пред збор што започнува со самогласник! Кај двата горни стиха тој вокал го броиме во зборчињата je, te, а не се изговара во зборовите auror(e) i trouv(e). Околу неговиот историски развој версолозите ќе запишат: „Прогресивната еволуција на тоа *темно* е во *изгубено* (велиме – *немо*) ја владее целата историја на нашата версификација" (La versification, par Pierre Guiraud, Paris, 1976, p. 75). Потоа, не само во *александринецот* туку и во сите други француски стихови, последниот слог е нагласен (акцентиран), според природата на самиот јазик!... Со оглед на „редуцираниот" метар, француската наука обрнува повеќе внимание на други појави, како што се *хијатусот,* (директна средба на две самогласки на границата меѓу два збора: во прозата и во говорниот јазик почести, во поезијата поретки: „*Que tu^es renommée/ D'etre tombeau nommée...",* или*: „Qui^oncques en sa vie/Ne fut brulé d' envie..."* – на кои кај нас, во македонската поезија, не би имале зошто да се задржуваме!), *диерезата* (разделување на две самогласки: „La nati-on chèrie a violé sa foi" – за кое кај нас не постои ни услов, ни резон, освен ако не се мисли на *диерезата* како *пауза* која разделува *две стапки*!), *синицезата* (спојување на две самогласки: bouclier, hier и др. Синицези има и во нашата, особено, народна поезија:

„*Пак ми збори Марко**а** брза коња"*

со што се обезбедува, зачувува формата на десетерец.)

Францускиот *Александринец би* можел да се споредува со македонскиот дванаесетсложник само условно, според *изосилабичкиот принцип:*

Voici le mois d' avril, // où naquit la merveille //…

(P. de Ronsard)

(Еве го месецот април кога се роди чудото...)

Двапати по шест слога разделени со цезура, а таа, паузата, се наоѓа и на крајот од стихот. Во секој од „шестосложинциве“ има по три акцента: (вуаси́, муа́, аври́л // ў, наки́, мерве́ј). Местото на акцентите не е фиксирано во сите стихови на истата песна, освен на крајот од версот. Со тоа е зачуван нејзиниот *тонски* карактер.

Нашиот *приближен* пандан би бил:

Сал под о́вој про́зор // на́ прсти ќе ми́не //
се́страта во дво́рот // цве́ќе к(о́)га ки́не //.

(*Србо Ивановски*)

Разликата ќе биде во тоа што во *овие* македонски стихови имаме помалку акцентирани зборови, но местото на акцентите не се менува: тие остануваат секогаш на првиот слог од *трохејската стапка*. Тоа не значи дека кај нас нема *дванаесетерци* надвор од правилниот силабичко-тонски систем, иако и во нив „бие дамарот“ на ритамот:

Ве́черва со́ тебе // да збо́рувам ми́слев...//
Си́в окто́мври ро́ни // пожо́лтено ли́сје...//

(Гане Тодоровски)

Или:

В дал**е**чното д**е**тство // **ја**с со пра́ќа стр**е**лав//
и п**о**трефив г**о**лаб... // К**р**вта в мл**а**з се сл**е**а...//
1 2 3 4 5 акценти

(Славко Јаневски)

(Појавата на помалиот број акценти кај нас се должи на нашиот јазичен систем во кој има мал број едносложни и, воопшто, кратки зборови. Но причината не е само во тоа).

Еве уште два условни шестосложника, исто така разделени со цезура и со пауза на крајот од стихот. Но, во нашиот пример имаме повторно четири акцентирани збора, а ударението сега секогаш го зазема третиот (средниот) слог од секоја *амфибрахна* стапка:

(О, Т**е**шко)-(то! С**у**рли) (штом д**и**во) (ќе п**и**снат)
(штом т**а**-пан) (ќе **е**к- не) (со п**о**д-зе-) (мен **е**-кот).

(*Блаже Конески*)

Шемата на овој стих е: (U – U) (U – U) (U – U) (U – U)

Значи: за разлика од францускиот пример, некои наши песни се карактеризираат со силабичко-тонска версификација. Тие, пак, и не може да имаат *комплетен* пандан во францускатa поезија, затоа што секој француски збор е акцентиран на последниот слог, а тоа го отежнува сочинувањето на силабичко-тонски стапки!

Но, затоа Французите имаат постара поетска традиција која покажува необични појави во минатото. Па во својата версификација ќе застапат и прашања кои, инаку, припаѓаат на версологијата, но не и на самата метрика! Од францускиот поетски *барок* ќе се издвојат разни *фигуративни досетки*, како што е следниов пример на извесен провансалски *тробар („наоѓач", „пронаоѓач" -?- на нови форми* – во секој случај збор што има врска со *трубадурството.)* Еве пример – два:

Prenez en gré mes impar**faits faits faits**
Benins lecteurs très dili**gens gens gens**

во кој осмислено двата повторени збора на крајот во стихот прават логична целина со истоформната завршница од претходниот збор. Ни се чини дека при преводот не ќе биде можно да се зачува и специфичниот елемент на „играта"! „Примете ги (за) пријателски моите нес(о)вршени дела, доброќудни читатели (лектори) толку вредни луѓе" (Можно е зборовите faits и gens при повторувањето да имаат и некое од своите други, асоцијативни значења!). За нијанса се поупростени стиховите на Charles Gros (1842–1888):

Il était un grand mur blanc – nu, nu, nu
Contre le mur une échelle – haute, haut, haute,
(Тоа беше голем бел ѕид – гол, гол, гол
Спроти ѕидот една скала – висока, висока, висока)

А сето тоа, вели поетот,

Pour mettre en fureur les gens – graves, graves, graves
Et amuser les enfants – petits, petits, petits(!)
(За да го фрлам во бес светот – важен, важен, важен
И да ги разонодам децата – мали, мали, мали.)

Друг сличен, но поуспешен, поинтелигентен случај би бил примеров:

Mets voile au ***vent*** cingle vers nous **Caron**
Car on m' ***attend,*** et ***quand*** sera en tente

Содржината на овие два стиха тешко се одгатнува. Се однесува на некакво симблично бурно едрење кон шаторот на (?) во кој лирскиот јунак е очекуван... Но, таа за нашиов случај не е ни битна, зашто *иновацијата* се однесува на маркираната игра со зборови, а и во хомофоноста на двете цезури со внатрешни рими придружени со трета непосредно зад втората!) Ние немаме „провансалска" поезија, но го имаме Гане Тодоровски кај кого што ги среќаваме следните стихови:

Бел
јастреб
растре-
пел.
.....
Ден
в **зале**з
зале-
ден!

И така во целата песна *Залез* од 7 вакви „строфи". Се разбира дека станува збор за интересен експеримент-игра, со „изнудени" едносложни созвучја.

Но, француската версификација, според развојот на поезијата, има и свој историски пат кој започнува со потпирањето врз латинската традиција. Се развивал францускиот јазик, се вршела диференцијација во него, а кај поезијата и „најмалата" промена – губење, затемнување на вокал или дифтоншко спојување на два вокала – ќе најде одраз во структурата на метриката! До такви детали навлегла француската версологија која и помодерно се занимава, да речеме, со философското во естетиката на фигуративноста!

Но, основите на *метриката* се огледаат во неколкуте општи насоки: ритамот измерливоста на стиховите (колку поединечно, далеку повеќе преку нивната организација во строфи), а римата – како прилог контра монотоноста во постантичкиот период – се јавува во поткрепа на ритамот, не дозволувајќи стихот да се распадне. (Се разбира, таа има и други функции!)

Во однос на бројот на слоговите, стихот може да биде *парен* или *непарен,* а тоа значи да биде составен од 4, 6, 8, 10, 12, и 3, 5, 7, 9, 11 слогови, па според тоа и нарекуван, да речеме, vers octosyllabi-

que, décasyllabique̋ итн. За нашите случаи своевремено ги позајмив, модифицирано, српско-хрватските термини *петерец, осмерец* и, алтернативно, *петосложник, осумсложник и* сл., но нив не ги наоѓам во нашиот *Правописен речник.* Надлежните или не се согласиле со решението или, пак, воопшто не биле запознаени со него (што ќе да е поверојатно!)

Песна со стихови од два слога во француската класична поезија како да не се среќава.

Гане Тодоровски, во веќе посочениот *Залез има не само двосложници* туку и *еднослоҗници, кои може да се толкуваат вака или онака!*

Миг
вжештен
вклештен
клик.
.....
Грд
кобник
коби
смрт.

Францускиот *моностих* е редок. Најчесто се издвојува од целината според мисловната содржина или сликата. По една своевидна тажаленка *по саканата, поентата* е во таков издвоен моностих:

Je veux aller après elle. (Сакам да заминам по неа)
(Jean Passerat)

Кај нас поетот Петко Дабески има цела моностишна збирка, а и Александар Поповски некои сказни раскажал преку моностих:

Сѐ повеќе сум копнеел од неспокој да сум друго. (П.Д.)
Тапан тропа – учкур стопан. (А.П.)

Французите велат: "Pas de schéma de rime pour le monostiche, bien sûr, car ne contentant qu' un seul vers!" („Не постои шема за римување кај моностихот, се разбира, бидејќи се работи само за еден стих.“) Да, ама Александар Поповски го римува моностихот со неговиот сопствен полустих!... Значи ли тоа дека тоа не е моностих?... Не би сме рекле, затоа што александринците знаат токму

за меѓусебно римување и на полустиховите (Да се потсетиме на Гундулиќевата *„Дубравка"!)*

На изглед Француски *трисложници*, главно, ќе се најдат осамени: во басна на Ла Фонтен, по еден седмерец:

La cigale ayant chanté
Tout l' été
……..

Но, во *трисложници* и *четверци* Французите имаат една од најинтересните песни во нивната поезија, *Chanson d' automne,* од П. Верлен:

Les sanglots longs	4
Des violons	4 ou 3 (во зависност дали е диереза!)
De l' automne	3
Blessent mon Cœur	3
D' une langueur	3
Monotone	3
Tout suffocant	4
Et blême, quand	4
Sonne l' heure,	3
Je me souviens	4
Des jours anciens	4
Et je pleure	3

Ја имаме оваа песна во македонски препев, во кој се појавија неколку *отстапки* (+ -): Сите „помакедончени" строфи се составени од *петосложници,* со по некој *четверец* и еден „заталкан" *шестерец*. Римувањето е спроведено со сета сложеност, но во послободен редослед во втората строфа:

Есенскиот здив
Долг, виолинен,
В липање мине,
Срце ми кине
Со монотон лач
На копнеж жив.

Задушен сет,
Сосема блед,

Штом часови звонат
В спомени тонам
За дните стари
И плачам, клет...

Песната има уште една строфа:

Et je m'en vais
Au vent mauvais
Qui m'emporte
Deçà, delà
Pareil à la
Feuille morte.

И тогаш одам
Низ ветер зол
И така бродам
Низ рид, низ дол,
Ме носи в бол
Ист – венат лист.

(Тука ни се отвора ат интересни прашања од теоријата на преодот, но тоа, во случајов, ни е вон од темата!..)

Француски петосложник:
A vous, troupe légère, – Вам, лесно јато,
Qui d' aile passagère – Кои со кратко(трајно) крило
Par le monde volez – Летате низ светот...

(Joachim. du Bellay)

Продолжението на строфата ни открива дека бројот на акцентите нема посебна ролја

Но, за да не останеме само на парадигмата од препевот на Верен, еве и „роднокраен" екземплар, „бели стихови" – петерци:

Твојата сенка
Се претворува
Во црвен јазик
Гвадалкивире....

(Љубен Ташковски)

И Гане Тооровски има вакви неримувани, но „полуритмизирани" строфи. Строгиот познавач ја насетува нивната анапестна основа

Тројца селани
В градска меана
На „по една“ (4)
се подзапреа.

Ги погледнаа
Првин парите
Потем двојните
Ги порачаа.

Анапестната основа јасно ја покажува четвртиот стих од секоја строфа

Се под зап - ре- а
(u u -) (u u o),
Ги по- ра - ча-а

А другите стихови се објаснети во *Македонскиот верс* на стр. 232. каде што е посочен уште еден пример за анапест од овој вид, иако во поинаква строфа.

Во народната поезија *шестосложниците* потешко се препознаваат и зависат од – запишувачот. Почесто се соединуваат две такви строфи, образувајќи дванаесетерец. Но, во уметничката поезија поетот има свој резон, определувајќи се за овој стих:

Бистра месечина,
полноќ јасикова,
бисерен шепот (5)
мрзне во гранките.

(Бл. Конески)

Тој резон, во случајов е: *еден стих – една слика, едно чувство, ритмички брзо предадени. И – сè во двостапковни дактили, иако таа форма понатаму може да биде напуштена.* Секој стих има по два акцентирани збора.

Je ne fais a tout heure (Јас секој час)
Que souhaiter la mort (само ја пожелувам смртта)

(Jean Bertaut)

Во продолжението францускот пример ни е римуван.

Еден француски *седмосложник* покажавме кај Ла Фонтен: (La cigale ayant chanté = Штурецот којшто пееше.) Од кај Марселин Д. Валмор позајмуваме:

Et ton cœur contre ta cage (А твоето срце против твојот кафез
Se jette aves désespoir (се фрла со очај)

Потоа следува римувањето на *cage* со *coutage* і *esclavage.*

Колку што стихот слоговно се зголемува, толку е природно и акцентираните зборови да растат. Но, тоа зависи и од должината на зборовите, па се случува често тука да нема некоја закономерност. Во сеќавање ми се примери од руската поезија: во четиристапков стих може да се најдат четири, три, па дури и само два акцентирани збора (ретко и пет, доколку меѓу јамбот се „провлече" акцентиран збор на слабо место):

1. Пор**á**, пор**á**, рог**á** трубят (4 акц.)
(u -) (u -) (u -) (u -)
2. Зал**ó**г дост**ó**йнее теб**я** (3 акц.)
(u -) (u - uu) (u -)

со употрба на *пеон* II со јампска основа;

3. Адмиралт**é**йская игл**á** (2 акц.)
(u u u -) (uu u -)

Со употреба на два *пеона* IV со јампска основа;

4. Т**ы** к н**и́**м на т**ó**й не- д**é-** ле зв**á**н (5 акц.)
(- -) (u -) (u -) (u -)

Последниов пример содржи *спондеј* во почетокот, но тој е занемарлив, зашто личната заменка ТЫ може да се провлече како „џокер" со својата можност да биде и акцентиран, и неакцентиран слог. Парадигмава е далеку понемаркантна од, да речеме, во случајот:

Гм! Гм! Читатель мой родной!

Octosyllabes:

Il est deux Jean // dans ce bas monde,
Différents d' humeur // et de gout.
.....

On conçoit bien // que Jean qui pleure
N' est pas si gai // que Jean qui rit.

(Има двајца Јовановци во овој прост свет,
Различни по ќуд и по склоност
.....

Се гледа -?- добро дека Јован што плаче
Не е толку весел како Јован што се смее.

(*M. A. Désaugiers)*

Освен што ги покажуваат истите елементи како и претходните стихови, шегобијниве осмерци слогово се беспрекорни, со тоа што само во вториот стих цезурата го менува местото, а и другите елементи се тука (како, впрочем, и кај седмерците). Но можат да содржат во себе синтагмични полустихови.

Цела песна во бели стихови-осмерци има Јован Котески *(„Злокуќани“):*

Вие што сте ја кренале
куќата темна како ноќ
на ридот, како бдеење,
сте го одредиле патот,
сте го стопиле каменот,
сте си направиле чудо!
.....

Се разбира, тоа не е типичниот осмосложник од народната поезија кој има поправилни шеми (5 + 3) или (4 + 4). А тие може да се сретнат кај Кочо Рацин:

Денови ли се // денови,
аргатски маки // големи!

Односно:

Извор вода // извираше
плод от поле // ли береше
амбар селски // пуст остана.

Токму овој метар, се разбира, покрај експресивноста на дел од Рациновата поезија и *оневозможува* посовршени преводи на „*Бели мугри“* на други јазици.

Понатаму со мал или без коментар само би ги посочиле и другите стихови:

Prince Jésus, qui sur tous seigneurie
Garde qu' Enfer n' ait de nous la maistrie
(*François Villon*)

Деветоркава францускиов поет ја дели на три прецизно еднакви делови, со три цезури по секои три слога. Во секој стих има по три (или по четири) акцентирани збора, во зависност од изборот на акцентуацијата на исполнителот. Ако навлеземе посериозно во овие стихови може да се откријат во нив појави што исчезнале подоцна во францускиот стих, но тоа е веќе проблематика за поголема студија. Се однесува на ролјата на двата члена Prince и Garde, но елаборацијата во моментов би сме ја избегнале.

Кај Венко Марковски читаме:

...Под родна стреа // низ роден крај
не радост помнам, // не весел мај
.....
пет страшни века // под турска власт...

Внатрешната композиција кај двата примера е, сепак, различна, определена, главно, од нееднаквиот број на цезурите, а секако и од нешто посуптилно во однос на јазиците.

Тоа може да се забележи и кај *десетерците (les decasyllabes):*

Nous aurons des lits // pleins d' odeurs légères.
(Ќе имаме постели полни со нежни мириси.)
(Baudelaire)

J' ai vu la Paix // descendra sur la terre,
.....
Semant de l' or, // des fleur et des épis.
(Го видов Мирот како слегува на земјава,
Сеејќи злато, *цветови* и класје)
(Pierre J. de.Béranger)

Првиот десетерец слоговно е поделен 5:5 и има случаен трохејски призвук во полустиховите одделени со првата цезура!

Следните ја содржат цезурата по четвртиот слог (во целата песна „*Светата Алијанса на народите*“ = "*La sainte Alliance des*

peuples"), а во вториот, и четвртиот стих овде ќе почувствуваме, пак, случаен јамб! Се разбира дека од тоа не се прави заклучок!

Пандан на првиот француски стих имаме во примеров:

Да се кријам ли // како крт од Феб?

(Г. Сталев)

Другите наши десетсложници или ја следат метриката од народната поезија: „Сила на век е // Гоце војвода“ (5 + 5), односно: „В пролет бујна // лисја окапале“ (4 + 6) како кај Венко Марковски или може да бидат метризирани трохејски, дактилски, односно секакви силабичко-тонски примери:

Како дамна // низ двор тихо мине
в очи влажни // грижи пак ѝ читам:
„Како си ми, // изгубен мој сине
што ко бранот // од брег на брег скиташ?..“

(Сл. Јаневски)

А да се потсетиме дека имаме и десетеречки анапест:

И од мр**а**кот ќе **о**стане п**е**сна...

(Србо Ивановски)

И, последниот стих што го негувале француските класичари е *единаесетерецот,* иако далеку, далеку поретко од *александринецот:*

Que l' homme delivré // de son passé absurde
Dresse devant son frère // un visage semblable.

(Ослободениот човек од своето апсурдно минато
Нека го исправи пред својот брат (своето) слично лице.

(Paul Eluard)

Гане Тодоровски вкрстува единаесетсложници со деветерци:

Колку досадно // чкртат тркалата (11)
чиниш режат // врз патот со нож! (9)
Сводот истура // пролетен дожд, (9)
Молчи смирено // малото маало. (11)

Македонските стихови се со *анапестна* основа, со тоа што почетните зборови во стиховите се сметаат како слогови без акцент (на

пример, како: да не, да би, и со). Во својата поема "Ὁ Ἁρματωλός", инаку напишана во јампски стихови, Григор С. Прличев често употребува вакви случаи.

Од другите прашања внимание заслужува т.н. enjambement (*опчекорување,* прескокнување на паузата на крајот од стихот за да продолжи мислата во следниот стих):

Seigneur, il faut que la terre
Connaisse en moi vos bienfaits.

(Господи, земјата треба
во мене да ги (пре)познае Твоите доброчинства.

(Jean - B. Rousseau)

Но, има и порески преоди:

Старата Моска е тука. Сина
приквечер на улиците слага...

(Блаже Конески)

Овој наизглед сувопарен преглед сосема поинаку изгледа во некој практичен однос, да речеме, при преведувањето на поезијата од еден јазик на друг. Нешто можеше да се насети и од паралелниот пример со Верленовата песна и нејзиниот македонски препев. Овде би сме приложиле нешто поинтересно, иако свесни за ризикот:

Allons, enfants de la patrie,
Le jour de gloire est arrivé!
Contre nous de la tyrannie
L' etendard sanglant est levé!
Entendez-vous dans les campagnes
Mugir ces féroces soldats?
Ils viennent jusque dans nos bras
Egorger nos fils, nos compagnes.
Aux armes, citoyens!
Formez vos bataillons!
Marchons! Marchons!
Qu' un sang impur
Abreuve nos sillons!

На родна земја деца – в бој!
За слава нам ни дојде час!

Тиранијата против нас
Крвав барјак, глеј! – крена свој.
Да ли чувте за бедата?
Сред поле рик од баталјон;
Пред очи, див, ги закла он
Другарите и чедата!
Во бој, граѓани!...
Сите во редот прв!
Во марш! Во марш!
Нека ниви
Ни пои лош крв!

Рина ПАВЛОВНА УСИКОВА
(Москва, РФ)

ЗА ИЗУЧУВАЊЕТО НА МАКЕДОНСКИОТ ЈАЗИК И КУЛТУРА ВО РУСИЈА

Оваа статија донекаде ја продолжува статијата „Руската славистика за македонскиот јазик пред неговото кодифицирање“ (зб. „Откривањето и проучувањето на Македонија во европската наука до формирањето на македонските државни институции“ по повод 40-годишнината од основањето на МАНУ, Ск. 2007 г.). Главно внимание ќе биде посветено на современиот кодифициран литературен македонски јазик, на изучувањето на македонистиката како дел од славистиката во руската наука и на предавањата по македонски јазик и литература на руските универзитети.

Сепак ќе почнеме со А. М. Селишчев, кој најмногу направи за изучувањето на тие проблеми уште во почетокот на развој на славистиката и македонистиката. Тој бил учител на нашиот професор С. Б. Бернштејн, научник и организатор на славистиката како наука и предмет на филолошките факултети.

С. Б. Бернштејн ги формулира принципните погледи на Селишчев врз македонскиот проблем, цитирајќи негов говор во една јавна научна дискусија: „Македонските говори преживеаја сложена и многу искомплицирана историја. Во основа тие заедно со говорите на Мизија, Фракија и Родопите спаѓаат кон оние јужнословенски говори за кои во науката е примено да се викаат бугарски. Кон другата јужнословенска група се однесуваат дијалектите што создале основа за српскохрватскиот и словенечкиот јазик. На границата меѓу тие две дијалектни групи има различни преодни говори. Сето тоа е предмет на моите специјални занимања. За жал, морам да трошам време за критичка анализа на различни изопачувања и извртувања. Јас ја преминував границата на

лингвистиката само при изучување на народниот бит и етнографија. За решавање на политичките прашања и државниот живот на современите балкански народи треба толку многу познавања и сопствени впечатоци со кои не сум располагал или да располагам. А да се мешам во решавањето на тие прашања сметам за аморално. Сигурен сум дека руските научници треба да држат тука неутралитет. Премногу факти сведочат за несовпаѓање на јазичните и државните граници. Познати се премногу случаи кога јазичните признаци не се совпаѓаат со националната припадност. Што би се случило со границите на современите европски држави, ако тие се озаконуваа само според јазичните признаци? <...> Што се однесува до мојот личен однос кон македонското прашање од општествено-политичка страна, далеку стојам од сочувства кон тенденциите на политичкиот империјализам независно од неговиот правец". С. Б. Бернштејн истакнува дека Селишчев воопшто во своите научни истражувања ги игнорира политичките и национални барања (Бернштејн 1987, с. 17).

Во своите монографии и статии, посветени на македонските проблеми, А. М. Селишчев не се покажа само како лингвист-дијалектолог, туку и како етнолог и историчар на јазикот. Дијалектологијата го интересираше Селишчев и сама од себе и како пат кон изучувањето на историските податоци за јазикот, на писмените споменици и на топонимијата. Тој беше и историчар на јазикот, прекрасен теренски истражувач кој внимаваше на социјалната природа на дијалектниот говор, а истовремено и прекрасен фонетичар.

Мислам, во историјата на световната македонистика А. М. Селишчев останува како еден од најзначајните научници кои се занимаваа со историјата на словенскиот етнос и неговите јазични контакти на Балканот, со македонските говори во историскиот контекст на славистиката и балканистиката, со словенската топонимија во Македонија и Албанија, со историско-споредбената граматика на словенските јазици и анализата на историјата на македонските дијалекти, односно на македонскиот јазик. Научните трудови на А. М. Селишчев извршија големо влијание врз теоретските и методските основи на славистиката и балканистиката.

Понатаму со македонистички истражувања се зафати С. Б. Бернштејн, „заразен" со таа заветна идеја од својот учител А. М. Селишчев. Пред 1945 г. С. Б. Бернштејн ги проучува македонските дијалекти и нивната историја врз општословенскиот и јужнословенскиот фон. И Селишчев, и Бернштејн работеа во времињата (20-тите и 30-тите години) кога

историско-споредбената славистика се сметала во СССР за „буржоаска“ наука. Широко и длабоко образован славист, С. Б. Бернштејн во своите научни трудови беше секогаш максимално чесен и не подлегнуваше на политички притисоци. Молчеше, не ги даваше своите трудови за публикација, очекувајќи подобри времиња. Така, во 30-тите години С. Б. Бернштејн пронаоѓа во Одеските архиви коректура на еден број од списанието „Вардар“, подготвено за печат во 1905 г. на македонски литературен јазик, создаден од Крсте П. Мисирков. Тоа беше откритие за науката зашто никој не знаеше за постоењето на коректурата од тоа списание. Но во 30-те години Бернштејн немаше можност да публикува научна статија за тој факт од историјата на македонскиот јазик и статијата беше печатена во Москва дури во почетокот на 60-тите години, кога веќе постоеше македонскиот литературен јазик (Бернштејн 1960; првото издание на статијата беше публикувано во Словенија 1958 г.).

Еден од првите научници во светот С. Б. Бернштејн во првото издание на Големата советска енциклопедија (Бернштејн 1938) го опиша кратко и јасно македонскиот јазик како современ самостоен национален словенски јазик, иако уште не беше кодифициран. По кодификацијата на македонскиот литературен јазик С. Б. Бернштејн во своите славистички научни дела пишуваше за историјата на македонските дијалекти, за нивното место меѓу другите словенски јазици и дијалекти, на пример во монографијата „Очерк сравнительной грамматики славянских языков“ (Бернштејн 1961, 1974). Во статијата „К вопросу о форме 3-го л. ед. ч. настоящего времени в македонском литературном языке“ (Бернштејн 1948). Бернштејн ги карактеризира македонскиот јазик и култура во нивниот историски развој, одбележува дека во XIX в., кога се одвива интензивниот процес на формирање на јужнословенските јазици, дејците на македонската култура К. Пејчиновиќ, браќата Миладинови, Р. Жинзифов пишуваат или на својот мајчин дијалект, или пак на книжевниот српски или бугарски јазик. Ученик и следбеник на А. М. Селишчев, С. Б. Бернштејн ја интерпретира историјата на јазикот и културата на македонскиот етнос од истите принципиелни позиции како историја и на другите јужнословенски етноси. Македонската наука заслужено го призна придонесот на С. Б. Берштејн и член на МАНУ надвор од работниот состав.

– 1897 – *Кашубский „язык", кашубский народ и „кашубский вопрос"*, „Sprawozdania z Posiedzeń Wydziału Filologicznego Akademii Umiejętności w Krakowie, t. 2, Nr 8, 3–6.

– 1901a – *О смешанном характере всех языков*, „Журнал Министерства народного просвещения" Санкт-Петербург, 12–24, (nadbitka).

– 1903a – *Język i języki*, [w:] *Wielka encyklopedia powszechna ilustrowana*, Warszawa, t. 33, 266–278.

– 1903b – O psychicznych podstawach zjawisk językowych, [w:] Przegląd Filozoficzny 1903, t. 6, z. 2, 153–171, Przedruk [w:] Jan Baudouin de Courtenay, *Dzieła wybrane*, t. 1, Warszawa 1974, 355–371.

– 1903c – *O zjeździe slawistów i o panslawizmie platonicznym*, Kraków.

– 1903d – *По поводу „Съезда славистов"*, „Вестник Европы", т. 4, Санкт-Петербург, 328–343.

– 1904a – *Językoznawstwo czyli lingwistyka w wieku XIX-ym*, [w:] Szkice językoznawcze, t. 1, warszawa 1904, Przedruk [w:] Jan Baudouin de Courtenay, *Dzieła wybrane*, t. 1, Warszawa 1974, 153–175.

– 1904b – *Kwestia alfabetu litewskiego w państwie rosyjskim i jej roz wiązanie*, Kraków.

– 1905 – *Kwestia polska w Rosji w związku z innymi kwestiami kresowymi i „innoplemiennymi"*, Kraków.

– 1906a – *Проект осовных положений для решения польского вопроса*, Санкт-Петербург.

– 1906b – *Ze Zjazdu autonomistów czyli przedstawicieli narodowości nierosyjskich*, Kraków (odbitka z „Krytyki").

– 1907 – *Autonomia polski*, Kraków.

– 1908 – *W sprawie porozumienia się ludów słowiańskich*, Warszawa.

– 1913a – *„Bracia Słowianie"*, „Krytyka", t. 39, z. 9, 94–103, z. 10, 147–160.

– 1913b – *Национальный и территориальный признак в автономии*, Санкт-Петербург.

– 1913c – *„Украинский вопрос" с вненациональной точки зрения*, Отдельный оттиск из журнала „Украинская Жизнь", 7–8.

– 1925 – *Kilka ogólników o obiektywnej i subiektywnej odrębności „Ukrainy" pod względem językowym, plemiennym, narodowym i państwowym*, [w:] Album Societatis Scientiarum Ševčenkianae Ukrainensium Leopoliensis ad sollemnia decennalia quinta 1873–1923, Lwów, 1–19.

– 1926 – *W kwestii narodowościowej*, Warszawa.

– 1929 – *Ze wspomnień i rozmyślań o Słoweńcach i Słowianach w Italii*, „Wiedza i Życie", 6, Warszawa.

Brozović 1989 – Brozović D. A., *Jан Бодуэн де Куртенэ – пионер научного подхода к проблемам интерлингвистики*, [w:] Jan Niecisław Baudouin de Courtenay a lingwistyka światowa, Materiały z konferencji międzynarodowej, Warszawa, 4–7 IX 1979, 367–376.

Furdal 1983 – Furdal A., *Z zagadnień klasyfikacji kulturowej języków słowiańskich*, [w:] Z polskich studiów slawistycznych, 6, Językoznawstwo, Prace na IX Międzynarodowy Kongres Slawistów w Kijowie, Warszawa, 101–108.

– 1992 – *Język i naród a prawa człowieka*, „Biuletyn Polskiego Towarzystwa Językoznawczego", XLVII, 15–25.

– 2000 – *Polska oda do radości. Język i kultura narodowa we wspólnej Europie*, „Zakład Narodowy im. Ossolinskich – Wydawnictwo", Wrocław.

– 2003 – *Jak być Polakiem w Unii Europejskiej*, „atla 2", Wrocław.

Gerd 2005 – Герд А. С., *Введение в этнолингвистику. Язык, этнос, этногенез, политика*, Санкт-Петербург.

Kulczycka-Saloni 1983 – Kulczycka-Saloni J., *Jan Baudouin de Courtenay jako publicysta*, [w:] Jan Niecisław Baudouin de Courtenay, *Dzieła wybrane*, t. 6, Warszawa, 7–32.

Kurczewska 1979 – Kurczewska J., *Naród w socjologii i ideologii polskiej*, Warszawa.

Lubaś 2000 – Lubaś W., *Rzeczy ważne w opisie sytuacji współczesnych języków słowiańskich (Zarys plnowanego opisu)* [w:] Komparacja systemów i funkcjonowania współczesnych języków słowiańskich, Opole.

– 2003 – *Nowe zadania polityki językowej w świecie słowiańskim*, [w:] W. Lubaś, I. Ohnheiser, Z. Topolińska, *Języki słowiańskie w perspektywie ekolingwistycznej*, Opole.

– 2009 – Komparacja systemów i funkcjonowania współczesnych języków słowiańskich, 4, *Polityka językowa*, Opole.

Łesiów 1989 – Łesiów M., *Stosunek Jana Baudouina de Courtenay do języka* ukraińskiego, [w:] Jan Niecisław Baudouin de Courtenay a lingwistyka światowa, Materiały z konferencji międzynarodowej, Warszawa, 4–7 IX 1979, 573–578.

Miovski 1985 – Миовски М., *Лексиколошки аспекти на делото За македонците работи,* Скопје.

Misirkov 1903 – Мисирков К. П., *За македонците работи*, София 1903, Przedruk [w:] Крсте П. Мисирков, *Собрани дела*, I. Текстови на македонски јазик (1900–1905). Подготовка Блаже Ристовски, Соработник Билјана Ристовска-Јосифовска, Скопје, 2005.

Nitsch 1935 – Nitsch K., *Baudouin de Courtenay Jan (1845–1929*), [w:] Polski słownik biograficzny, t. 1, Kraków, 359–362.

Popowska-Taborska 1989 – Popowska-Taborska H., *Kaszubszczyzna w pracach Jana Baudouina de Courtenay*, [w:] Jan Niecisław Baudouin de Courtenay a lingwistyka światowa, Materiały z konferencji międzynarodowej, Warszawa, 4–7 IX 1979, 405–412.

Puzynina 1998 – Puzynina J., *Struktura semantyczna narodu a profilowanie*, [w:] Profilowanie w języku i w tekście, Lublin.

Ristovski 1966 – Ристовски Б., *Крсте П. Мисирков (1874–1926),* Скопје.

– 1989 – *И. А. Бодуэн де Куртенэ и македонский славист К. П. Мисирков*, [w:] Jan Niecisław Baudouin de Courtenay a lingwistyka światowa, Materiały z konferencji międzynarodowej, Warszawa, 4–7 IX 1979, 579–586.

– 1999 – *Историја на македонската нација*, Скопје.

– 2000 – *Крсте Мисирков. Нови истражувања и сознанија*, Скопје

– 2001 – *Сознајби за јазикот, литературата и нацијата*, Скопје.

Rotshtein 1989 – Rothsteim R.A., *Jednostka ludzka jako motyw przewodni twórczości Jan Baudouina de Courtenay*, [w:] Jan Baudouin de Courtenay a lingwistyka światowa, Materiały z konferencji międzynarodowej, Warszawa, 4–7 IX 1979, Wrocław, 529–537.

Sokołowski 1989 – Sokołowski J., *Niektóre zagadnienia teorii pisma w pracach Jana Baudouina de Courtenay,* [w:] Jan Baudouin de Courtenay a lingwistyka światowa, Materiały z konferencji międzynarodowej, Warszawa 4–7 IX 1979, Wrocław, 321–326.

Szacki 1990 – Szacki J., *Wstęp*, [w:] Florian Znaniecki, *Współczesne narody,* Warszawa.

Topolińska, Vidoeski 1984 – Topolińska Z., Vidoeski B., *Polski~macedoński. Gramatyka konfrontatywna (zarys problematyki), zeszyt 1, Wprowadzenie*, Wrocław.

Weinsberg 1992 – Weinsberg A., *Naród wobec języka*, „Obóz" nr 22, Warszawa.

Zwoliński 1976 – Зволински П., *Погледите на К. Мисирков за македонскиот јазик*, [w:] Крсте П. Мисирков и национално-културниот развој на македонскиот народ до Ослободувањето, Реферати на симпозиумот во Скопје, 22 и 23 април 1975, Скопје, 53–56.

Генаѓ ЦИХУН
(Минск, Белорусија)

ЛЕКСИКАТА НА РАНИТЕ РАКОПИСИ НА КРСТЕ МИСИРКОВ

(Прилог кон македонскиот етимолошки речник)

На академикоѿ Блаже Риспѿовски
пѿо пѿовод неѓоваѿа 80-ѓодишнина

Станува збор пред сѐ за потеклото на некои зборови, што се сре-ќаваат во објавените од Блаже Ристовски записи на Крсте Мисирков „на народниот јазик“, во коишто се дава опис на неговото родно село Постол и околните места[1]. Овие белешки, прикажувајќи ги длабоките патриотски чувства на авторот кон своето родно место, истовремено го одразуваат автентичниот местен говор на македонските Словени од Солунско, којшто во голема степен веќе е непристапен за директно набљудување во својата природна средина по трагичните настани за неговите носители во првата половина на дваесеттиот век. Подоцнеш-ните фиксации и материали се засновуваат најчесто на распрашување на бегалците и преселниците, отргнати од својата вообичаена средина, што несомнено се одразува на нивната автентичност. Што се однесува за самите записи, тие сведочат за широката филолошка подготовка на нивниот автор, добиена на Петербуршкиот универзитет. Пред сѐ во нив најдоа израз принципите на фиксацијата на народниот говор, коишто најконсеквентно ги реализира во своите резијански текстови еден од неговите професори Јан Бодуен де Куртене. Овие принципи бараа максимално точна фиксација на индивидуалниот изговор и во врска со

[1] Записи на Крсте Мисирков за родниот крај (1900) // Блаже Ристовски. Раните ракописи на Крсте Мисирков на македонски јазик, Скопје, 1998. 67–92.

тоа истите зборови и форми се претставени во голем број варијанти. Таква варијантност ги карактеризира и записите на Крсте Мисирков, што доста често предизвикуваше прашања кај истражувачите на неговата дејност, коишто беа ориентирани во прв ред на неговата улога во создавањето и нормализацијата на македонскиот литературен јазик. Притоа секако е присутен стремеж кон определување на писмената инваријанта[2]. Како пример ќе обрнеме внимание на реализацијата во записите на Мисирков на своеобразното «акање» во последниот слог на зборот: *мора* напоредно со *море* (удно време полјто било мора; су море ј заградено полјто), *има* напоредно со *имъ* (су јдно има; имъ на полјту)[3] и слично. Се разбира, дека овде немаше никаква противречност, затоа што во двата случаја се поставуваат различни задачи. Напротив познавањето на широката варијантност во речта создаваше претпоставки за појавување на парадигматичните односи во јазикот, што може да послужи како основа за изработка на нормите во неговата писмена форма. Прашањето е во тоа, како јазичната разноликост на родниот говор на Крсте Мисирков можеше да влијае врз избор на ареалната база на македонскиот литературен јазик. Ова прашање си останува досега без јасен одговор. Можеме само да претпоставиме дека најважните фактори при изборот на централномакедонската основа за литературниот јазик беа претежно од иновационен карактер и оддалеченост од ареалната основа на конкурентни литературни идиоми – бугарскиот и српскиот, додека родниот говор на Мисирков е периферискиот во однос на основниот масив на македонските говори и во врска со тоа запазува голем број архаични црти[4]. Во споредба со доволно полно и подробно опишаните фонетика и морфосинтаксе на југоисточните македонски говори, особен интерес претставуваат месните географски имиња и

[2] Впрочем значителна варијантност се забележува и во книгата „За македонцките работи“, којашто од Т. Димитровски во поговорот кон фототипното издание често се интерпретира како „печатни грешки“, сп. Мисирков Кр. П. За македонцките работи, Скопје, 1953. 151.

[3] Сп., меѓутоа, прикажувањето на оваа појава кај М. Младенов: „Твърде характерна черта във вокализма на куфаловския говор … е наличието на гласна *а* вместо гласна *е* (която исторически може да има различен произход) най-често в абсолютен край на думата», Младенов М., *Бележки по говора на с. Куфалово, Солунско (по данни от преселници в с. Равда, Поморийско)* // „Български език“, 1977, год. 27, кн. 6, 475.

[4] Цихун Г., *Родная гаворка Мiсiркава і яе лiтаратурны стандарт* // Делото на Крсте Мисирков. Зборник од Меѓународниот научен собир по повод стогодишнината од излегувањето на книгата *За македонцките работи*, Скопје, 2005, Т. 2, 33–40.

лексиката, поврзани со природната средина и народната култура на овој регион, бидејќи областа на запад и на север од Солун беше зона на концентрацијата на словенските племиња во времето на нивните миграции на Балканот. Како што тврди Љ. Нидерле, „токму околните места до Солун далеку наоколу беа населени од Словени“[5]. К. Мисирков го определува Солунското Поле како „првобитната и вистинската Македонија“[6]. Барањето возможни траги на предмиграционото етничко и јазично шаренило на словенските доселеници веќе одамна привлекува напрегнато внимание на славистите кон регионов. Овој интерес во извесна мера е побуден и се поткрепува со формална сличност или дури совпаѓање на називите на племињата што се населиле околу Солун и во други покраини на Славија. Меѓу овие етноними најголема сличност демонстрираат називите *другувити/драгувити/дрогувити* на Балканот и *дреговичи/дрыговичи* кај источните Словени, коишто од многу истражувачи се идентифицираат со посведочен во византиските извори етноним Δρουγουβιται. Според О. Трубачов, тие се деривати од **drъgъva*[7], сп. белоруските книжевни и дијалектни форми *дрыгвá*, *дрыгбá*, *драгбá*[8], *druhwa*[9] ‘глибаво блато, мочуриште’. Многу е интересно, дека токму местото на локализацијата на другувитите на запад од Солун се карактеризира со присуство на широки мочурливи пространства (сп. кај К. Мисирков *Стáрто* и *Мáлто блáто*), што зборува во корист на тврдењето на некои учени дека во текот на миграциите различни племенски групи на Словените се населувале токму во природни средини, слични на нивните стари седишта. Мошне карактеристично спротиставување кај Мисирков на двата мочуришни термина – *блáто* и *валтá*: блату ј токму су турцкътъ «гјолј» и се къжувъ зъ ногу месту пукриену горъ-долу зимъ-лету су вода и декъ имъ риби; гулиминтъ, булнукут вода и рибите гу делјът блатту ут валтътъ. Диференцирањето на овие називи возникува веројатно во процесот на адаптацијата на јазикот од мигрантите кон месните услови, додека, како што

[5] Нидерле Л., *Славянские древности,* Москва, 2000, 88.

[6] Мисирков К. П., Одбрани страници / Приредил Б. Ристовски, Скопје, 1991, 483.

[7] Трубачев О. Н., *Древние славяне на Дунае (южный фланг). Лингвистические наблюдения* // Славянское языкознание. XI Международный съезд славистов: Доклады российской делегации, Москва, 1993, 7.

[8] *Лексічны атлас беларускіх народных гаворак,* Мінск, 1999, Т. 2. Карта № 343.

[9] Federowski M., *Lud Białoruski na Rusi Litewskiej.* W Krakowie, 1897, T. 1, 153.

смета М. Аргировски, зборот *валта* 'рамна и плодородна земја' е заемка от грчки, кој од своја страна „Грците го позајмиле од словенските племиња, кои се населиле во 6 век на територијата на Грција во прасловенската форма, односно средновек. βαλτος, βαλτον 'мочуриште, блато', множ. βαλτα (со витацизам), прасл. *bolto*, *balto*, стсл. Блато"[10]. Ова е типичен процес на семантично преразлагање во услови на меѓујазични контакти помеѓу исконски термин и проникнат однадвор. Уште понеобична сличност овојпат веќе во стопанска сфера – чување на домашни животни – се појавува меѓу наследниците на „другувити/дрыговичи" на Балканот и во Полесие. Постоењето на големи, покриени со вода и богата растителност, пространства дозволуваше да се остават без надзор за долго време животни: ка ки си пуштат силјанту дубиците не си ј припалуват цела година: имајнту дур издивувало. Сличниот начин на чување домашни животни беше карактерен и за централното Полесие[11]. Набројувањето на слични совпаѓања може да се продолжува, иако не секој од нив треба да се разгледува како сведоштво за запазување на специфични траги за општо потекло.

Освен етнонимите, определена стабилност имаат исто така месните називи (ојконимите), кои можат да се пренесуваат во новите населби во случај ако таму живеат компактно доселениците од една месност. Во условите на масовните миграции на Словените сличните случаи веројатно биле мошне ретки. Во врска со тоа ние веќе обрнувавме внимание на совпаѓањето на називите на селата *Рамель* (*Рэмэль*) во Туровскиот крај (Полесие) и *Рамељ* (*Рамилј*, *Рамиљј*, *Римиљ*) во записите на К. Мисирков[12], меѓу другото и во „Список села од Јужна Македонија (Пазарцко, Солунско, Гевгелијцко и Кукушко)"[13]. Впрочем, овој назив во Солунско може да се наоѓа во сооднос и со друг фиксиран назив на селото – *Храмьль*[14], последното многу потсетува на дијалектниот назив на рачна мелничка, сп. буг. дијал. *хромел*, *ромел* од средногрчко χειρομυλος 'исто', но при тоа мачно е да се објасни *а* под акцент во името на селото.

---

[10] Аргировски М., *Прилог кон етимолошкиот речник на македонскиот јазик* // „Indiana Slavic Studies", 1999, Vol. 10, 163. Сп. исто така БЕР 1, 115.

[11] *Тураўскі слоўнік,* Мінск, 1982, Т. 1, 10–11.

[12] Цыхун Г., *Беларусь у міжславянскіх сувязях (гістарычна-моўная праблематыка)* // Pavol Jozef Šafárik a slavistika, Prešov, Martin, 1996, 283.

[13] Мисирков К. П., *Одбрани страници,* 251.

[14] Григорович В., *Очерк путешествия по Европейской Турции.* Изд. 2-ое. Москва, 1877, 91.

Очевидно древен карактер има називот на детската игра *робове* 'миженка' за која си спомнува К. Мисирков во врска со детството на својот помал брат Лазар, сп. игра *у раба* во Туров (Полесие)[15], доколку детскиот фолклор може да ги запазува во „реинтерпретиран" вид древните обичаи и претстави. Сепак, немаме основа да очекуваме големо количество на зачувани траги на некогашното лексичко богатство од времето на миграциите, бидејќи при меѓусебното мешање на Словените во процесот на преселбата и интензивните контакти со староседелците настанува брза јазична унификација со загуба на специфичната лексика[16]. Меѓутоа, доколку во резултат на подоцнешните настани солунските говори се најдеа на периферијата од балканскословенската јазична заедница, тие можеа да зачуваат повеќе архаични зборови, што напоредно со иновациите ја образуваат нивната специфика. Овие лексеми можат да претставуваат богат материјал за идниот етимолошки речник на македонскиот јазик. Неопходноста од неговото создавање веќе беше предмет на расправа во славистичните публикации[17]. Во овој контекст лексиката претставена во ракописните материјали на К. Мисирков заслужува посебно внимание, во прв ред тој дел што може да има словенски корени.

Се разбира, делумно оваа лексика се разгледуваше во етимолошките речници на други словенски јазици и пред сè во „Бугарскиот етимолошки речник". Сепак, тоа не ја исклучува можноста таа да биде разгледувана во светлината на нови факти и пристапи. Подолу по азбучен ред се наведуваат некои лексеми, присутни в раните ракописи на К. Мисирков, и се предлагаат верзии на нивното потекло. Посебно внимание при тоа се обрнува на зборовите, поврзани со природните и културните реалии на татковината на К. Мисирков. Соодветно со етимолошката практика, основните извори и упатства се даваат во скратен вид (види го списокот на кратенките при крајот на статијава).

бабли. Во „Речник на непознатите зборови и изрази во текстовите", составен од Б. Ристовски, потпомогнат од Ката Мисиркова-Руменова, се уточнува според контекстот значењето на зборов 'вид

[15] *Тураўскі слоўнік.* Мінск, 1985, Т. 4, 277.

[16] Цыхун Г. А., *Балканаславіка: праблемы і вынікі // Беларуская лінгвістыка,* 2011, Вып. 66, 12.

[17] Сп. на пример: Preinerstorfer R., *Braucht man ein makedonisches etymologisches Wörterbuch?* // Die slavischen Sprachen, Salzburg, 1984, Bd. 6, 97–103; Janyšková I., *Význam makedonského jazyka v Etymologickem slovniku jazyka staroslověnského* // Les études balkaniques tchéques, 1999, Vol. 10, 25–28.

птици (што не се јадат)'. Ваму се однесува веројатно и кукуш. *ба́бла*, *ба́блак* 'птица што личи на штрк': *има дӑлги нози и дӑлга чопка, повеќе-ј бел, има и цӑрни перџта; сӑ ране ус жаби* (Пеев, *Кукуш,* 2), дојран. *ба́блък* 'бела птица со некое црно перце, има широки нозе и многу плива, голема е до 10 кгр, крилјата ѝ се многу широки, шијата долга, а клунот широк': *две кила крап гълтнуве* (Пеев, *Дојран*, 127). Се споредува со пеликан (Пеев, *Речник,* 1), сп. исто така буг. *ба́бяк* 'чапја, Ardea cinerea'. Етимолошки се изведува од прасловен. **baba*, кому освен основното значење 'стара жена' му е својствен цел спектар значења, кој беше реализиран во хомонимни форми и различни деривати (ЭССЯ 1, 108), сп. и белорус. *ба́ба* 'пеликан'[18], *ба́бка* 'сивосин галеб, Larus canus'[19], буг. *ба́буш* 'пеликан' и др. Основата на зборот возможно е да е усложнета со доближувањето кон ономатопејскиот глагол **bablati sę*, сп. укр. *ба́блятися* 'буричка во густа течност, се валка', *ба́бло* 'мочуриште, тресиште', полск. *bablać* 'плави, натопува во вода' (сп. ЭССЯ 1, 110; ЕСУМ 1, 106) или со експресивна суфиксација, сп. *бъбл'о́к* 'бабиште' (Пеев, *Дојран,* 130), *баблак* 'исто' (кратов., Шапкалиска 207).

ветр, *ветър* (*ветерут*, *витарут*) 'север': узгора уд друмут на ветр; на ветър и угри слънца; нај на ветерут теча уф морјто Галик; на къда витарут. Сп. исто така придавка во израз *ветърна Македонија*. Ова е единствена лексема што ја користи К. Мисирков како назив за таа страна на светот и се вклучува во оригиналниот систем на просторна ориентација (сп. *угрислънца*, *зајдислънцъ*), карактеристичен за говорот на селото Постол и околните села. Семантичен дијалектизам никнат како резултат на преосмислување на појдовен збор со значење 'ветар' преку свртување (свиткување) на зборовен спој од типот *праф вéтър* 'кој дува од север' (Пеев, *Дојран,* 129), сп. *лесна кола* > *кола*, рус. *автомашина* > *машина* и сл. Возможно е преосмислувањето да настанало под влијание на балканизмот **poras*, сп. костур. *порјас* (*поряс*) 'северен ветар; север' (Кузов, *Костур,* 124), буг. дијал. *поряз*, *порêс*, *пóрус* 'студен северен ветар', којшто со посредство на тур. *poyraz* 'северен ветар' води потекло од н.-грч. βοριάς 'северен ветар; север'. В. Будзишевска смета дека заемањето во турскиот јазик настанало мошне рано, кога β во грчкиот се изговарало како *b*[20]. Специ-

[18] Некрашэвіч С. М., Байкоў М. Я., *Расійска-беларускі слоўнік,* Менск, 1928, 358.

[19] Федюшкин А. В., Долбик М. С., *Птицы Белоруссии,* Минск, 1967, 146.

[20] Budziszewska W., *Słownik bałkanizmów w dialektach Macedonii Egejskiej*, Warszawa, 1983, 135.

јализацијата на значењето на зборот *вѣтр* 'север' е резултат на меѓусебното влијание во балканскиот јазичен сојуз. При тоа не може да се исклучи тврдењето дека изедначувањето 'север' и 'северен ветар' било карактеристично за словенските мигранти на Балканот, доколку системот на номинација на страните на светот кај Словените одразувал различни комбинации, ориентирани не само во однос на сонцето или временскиот период од денонoќјето, но и насока на ветерот[21]. Во македонскиот литературен јазик расчекорот кај овие поими нашол одраз и во зборообразување, сп. *север* 'север; северен ветар' и *северец* 'северен ветар' (МРР). Како што тврди В. Никонов, во почетокот «славяне называли юг и север родными словами *полдень* и *полночь*, но в XV в. их теснят наименования *юг* и *север*»[22], коишто првобитно се употребувале за карактеристика на климатските поими[23].

вреж (*врежут*) 'грмушник, прнар': врежут, што гу пукривише полјту дур на морјту. Се спротиставува на *урман*, кој во „Речник на непознатите зборови и изрази во текстовите" се толкува 'орман, шума': не ув блацкјут урман, шо е припълнет су вода, ами ув врежут; врежут и урманут ув Урумлукут. Во други извори се одбележува како *вреш* на север од Солун со значење 'ниско растение, грмушка, го има по суводолици, Tamarix gallica' (Пеев, *Речник,* 1), како што сведочат луѓе од подрачјето на Кукуш: *о-берăхме зă-метли* (Пеев, *Кукуш,* 2). Во литературниот јазик *вреж* 'Tamarix gallica' се толкува со срб.-хрв. *врež*, *врежika* (РМЈ 1) и соодветствува на срп. *вреж* 'тамариск', а во општонародниот јазик *вреж*, *вреш* има значење 'тонко гранче или изданок, што се јази' (РСКНЈ 3). Во северниот ареал на распространетоста на зборот се зацврстило основното значење 'ластунка на тиква, краставица и сл.', сп. буг. *вреж* 'исто', често со формална диференцијација, сп. срб. *врежа* 'исто', хрв. *vrijèža*, *vréža* 'ластунка', 'диња, лубеница'. Основата за изедначувањето се крие во надворешната сличност, како што се гледа од описот на тамариск: „грмушка или дрвце со тонки, свивливи, често пати спуштени надолу гранки"[24]. Прасловенски дијалектизам **verg-i̯a*, бидејќи нема севернословенски соодветства како **вереж(а)* или сл.,

[21] Zaręba A., *O nazwach stron świata w językach słowiańskich* // „Македонски јазик", 1981–1982, Год. 32–33, 235–239; Німчук В. В., *Давньоруска спадщина в лексиці української мови,* Київ, 1992, 47.

[22] Никонов В. А., *Наименования стран света* // Этимология, 1984, Москва, 1986, 165.

[23] Zaręba A., *O nazwach stron świata*..., 237.

[24] Шуман К., Тильч Э, *Мир растений,* Санкт-Петербург, 1906, 560.

меѓутоа има надежни надворешни паралели во литв. *veržys*, *viržys* 'врв', и посебно *viržes* 'врес', лат. *virga* 'гранка, никулец'. Зацврстувањето на називот за еден вид растение е станато веројатно во Македонија. За доста древен карактер на зборот со таква семантика сведочи неговата употреба во својство на ојконим *Врежуѣ* во „Солунцкото равнишче" во списокот на селата од Јужна Македонија, составен од К. Мисирков[25].

глинар – вид ситна риба: риби што ј има в блату ... глинар, плотица и други. Б. Ристовски во „Речник на непознатите зборови и изрази во текстовите" го изведува зборот од *ѓлен = клен*, имајќи го предвид веројатно називот на речната риба *клен* 'Squalius cephalus' (PMJ 1), којшто во други словенски јазици служи за именувањето на рибите од родот Leuciscus (Линдберг – Герд 168–171). Промената во почетокот на зборот можела да стане под влијание на грч. γλάνίς 'вид на сом', но оваа риба не е од ситните, што ја исклучува можноста за доближување на називите. Определено етимолошко решение предложи В. Усачова, што го наведува во својата монографија за словенската ихтиолошка терминологија за паралелните македонски називи на риба Tinca tinca *линар* и *ѓлинар*, сп. исто така буг. *лин*, *линар*. Првиот од нив се разгледува како дериват со суфиксот *-ар* (Усачева 84, 299) од основа, што е претставена во праслов. **linъ*/**linь* 'Tinca tinca' и се поврзува со глаголот **lin'ati* (ЭССЯ 15, 113), сп. *лине* 'променува боја, се литари', што е карактеристично за таа риба извадена од вода. Тоа се однесува и за *линиш* 'тонка, долга риба, има зеленикава боја, доаѓа до 1 кгр' (Пеев, *Дојран,* 128). Проблематично останува почетното *г-*, присутно исто така во срп.-хрв. *glinar* 'Tinca tinca' напоредно со *lin*, *linj*, *šlam*, *šlain* (Линдбер – Герд 196). Последниве форми се пазајмени од герм. *Schleim* 'слуз' и покажуваат возможна насока на доближување кон словенското **glěnъ*/**glěnь*, сп. го словенечкото *glên* 'слуз', 'тина', 'глина', што доведува до таканаречената крстосана етимологија на зборот. Како определен аргумент во корист на таквото решение може да послужи ихтионимот *ѓлёнавица*, *ѓлёнарица* 'морска риба од родот Myxine glutinosa' (РСКНЈ). Сп. сепак и горно-луж. *hlin* 'вид риба', што се изведува од **linъ*/**linь*, каде што може да станува збор за таканаречената *g*-протеза[26].

гуџар – вид ситна риба: риби шо ј има в блатту ... гуџар, глинар, платица и други. Во академскиот речник на македонскиот литера-

[25] Мисирков К. П., *Одбрани страници*, 255.

[26] Петлева И. П., *К вопросу о g-протетическом в славянских языках* // Этимология, 1976, Москва, 1978, 53.

турен јазик *ѓуџар* се определува како 'vrsta ribe u Dojranskom jezeru' (PMJ 1). Меѓу непроизведни називи на рибите В. Усачова наведува *ѓуџар* 'крап, Carpinus carpio L.', во Дојранското Езеро со уточнето значење 'едногодишен крап, долг до 25 см' (Усачева, 19, 44). На Охридското и Преспанското Езеро на овој назив му соодветствува *чавра*[27]. Последниов назив возможно е да е во врска со срп.-хрв. *čavor* 'нешто мало', што се објаснува со однесувањето на оваа риба кон ситните риби кај Мисирков. Потеклото на зборот е нејасно. Ако ја земеме формата *ѓуџар* како основна, таа може да биде поврзана со срп.-хрв. го̏дȇр 'каков било', варијанти *ѓо̀д*, *ѓо̀ђ*, *ѓо̀ђе* (Вук), што на крајот на краиштата потекнуваат од формата на локативот на именката **god*ъ, буг. дијал. *го́дър* 'секој, каков и да е' и сл. (БЕР 1, 260), сп. и рус. *годовик* 'едногодишен костреш'. При почетната форма *гуџар* претпоставно зборот може да биде поврзан со *гуџу́к* 'животинче (или птица), на која ѝ е скината опашката' (Пеев, *Речник,* 1), кое е од тур. дијал. *gucuk* 'исто', што може да го карактеризира крапот како риба со широк труп и куса опашка, сп. и буг. родоп. *ѓуџи* 'животно без опашка или со куса опашка' (БД 2, 148).

зајдислънцъ (*зъјди-слънца*, *зъјди-слънцъ*, *зъди-слънцъ*, *зајди*) 'запад': планини шо гу биколјат на југут на угри-слънца и на зајди. Со таква семантика се одбележува *зајди́сланце* исто така на север од Солун (Пеев, *Кукуш,* 2) и *за́йди-сънце* во костурскиот говор (Кузов, *Костур.* 121). Во говорот на селото Зарово (Солунско) *за̀йди слънци* се наведува само со значење 'заод' (Вачева – Хотева, *Зарово,* 184), исто така на север од Струга *zajdi-sentse* (Hendriks, *Radožda,* 300). Во литературниот јазик *зајдисонце* е познато и со двете значења – 'заод' и 'запад', сп. *отка̄ј зајдисонце* 'од запад' (PMJ 1). Во скратен вид на првиот дел zaj (< zajd) 'заод' е фиксирано околу Битола (Groen, *Dihovo,* 293). Именувањето на страните на светот по сонцето е општословенска појава, во почетокот обично со зборовен спој, сп. старобелорус.: Атылѧ ... въвесь *заход слонца* шаблею мог под свою моц подбить, а подоцна и без спомнување на сонцето: всход и *заход* полноч и полудне мнѣ служат[28]. На етимолошки план проблем претставува образувањето на првиот дел на спојот. По традиција тој се разгледува како императива форма на глаголот *зајде* според широко познатиот модел *ла̄нимува*, *ла̄нисамун* и сл., карактеристичен за разговорниот јазик. Сите овие творби имаат

[27] Апостолски К., Петров Н., Поповски О., Сидоровски М., *Рибите во Македонија,* Скопје, 1956, 31.

[28] *Гістарычны слоўнік беларускай мовы,* Мінск, 1991, Т. 11, 259.

изразито експресивна обоеност, што не е карактерно за називите што служат за бележење на заодот на сонцето и соодветната страна на светот. Затоа можеме да претпоставиме дека спомнатиот збор е образуван со гаплологија (испуштање на слогови) од спој со глаголска именка, сп. солун. *zajdivani slъnci* 'zachód słońca' при *zàjdiva slъnci* (Małecki 2). Во корист на таквиот начин на образување зборува скратувањето на првиот дел на спојот и неговата понатамошна лексикализација. Како што се гледа, од сите творби со префикс *за-* формите со глаголската основа *-ид-* претставуваат една јужномакедонска иновација, која им се спротиставува на поархаичните форми со основите *-па̄д* (*запа̄д*), *-(х)од* (*заод*), на поновите со основите *-лез* (*залез*), *-ник* (*заник*) и на општата семантизација 'заод' – 'запад'.

куклики 'црни птици со бела шарка околу вратот и со долг жолт клун (не се јадат)' (Речник на непознатите зборови и изрази во текстовите). Според Мисирков – «се јада». Формата за еднина К. Пеев ја реконструира како **куклика* (Пеев, *Речник,* 2, 324). Можеби доаѓа предвид и формата **куклик*? Може да биде поврзано со фиксираниот на Дојранското Езеро назив *кука́л'ка* 'бела птица со долг, прав клун, има долга шија, долги нозе, брзо плива, голема колку кокошка' (Пеев, *Дојран,* 127) или поскоро со срп. *ку̏каљка* 'њубасти гњурац, Colymbus cristatus' („мркоцрног перја са њубом на глави", РСКНЈ 3, 399; 10, 782). Етимологијата на овие називи не е наполно јасна. Може да биде поврзана со срп. *ку̏каљ* 'свиткан', буг. *ку́кал'* 'кука', што ја одразува визуелната претстава за птицата врз површината на вода. Претпоставката на авторите на «Бугарскиот етимолошки речник» за врска со срп. *го̄го̄љ*, рус. *гоголь* 'птица Anas clangula' (БЕР 3, 84) не убедува пред сè по фонетски причини. Ако ја земеме како основна формата **куклик*, таа може да се поврзува со *кукул'* 'купче перја на главата на птица, како да се обрнати' (Пеев, *Речник,* 2), сп. ги и називите на растенијата со перче или качулка старочеш. *kuklík*, полск. *kuklik* и сл. Сите овие зборови се поврзуваат како со грч. κοῦκλα < κουκοῦλα, лат. *cuculla* 'качулка', така и со прасловен. **kukъla* 'снопче на лен, преѓа' (Sławski 3, 328–330), сп. *кукла* 'парче влачена влна' (Пеев, *Речник,* 2; Małecki 2).

лиут 'ситно животно, живина' (Речник на непознатите зборови и изрази во текстовите): тука се плодат ногу лиут, лиут и риби; има ут (пилците) лиутут шо се јада. Од последниот пример произлегува дека семантиката на зборов ги вклучува и птиците. Почетната форма може да биде реконструирана како **лихо̄т(а)*[29] соодветно на прасловен.

[29] За загубата на *х* во интервокална позиција во македонските говори види: Видоески Б., *Дијалектӣте на македонскиотӣ јазик,* Скопје, 1999, Т. 3, 89.

**lixota*, што е апстрактна именка од **lixъ* со негативно значење 'незначителен, со мала вредност, слаб, лош' (Sławski 4, 238). Тоа се потврдува и со семантиката на говорното *лиут* 'нешто многу лошо' (Пеев, *Кукуш,* 2) и особено буг. дијал. *лиота* 'мрзлива жена' (Младенов, Н., *Село,* 245). Сосем реална е претпоставката за постоење на соодветна форма од машки род **lixotъ* за што сведочи и старословен. лихотъкъ 'вишок' (Ст.-слав. словарь). Употребата на зборов кај Мисирков во членувана форма *лиутут* го прави мошне проблематично неговото изведување од членуваната именка со вторичниот акцент **лúхот* (БЕР 3, 434). Семантичниот развиток од сличен тип е присутен во белоруското дијалектно *худóба* 'добиток' при апстрактно *худабá*, *худóба* 'мршавост'. Развој на почетното прасловен. **lixъ* од придавка, супстантивирана придавка кон апстрактен и потоа кон конкретен назив убаво е посведочен во јужнословенските говори и во македонскиот разговорен јазик, сп.срб. дијал. *лиј* 'кој је склон да се искраде и иде у штету (о стоци)', 'кој је склон да превари (о човеку)', *лијо* 'необично, чудно' (Динић, *Тимоч.*), макед. дијал. *лиј* 'нешто чудно': што е воа лиј што се качило на крушата (МНПЖ 50), *лив*, *ливот*, *лиот* 'zver, divlja životinja' (PMJ 1). Сп. и белорускиот израз *што за ліха?* со значење *што е тоа?* за нешто чудно и непријатно.

реш 'вид трева во блатото' (Речник на непознатите зборови и изрази во текстовите). Бидејќи К. Мисирков многу доследно ги одразува на писмо безвучните согласки на крајот на зборовите, возможна е и почетната форма *реж*. Во зависност од тоа зборот може да биде доближен до буг. *решéтка* 'растение Carlina acaulis', срп.-хрв. *решетка* 'големо ретко сито', 'растение Carlina acaulia'. Називите на овие растенија ги произведуваат од **rešeto* 'ретко сито', каде што *-eto* е суфикс како во **teneto* 'мрежа'. Зборот со чиста основа веројатно означува растение со мрежеста (порозна) структура на стракот слично на белорус. дијал. *сіт* 'блатно растение Junkus', исто така поврзано со **sito* 'сито'. Љ. Куркина ја гледа почетната основа на прасловен. **rešeto* во срп.-хрв. *рёђа*, *reja*, *rea* 'ретка волна', буг. дијал. *рéхав* 'редок'[30], сп. и макед. дијал. *реав* 'редок (за ткаенина)' (PMJ 3). Во случај ако ја примиме почетната форма *реж,* возможна е врска со глаголот *реже*, сп. укр. *рижáк*, *різáк*, белорус. *разáк* 'водно растение Stratiotes aloides'. Доколку растението кај К. Мисирков нема точна номенклатурна идентификација, предложените верзии за потеклото на зборот имаат претходен карактер.

[30] Куркина Л. В., *Этимологические заметки* // Этимология, 1974, Москва, 1976, 55.

трача ‘мисли, суди, претпоставува’: зъ Бубакиво, не знам арну амъ трача не носъ тъквъ нусијъ; *се трача* ‘се чини’: коа се наогја чувек на полјто му се трача оти ј сѣто рамно кѣту типцијъ. Вероятно е ограничен регионализам од нејасно потекло. Територијално и формално близок збор во кукушкиот говор бележи К. Пеев: *траче* ‘губи’; само во израз *си траче времто*, што се разгледува како архаизам (Пеев, *Кукуш,* 2, 13) што очевидно потекнува од прасловен. **tratiti* ‘губи’. Меѓутоа, семантиката на постолскиот збор е прилично оддалечена од посоченото значење, што не дозволува да го изведуваме непосредно од прасловенската форма. Најблиско соодветство покажуваат хрв. *tračiti* ‘прави, извршува’ или *tráčiti* ‘дрдори, ломоти; клевети’, возможно е од ономатопејски происход (RHSJ 18, 507). Глаголот се сооднесува со полногласна форма, сп. белорус. *тарóчыць* ‘дрдори’, која е присутна и во јужнословенските говори, сп. босан. жарг. *torokati* ‘залудно и долго зборува’; *torȍkuša* ‘žena koja prenosi tračeve’[31], т.е. слухови, сплетки.

угрислънца (*угри-слънцъ*, *угри слънца*) ‘исток’: полјто съ теглъ ут угрислънцъ дур нъ зајдислънцъ. Во различни форми познато е и во други јужномакедонски говори: *и́згреф-сънце* ‘исто’ (Кузов, *Костур,* 122), *изгреф* ‘исто’ (Мирчев, *Неврокоп,* 124), вклучително и *огрејсонце* ‘изгрев’, ‘исток’ во литературниот јазик (PMJ 2). Моделот на образување врз основа на предлошката конструкција *отка̄ј огре̄јсонце* ‘од страната на изгревот на сонцето’ е сосем провиден, сп. *зајдислънцъ*. Глаголскиот дел на постолскиот збор веројатно не претставува императив, но потекнува од глаголска именка со гаплологија на слоговите **угри(вање) слънца*, сп. *ogr'ävani slъnci* ‘изгрев на сонцето’ (Małecki 2, 120), кога последната уште ја чуваше својата беспредлошка рекција.

чурлијна. Називот на птиците, кои се јадат, К. Мисирков го придружува со прашалник, што веројатно изразува сомневање дали тоа се однесува кон „лиутут шо се јада“. Б. Ристовски во „Речник на непознатите зборови и изрази во текстовите“ ги идентификува со полските птици *чучурлани* или *цоцови* (?). Најблиската форма ја фиксира К. Пеев: *чурли́н, то-ј пи́ле, зи́мта пее*: *чиј-сум-син, а летто: чиј-сум-зет* (Пеев, *Кукуш,* 2, 133), што несомнено сведочи за имитативното потекло на зборот. Сп. на пример срп. дијал. *кад сова ћурличе*[32], влаш. *čĭŭčĭrlĭe* ‘чучулига’ и други, коишто се разгледуваат од В. Будзишевска како „onomatopeja bałkańska“[33].

[31] Halilović S., Tanović I., Šehović A., *Govor grada Sarajeva i razgovorni bosanski jezik,* Sarajevo, 2009, 252.

[32] Петровић Т., *Здравица код балканских Словена,* Београд, 2006, 39.

[33] Budziszewska W., *Słownik bałkanizmów w dialektach Macedonii Egejskiej,* 139.

шила – „дробни рибички“, во „Речник на непознатите зборови и изрази во текстовите“ се толкува со ‘вид ситна риба во блатото’. Веројатно се засновува на метафоричко пренесување на називот на заострен (зашилен) предмет, сп. *шило* ‘зашилена тенка метална или дрвена прачка со дршка, која служи за дупење дупки при шиење на кожа и сл.’ (PMJ 3). Од истото потекло сигурно е и еден од називите на рибите Smaris alcedo C. V. и Smaris vulgaris C. V. во Јадранското Море *šilj*[34].

Се разбира, со разгледуваните во статијава примери не се ограничува лексиката на раните ракописи на К. Мисирков, која претставува во широката славистичка перспектива специјален интерес. Говорот на неговото родно село расположено во самото огниште на древните словенски населби заслужува понатамошно проучување. Меѓу другото, и поради исклучително драгоцените материјали на непосредните сеќавања.

СПИСОК НА КРАТЕНКИ

БД – *Българска диалектология: проучвания и материали,* София, 1965, Кн. 2.

БЕР – *Български етимологичен речник,* София, 1971 – . Т. 1.

Вачева-Хотева, Зарово – Вачева-Хотева М., Керемидчиева С., *Говорът на село Зарово, Солунско,* София, 2000.

Вук – Караџић Вук Стеф., *Срӣски рјечник,* У Бечу, 1852.

Динић, Тимоч. – Динић Ј., *Тимочки дијалекатӣски речник,* Београд, 2008.

ЕСУМ – *Етимологичний словник украïнской мови,* Київ, 1982 – . Т. 1.

Кузов, Костур. – Кузов Ар. *Костурският говор* // „Известия на Семинара по славянска филология“, 1921. Кн. 4, 86–125.

Линдберг – Герд – Линдберг Г. У., Герд А. С., *Словарь названий пресноводных рыб СССР на языках народов СССР и европейских стран,* Ленинград, 1972.

Мирчев, Неврокоп. – Мирчев К., *Неврокопският говор,* София, 1936.

Младенов, Н. Село – Младенов М., *Говорът на Ново село, Видинско,* София, 1969.

МНПЖ – *Македонски народни ӣриказни за живоӣини* / подготвил Т. Вражиновски, Скопје, 1977.

МРР – *Македонско-русский словарь* / сост. Д. Толовски и В. М. Иллич-Свитыч, под ред. Н. И. Толстого, Москва, 1963.

[34] Vinja V., *Etymologie populaire comme déformatrice des noms greks et latins dans la nomenclature ichtyologique orientale* // „Godišnjak Balkanološkog Instituta“, Sarajevo, 1957, Knj. 1, 38.

Пеев, Дојран. – Пеев К., *Дојранскиот говор* // „Македонистика“ 2, Скопје, 1973, 1–190.

Пеев, Кукуш. – Пеев К., *Кукушкиот говор,* Скопје, 1987–1988, Кн. 1–2.

Пеев, Речник – Пеев К., *Речник на македонските говори во југоисточниот егејски дел,* Скопје, 1999 –. Т. 1.

РМЈ – *Речник на македонскиот јазик со српскохрватски толкувања,* Скопје, 1961–1966, Т. 1–3.

РСКНЈ – *Речник српскохрватског књижевног и народног језика,* Београд, 1959 – . Кн. 1 – .

Ст. – слав. словарь – *Старославянский словарь (по рукописям X–XI веков),* 2-ое изд., Москва, 1999.

Усачева – Усачева В. В., *Славянская ихтиологическая терминология,* Москва, 2003.

Шапкалиска – Шапкалиска Т., *Лингвистички интерпретации,* Скопје, 1986.

ЭССЯ – *Этимологический словарь славянских языков.* Праславянский лексический фонд, Москва, 1974, Вып. 1.

Groen, Dihovo – Groen B. M., *A structural description of the Macedonian dialect of Dihovo,* Lisse, 1977.

Hendriks, Radožda – Hendriks P., *The Radožda-Vevčani dialect of Macedonian,* Lisse, 1976.

Małecki – Małecki M., *Dwie gwary macedońskie (Suchę i Wysoka w Sołuńskiem),* Kraków, 1934–1936. Cz. I: Teksty; Cz. II: Słownik.

RHSJ – *Rječnik hrvatskoga ili srpskoga jezika,* U Zagrebu, 1880–1882 – 1975–1976, Dio 1–23.

Sławski – Sławski F., *Słownik etymologiczny języka polskiego,* Kraków, 1952–1982, T. 1–5.

Лидија ТАНТУРОВСКА

ЗА МАКЕДОНСКОТО ПРАШАЊЕ ОД ПОИНАКОВ АГОЛ

Мисирков (1874–1926) напиша стотици страници за посебноста на македонскиот народ, за националниот сепаратизам, за автономијата на Македонија како одделна етнографска и политичка единица, за македонската култура, за народноста на Македонците, за македонскиот национализам итн., и особено за посебноста на македонскиот јазик, за кој ја даде и предлошката за неговата кодификација преку книгата „За македонцките работи“. Сите овие компоненти го сочинуваа толку споменуваното и нерешливото „македонско прашање“ во XIX и во почетокот на XX век. Од неговите написи се согледува сложената состојба на македонскиот народ, чии последици не треба да се бараат само внатре во Македонија, како што пишува Мисирков, туку и надвор, како меѓу соседите, а уште повеќе меѓу големите сили во Европа. Свесен за ова, Мисирков ќе напише: „Којшто се интересирал за развитокот на македонското прашање, не само внатре во Македонија, туку и во странство, можел да забележи дека успехот на нашето дело во голема степен зависи од запознавањето на европската јавност со положбата на Македонија и на Македонците. Без ова сите усилби внатре во Македонија можат да бидат попусто.“ (Мисирков, Собрани дела, III: 320.) Важноста да се сфати македонското прашање во Европа се провлекува во речиси сите негови текстови во кои зборува за македонскиот народ и за македонскиот јазик. Така, уште во Предговорот на книгата „За македонцките работи“, ја претставува реалната состојба, каде што се надева: „Европа ке обрнит возгледите на нашите бараін'а зашчо она іет задолжена да нарпаит тоа со два мег'ународни актои: проекто за реформи во Македоніа о[т] февруар и міурцштегцкіот проект. Тие два мег'ународни акти ни обек'аваат постепено рашируаін'е на реформите во Македониіа, и со тоа даат ни прао да с[е] обрак'аме до двете реформа-

торцки држаи со меморандуми и по друзи патишча, за да им покажиме на нашите религиозно-национални и економцки нужди, како и на тоа, шчо праит Турциіа, за да се исполнат тиіа наши нужди.“ (Мисирков, За македонцките работи, 1903: VII). Честото споменување на Европа[1] ја потврдува, не само географската, туку и историската припадност на Македонија кон неа, засновано врз континуираната релација меѓу нив. Меѓутоа, треба да се најде вистинскиот начин Македонија да ѝ се доближи на Европа за да си ја каже вистината, како што го правеле тоа нашите соседи, здобивајќи пријателства со искривување на нашата вистина: „Србите одамна ја имаат сознаено таа очевидна вистина и затоа, додека ние си ја пролеваме крвта во Македонија во борбата за слобода и човечки правдини, тие систематски ја заблудуваа европската јавност за македонското прашање и создаваа во странство пријатели на своите аспирации. Тие имаа свои пријатели во руски и други весници, имаа во Москва српски метох, каде што архимандритот Михаило развиваше најусрдно противмакедонска и противбугарска агитација, печатеа тенденциозни дела на руски и на другите европски јазици за јазикот, етнографијата, географијата и историјата на Македонија. И успеаја доста да ја заблудат европската јавност!“[2]. Секако дека Србите не биле осамени: „Грците и Романците вложуваа не помалку грижи да ги спечалат за себе симпатиите на Европа“[3]. Согледувајќи ја сопствената грешка[4]: „Јасно е дека ние направивме голема грешка што сета своја дејност ја сконцентриравме внатре во Македонија...“ и размислувајќи како лингвист: „... и главното средство за културна борба ни беше само нашиот роден јазик“, предлага: „Ние треба да отидеме кај нив и да им проговориме на еден јазик што го познаваат, што да е нивно орудие за заемно меѓународно разбирање и општење...“, за да продолжи: „Ние треба да си му ги кажеме болките на културниот Запад и можеме да бидеме чуени и уверени дека нашата благородна кауза ќе го најде

[1] Европа, како и: (Јевропа, Іевропа), Западна Европа, Запад, Средна Европа, Југоисточна Европа (каде што не се наведени придавките изведени од овие називи, кои сигурно го достигнуваат нивниот број) се споменуваат над сто пати во текстовите на Мисирков. (Мисирков, *Собрани дела* I, II, III, МАНУ, Скопје, 2005/2007/2008 – Подготовка: Блаже Ристовски, сораб. Билјана Ристовска-Јосифовска.)

[2] Мисирков, *Собрани дела,* III: 320.

[3] Ibid.

[4] Иако овде зборува за македонскиот народ, вината си ја префрла и на себе, зашто тој беше основоположникот на предлошката за кодификација на македонскиот јазик.

сочувството на мнозина благородни и хумани средини од сите народи на светот. И тоа ние треба да го направиме не само веднаш, ами да го правиме системски сè дотогаш додека не бидеме чуени од сите и додека не ја добиеме поддршката од сите"[5]. Во овој период, иако не биле решени основните прашања на Македонија (за нејзината посебност и независност како одделна административна единица, за посебноста на македонскиот јазик како нејзин службен јазик, кој природно му припаѓа на словенското семејство), Мисирков ги чувствувал веќе културните вибрации од Европа и сметал дека не треба Македонија и Македонците да останат надвор од културните движења, со што ја проширува Гоцевата мисла[6] за културниот натпревар меѓу народите: „Вие знаете дека син ми и јас сме Македонци. А Македонците можат ли и треба ли да останат надвор од современите културни движења, а пред сè надвор од движењата за заемно разбирање меѓу културните народи?"[7] Поставувајќи реторичко прашање[8], Мисирков дава потврден одговор, кој смета дека заемното разбирање меѓу народите ќе им помогне и на Македонија и на македонскиот народ да ѝ ги кажат своите болки и своите маки на Европа. Затоа, на самопоставеното прашање: „Како да се направи тоа?"[9], одговора: „Се разбира, не само преку печатењето статии или брошури или научни трудови на француски, англиски, германски или руски јазик, ами и преку наше приклучување кон движењето на еден вештачки меѓународен јазик што се чита од луѓе учени, литератори, новинари од сите културни земји во светот."[10] Мисирков го гледа излезот токму во пишувањето на еден меѓународен вештачки јазик[11], што е основна причина за неговата заинтересираност за вештачките јазици: „Од тоа гледиште јас се заинтересирав поод-

[5] Ibid.

[6] Сосема се согласуваме со констатацијата на акад. Бл. Ристовски во врска со оправданоста на честата употреба на оваа мисла во статиите објавени во периодот на последните години од својот живот.

[7] Мисирков, *Собрани дела,* III: 318.

[8] За употребата на реторичките прашања и на прашалните реченици во индивидуалниот стил на Мисирков, имаме пишувано неколку пати (Л. Тантуровска, *Има ли уште нешто да се каже за јазикот на Крсте Петков Мискров?,* 2008).

[9] Мисирков, *Собрани дела,* III: 321.

[10] Ibid.

[11] Во овој период зема голем замав учењето на вештачкиот јазик идо (создаден во 1900 г., а појавен во 1907 г.) како поусовршен *потомок, наследник* на есперанто (создаден во 1887 г. од очниот доктор Лазар Лудвиг Заменхов: 1959–1917, кој се потпишал Doctor Esperanto = *доктор што се надева*).

близу за постојните вештачки помошни[12] јазици и, како филолог-лингвист, најдов дека вештачкиот ‚Меѓународен јазик на Делегацијата', познат уште под името ‚Идо', е пред другите вештачки јазици"[13], каде што во продолжение се гледа неговата воздржаност: „Засега ќе кажам само дека на ‚Идо' денеска постојат списанија, издавани во многу европски држави, како: Франција, Бугарија, Швајцарија, Шведска, Чехословакија, Русија, Унгарија и други. Ако и ние Македонците би издавале слично списание, тоа би ни послужило како најефикасно средство да трубиме по целиот свет за нашите погазени човечки права и за ненаситната крвожедност на нашите нови тирани[14] (подвлечено од Л. Т.).

Со своето образование, како полиглота и како лингвист, ја покажува леснотијата за совладување на еден вештачки јазик: „За мене, како филолог што ги познава старогрчкиот и латинскиот, старобугарскиот[15], којшто на Петроградскиот универзитет студирал санскритски јазици и споредбена лингвистика на индоевропските и на словенските јазици, а знаејќи ги, покрај бугарскиот, уште и современите јазици: англискиот, францускиот, германскиот, рускиот, чешкиот, полскиот, српско-хрватскиот, современиот грчки, романскиот и литванскиот, за мене, значи, не беше тешко не само да го разберам есперанто, туку и да го сфатам потеклото на неговата лексика и на неговите граматички форми, како и неговата артицифиелност и нелогичност."[16] Меѓутоа, со следниве зборови, ја покажува и неговата резервираност кон вештачките јазици, признавајќи ја својата професионална наклонетост кон учењето природни јазици: „Признавам дека мошне многу инсистирам на изучувањето на природните јазици, мислејќи дека вештачкиот е осуден на ефемерна егзистенција, па токму затоа го советував син ми да се откаже од вештачките јазици и да прилегне врз изучувањето на

[12] Мисирков ги нарекува вештачките јазици „помошни" во вистинска смисла на зборот, зашто, како што ќе се види подолу, излезот од безизлезноста го наоѓа токму со помошта на споменатиов вештачки јазик.

[13] Најпрвин син му, Сергеј Мисирков, а потоа и тој, Крсте Мисирков, се заинтересирал првин за есперанто, а потоа за идо (Писмо на К. Мисирков до водачот на идистите во Бугарија Т. Канев, в. Мисирков, *Собрани дела,* III: 316.)

„Идо" и Македонија на Македонците, в. Мисирков, *Собрани дела,* III: 321.

[14] Ibid.

[15] В. фуснота 191 (Писмо на К. Мисирков до водачот на идистите во Бугарија Т. Канев, в. Мисирков, *Собрани дела,* III: 317).

[16] Ibid.

живите. Не ме послуша: само го остави есперантото и почна да учи идо... Во текот на годината интересирањето за идо се засили кај него и тој се претплати на списанието „*Мондо*“[17]. Меѓутоа и Мисирков, како јазичар, се заинтересирал за јазикот идо: „Тогаш и јас се заинтересирав за јазикот идо и за содржината на списанието“ и понатаму во текстот, јазично го анализира овој вештачки јазик, давајќи еден вид рецензија: „Во идо не постојат слабостите на есперанто, коишто не му дозволуваат на еден филолог безрезервно да го прифати сето она што д-р Заменхов повели да ѝ го понуди на јавноста, чијшто поголем дел многу слабо се снаоѓа во лингвистичките прашања. Признавам дека преовладувањето на латинските и воопшто на романските зборови во лексиката на идо, со помош на нешто англосаксонски, земени од англискиот, и методичното воведување на граматичките начела на англискиот јазик во идо, со зачувувањето на инфинитивните наставки на францускиот, без завршниот вокал, со слабо поместување на акцентот кај инфинитивот и кај зборовите што завршуваат на -io и -uo, сето тоа го прави идо оној вештачки јазик што во текот на XX век со полно право ќе ја продолжи културната дејност што ја вршеше латинскиот во времето на средниот век, т.е. ќе биде јазик на меѓународните односи и на меѓународната култура врз неутрална почва.“[18]

Со оглед на состојбите во Македонија и со оглед на нејзината безизлезност, Мисирков смета дека овој вештачки јазик ќе може да биде решение и за општењето со народностите во Македонија: „‚Идо‘ би можел да стане не само средство за општење со западните културни народи на стариот и новиот свет, но и за заемно општење меѓу сите македонски народности: Бугари, Власи, Албанци, Турци и Грци, кога секој Македонец, освен мајчиниот јазик, како средство за општење со своите сонародници, го учи уште и меѓународниот јазик ‚Идо‘ за општење со другите народности во Македонија и во целиот културен свет.“[19]

---

[17] Текстот (потпишан како: S-o Th. Kaneff en Sofia recevis la sequanta letro da Sioro K. Misirkoff, filologo, profesoro gimaziala en Karlovo) што го користиме е објавен во споменатово списание „Мондо“, XIII, 1–2, Stokholm, 1924, 4–5, што значи на идо-јазикот, кое за потребите на Собраните дела на Мисирков, акад. Бл. Ристовски се погрижил да биде преведено на македонски јазик, в. фуснота од „Писмо на К. Мисирков до водачот на идистите во Бугарија Т. Канев“, *Собрани дела,* III: 317.

[18] Писмо на К. Мисирков до водачот на идистите во Бугарија Т. Канев, *Собрани дела,* III: 318.

[19] „Идо“ и Македонија на Македонците, *Собрани дела,* III: 321.

Во сето ова Мисирков е сосема убеден, особено по примерот на Романците, кои во 1912 година направиле едно излагање за македонското прашање со идејата „Македонија на Македонците": „Каква услуга може да ѝ нарпави ‚Идо' на Македонија може да се види од тоа што Романците уште во 1912 год., по повод победоносните балкански војни направија едно излагање по македонското прашање, во кое се пледира за идејата ‚Македонија на Македонците'. Меѓутоа, влегувањето на Романија во Втората балканска војна ги натера Романците да ја заборават ‚Македонија на Македонците'. Но ете, во времето на Големата европска војна Романците беа разбиени и Македонија беше окупирана од бугарската армија. Тогаш Романците се сетија за своето излагање од 1912 год., го преведоа на ‚Идо' за да биде прочитано од сите народи на светот (подвлекување од Л. Т.) и го напечатија во Стокхолм во 1917 година."[20] Професионалниот и педантен лингвист Мисирков, во продолжение ги дава библиографските податоци како на романската верзија („Излагањето на Македонско-романското друштво е потпишано од Комитетот на Друштвото во состав: Д-р А. Леонте, Г. Мурну, С. Ф. Робеску, д-р В. Дудуму, Ј. Валаори. Датумот и местото на излагањето е: Букурешт, 26 ноември 1912 година. Превел Д-р Попеску-Хаџиул), така и на нејзиниот превод на бугарски („Книшката во превод на бугарски носи наслов: Меѓународен јазик на Делагацијата. ‚Идо'. – Македонија на Македонците. Излагање на Културното македонско-романско друштво. Преведена од д-р Попеску-Хаџиул, Букурешт. Стокхолм 1917. Вилхиемсзонс издателство и комисион; цена 75 шв. оре")[21].

Всушност преку овој текст на Мисирков се гледа неговата вистинска определба за полезноста на еден вештачки помошен јазик, каков што е идо: „Оваа книшка покажува колку рано Романците го оцениле меѓународното значење на вештачкиот јазик ‚Идо'. Колку значењето на овој јазик може да ни биде и полезно нам, може да се суди по тоа што привржаниците на меѓународниот јазик се однесуваат со голема симпатија кон нас Македонците (подвлекување од Л. Т.), како што можам да судам од преписката што ја добивам."[22] Секако дека неговото задоволство е уште поголемо поради гестот од привржаниците идисти, кои му испратиле над сто примероци од текстот „Македонија на Македонците" што се нафатил да ги испрати бесплатно до сите друштва каде што се учи идо, а содржината на излагањето планирал да ја даде да се

[20] „Идо" и Македонија на Македонците, *Собрани дела,* III: 322.

[21] Ibid.

[22] Ibid.

испечати во весникот „20 юлий“, кој престанал да излегува по убиството на неговиот редактор: „... добив соопштение од нашите пријатели на Запад, коишто чувствуваат ‚топла симпатија кон македонскиот народ, толку погазен‘, што ми испратија повеќе од сто примероци од македонско-романското излагање ‚Macedonia al Macedoniani‘ на јазикот ‚Идо‘, а содржината на целото излагање ќе ја дадам во превод во весникот ‘20 юлий’“.[23]

Мисирков го видел излезот во јазикот идо и затоа самиот се вбројува во членството на идистите: „Признавајќи ја научноста, логичноста и милозвучноста на идо, а од сесрце наклонет кон високите хумани цели кон коишто се стреми, решив да Ве замолам да ме вброите во кругот на своите истомисленици-идистите.“[24] и останува лојален кон идистите до крајот на својот живот. Истовремено бил и многу почитуван од нив, што може да се забележи од извештајот[25] објавен во весникот „Мондо“ (K., Bulgaria, Mondo, XV (XVII), 2 Stokholm, Februaro 1926, 110–112.)[26] за неговото предавање „Проблемот на светски јазик: есперанто и идо од гледна точка на научна критика“ што го одржал на 10 јануари 1926 година во Софискиот универзитет, кога бил на својот божиќен распуст: „Предавачот, којшто зборуваше два и пол часа, беше често прекинуван од страна на присутните есперантисти што поставуваа разни прашања. Г. М.[исирков] на сите им одговараше мошне компетентно.“

Во рамките на предавањето, Мисирков најпрвин го објаснил потеклото на европските јазици, потоа зборувал за улогата на латинскиот во времето на средниот век и за ренесансата на националните литератури, која ја сметал за виновна што го уништила „духовното латинско единство на културните луѓе“, и дошол со објасувањата до XIX и XX век, кога ја искажал потребата од заеднички втор јазик „за развиениот

[23] „Идо“ и Македонија на Македонците, в. Мисирков, *Собрани дела,* III: 323.

[24] Писмо на К. Мисирков до водачот на идистите во Бугарија Т. Канев., в. *Собрани дела,* III: 323.

[25] За извештајот за ова предавање в. повеќе: *Собрани дела,* III: 371.

[26] „Нашиот истомисленик проф. К. Мисирков, сега директор на Гимназијата во Копривштица, го помина својот божиќен распуст во Софија и таму одржа јавно предавање на 10 јануари [1926] во големата аула на Софискиот универзитет, каде што Мисирков зборуваше на темата: „Проблемот на светски јазик: есперанто и идо од гледна точка на научна критика“. Предавањето беше добро посетено. (подвлекувањето од Л. Т.) Присуствуваа и повеќемина есперантисти. (*Собрани дела,* III: 371.)

меѓународен живот". Иако, како лингвист, на почетокот, кога се беше запознал со есперанто и со идо, бил поборник за учење природни јазици[27], сега сметал дека учењето на природните јазици треба да биде на трето, на четврто место, зашто ако сакаат луѓето да се разбираат и ако изберат еден жив јазик, тогаш тој јазик ќе стане доминантен и нема да има рамноправност меѓу јазиците, а истовремено, оние народи како македонскиот народ, нема да можат објективно да ја претстават својата вистина. Од тие причини Мисирков сметал дека проблемот не може да се реши „со национален јазик", туку само „со вештачки неутрален јазик", за што во статијата за меѓународниот јазик[28] ќе оцени: „... вештачкиот меѓународен јазик има свои предимства и свој raison d'être. Тој не е национален, така што не ѝ дава предимство на една нација пред други... Кога учиме и користиме еден вештачки меѓународен јазик ние со тоа не спомагаме за зголемување на националната гордост на ниеден од современите големи европски народи што се стремат кон хегемонија, и политичка и духовна, честопати вонредно жестока спрема другите големи и мали народности."[29]

Иако ја разработи идејата за втор јазик, Мисирков до крајот на својот живот, ја чувствувал болката за состојбата на македонскиот народ и на македонскиот јазик, што може да се види од една хроника што ја напишал во федералистичкиот весник „Македонско сознание"[30] што излегувал во Виена: „Во селото Кономлади деновиве умре 12-годишниот син на Георги Попов, ученик од основното училиште. Ненавремената смрт на ова дете предизвикана од четири рани со брич на главата нанесени од грчки учител, зашто тоа не се придржувало според неговите наредби дека во училиштето не може да се зборува на друг јазик, освен грчки, а детето си зборувало по навика на својот мајчин јазик. Наредбата на „Елиники Македоники Пигми" веќе усрдно се прилага! Но каде оди тој варваризам?!..."

*

На крајот само сакаме да констатираме дека немаше да настане овој реферат да не беа објавени новите Собрани дела (I–2005, II–2007,

[27] *Собрани дела,* III: 317.

[28] Меѓународен јазик, *Собрани дела,* III: 324–328.

[29] Меѓународен јазик, *Собрани дела,* III: 325.

[30] Пелски, *Хроника,* Гърция, „Македонско сознание", III, 9–10, Виена, 6. IV 1926, 4.

III–2008) за Мисирков, издание на МАНУ од најголемиот познавач на Крсте Петков Мисирков, академикот Блаже Ристовски. Како што и самиот пишува во Предговорот: „По шестдецениското запознавање и истражување на животот и делото на Мисирков чувствувам долг да му го претставам на мојот народ заокруженият опус на најзначајната и најоспоруваната личност во новата македонска историја.“ Акад. Ристовски посветил повеќе години од годините на животниот век на Мисирков, што заслужува посебна почест. Досега се објавени три тома, а според авторот треба да бидат шест, во кои веруваме дека ќе има многу нови материјали што ќе им послужат на лингвистите, на филолозите, на историчарите и на др. да ги продолжат научните истржувања.

ЛИТЕРАТУРА

„Идо“ и Македонија на Македонците, Мисирков, *Собрани дела,* 2008, III.

Меѓунроден јазик, Мисирков, Собрани дела, 2008, III.

Мисирков, *Собрани дела* I, II, III, МАНУ, Скопје, 2005/2007/2008 – Подготовка: Блаже Ристовски, сораб. Билјана Ристовска-Јосифовска

Писмо на К. Мисирков до водачот на идистите во Бугарија Т. Канев, Мисирков, *Собрани дела,* 2008, III.

Последните печатени текстови објавени во федералистичкиот весник „Македонско сознание“, Пелски, *Хроника,* Гърция, „Македонско сознание“, III, 9–10, Виена, 6. IV 1926, 4, Мисирков, *Собрани дела,* 2008, III.

Л. Тантуровска, Има ли уште нешто да се каже за јазикот на Крсте Петков Мискров?, *Македонско-украинска конференција,* 2008.

К. П. Мисирков, *За македонските работи,* Јубилејно издание, 1974.

Goran KALOGJERA
(Rijeka, RH)

STOŽERNA LIČNOST SUVREMENE MAKEDONSKE POVIJESTI

Obljetnički su tekstovi uglavnom panegirički intonirani, međutim, kada pišem ove retke o akademiku Blaže Ristovskom, onda ne dvojim da on takav pristup i zaslužuje. Pisat ću sa svog aspekta viđenja ove univerzalne ličnosti suvremene makedonske povijesti, bez koje bi makedonska nacionalna baština u mnogim njenim segmentima bila osiromašena. Kao književni povijesničar mogu potvrditi da bez određenih tekstova B. Ristovskog ne bih mogao sagledati kompleksnost 19. stoljeća, kojim se inače bavim, kao ni književno-revolucionarni profil Koče Racina, koji mi je kao znanstveniku intrigantna tema.

Moje poznanstvo s akademikom započinje negdje krajem osamdesetih i početkom devedesetih godina prošlog stoljeća, kada smo se upoznali tijekom jednog simpozija u zgradi Makedonske akademije nauka i umjetnosti. Poznavao sam otprije neke tekstove akademika i prema njemu gajio nedvojbeno poštovanje, tako da je moj prvi susret s njim bio za mene ugodan doživljaj. Naime, prema mom mišljenju, Blaže Ristovski ulazi u one „prometeje makedonske", kako ih titulira moj kolega Bojadžinski, a krase ga mnoge vrline: neosporni vrhunski znanstvenik, prvenstveno povjesničar, a potom čovjek čiji istraživački nerv ne može odoliti niti jednom izazovu, bez obzira iz koje oblasti znanosti dolazio (jezika, književnosti, aktualne politike).

Na policama moje „makedonističke biblioteke", na koju sam inače vrlo ponosan, „aktivno leže" brojne knjige B. Ristovskog, koje sam ne samo jednom „prebacio" preko ruku. Uvjerio sam se u jednu činjenicu, a to je da ako želiš korektnu i provjerenu informaciju, onda konzultiraj literaturu B. Ristovskog. U to sam se uvjerio više puta, uspoređujući brojne tekstove raz-

nih pisaca, prvenstveno autore povijesti makedonskog naroda. Neovisno o tome slagali se ili ne mlađi makedonski povjesničari s B. Ristovskim te njegovom interpretacijom određenih povijesnih događaja u makedonskoj povijesti, ne vjerujem da se u počecima svoga znanstvenog rada nisu oslanjali na njegove radove.

Ono što po mom mišljenju obilježava njegove znanstvene radove jesu konciznost i argumentacija, kao i sposobnost donošenja zaključaka, koje utemeljuje na svom velikom znanju, ali i dokumentu, kao temeljnom polazištu u svojim istraživanjima. Kod Ristovskog nema nagađanja, on ne improvizira, nego sistematizira svoja istraživanja te u konačnici donosi promišljeni i argumentirani sud. Osim toga, akademik Ristovski nosi u sebi jednu rijetku karakternu crtu, a posrijedi je postojanost u stavovima, koje ne mijenja shodno političkoj situaciji, nego ustraje na njima te ih hrabro i odlučno brani.

U svojim istraživanjima o Racinu, veliku sam pomoć imao u njegovoj knjizi o Racinu,[1] pogotovo u onom dijelu u kojem piše o njegovoj mladenačkoj literaturi, što je donijelo jedno novo viđenje Koste Apostolova, ne samo kao revolucionara i autora prve zbirke makedonskih stihova, nego i romantičarski nastrojenog mladića, zaljubljive prirode. Pri pisanju mojih tekstova o zadnjih tridesetak godina 19. stoljeća, opet sam nailazio na njegove radove o Dimitru V. Makedonskom,[2] Petru Draganovu,[3] Dimitriji Čupovskom,[4] Đorđija Pulevskom i drugim važnim ličnostima kasnog 19. i početka 20. stoljeća.[5] U posljednje vrijeme podosta sam se bavio „njegovom" poviješću makedonskog naroda,[6] neosporno jednim od njegovih obimnijih djela, u kojoj Ristovski otvara, ali i zatvara, niz pitanja u makedonskoj historiografiji, imajući uvijek pred sobom jasan cilj – argumentima i analitičkim procjenama, uz dužno poštovanje drugih mišljenja, racionalno sagledati i tumačiti makedonsku povijest.

---

[1] Ристовски, Блаже, *Кочо Рацин*, Македонска книга, Скопје, 1983.

[2] Ристовски, Блаже, *Димитар В. Македонски,* МАНУ, Скопје, 1999.

[3] Ристовски, Блаже, *Македонистот Петар Драганов 1857–1928,* Матица, Скопје, 2007.

[4] Ристовски, Блаже, *Димитрија Чуповски и македонската национална свест,* Независни изданија, Скопје, 1996.

[5] Ристовски, Блаже, *Ѓорѓија М. Пулевски и неговите книшки „Самовила македонска" и „Македонска песнарка",* Институт за фолклор, Скопје, 1973.

[6] Ристовски, Блаже, *Историја на македонската нација,* МАНУ, Скопје, 1999.

Ristovski je neosporni makedonski rodoljub, i to u najpozitivnijem smislu riječi. Nije nacionalist, ali uzima sebi za pravo sustavno i kontinuirano, kroz cijeli svoj radni vijek, braniti interese makedonskog naroda. Nazvao bih ga tolerantnim znanstvenikom, znanstvenikom koji nije isključiv, nego vrlo postojan u obrani svojih postignutih spoznaja. Ristovski pripada onoj generaciji makedonskih znanstvenika koji su stvarali modernu makedonsku znanost, pogotovo humanističku i društvenu, ispisavši pritom impozantan broj znanstvenih radova i knjiga, koje se, ponavljam, slagao se netko ili ne s akademikom, nikako ne mogu negirati.

Uvijek dosljedan u obrani makedonskog nacionalnog identiteta, Ristovski je prepoznat i kao vrsni polemičar, koji je u maniri profinjenog znanstvenika znao svojim oponentima udijeliti brojne lekcije o tome kako čitati i tumačiti povijesna zbivanja. Premda ne znam, ali zato istinski vjerujem, da ga kao znanstvenika cijene i njegovi oponenti iz bugarskih akademskih krugova, kojima je sigurno njegovo temeljito i argumentirano svjedočenje o različitosti makedonskog i bugarskog nacionalnog bića bilo godinama trn u oku.

Ono što osobno cijenim kod akademika Ristovskog jasne su definicije kada se radi o nekim bitnim pitanjima. Pogotovo kada se radi o tezama bugarske službene znanosti i politike o bugarskom karakteru naroda i jezika u Makedoniji. Tu je Ristovski nepopustljiv. Kada god može i kada god treba, on ustaje u obranu makedonskih kulturnih, književnih i jezičnih specifičnosti. Argumentirano odbacuje bugarsko svojatanje važnijih makedonskih povijesnih ličnosti, razotkriva tajne intrige stranih propagandi i njihovih politika prema Makedoniji, valorizira suvremenu makedonsku povijest, otkriva nove, dotada nepoznate arhivske tragove koje slijedi svojim neumornim istraživačkim nervom.

Akademik Ristovski je neosporno čovjek širokih interesa. Njegovi tekstovi zadiru u područje povijesti, povijesti književnosti, jezika, što ga čini znanstvenikom širokog spektra interesa. Shodno svojoj obaviještenosti o njegovim radovima, uočavam posebno naglašen interes za neka razdoblja u makedonskoj povijesti, kao i za neke od ključnih aktera tih razdoblja. Prvenstveno je posrijedi Kosta Apostolov Solev. Akademikova knjiga o Racinu jedna je od najboljih radova o ovom makedonskom pjesniku i revolucionaru. Pisana znanstveno s puno arhivskog materijala, ona u mnogome upotpunjuje sliku o pjesniku, koji je zapravo tužna i tragična ličnost makedonskog revolucionarnog pokreta te književne djelatnosti između dvaju ratova.

Obimnu pozornost svoje istraživačke energije Ristovski pokazuje i za Petra Draganova, velikog prijatelja makedonskog naroda te jednoga od

prvih europskih intelektualaca koji je u turbulentnom vremenu za makedonsku povijest digao svoj glas i u prilog makedonskoj samostalnosti i samobitnosti. Ristovski je intuitivno uočio značaj ovog ruskog znanstvenika u kontekstu makedonske povijesti jer se radilo o ličnosti koji je u doba potpune anemičnosti i nezainteresiranosti akademskih zajednica u odnosu spram makedonskog nacionalnog bića, svojim tekstovima i javnim istupima ukazao na postojanja i specifičnost makedonskog identiteta kako u nacionalnom, tako i u književnom i jezičnom smislu.

O Krsti Petkovu Misirkovu, jednom od najuglednijih ličnosti makedonske novije povijesti, Ristovski je također objavio velik broj radova, nadograđujući se tako na tekstove svojih suvremenika i kolega, koji su u radovima davali viđenje ove impozantne makedonske povijesne ličnosti. Za Ristovskog je Misirkovljeva knjižica „O makedonskim stvarima" lucidna studija o prošlosti, suvremenosti i budućnosti makedonskog naroda i kao takva predstavlja prvu znanstveno utemeljenu, teorijski obrazloženu te praktično primjenjivu povijest makedonske nacionalne misli, koja obuhvaća „site makedonski raboti". Misirkov je inače jedan od „ljubimaca" poštovanog akademika, koji mu je posvetio brojne stranice svojih tekstova, sagledavajući i vrednujući ga u kontekstu vremena u kojem je djelovao, ali i uloge koju je odigrao u formiranju suvremene makedonske nacije, jezika, tradicije i književnosti.

Kao povjesničar, ali ujedno i povjesničar književnosti, Ristovski posebnu pažnju posvećuje onim Makedoncima koji su u osvit Ilindena, pa i poslije toga, dali veliki prinos realizaciji i afirmaciji makedonske nacionalne misli. Radi se o osobama koji su gorljivo u svojim tekstovima, udžbenicima i javnim političkim nastupima branili ideju slobodne i neovisne Makedonije. Zbog toga će svoju znanstvenu znatiželju Ristovski posvetiti Đorđija Pulevskom, Eftimu Sprostranovu, Kosti Šahovu, Dimitru Makedonskom, Dimitriju Čupovskom, „lozarima", jednom širokom spektru ličnosti koje su unutar bugarske države dali svoj doprinos afirmaciji i buđenju makedonskog nacionalnog identiteta. Pišući o tim ljudima i vremenu u kojem su živjeli te stvarali, Ristovski čitatelju otkriva široku panoramu balkanske tragedije, uvjetovanu interesima velikih sila i gramzljivih susjeda, razotkrivajući zapravo svu perfidnost i bezobzirnost političkih elita prema njegovom narodu. U tom kontekstu svojih znanstvenih ispisa, Ristovski se ne orijentira samo na političku i vojnu situaciju, nego nastoji obuhvatiti svovremenost tog datog aktualnog trenutka, uključujući u svoje studije književnu djelatnost, kazališnu aktivnost, jezično pitanje, isprepličući tako ličnosti i događaje, politiku i ratove, stvarajući od suhoparnih činjenica interesantno, provokativno i čitljivo štivo.

Teško je među brojnim radovima B. Ristovskog izdvojiti tekst ili knjigu te za njih reći da mu je to nešto najbolje što je napisao. Međutim, ima nekoliko izdanja koja zavređuju pažnju da ih se spomene. Dvije takve knjige već sam spomenuo: „Knjigu o Racinu" i „Istoriju makedonske nacije". Njegovim velikim uređivačkim pothvatom smatram i objavljivanje povijesti Đorđija M. Pulevskog „Slavjansko-makedonska opšta istorija"[7], u suradnji s Biljanom Ristovskom-Josifovskom. "Povijest" Đorđija Pulevskog, bez obzira na svoju mitologiju, fantastiku, romantizam i ostale nedostatke, ali i korektan povijesni prikaz njegova vremena, predstavlja grandiozan izdavački pokušaj, kojim je ovaj mijački vojvoda htio ispisati pravu povijest svoga naroda. U kontekstu priređivača, Ristovskom treba odati poštovanje.

Akademik Ristovski se za razliku od nekih svojih kolega uvijek zalagao da dokaže i potvrdi svoju ideju tradicije i kontinuiteta u makedonskoj povijesti, oponirajući tako onoj akademskoj struji koja je zagovarala diskontinuitet i vrijeme „praznog hoda". I za tu je svoju tezu uvijek nalazio argumente, ispunjavajući svojim istraživanja takozvane praznine, koje su čekale da budu otkrivene te predstavljene akademskoj zajednici. Da akademik Ristovski nije bio miljenikom političkih elita dokazuje i njegov uređivački rad na „Makedonskoj enciklopediji", koju političke strukture nisu dočekale s odobravanjem. Ne smatram se kompetentnim vrednovati ovaj uradak poveće grupe znanstvenika i stručnjaka, međutim u svojoj biblioteci imam oba primjerka „Enciklopedije" i mogu reći da mi osobno vrlo koriste.

S obzirom da se radi o obljetničarskom tekstu, akademiku Ristovskom mogu poželjeti dobro zdravlje, čestitati mu na do sada uspješnom i kreativnom životu, očekujući i nadalje njegove pronicljive i analitičke studije, kao kontinuitet rada izuzetne akademske karijere.

[7] Ѓорѓија М. Пулевски, Славјанско-маќедонска општа историја, МАНУ, Скопје, 2003.

Валентина МИРОНСКА-ХРИСТОВСКА

СОЗНАЈБИ, ФАКТИ И АРГУМЕНТИ ЗА МАКЕДОНСКАТА ИСТОРИЈА

Македонската историја е напластена од комплексноста на општествено-политичките прилики и неприлики, од наталожувањето на туѓите присвојувачки влијанија и од нивните мистификации. Нејзиното исчитување и пишување, како и проследувањето на развојот на конструирањето на македонскиот идентитет било отежнато и од контекстот на низата заедништва низ кои поминувала долговековната опстојба на македонскиот народ, како и влијанието на наднационалните идентитети: античкиот, словенскиот, византискиот, пансловенскиот, илирскиот, јужнословенскиот, југословенскиот.

Академик Блаже Ристовски целата своја научна дејност ја посветил токму на разјаснувањето на овие проблеми. Во расчитувањето, проучувањето, фактографирањето и архивирањето на македонската историја Ристовски даде многу одговори и многу насоки за некои сè уште отворени прашања. Велам отворени прашања, бидејќи, како што истакнува и самиот Ристовски македонската историографска мисла воопшто, како државно организирана самостојна и комплексна научно-истражувачка дејност, се развила во последната половина на 20. век, а посебно во последниве дваесеттина години.

Македонскиот стих, *Појави и профили од македонската литературна историја*, *Македонскиот народ и македонската нација*, *Македонски летопис*, *Историја на македонската нација*, *Македонија и македонската нација*, *Столетија на македонската свест*, *Македонската кауза*, *Портрети и процеси*, *Македонскиот фолклор и националната свест*, *Сознајби за јазикот, литературата и нацијата*, монографиите за *Крсте П. Мисирков*, *Кочо Рацин*, *Ѓорѓија М. Пулевски*,

Димитар Македонски, *Никола Јонков Вапцаров*, *Димитрија Чуповски*, *Петар Драганов*, се само дел од објавените книги на академик Блаже Ристовски. Неговата долгогодишна научна преокупација е македонската историја и културно-националната традиција на македонскиот народ, односно нација. Научниот ангажман, погледот и истражувањата на академик Ристовски се насочени кон доказот и показот на посебниот и континуиран развој на македонската нација преку проследувањето на историските процеси, движења, друштва, конференции, преку обелоденувањето на животните и творечките активности на веќе спомнатите илуминатори на македонската национална свест, на револуционерите и идеолозите, кои се залагале за правилното решение на македонското прашање.

Затоа во Предговорот на книгата *Историја на македонската нација* Блаже Ристовски истакнува дека „„Македонското прашање' во некои средини и денеска се држи отворено, а македонската нација, јазик, историја и култура сèуште се користат како спекулативен предмет на науката и особено на политиката. Токму затоа објективното и аргументирано претставување на прашањето за историскиот развиток на македонската нација сèуште претставува актуелен фактор не само за балканската наука, туку и за релаксација на меѓусоседските односи" и додава дека „веќе се акумулирани достатно сестрани и разновидни сознанија, факти и аргументи за сложените и често навидум контроверзни патишта за развитокот на македонската историска и национална свест и за нејзината еманципација и државносна афирмација".

Истражувањата на Ристовски се движат преку сознајбите за Македонците како етно-историски субјект, за што бележи: „Како и сите народи, и Македонците се народ што се создавал во еден долг историски процес. По својот етнокултурен и историски развиток, тој се разликува од соседните народи и култури. Денеска Македонците се третираат како словенски народ со словенски јазик, но, како впрочем и кај сите европски народи, во нивната етногенеза се инкорпорирани повеќе етнокултурни составки, разни етноси и племиња што живееле, доаѓале или поминувале на овие простори. Несомнено во нашата етногенеза се вклучуваат и античките Македонци, но сигурно во најголемиот процент населението потекнува од Словените (главно од гранката на Славините) што почнуваат да се доселуваат во овие краишта во продолжителен период од IV до почетокот на VII век".

Проследувањата на македонската културно-историска традиција на Блаже Ристовски се движат од кирило-методиевската традиција

во македонскиот културно-национален развиток; преку македонскиот литературно-културен развиток согледан низ следниве периоди: I. Старата македонска литература (IX–XVIII век), II. Новата македонска литература (1802–1944) и III. Современата македонска литература (1944–1991).

Огромен е бројот на теми и личности, како за св. Кирил, св. Методиј, св. Климент Охридски, Крале Марко во историјата и традицијата; Христофор Жефаровиќ, Павел Божигропски, Динкови, Венијамин Мачуковски, Димитрија Миладинов, Григор Прличев и неговите слова, Марко Цепенков, Димитар Македонски, Васил Икономов, Даме Груев, Ѓорче Петров, Гоце Делчев, Исаија Мажовски, Гологанов, Ангел Динев, Коста Веселинов, Никола К. Мајски, Церов, Антон Панов, Томо С. Брадина, Унијатското движење и македонската свест, Разловечкото и Кресненското македонско востание, Македонската лига и Уставот на државното уредување на Македонија, Привремената влада на Македонија, македонско-албанската соработка за автономија на Македонија и Албанија, „Лозарството“ како национално движење, улогата на фолклорот во формирањето на македонската национална свест, улогата на ученичкото друштво „Вардар“ во развитокот на македонската национална мисла, Македонската револуционерна организација, за четничкиот терор врз македонскиот народ, Македонскиот клуб и „Балкански Гласник“, Македонското научно-литературно другарство во Петроград, за кое смета дека го претставува темелот на МАНУ, нови сведоштва за дејноста на Македонската колонија во Петербург како национален ополномоштеник со аналитичко проучување особено на дејноста на Димитрија Чуповски, Наце Димов, Петар Попарсов, обединети за автономија пред новото распетие на Македонија, за македонската свест по Првата светска војна, преку „Прогресивното движење“, акцијата во Петричко, Резолуцијата на Коминтерната, Македонскиот литературен кружок во Софија, оружената борба во Втората светска војна, односно за обединувањето на Македонија и решенијата на АСНОМ, како и за прашањето на обединувањето на Пиринскиот и Егејскиот дел на Македонија и уште недоброј имиња, откриени писма, буквари, речници, низа акти, записи, трибини, акции, настапи, планови, конференции, кои имаат суштинско значење за развитокот и утврдувањето на македонската национална свест, на македонскиот идентитет. Недоброј имиња и податоци, за што сведочат и индексите на имињата во книгите.

За да се направи македонскиот историски мозаик потребни се уште многу исчитувања, согледби и анализи. Потребно е и поставу-

вање на временски рамки, односно периодизација, за што Блаже Ристовски нагласува дека за македонската историографија сè уште не е установена една единствена периодизација на процесот на раѓањето, развитокот и афирмацијата на македонската национална свест. Од неговите истражувања произлегува периодизацијата од два дела: I. Преднационален – период што го опфаќа профилирањето на македонскиот народ како етноисториска категорија што ја условува појавата на македонската национална свест, а го опфаќа времето од античката македонска држава, па сè до крајот на XVIII век, согледан преку четири епохи и II. Од национално будење до конечно афирмирање преку шест детерминирани периоди во кои се опфатени: 1. Културно-просветно и црковно-духовно раздвижување со истакнување на културно-националната субјективизирана свест (1802–1870) преку: а) будењето на македонските градови (1802–1844), б) „нашизмот" – борбата за црква и јазик (1844–1858) и в) борбата за јазикот и за обнова на Охридската архиепископија (преку активностите на К. Држилович, Д. Македонски, Д. Узунов, К. Шапкарев, Ѓ. Динката, В. Мачуковски); 2. Изградбата и јавната артикулација на македонската национално-ослободителна програма (1870–1892) преку: а) јавната демонстрација на националната програма со акцент на делото на Ѓ. Пулевски и Д. П. Беровски (1870–1878), б) „македонскиот национален сепаратизам", Кресненското востание, Уставот и Привремената влада, Македонскиот комитет, весниците и полемиките, Словеномакедонската книжевна дружина, Младата македонска книжевна дружина во Софија со печатениот орган „Лоза", Теодосиј Гологанов; 3. Деценија на консолидација на националноослободителната мисла и акција (1893–1902) преку а) формирањето на Ученичката дружина „Вардар", на Социјалистичката група на Главинов и на атинското Македонско братство на Стефан Дамчев Македон; 4. Години на историски подвизи и судбоносни порази (1902–1913) преку епохата на Другарството и Илинден, надворешна оружена инфилтрација и крвавото цепкање на народот и од „Уриетот до Букурешт"; 5. Искушенијата на војната и мирот за македонската судбина (1913–1934) од Букурешт до Версај и 6. Револуционерно и политичко созревање и културно-национална и државносна афирмација на македонскиот ентитет (1934–1944) преку Резолуцијата на Коминтерната и периодот на Вториот Илинден.

Огромен е влогот што го даде Блаже Ристовски за проучувањето и претставувањето на делото на Крсте Петков Мисирков. Ристовски смета дека македонската историја не познава друга толку комплетна и комплексна визионерска мисла и акција и јасна визија за идната македонска национална држава. „Просто фасцинира широчината и длабочи-

ната на Мисирковата научна и национално-политичка мисла. Речиси нема проблем што тој не го елаборирал, ниту има аспект што не го имал предвид. Тој е навистина една енциклопедиски комплетна национална програма, чие објективно проучување и валоризирање сèуште стои како долг пред нашата наука". Мисирков, според Ристовски, е човекот што стана и остана синоним на **македонството** во новото време. Мисирков го разнесе македонството, угледувајќи се на своите претходници, за кои запишал дека Александар Македонски ја разнесе славата на Македонија, Светите Кирил и Методиј го разнесоа македонското слово и писмо, а Марко Крале ги потчини под своја власт и под онаа на македонската муза сите народни певци и народи на Балканскиот Полуостров.

Благодарение на академик Блаже Ристовски македонската јавност ја доби и *Славјанско-маќедонската општа историја* од Ѓорѓија Пулевски, напишана кон крајот на 19. век, поточно, завршена во 1892/93 година. Од особено значење е и проучувањето на животот и дејноста на „меѓникот во нашата културно-национална историја" – Ѓорѓија Пулевски. По четиридецениска работа врз ракописот на историјата на Ѓорѓија М. Пулевски се појави пред научната јавност, и тоа „се објавува целосно и наполно според изворниот јазик и со авторовата азбука во зачуваната единствена верзија од неговата оставнина", бележат нејзините приредувачи Блаже Ристовски и Билјана Ристовска-Јосифовска, кои во предговорот ги даваат најзначајните податоци за неговиот животен пат, како и за неговите творечки активности: поемата „Самовила Македонска", граматичкиот текст „Слогница речовска" и ракописната „Јазичница". Ѓорѓија Пулевски го претставува сублиматот на најпотребните ентитети за опстојбата на македонската самобитност во 19. век, имал јасен став на себеопределувањето, кое го одбележуваат приредувачите со исказот: „ по националност Македонец, по професија книжевник, по функција четоводец за ослободувањето на нашата татковина".

Ристовски истакнува: „Во историскиот момент кога конечно се решава судбината и на Македонија и на Македонците, кога светот сè повеќе (и не без наша заслуга) ја зацврстува претставата за нас како „мултикултурна", па дури и како „мултинационална" средина и со тоа упорно се отцртува визијата за кантонизација и за нови делби и на ова парче од некогашната македонска земја, кога тој свет сèуште не е уверен во зрелоста и единството на националниот ентитет на Македонците, – прашањето за самозапознавањето и афирмирањето на нашето

национално минато, на нашиот бит и култура низ векови и посебно во процесот на националното формирање, станува прашање за нашиот безбеден натамошен развиток и дури за опстанок како народ".

Поривот за објавување на книгите е јасен: да се покажат пред светската јавност историските факти, националните чинители на македонската кауза и континуираниот и самостоен процес на формирањето на македонската нација. Блаже Ристовски децидно истакнува дека „како првостепена задача на македонската историска научна мисла стои обврската максимално да ги организира интелектуалните капацитети за да му се претставиме на современиот свет во светлината какви што навистина сме биле, но и онакви какви што сме и денеска и какви што сакаме да останеме и утре". Критички забележува дека досегашниот потенциран примат на револуционерната компонента на Македонската револуција нѐ претстави пред европската јавност како национално сè уште неиздиференциран ентитет, со главно словенска провениенција. И дека во половината век од слободниот развој, поради текот на околностите и внатрешните слабости, не успеавме дефинитивно да се афирмираме како наполно одделна, автохтона и историски верификувана современа македонска нација. „Ги покажуваме речиси сите отпори, движења и востанија, но не тргнавме по 'рбетот на секоја револуција – националната свест што претставува основен импулс и моторна сила на сите подвизи и порази". Ристовски критика упатува и кон образовниот систем преку кој „генерации од граѓаните на Македонија немале можност да добијат и едно објективно и еднакво историско национално образование, кога националните малцинства во оваа држава немаат јасна претстава за националниот развиток на Македонците како државотворен ентитет, – тешко може да се очекува некакво национално единство и природна сплотеност...". Па токму книгата за Димитрија Чуповски и македонската национална свест ја има целта да ги запознае другите, а и нас самите, со еден сегмент од нашето минато за нашето постоење, бидејќи Чуповски бил конзеквентно со јасна македонската национална свест.

Ставовите на Чуповски, на Другарството и нивната програма, и на многуминатa други македонски идеолози и друштва, Ристовски детално ги анализира и ги поставува во денешен контекст, бидејќи од тогашните прашања: ослободување на Македонија во политички, национален и црковен однос, формирање на македонски литературен јазик, автокефалност на Македонската православна црква, дел се останати сè уште отворени.

Блаже Ристовски истакнува дека Македонското другарство за првпат во нашата историја официјално го вовел македонскиот јазик во службена употреба со членот 12 од Уставот на Другарството, а со членот 13 биле исклучени од употреба српскиот и бугарскиот јазик. Македонското другарство, нагласува Ристовски, е една чиста македонска национално-културна и научно-литературна асоцијација, со пресудно значење во развитокот на македонската национална мисла, на македонското националноослободително дело. Воедно, Ристовски ја нагласува и неговата цел: да се докаже пред светската јавност националната индивидуалност и аргументирано да се брани пред многубројните и разнородни непријатели и противници единството и целоста на народот и татковината. И покрај својот огромен ангажман, Ристовски упатува критика за отсуството на изданија, брошури за развојот на македонската нација и упатува порака дека е потребно поцелосно проучување на нашиот национално-политички развиток, поттикнувајќи нè со бројните показатели, имиња, факти, писма и процеси за нови истражувања.

Меѓу бројните имиња во научниот опус на Ристовски место наоѓаат и славистите, кои во 19. век се залагале за афирмирање и признавање на самобитноста на македонскиот народ. Во овој дел од својот ангажман Ристовски посебно место му дава на македонистот Петар Драганов, за кого забележал дека бил најдоследниот македонолог и основоположник на македонистиката како наука во Русија; сериозен проучувач, загрижен афирматор и доследен заштитник на самобитноста на македонскиот народ, на неговиот прогонуван јазик, на неговиот присвојуван фолклор, на неговата прикривана етнографија и искривувана историја; афирматор на посебната индивидуалност на македонската култура во словенскиот свет, како непристрасен сведок на состојбите и стремежите на еден во тоа време сè уште малку познат во науката и непризнат во политиката на словенските народи на православниот Балкан. За Ристовски, Драганов од млад славист со посебен интерес и со младешки научноистражувачки жар, се впуштил во проучувањето на вистината, собрал најразновидни материјали од сите краишта на Македонија, 1 200 македонски лекции, фанатично го протежирал македонизмот, го афирмирал македонскиот јазик, ја предизвикал: најжестоката српско-бугарска полемика и полемики во рускиот печат, особено со неговиот Зборник што го презентирал македонското народно творештво под македонското национално име. Според Ристовски, Драганов им се придружил на научниците специјалисти што немале ни-

каква работа со политичките стремежи, а го засегнал и прашањето за односот на Русија спрема македонското национално будење.

Блаже Ристовски истакнува дека Драганов го претставува комплетниот лик на основоположникот на македонистиката во Русија, кој ја застапувал тезата дека стариот црковнословенски јазик е од македонско потекло, притоа истакнувајќи ги македонизмите во неговиот лексичен фонд и бил сомисленик и учител на Мисирков и Чуповски, и на голем број од неговите солунски ученици кои стануваат видни илинденски револуционери и раководители на движењето, а многумина од нив се афирмирале и како познати научници – етнографи, фолклористи и воопшто национални дејци.

Во неговите студии Блаже Ристовски користи архивски материјали, периодични списанија, писма, публикации, полемики, автобиографски записи и други вонредни документи, кои се од особено значење за македонската научна мисла и воопшто за севкупната македонска јавност, со чија презентација ни се дава можност појасно и посветло да го докажеме толку оспоруваното македонско културно и национално постоење, нашиот идентитет. Неговите книги, монографии се извор на сознајби, факти и документи за историчарите, за литературните историчари, за фолклористите, за лингвистите и културолозите, кои го разгатнуваат и презентираат нашето богато континуирано историско минато. Во таа смисла, изданијата на академик Блаже Ристовски претставуваат особено значаен прилог и поттик за натамошни проследувања од многубројни аспекти на нашето литературно и културно наследство.

Искра ТАСЕВСКА ХАЏИ-БОШКОВА

НЕУМОРЕН ИСТРАЖУВАЧ НА ТРАГИТЕ

(Блаже Ристовски за македонистот Петар Драганов)

Клучни зборови: литературна историја, Блаже Ристовски, македонска литература во XIX век, Петар Драганов, научна сензибилност и објективизација.

Изнедрувањето на историјата како посебна реализација во форма на текст и нејзиното истражување претставуваат специфичен проблем во целокупното подрачје на епистемологијата. Третирањето на историјата како текст, односно метатекст (Хејден Вајт) притоа создаде длабок сомнеж околу статусот на историскиот факт и неговиот пресоздавач (авторот), кој во таа релација постојано интерферира со толкувачот. Оттука, Ф. Р. Анкерсмит заклучува дека „најдобрата историска репрезентација е онаа најоригиналната, најнеконвенционалната, која има најмалку шанси да биде вистинита – и која сè уште не може да биде отфрлена врз основа на постојните историски сведоштва“ (22). Упатувањето на Велш за трансверзалниот разум како трансценденција на ограниченото разбирање го води Анкерсмит и кон потребата од севкупна согледба на историското поле, како и анализа на историзмот во функција на приказната. Интересно е како историјата, која постмодернистички е сфатена како конструкт, креација, ја впива во своето подрачје и книжевната историја, првенствено дефинирана како „комплексно, *емпириско, теориско, компаративно и интерпретативно* подрачје на проучување и селективно меморирање на книжевното минато и еволуција, кое денеска сè помалку се претставува како позитивна, идеална, интегрирана и егзактна дисциплина“ (Ќулавкова 9). Таквиот специфичен спој меѓу книжевноста и историјата истовремено прово-

цира согледување на целокупното културно поле, кое притоа исцртува пошироки и наднационални одредници.

Во таа смисла, Блаже Ристовски е еден од најактивните проучувачи на историското (и книжевно-историското) подрачје воопшто во рамките на поширокатa културна сфера. Неговите истакнати истражувања на македонската историја, но и македонската култура во контекст на сопствената традиција и традициите на другите народи сè уште претставуваат доминантен референтен извор и образец за проучување. Ние го свртуваме вниманието кон подготвителниот труд за монографијата посветена на Петар Драганов „Македонистот Петар Драганов (1857–1928)“, објавен во 2007 година по повод 150-годишнината од неговото раѓање. Тоа дело опфаќа публикации пишувани и промовирани во различно време, но кои импресионираат со својата деталност и проникливост. Меѓу другото, тука се вклучени и три автентични преведени статии на Драганов, кои сведочат за исклучителната филолошка дарба на овој руски (и бугарски) славист. Посочената библиографија на поважните трудови на Драганов, како и авторите што го проследуваат во македонската книжевно-историска наука сведочат за сеопфатноста и проминентноста на овој труд.

Отсликувајќи ја најпрвин важноста на Драганов за воспоставување на македонистиката во Русија во XIX и XX век, како и проблемот на македонското национално прашање, Ристовски го потцртува неизбежниот факт за недоволната проученост на Драганов во македонската книжевна историја, иако ги наведува дотогашните негови истражувачи (Лазо Мојсов, Драган Ташковски, Гане Тодоровски, Александар Кидел, К. Л. Струкова и др.), со посебен осврт кон нивните достигнувања, но и научни заблуди. Поставувајќи го Драганов како претходник на Чуповски, Мисирков, Хрон и други, Ристовски заклучува: „Петар Драганов е и основоположникот и најактивниот деец на македонистиката во Русија, првиот и најанѓажиран проучувач на македонскиот јазик, македонската историографија, етнографија, литература и култура, чии статии, и покрај извесни неотпорности и несогледувања во нив, предизвикаа вонредно внимание во науката и во политиката од втората половина на XIX век и го изнесоа македонскиот проблем на едно европско научно ниво“ (9). Давајќи детални биографски податоци за Драганов и неговото школување во Комрат, Кишинев, Харков, Санкт-Петербург, Ристовски не заборава (низ многуте детално посочени податоци од советските архиви) да ја истакне и подготвителната работа на Драганов врз руско-бугарскиот речник, преводот на книшка од Платонов на бугар-

ски јазик, како и скриптата од предавањата на В. И. Ламански. Тој потоа успева на мошне автентичен начин да го претстави стекнувањето на магистерската титула, како и првата служба на Драганов во Солунската кирило-методиевска гимназија, доведувајќи ја во врска со неговото усовршување како филолог низ предавањата на Марин Дринов (кој ја претставувал Македонија како бугарска земја) и Ламански, кај кого „сè уште постоеја колебања во поглед на етничката и јазичната определба на оваа турска провинција“ (13). Логично, како искусен познавач на историјата, Ристовски сето тоа го доведува во релација со созреаните политички прилики (Руско-турската војна и засилената бугарска и српска пропаганда во Македонија). Интересно е како сликањето на љубопитната научна природа на Драганов е доведена во врска со неговата поливалентна национална припадност како „угледен руски славист во интензивираната борба за создавање на бугарска свест и народност во Македонија“ (14). Токму неговото различно национално определување како син на бугарски колонист, но воспитуван и образуван руски славист веројатно ја потврдува објективноста со која тој пристапува кон една сè уште јасно (и национално) неиздиференцирана турска провинција.

Во функција на етнографските, лингвистичките, историските и социокултурните интереси на Драганов, Ристовски посочува еден подолг дел од предговорот на „Македонско-словенскиот зборник“, притоа потенцирајќи дека тоа е прв (и единствен) труд „што го презентира македонското поетско народно творештво под македонското национално име и толкувано од македонско национално гледиште – сè до Рациновите ‘Македонски народноослободителни песни’ од 1943 година“ (95). Во наведениот цитат, истовремено е потенциран и начинот како Драганов со помош на неговите ученици од гимназијата, како и со податоците од конзулот А. А. Јакобсон и неговите писма до тајниот советник И. А. Зиновјев, успева да го запознае и подлабоко да го испита теренот на кој престојува.

Мошне научно податливо е и укажувањето на Ристовски за мијачко-брсјачкиот речник на Марко Мусевич (Мушевич), кој овде е опишан како многу значајна фигура за популаризирање на македонското прашање и состојбата на Македонците пред руските цареви Александар III и Николај. Во однос на оваа историски важна личност, Гане Тодоровски изразува претпоставка за неговото доаѓање во Петроград со посредување на Драганов (214), додека Ристовски смета дека средбата на Драганов и Мушевич се случила во Солун околу 1885 година.

Во тој поглед, интересна е неговата забелешка за обидот на Мушевич „за обновување на Житошкиот манастир и за отворање во него македонско училиште со интернат, независно од пропагандите ʻна софиските и белградските политиканти'" (22). Фактот дека издавањето на собраните материјали на Драганов во 1887 година е спречено, а се појавува статија на А. Шопов (под псевдонимот Офејков), Ристовски посебно го коментира со наведување на потребата во 1886 година (по Српско-бугаскиот мировен договор) да се појави таков зборник, но со потенцирање на „бугарската народност" на населението во Македонија. Притоа, истакнувањето на вистинската непристрасност и научен професионализам на Драганов тој го прави со наведување на дел од писмото упатено до Ламански, со што отворено и јасно поентира во однос на целокупната општествено-политичка заднина на случувањата: „...ʻЈас се согласив да земам учество во овој зборник пред сѐ како *филолог* и делумно како *етнограф*, но никако не и како *историчар*, зашто пресловутото *историско право* нема ни за влакно да ѝ помогне ни на големобугарската, ни на големосрпската, ниту пак на каква и да е друга голема претензија, дури и затоа што по сите тие ефемерни историски права на разните Крумовци, Симеоновци и Асеновци, Милутиновци и Душановци дошло исто таквото *историско право* и притоа *петстотинигодишно* на Муратовци, Бајазитовци, Мохамедовци, Сулејмановци и Селимовци'" (84). Сличен е и текот на нештата во однос на објавениот конкурс за научен труд од страна на Советот на Санктпетербуршкото словенско благотворно друштво, кој, како што потенцира Ристовски, е причината училишната 1886/1887 година Драганов да се врати во Русија.

Во врска со целата научна и интелектуална полемика околу Драганов, Ристовски се осврнува кон големиот број статии и реферати со кои Драганов се објавува како научник. Почнувајќи од текстот за бугарските школи и народната просвета во Македонија и во Одринскиот вилает, Ристовски ги коментира Драгановите согледби за населението, особено фактот што „за интелигентната и за заможната граѓанска класа Драганов вели дека или се грчее или пак ʻси седи настрана, не сакајќи да ризикува со мешање во големата бугарска идеја'" (79). Идејата за своевидна споредбена граматика на словенските јазици Драганов делумно ја реализира преку статијата „Граматика на шопско-македонските словенски говори во споредба со бугарските и српските", иако забелешката на Ристовски се однесува на фактот што таа е необјавена и со тоа недостапна за проучувачката јавност.

Проследувајќи ги хронолошки статиите (објавени и необјавени) на Драганов, тој не заборава да посочи еден мошне важен реферат,

претставен на собирот организиран од Филолошкото друштво при Санктпетербуршкиот универзитет во 1887 година, „Носовите самогласки во современите македонскословенски и бугарски говори“, како дел од поголемата дисертација за акцентот, гласовите, формите, творбите и речникот во македонскословенските говори наспрема бугарските и српските. Ристовски важноста на овој реферат ја потцртува и со фактот што тој излегува во престижниот варшавски „Русскій филологическій вѣстникъ“, како и со упатувањето на Драганов на познатиот славист А. Х. Востоков: „...‘По прашањето за потеклото на стариот црковнословенски јазик – пишува Драганов – самиот Востоков го сметаше за *македонизам*, за негова татковина ја сметаше Македонија, и затоа, велеше Востоков, би можело да се нарече *македонски*. Востоков воопшто не беше за *бӯгаризам* на таа најважна научна поставка во тесната смисла на овој збор, како што тврдеа некои негови противници; напротив, што се однесува за сопствено-бугарското наречје, според Востоков, тоа *уште̄ од ста̄ри времиња можело да се разликува од пр̄вото̄ (македонското̄) со мошне важни цртӣ* и, да додадеме од своја страна, како и сега што се разликува од него’“ (92).

Ристовски потоа ги проследува и статиите на Драганов посветени на етнографијата на Македонија, при што е подвлечен фактот дека, иако научната област со која се занимавал била мошне широка и сестрана, тој не успева да се здобие со докторска титула, ниту да ја реализира универзитетската кариера по која веројатно копнеел (и секако ја заслужувал). Во тој поглед, интересно е што, иако Драганов сакал да учествува на распишаниот конкурс во 1887 година за наградата А. Ф. Гиљфердинг, Ристовски вели дека е веројатно оти темата не ја предал во предвидениот рок, а при повторното распишување на конкурсот во 1889 година „веќе бил отфрлен во длабоката руска провинција“. Сликајќи го како учител во Реалното училиште во Комрат, тој укажува и на писмото во кое Драганов му се доверува на Ламански за пречките кои таа средина ги поставува пред неговите научни амбиции да ги студира „Византијците и другите првоизвори“ (32).

Следејќи ги пошироките филолошки интереси на Драганов, Ристовски упатува на необјавениот прилог, во кој Драганов се промовира како „еден од првите што станале против мистификациите што ги растурил Верковиќ со своите ‘веди’, коишто притоа биле поддржани (поради разбирливи причини) од бугарската наука; дека тој веројатно и самиот се обидел да прави проверки на теренот при патувањата низ Македонија и до Пловдив, како и преку своите ученици од родопските

краишта; дека тој всушност е еден од првите небугарски истражувачи што се обидел на теренот да ги провери 'ведите', па и во овој поглед да го изрази македонското гледиште" (35).

Во врска со прилозите на Драганов за Пушкин, Лермонтов, Гоголь, Толстој, Крилов, Ристовски посебно се задржува на спомнатиот труд од самиот Драганов во едно писмо до А. Н. Пипин – „Многујазичниот Пушкин", каде што преводот на Пушки на македонскословенски јазик тој го рангира на 16-тото место. Во тој поглед, би требало да се согледа ставот на Ристовски, кој има културно-национална важност: „Во одделното издание '*Педесетјазичниот Пушкин*' т.е. преводите на А. С. Пушкин на 50 јазици и наречја во светот (всушност, во изданието се застапени 51!), како 26-ти е даден и 'македонскословенскиот' превод (1862), односно 8 години пред бугарскиот (1871)" (49–50). Во тој контекст, тој ја коментира веројатноста на Драгановиот исказ за творбите на Жинзифов, („Брату си" и „Гарван"), кои тој ги третира како преводи на Пушкиновите песни, вклучувајќи го и ставот на Ив. Шишманов, кој во писмото до В. Јагиќ потврдува дека не станува збор за таков превод.

Во врска со конечното објавување на „Македонско-словенскиот зборник" во 1894 година, Ристовски потсетува дека „Драганов во својот зборник во вид на народно творештво го направи и третото издание на поемата 'Самовила македонска' од Ѓорѓија М. Пулевски, па и посебно пишува не само за него, туку и за сите позначајни македонски културно-национални и литературно-културни дејци од XIX век – Џинот, Партенија, Миладиновци, Верковиќ, Динката, Жинзифов, Прличев, Шапкарев, Македонски, Цепенков и други, собирајќи ги и чувајќи ги и сите изданија од Македонци и воопшто за Македонците и за Македонија во својата библиотека" (95–96).

Веројатно ваквите настани, но и препирката што настанува во научната сфера околу ставовите на Драганов, имаат решавачко влијание врз неговата подоцнешна противречна положба – еднаш се потпишува како редовен член на Императорското руско географско друштво, другпат (како што се гледа од официјалните документи на Друштвото) како член-соработник, а писмото од 1900 година, кое Ристовски го посочува како аргумент, зборува и за конечното прифаќање на Драганов како член-соработник. Во однос на ваквите настани, Ристовски ја коментира и судбината на неговата оставнина, која, освен што е расфрлана на различни места, во 1940 година била национализирана и покрај барањата на ќерката и синот да им се врати библиотеката: „Книгите биле растурени по визбите и скривниците, папките се фрлале по Ком-

рат и Кишинев, па останале само неколку книги, некои лични ракописни материјали и дел од фотографиите од семејството на Петар Драганов. Сè друго било или уништено во Војната или пак се чува расфрлано по Бесарабија, па можеби и во други градови во тогашниот Советски Сојуз, а можеби и во денешна Романија“ (41–42). Сите наведувања се поставени и во контекст на трагичните случувања во животот на Драганов, особено во врска со неговото настојување и успех да стане помошник-библиотекар во Императорската публична библиотека во Санкт-Петербург (што се поврзува со неговиот престој во Бесарабија, кој ќе резултира со објава на големиот зборник "Bessarabiana" во 1911).

Околу наведувањето на библиографските податоци на Драганов, кои изобилуваат со напоменувања на големиот број функции што ги вршел (член на Императорскиот Санктпетербуршки археолошки институт, член на Императорското руско географско друштво, инспектор во училиштата во Комрат и Астрахан, директор на Учителската школа во с. Ровное и на гимназијата во Кагуљ, член на Бесарапското црковно историско-археолошко друштво и др.), како и различните одликувања што ги добил, Ристовски сепак не заборава неколкупати да ја истакне тешката финансиска и душевна состојба во која се наоѓал Драганов, како и крајно нечовечките услови во кои запаѓал барајќи работа, сè до неговата не помалку иронична смрт „стоејќи во комратската пошта за да испрати пари за Кишинев“ (71–72). Токму затоа Ристовски повеќепати поентира во функција на задачата што е оставена пред проучувачите на делото на Драганов: „Македонската наука (и посебно македонската славистика и фолклористика) и натаму е исправена пред сериозната задача да го претстави на научната јавност комплетниот лик на основоположникот на македонистиката во Русија, сомисленикот и учителот на Мисирков и Чуповски“ (73).

Потенцирајќи ја големата општофилолошка дарба на Драганов, Ристовски се осврнува на три негови специфични трудови (чиј преведувач е самиот тој), како контекст во кој напоменува и за важноста на Кирило-методиевската библиографија, за која Драганов добил и парична помош од Одделението за руски јазик и литература при Академијата. За оваа библиографија, која е од посебно значење за науката, тој со жалење забележува дека останува во ракопис поради слични општествено-политички и животни прилики.

Еден од мошне важните трудови на Драганов е трудот „Кон прашањето за населението на современа Македонија“, токму поради фактот што тој го печати во угледниот весник „Санкт-Петербурски

Ведомости“ во 1900 година, па Ристовски заклучува: „...Охрабрен од развитокот на македонската национална свест во самата Македонија, Драганов се почувствува побуден како славист и етнограф, како историчар и филолог, па и како Бугарин и бугарски службеник во Македонија, уште еднаш да се искаже за ова важно прашање и да им се придружи ‘на научниците специјалисти што немаат никаква работа со политичките стремежи (таканаречените велики идеи) на бугарската, српската, грчката, албанската и романската народност’“ (60). Таква функција има и посочувањето што го прави на еден поголем дел од статијата на Драганов, каде што тој посебно ги демаскира завојувачките претензии на бугарската и српската пропаганда во Македонија, нивното дрско однесување и омраза кон локалното население, како и афирмацијата на македонското наречје како посебно заедно со македонската желба за национално диференцирање (особено во врска со повторно разбудениот идентитет во 60-тите и 70-тите години на XX век). Ристовски го потцртува барањето на Драганов за непристрасен и објективен став на Русија кон македонското прашање воопшто, при што мирот на Балканот би бил погоден за сите страни: „Друго е прашањето дали ние Русите треба да се радуваме или да жалиме во врска со тоа што во Македонија го издигна својот глас тамошното староседелско население ‘Славјанци’ што инаку се наречува со старинското име ‘Македонци’ (за разлика од класичните ‘Македонјани’). Според нашето лично мислење, би било просто праведност да се поддржи барем морално ова многубројно племе што зборува на посебно словенско наречје и си има своја стара историја (од VI до XV век), не помалку интересна од историјата на Бугарите и Србите. Овие Македонци (Славјанци), според општиот одзив на лицата што ги познаваат, во ништо не се полоши во умствен и во морален поглед од сите Срби и Бугари, во некои погледи тие се дури и повисоко од последниве“ (170).

Во однос на статијата „За бугарските и српските потправки на историјата и археологијата во Македонија“, Ристовски повторно прави истакнување на бугарската и српската пропаганда, кои посебноста на македонскиот јазик ја третирале како сопствено наречје (говор), истовремено сликајќи ги и нивните измамнички досетки – објавување на бугарски буквари и историја на македонски јазик, обвинување на словенскиот елемент за уништување на словенската културна оставнина, како и намерите што ги покажуваат некои „недоброжелници на македонскиот национален и јазичен развиток“, цитирајќи го „српскиот филолог, историчар, државник и дипломат академикот Ст. Новаковиќ, за

да покажат дека современиот македонски литературен јазик, како и современата македонска нација е резултат на српската пропаганда...“ (173).

Слична е веројатно од тој аспект и целта со која Ристовски ја инкорпорира статијата што се однесува за необјавениот ракопис на Драганов од 1887 година, предадена „во вид на записник“. Во тој контекст тој ги потцртува најзначајните придобивки од неговиот превод на посочената статија: „1) тоа е едно од првите претставувања на дејноста и интересите на Петар Драганов за Македонија пред руската научна јавност и една од првите јавни најави на големиот зборник македонски народни умотворби што ги собрал при својот престој во оваа турска провинција (1885–1887); 2) (...) во случајов имаме запис на сознанијата на Драганов речиси непосредно по неговото враќање од Македонија; 3) (...) овој ракопис (...) ги содржи автентичните мисли и погледи врз зафатените проблеми и има посебно значење во историјата на македонистиката и славистиката воопшто; 4) ракописот прави прв критички преглед на дотогашната литература за македонската етнографија, фолклористика, статистика и дијалектологија, иако авторот покажува извесни неотпорности подлегнувајќи токму на некои извори од таа литература (...)“ (142).

Како посебно поглавје во трудот на Ристовски е поставено неговото промислување за Петар Драганов и македонското прашање во европската наука. Покрај наведувањето на решавачкиот поттик што Ламански му го дава на Драганов, Ристовски одделно ја анализира дејноста на руските словенофили, кои се презентираат како истомисленици со ставовите на Драганов. На прво место тука е професорот Николај Н. Дурново, кој „иако во почетокот ‘србо-гркофил’“ подоцна јасно ја истакнува променетата перспектива. Во тој поглед, Ристовски ѝ дава изделено место на статијата „Македонското прашање и Австрија“, во која Дурново се залага и за формирање на една посебна „‘Славјано-Македонија’ со престолнина не во Солун, туку во древниот Охрид (...)“ (110), покрај претходно истакнатите ставови на Дурново за независноста на македонското наречје. Во овој контекст Ристовски го вклучува и Александар Ф. Ритих како етнограф и филолог, кој во својата прва книга зборува за македонските Словени, но и поради неговото особено инспиративно писмо до Димитрија Чуповски, објавено во „Македонски Глас“, каде што тој покажува свесност за потребата Македонија да биде автономно кнежевство без вмешувања на некоја голема балканска сила. Во врска со засилените објави на руските научници во време и по

Балканските војни, Ристовски не заборава да ги спомне и Николај Фиљкович, Антон Семјонович Будилович, а тука посебно и Андроник Јоаникиевич Степович, кој прави приказ на Драгановиот зборник во воронешките „Филолошки записки“, наведувајќи еден извонреден дел од неговата статија: „'За изјаснувањето на прашањето за суштината на македонскословенското наречје оваа книга има посебна важност што уште повеќе ќе се зголеми по отпечатувањето на целото издание (...). Самиот автор исто така зазема – во тоа треба да му се оддаде чест – наполно неутрална позиција во спорното прашање и, изгледа, не е против желбата на Македонија и на нејзиниот своевиден јазик да им се даде самобитен развиток, слободен од српските или бугарските претензии'“ (114). Оттука и наведувањето на мислењето на рускиот професор по филологија и историја Владимир В. Качановски за врховистичките активности во Македонија и македонските унијати како продолжена рака на Бугарската егзархија, што ја подвлекува намерата на Ристовски да даде што е можно посеопфатен преглед на случувањата околу Македонија во тој период.

Несомнено, изделена во тој контекст е активноста на тројцата филолози (Јан Бодуен де Куртене, Леонхард Мазинг и Петар Лавров), истакнати и во однос на нивната решавачка улога во градењето на наследниците – проучувачи на македонистиката. Ристовски го одбележува копериковскиот потфат на Куртене, кој во своите предавања јасно го разликува македонскиот јазик како специфичност, а Леонхард Мазинг како негов докторант ја изработува првата дисертација посветена на македонскиот јазик. За Петар Лавров Ристовски потенцира дека тој „воведе во програмата на Петербуршкиот универзитет посебни предавања за 'македонските говори', па се искажа и за македонската народна песна како одделна од српската и бугарската, поттикнувајќи го својот студент К. Мисирков не само да собира македонско народно творештво, туку и да направи опис на родниот крај на својот мајчин јазик и со азбука со строго фонетски принцип што претставува посебно поглавје во историјата на македонските графеми“ (117). Во таа мера, согледувањата на Карл Хрон се сосема во функција на дефинитивното разграничување на македонскиот народ од другите балкански народи. На крајот, Ристовски дава еден мал дел што се однесува за противречните ставови, т.е. спротивставените промислувања за македонскиот јазик и нација што доследно ја прикажуваат специфичната научна и политичка атмосфера во тој период.

Пишувањето историја и во таа смисла книжевна историја претставува полифункционален потфат, особено кога станува збор за маке-

донската традиција воопшто. Во однос на тоа, сосема е соодветна забелешката на Ќулавкова, која вели: „Македонската книжевност е една од многуте во светот, чијшто развој во минатото отстапува од парадигматскиот западноевропски образец. Критичкиот и скептичен однос спрема однапред зададените и идеализирани структури на книжевно-историски развој, кои во деветнаесеттиот и дваесеттиот век стекнале империјален статус во визијата и валоризацијата на книжевните процеси, констелации и факти, е услов без кој не е можно да се изгради адекватен однос спрема разликите/специфичностите кои ја сочинуваат *поличентричната книжевно-историска традиција во светот*“ (2001, 17–18). Книжевно-историските проучувања на Ристовски ни нудат токму едно такво критичко согледување, еден поглед отстрана, кој овозможува да се погледне одново (но и подобро) сè она што се пласира како научна (или социо-политичка) актуелност, особено доколку ја земеме предвид противречноста на толкувањата поврзани со македонскиот литературен XIX век. Потребата од повеќе такви проучувачи како Блаже Ристовски е несомнена – моќта да се познава доволно добро (но и стабилно) македонската култура воопшто, дури и во контекст на сеопштото културно наследство, претставува исклучителна дарба, која во дејноста на Ристовски е истовремено совршено споена со научната сензибилност и љубопитност. Во тој поглед, поливалентноста на пишувањето, толкувањето и доживувањето на историјата (како сегашен миг во одминување) значи потреба од постојана објективизација, која Ристовски, како искусен научник, успева да ја направи дури и во однос на матичната традиција, која постојано се преосмислува не останувајќи ниту за чекор поназад од севкупниот европски и светски контекст.

ЛИТЕРАТУРА

Ankersmit, F.R., *Historical Representation*, Stanford: Stanford University Press, 2001.

Ристовски, Блаже, *Македонистот Петар Драганов (1857–1928)*, Скопје: Матица Македонска, 2007.

Тодоровски, Гане, *Македонската литература во XIX век (1)*, Скопје: Матица Македонска, 2007.

Ќулавкова, Катица, *Мала книжевна теорија*, Скопје: Три, 2001.

White, Hayden, *Metahistory (The Historical Imagination in Nineteenth-Century Europe)*. Baltimore and London: The Johns Hopkins University Press, 1975.

Iskra TASEVSKA HADJI-BOSHKOVA

INDEFATIGABLE INVESTIGATOR OF TRACES

(Blazhe Ristovski of Macedonian Scholar Petar Draganov)

(Summary)

Key words: literary history, Blazhe Ristovski, Macedonian literature in the 19th century, Petar Draganov, scientific sensibility and objectification

The appearance of history as a special acquisition in a text form and its investigation seem to be a problem in the whole epistemological field. Analyzing history as text (metatext) according to White creates a great deal of doubts about the status of the historical fact and its author/interpreter. Ankersmit relates transcend-dental reason with historism, as well as story, that is a specific aspect in defining historism. On the other hand, the relationship between history and literature evokes analysis of the whole cultural field, underlining wide supranational determinations. The literary and historical research of Blazhe Ristovski offers a critical survey, gazing on the subject disinterestedly, which enables us to look again (and even better) at the facts that are exposed as a scientific (or sociopolitical) actuality, especially the studies of the 19th century Macedonian literature. There is a persistent need of such scholars – the privilege to have a broad knowledge of Macedonian language, literature, and history related to the whole cultural heritage represents an exquisite gift, in this case enriched with the perfect connection between scientific sensibility, and curiosity. The great advantage of Ristovski as a scientist is his constant struggle for objectification, which he managed to acquire even in the context of his own cultural tradition.

Димитар ПАНДЕВ

БЛАЖЕ РИСТОВСКИ – АВТОР НА ГОЛЕМИ ДЕЛА

(Блаже Ристовски, „Крсте П. Мисирков (1874–1926). Прилог кон проучувањето на македонската национална мисла, Избрани дела во 10 тома, том I Мисирков, Матица Македонска, Скопје, 2011)

Со својата неуморна дејност на научник, истражувач, филолог и историограф, академик Блаже Ристовски се издвојува како автор на големи дела. Тој се појавува во македонската филологија во шеесеттите години на минатиот век, имено во време кога во рамките на националните фундаментални науки беа неопходни позитивистички студии во кои ќе се осветлуваат темните врвици на македонската национална историја и на историјата на македонскиот јазик, литература и култура преку монографии за животот и делото на значајни личности од минатото на Македонија.

Во потрагата по таква тема, Блаже Ристовски ја одбира најзначајната, најсуштествената, и тоа не само за македонската филологија туку и за сите македонски национални (општествени и хуманистички) науки, темата за Крсте Петков Мисирков, авторот на најмакедонистичката книга на преминот на вековите, книга по која за Македонците како народ и нација веќе нема назад во минатото, туку само напред во иднината, но и книга што е составен дел од мозаикот на македонската национална борба.

Првата обемна книга на д-р Блаже Ристовски, „Крсте П. Мисирков (1874–1926)“, со поднаслов „Прилог кон проучувањето на развитокот на македонската национална мисла“, во издание на Култура од Скопје во 1966 година, во рамките на едицијата „Современа општествена мисла“, е прва научна студија во македонската наука, која од стандардизирана позитивистичка монографија (живот и дело) прерас-

нува во мултидисциплинарна (општествено-хуманистичка) студија. Имено, авторот ги надминува рамките на поставената задача и пред себеси си поставува задача од подалекосежен интерес: да ја проучи македонската национална мисла. Во еден ваков опфат се преплетуваат и минатото и сегашноста и иднината. Имено, како да се опфати развиток на нешто што е најбрзо, каква што е мислата. Блаже Ристовски меѓу првите ги осознава противречностите на позитивистички насочените студии (живот и дело) и создава системно-структуралистичка студија за македонската национална мисла. Истовремено, отвора простор за попродлабочени истражувања на хуманистичките појави и на општествените процеси во македонските национално ориентирани науки, што само по себе нужно изискувало и нивна консолидација. Блаже Ристовски во клучен момент од развојот на македонската наука, всушност врши консолидација на национално ориентираните науки токму преку проучувањето на делото на Мисирков во поширок општествен и културен контекст.

Самото дело на Мисирков нужно барало еден ваков вид студија, според принципот нова материја – нова теорија, па Ристовски, од една страна, во пристапот кон темата ја ангажирал сета расположлива историско-филолошка апаратура, како и сиот беспрекорен етнографско-филолошки истражувачки жар, но истовремено, во проучувањето на националната мисла, им дал не само простор туку и полет на современите општествени теории, особено карактеристични за превирањата во европската наука во тоа време, превирања што ќе доведат и до промена на парадигмите не само во општествените науки, туку и во статусот на науката во општеството. Во тој поглед, Блаже Ристовски во тоа време има не само клучна, научничка, туку и предводничка, институционална улога. Како научник излегува со јасен став, кој најкусо стилски би го интерпретирале со исказот „Мисирков не е сам“, а како предводник, се појавува со неговите институционални заложби за проучување на македонското народно творештво – завет што не е само надоврзување на Мисирковите етнографско-фолклористички проучувања, во кои јасно се истакнува посебноста на македонската епска литература, туку и на цела една општествено-политички ангажирана и национално ориентирана македонска интелигенција од крајот на 19 и од почетокот на 20 век.

Во прилог на тоа, сакаме да наведеме една *очигледна вистина* од времето кога се вршени истражувањата и е пишувана монографијата за Крсте Петков Мисирков (крајот на педесеттите и почетокот на шеесеттите години на минатиот век): изработката на позитивистички студии обично го изморува и го исцрпува речиси исцело секој млад научник, до таа мера што веќе како да не е во состојба за понатамошни

опсежни проучувања. За Блаже Ристовски, тоа се „речиси десетгодишни истражувања“, по кои „најпосле... книгата за животот и делото на големиот Мисирков се појавува токму во моментот кога се наполнуваат 40 години од неговата прерана смрт“. Станува збор, значи, за една долгоподготвувана монографија во период во кој авторот активно се појавува во македонската периодика со над триесетина научни статии за Крсте Петков Мисирков. Оваа монографија, значи, не е ниту првиот труд за Мисирков на Ристовски, ниту пак со неа се заокружува неговиот интерес за Мисирков. Имено, опсегот на истражувањата на животот и на делото на Мисирков, како и нивниот општествено-историски контекст, што ги врши Ристовски по излегувањето на монографијата за Мисирков, во голема мера го надминуваат дотогашниот негов ангажман на оваа тема.

И да истакнеме, во средината на 20 век Мисирков со право е клучна тема на македонската филологија, тема без која не се може понатаму, ни во истражувањето на минатото, ни во научното осмислување на иднината. Но тие проучувања, во кои како стожерни се јавуваат имињата на Даре Џамбаз, на Крум Тошев, на Блаже Конески, на Васил Иљоски, Благоја Корубин, на Деса Миљоска, на Гане Тодоровски, првенствено се ориентирани на веќе јасно трасираното и неодминливото дело во македонската историско-филолошка врвица – „За македонцките работи“. Но, со својата бројка, бројот на статиите на Ристовски речиси е соодветен на бројот на статиите од другите македонски проучувачи на Мисирковиот подвиг, па за Блаже Ристовски ова дело е само носечки столб што ќе ја реконструира и ќе ја направи референтна, ќе ја исполни со содржина, македонската општествена и национална мисла со сите историски заложби за слободна Македонија и за одделен македонски јазик во семејството на словенските јазици, но и ќе ја поткрепи со размислувањата и со перспективите во идеолошки неоптоварената славистика предводена на преминот на вековите од Бодуен де Куртене и во средината на 20 век од С. Б. Бернштејн. Впрочем, без македонистичките заложби на самосвесно издигнатата македонска интелигенција и без поддршката од етнографско-филолошки ориентираната славистичка наука, на кои им припаѓал и самиот Мисирков, високо издигнатата македонистичка парадигма на Крсте Петков Мисирков „За македонцките работи“, во турбулентното време што последувало, едноставно можела да се претопи во безизлезна резигнација, а книгата – да се заборави. Колку за пример, во прогонот на сѐ што е македонско по Илинденското востание, исчезнуваат (горат или фаќаат прав на недостапни рафтови во книжарници и библиотеки) отпечате-

ните примероци на вонсериската Мисиркова книга. Од друга страна, во советска Русија сета етнографски ориентирана славистика се прогласува за „буржуаска“, а со самото тоа не само за ненаучна, туку и за опасна. Не се само Мисирков и неговата книга во „исчезнатите и отстранетите“ како неподобни, исчезнати се или отстранети или пак во најмала рака се маргинализирани и врвните класици на славистиката, големите имиња и големите дела на една од водечките историски (над)национални науки на 19 век.

Со својата монографија за животот и за делото на Крсте Петков Мисирков, Блаже Ристовски не само што ја реконструира неговата животна врвица исполнета со непредвидливи противречности туку и ги воспоставува најзначајните односи и врски меѓу Мисирков и неговите современици, и македонските дејци и предводниците на славистиката: и Мисирковите содружници во истакнувањето на македонската вистина и во издигнувањето на македонскиот народен јазик на степен на литературен, како што се Темко Попов, Стефан Дедов, Димитрија Чуповски, и Мисирковите ментори во научното определување на местото на македонскиот јазик, литература и култура (етнографија) во словенската општност, какви што се, покрај Бодуен де Куртене, и И. И. Срезневски и Петар Лавров.

Да наведеме уште една вистина од времето на консолидирањето на македонската научна мисла: одбраната на докторската дисертација е значаен момент во животот на секој еден научник, но и момент крстопат по кој самиот решава како и во колкав обем да се занимава со наука. А за тоа време Ристовски направи навистина многу. Неговата докторска дисертација бездруго е најобемната студија од тоа време. А во тоа време, критериумот обем не само што не бил и не беше за потценување, туку беше и респектабилен и овозможуваше научнички комодитет.

Но Блаже Ристовски им припаѓа на оние научници за кои докторската дисертација под сосема тривијален, но во тоа време стандардизиран, наслов „Животот и делото на Крсте П. Мисирков – монографија“ претставува не само стимул, туку и цврста подлога за понатамошни проучувања на оние спознајно отворени прашања од национален интерес што се појавуваат или паралелно или вкрстено со насловената тема и за кои во научните кругови не само во тоа време туку и ден-денес се упатува дека не само што не треба, туку и не е дозволено да се излегува со сознанија надвор од рамките на темата зададена со насловот на дисертацијата. Блаже Ристовски во голема мера ги надминува позитивистичките рамки, па набележаниот монографски пристап

кон темата за Мисирков во неговиот научен видокруг отвора простор за извонредна, вонсериска, аналитичко-синтетичка студија, која не само што се сообразува, туку на извесен начин и им претходи на новите, неопозитивистички пристапи при филолошко-историографското читање на животот и делото на значајните личности од минатото: читање во контекст. И станува образец за такви читања во македонската филологија. Впрочем, контекстот на Мисирков ги отвора во сите правци димензиите на неговото дело и на делата на неговите современици, а студијата на Ристовски претставува непресушен извор за допрепрочитувања на животот и на делото на Мисирковите современици.

Да прецизираме, по одбраната на дисертацијата и по објавувањето на капиталната монографија, Ристовски не само што не ја затвора темата за Мисирков, туку ја отвора! и започнува со бројни архивски истражувања и со систематско проучување на сè што има каква и да е врска со Мисирков, а што отвора простор за расветлување на темните точки од неговиот живот, како и за отстранување на какви и да се темни петна од неговата биографија. А нив ги имало многу, од неговите противници, всушност од негаторите на пројавените македонистички погледи.

Токму затоа, оваа студија и ден-денес не изгубила ништо од својата научна свежина, со која своевремено ги разбранувала филолошките стандарди и извршила своевидна научна „револуција“ во историјата на македонскиот литературен јазик.

Основната вредност на капиталното дело на Блаже Ристовски се состои во: **поместувањето на (историско-филолошки) утврдената граница на стандардизацијата на македонскиот јазик, со лингвистичка.**

Блаже Ристовски ја имал научната смелост дваесет години по официјалниот чин на кодификацијата на македонскиот јазик, настан што бездруго не само што ја возбудил, туку и ја преродил славистиката (пред сè, со темата за оформувањето на литературните јазици), да ја спушти таа во тоа време навидум веќе импозантна бројка за цели четири децении, па од средината на векот да ја осмисли на почетокот на векот. Смелоста на Ристовски се потпира и на историскиот багаж дека во тие две изминати децении на полето на стандардизацијата на македонскиот јазик и на неговото оживотворување во стварноста е направено навистина многу, и во определена мера веќе е воспоставена историската врвица на македонските заложби за самостоен развој на македонскиот литературен јазик од времето на Преродбата. Во тој период

од дваесет години самостојна македонска филологија одделни настани од животот на Мисирков, како и одделни аспекти на неговата книга „За македонцките работи“ се предмет на опсежни проучувања и толкувања и тие реално наоѓаат свое заокружување и превреднување во проучувањата на Блаже Ристовски, па отвораат простор за прецизно нивно вреднување.

Во тој контекст, Блаже Ристовски е беспрекорно јасен, па следниот негов исказ не само што е мото на неговото научничко „вјерују“ од шеесеттите години на минатиот век, туку е и подлога на актуелните проучувања во историјата на македонскиот литературен јазик до денес. Тоа е составен дел од македонското препрочитување на сопствената историја и историско самосознание за сопствената јасна национална и јазична свест:

„Нашиот современ литературен јазик, нагласува Блаже Ристовски, никако не го води своето потекло од мај 1945 год., како што се зборува обично, туку од почетокот на нашиот век, кога и теориски и практично тој беше решен и во извесна смисла спроведен од К. П. Мисирков и неговите другари. Ниту е тоа нашиот прв литературен јазик, ниту претставува само ‚обид‘: тоа е творба што претставува пример како треба да се постави и да се изградува еден нов литературен јазик што ќе има општонародна основа и ќе биде најпримерен обединувач на националниот дух.“

Со дефинирањето на јазикот на Мисирков како современ македонски литературен јазик се воспоставува историскиот континуитет на македонскиот (писмен и литературен) јазик.

Во овој величествен став на Ристовски, на поширок општолингвистички план, ги согледуваме теориските погледи и сфаќања на Вилхелм фон Хумболд (од почетокот на 19 век) и на неговите следбеници (од почетокот на 20 век), некои од нив современици на самиот Мисирков, како што се, на пример, Карл Фослер во филологијата, Фердинанд де Сосир во лингвистиката и Емил Диркем во социологијата, а на потесен, славистички, етнографско-филолошки, план и согледувањата на европската, и во тој контекст, особено на руската славистика, која јасно го согледувала националното осознавање на македонскиот народ и јасно го определувала местото на македонскиот литературен јазик меѓу словенските литературни јазици.

Во тој контекст, треба да нагласиме:

Студијата на Ристовски излегува во времето кога во европската наука се „рехабилитираат“ учењата на Карл Фослер, а учењата на него-

вите ученици стануваат доминантни во голем број национално насочени филологии. Во тој поглед, оваа студија не само што не заостанува зад европската наука, туку на извесен начин има и предводничка улога. Имено, западноевропската општественоисториска наука во шеесеттите години, преку постструктурализмот, сè повеќе го пренасочува својот интерес од борците со пушка кон борците со перо, со што на определен начин ги антиципира предизвиците на новото време.

Студијата на Ристовски се јавува во време кога руската лингвистика, и покрај сите притисоци од страна на актуелната политика, јасно застанува зад неодминливиот факт за структурната посебност и за беспрекорната функционалност на македонскиот литературен јазик, став што ќе доведе до создавање на студиите по македонски јазик на Катедрата за словенска филологија на Московскиот државен универзитет. Со официјализацијата на овие студии, всушност, јасно ќе се зацврсти во руската историографија ставот дека почетоците на македонскиот литературен јазик не се од пред 20 години, туку од 19 век, погледи што ќе се сообразат и со погледите изложени во монографијата за Мисирков. Мисирков, впрочем, бил предмет на продолжителен интерес на уште еден значаен славист, всушност на еден од врвните во тоа време руски слависти, на организаторот на наставата по словенска филологија на МГУ, С. Б. Бернштејн. Проучувајќи го Мисирков, Блаже Ристовски не може да не ги проучува и научниците што се зафаќаат со истражување на Мисирковата дејност, како и податоците и околностите што доведуваат самиот Бернштејн да се интересира за делото на Мисирков. Во тој поглед, не е за пренебрегнување фактот дека и Бернштејн и Ристовски ќе насочат голем број (и македонски и руски) македонисти да се занимаваат поподробно со одделни прашања поврзани со животот и со делото на Мисирков. Впрочем, по објавувањето на монографијата за Мисирков, Блаже Ристовски продолжува со уште попродлабочени проучувања со архивски и теренски проучувања низ земјите на Мисирковите патешествија.

Во тој контекст, да нагласиме уште една битна особеност на монографијата за Мисирков. Имено, во оваа монографија јасно и бескомпромисно се ревидираат зацврстените ставови и погледи за Македонија вметнати во историските науки од соседните научни центри, чија основна цел била дискредитација на македонскиот народ и, особено, на македонската интелигенција. Ова прашање особено било важно во времето на пишувањето на монографијата, зашто светската научна јавност имала можност да ја прочита и да ја согледа македонската вистина. Токму затоа, Блаже Ристовски особено внимание му

посветува на развитокот на македонската национална мисла. Тој му пристапува на делото на Мисирков не само од аспект на македонската филологија, туку и од аспект на европската славистика, апострофирајќи ги напорите за демократизација на европската и светската лингвистика. Во тие процеси секако значајно место има теоријата за развојот на литературните јазици. Оваа теорија не само што беспрекорно функционира врз примерот со македонскиот јазик, туку македонската јазична ситуација соодветствува со основните поставки на оваа теорија во сите светски познати лингвистички школи што се занимаваат со ова прашање. Притоа, во согласност со идеите претставени во монографијата на Ристовски, особен интерес претставуваат теоријата за улогата на идиолектот во зацврстувањето на литературните јазици и на литературнојазичната норма и теоријата на еволуционизмот, промовирани во руската лингвистика од времето на Бодуен де Куртене. Ако се имаат предвид истражувањата на Ристовски за местото и улогата на Мисирков во руските (не само) славистички кругови, тогаш секако станува јасно дека и самиот Мисирков со својот пример јасно се вклучил во живите развојни текови на современата лингвистика на преминот на вековите.

Монографијата „Крсте Петков Мисирков (1874–1926) – прилог кон проучувањето на развитокот на македонската национална мисла“, првпат објавена во 1966 година од тогаш младиот Блаже Ристовски, во текот на изминатиов безмалку половина век, време во кое многу нешта се разјасниле во македонските национални науки, не само што ништо не изгубила од својата свежест, туку и се сообразила со современите проучувања, па денес ја имаме како преобјава во издание на „Матица македонска“ како прва во авторовите „Избрани дела во десет тома“, и како цврста научна подлога за критичко издание на целокупното дело на Крсте Петков Мисирков. Впрочем, во далечната 1966 година, во времето на постапното стабилизирање на македонската научна мисла, Блаже Ристовски ја имаше смелоста и храброста, меѓу првите, да ја извади својата докторска дисертација надвор од универзитетските кабинети на Комисијата составена од врвни македонски научници во областа на македонската филологија и надвор од универзитетските изданија и да ја објави како едно од првите капитални дела во едицијата „Современа општествена мисла“, истакнувајќи го притоа не толку историското значење на Мисирков, колку местото и улогата на Мисирков во македонската современост.

Со истата таа храброст, преобјавувајќи ги своите Избрани дела во десет тома, Блаже Ристовски неуморно го подготвува критичкото издание на целокупното дело на Крсте Петков Мисирков.

Алла ГЕННАДЬЕВНА ШЕШКЕН
(Москва, РФ)

МАКЕДОНСКАЯ ЛИТЕРАТУРА КАК СОСТАВНАЯ ЧАСТЬ ПРОЦЕССА ФОРМИРОВАНИЯ МАКЕДОНСКОЙ НАЦИИ (1880–1944)

Ключевые для изучения специфики становления и развития македонской нации вопросы занимают важное место в обширном научном опусе выдающегося современного исследователя Блаже Ристовского. Они освещаются, в частности, в его таких фундаментальных трудах, как «Димитрија Чуповски и македонската национална свест» (1996), «Историја на македонската нација» (1999), «Сознајби за јазикот, литературата и нацијата» (2001), «Столетија на македонската свест» (2001). В них этногенез и развитие национального самосознания исследованы «в русле концепции теории этноса, как этнокультурный и этносоциальный организм, который получает свое наиболее полное выражение лишь с формированием государственности»[1]. Труды ученого известны в России и опубликованы нарусском языке в изданиях Российской академии наук[2]. Академик Б. Ристовский за выдающийся вклад в науку и укрепление дружбы и сотрудничества между Македонией и Россией был удостоен «Медали Пушкина» (2011). Его исследования заложили основу для изучение сложного процесса становления македонской национальной культуры и литературы.

Создание литературы на национальном языке исключительно важно для становления и развития национального самосознания. Нация, находясь в процессе формирования, создает свою литературу, а литера-

---

[1] Ристовски. Б., *Столетија на македонската свест,* Скопје, 2001, 57.

[2] См. напр.: Ристовски Б., *Русско-македонские исторические связи* // Македония. Путь к самостоятельности. М., 1997, 36–38.

тура, в свою очередь, выступает весьма существенным фактором формирования нации. Речь идет, по сути, о неразрывном единстве. Национальные движения во многих странах фактически начались с интереса к отечественному языку. Особенно ярко это проявляется у народов, национальное чувство которых в силу исторических причин подавлялось, а создание государственности было затруднено. История становления и развития современных славянских языков и литератур служит тому убедительным подтверждением. Попытки решения у них национального вопроса тесно связаны с решением «филологических задач» по созданию на народно-разговорной основе литературного языка[3]. Авторитетный российский литературовед С. В. Никольский считает «сильно выраженную филологическую окраску» важной особенностью эпохи Национального возрождения у славян, что, в свою очередь, обусловлено формированием национальных языков и их кодификацией[4].

Еще И. Г. Гердер в известном «Трактате о происхождении языка» (1772) подчеркивал, что именно в языке наиболее полно раскрывается дух народа и его самобытность. Язык является важнейшим признаком нации. Один из русских последователей Гердера А. Н. Пыпин (1833–1904) видел в первую очередь в литературе на национальном языке проявление самобытности и самосознания народа. Это нашло отражение в изданной им (совместно с В. Д. Спасовичем) «Истории славянских литератур» (в двух томах, Спб., 1879–1881). Такую позицию разделяли и другие представители русской культурно-исторической школы. Эти идеи не утратили актуальности и на пороге XX века, они оказали важное влияние на македонскую интеллигенцию, особенно на «будитетелей» национального духа, прежде всего, на К. Мисиркова.

Борцы за национальное равноправие македонцев важнейшей целью видели создание и развитие художественного слова на родном языке. «Любовное отношение к родному языку является нашим долгом и нашим правом… Это право священно… Народ, потерявший свой язык, подобен заблудшему человеку»[5]. Так писал К. Мисирков в главе «Несколько слов о македонском литературном языке» своей известной книги «За македонцките работи» (1903). Данное высказывание прямо адресует к теоретическим положениям И. Гердера, на которые широко

[3] *История литератур западных и южных славян,* В 3 т. М., 1997–2001.

[4] См.: *История литератур западных и южных славян,* Т. II, 15.

[5] Цит. по: Мисирков К., *О македонских делах,* Скопје, 1974, 172–173.

опирались многие деятели Национального возрождения славянских народов. В частности, еще В. С. Караджич в 1817 г. сформулировал суть проявления национального начала следующим образом: «У каждого народа самое священное… вера, язык, обычаи»[6]. Российский славист Р. Ф. Доронина прямо связывает кристаллизацию идеи Караджича о формировании национальной самобытной культуры с воздействием эстетической мысли Гердера[7].

Это показывает, что К. Мисирков, молодой ученый, обучавшийся в Санкт-Петербургском университете, при написании своей работы исходил из конкретно-исторических обстоятельств жизни македонского народа последних десятилетий XIX века, учитывал художественную природу народного творчества, опирался на серьезную научную базу и учитывал практический опыт реализации теории. «Наука и литература – самые главные факторы в развитии народа. По степени развития науки и литературы определяется культура, и, согласно этому определению, народы делятся на развитые и отсталые»[8], – писал Мисирков. Он создал труд, ставший первой попыткой теоретического обоснования македонского литературного языка и образцом практического его применения. Его книга написана в соответствии с предложенной им языковой нормой. Ученый поставил задачу введения македонского языка в качестве обязательного предмета в школах, в богослужении и делопроизводстве.

Мисирков осмыслил и ставил задачу комплексно. Большое значение он придавал организации издательского дела, в первую очередь выпуску периодических изданий на македонском языке, которые должны были стать очагами национального возрождения. Его журнал «Вардар» (как известно, сразу запрещенный) ставил целью «освещение всех научных, историко-лингвистических вопросов о македонской народности»[9]. Мисирков, «желая послужить своей родине Македонии в развитии национального славянского самосознания»[10], был полон ре-

---

[6] Цит. по: Караџић В., *Критике и полемике,* Београд-Нови Сад, 1960, 61.

[7] Доронина Р. Ф., *Сербская и черногорская литературы [первая половина XIX века]* // История всемирной литературы в 8 томах. М., 1983–1994, Т. 6, 511.

[8] Мисирков К., *Указ соч,* 74.

[9] Ср.: Ilić V. I., *Vardar.* // Jugoslovenski književni leksikon, Novi Sad, 1971, 555.

[10] Цит по: Ристовский Б., *Место и значение журнала «Вардар» К. П. Мисиркова в македонистике и славистике* // Россия и Македония: от прошлого к будущему. К 100-летию журнала «Вардар» (1905), М., 2008, 9.

шимости доказать, что македонский язык может быть языком науки, публицистики и художественной литературы.

Эти два момента, осознаваемые выдающимся деятелем македонской культуры на заре XX века, не потеряли актуальности и сегодня. Современные ученые неизменно выделяют эти факторы в исследованиях процесса формирования нации. В частности, Б. Андерсон именно письменному языку отводит в нем главную роль[11], подчеркивая, что нация начинается со своего стандартизированнооого языка, и замечает, что авторы этого периода пытаются показать широкие выразительные возможности «народного языка».

На протяжении всего периода борьбы македонцев за национальное равноправие эти задачи были руководством к действию для писателей, которые сражались пером, а часто и с оружием в руках, за освобождение Македонии от национального и социального угнетения (Г. Пулевский). Во время зарождения идеи македонской государственности (1880–1910-е гг.) искусство слова было частью борьбы за освобождение от исламского владычества. Вопрос о становлении нации связан, в первую очередь, с вопросом о национальной идентичности. Этот проблема остро ставится в публицистике и литературе в связи с Илинденским восстанием (1903). Б. Ристовский в связи с этим пишет: «Это период, когда Македония окончательно и фактически отделяется от соседних славян, рядом с которыми проживала в составе Турции, и когда закладываются основы политико-идеологических течений в македонском обществе – на родине и в уже достаточно развитой эмиграции, – а организованное выражение национально-политической активности македонского народа достигает своего апогея»[12]. Литература имела ярко выраженное патриотическое содержание. Она всецело опиралась на фольклорную традицию, развивались романтические сюжеты и мотивы, создавались образы мужественных героев, противостоящих вековому турецкому угнетению. Герои и события мужественного выступления против османского господства широко были воспеты в народном творчестве и стали одной из важных тем литературы[13].

---

[11] См.: Андерсон Б., *Воображаемые сообщества. Размышление об истоках национализма,* М., 2001. Англ. издание: Andersson, Benedict. *Imagined Communities. Reflections on the Origin and Spread of Nationalism,* London, 1983.

[12] Ристовски Б., *Развитокот и афирмацијата на македонската национална мисла од Кресна до Илинден (1878–1903)* // Ристовски Б., *Столетија на македонската свест,* 279.

[13] См.: *Илинден и македонската драмска литература,* Скопје, 1983.

Эти черты наиболее глубоко отразились в творчестве основоположника национального театра Войдана Чернодринского, подтвердившего своими пьесами верность научных выводов К. Мисиркова о существовании самостоятельного языка македонских славян и о возможности формирования его литературной нормы на народно-разговорной основе. Его пьеса «Македонска крвава свадба» (1900) вошла в классический фонд македонской литературы. Основу сюжета этой проникнутой патриотическим пафосом романтической драмы с трагическим финалом составили как факты реальной жизни, так и широко распространенный в фольклоре южных славян мотив сопротивления девушки обращению в ислам. Герои пьесы противостоят поработителям и иноверцам, а о своей идентичности заявляют в духе фольклорной традиции, что они «христиане», готовые скорее умереть, чем изменить вере. «Јас загинав, но Турчинка не станав», – финальные слова главной героини, проявившей силу духа и редкую твердость, отстаивая принадлежность своему народу.

Использование традиционных фольклорных форм позволяет говорить о глубоко народном характере нарождающейся литературы. Своим героико-трагедийным наполнением и эпическим размахом «Македонская кровавая свадьба» создавала представление о мужественном народе, готовом сбросить вековые оковы рабства. Она демонстрировала романтическое мироощущение, которое проявляется, прежде всего, в мятежном духе и трагическом самопожертвовании героев.

После Балканских (1912 и 1913 гг.) и Первой мировой войн Македония, избавленная от турецкого владычества, была разделена между Грецией, Болгарией и Сербией. Ни в одном из государств, в составе которых оказались македонцы, они не были признаны как нация, и их попытки развития собственной культуры и языка пресекались. Это обусловило сохранение актуальности «филологических задач». На протяжении межвоенного периода македонцы предпринимали все более активные усилия по созданию литературы на родном языке.

В периодических изданиях «Јужни преглед» (1928–1939), «Луч» (1937–1939), «Наша реч» (1939–1941) и др., представители непризнанного народа имели возможность высказаться по вопросам культуры и литературы. Журналы издавались на сербском языке, но в них под условным названием «южный диалект» были опубликованы на народном языке произведения македонских авторов Р. Крле, В. Илёского, А. Крстича, К. Рацина, В. Марковского, М. Богоевского. В тексты произ-

ведений вводились вставки на македонских диалектах, отражались реалии из македонской жизни и национальные типы (роман А. Крстича «Траян», 1932).

Наибольшее развитие получила драма, в которой крепли реалистические тенденции. Расширяется ее жанровая модификация, углубляется трактовка характеров, усложняются конфликты, появляется психологическая мотивировка поведения персонажей. Конфликт переносится в рамки семьи, на сцене воспроизводятся простые, типичные житейские ситуации, сценическое пространство заполняется деталями, характерными для национального быта. Семья стала «сценой жизни» с ее острыми социальными и национальными противоречиями. В пьесах, построенных на конфликте отцов и детей, «Беглянка» (1928), и «Чорбаджи Теодос» (1937) родоначальник жанра комедии в македонской литературе В. Илёский вывел яркие национальные типы: смекалистого крестьянина, свахи, ханжи-богатея, ростовщика[14].

Образец социально-психологической драмы представляет пьеса А. Панова о нищете и бесправии македонцев «Печалбари» (1933). Теме губительной власти денег посвящена лучшая драма межвоенного периода «Парите се отепвачка» (1937) Ристо Крле. Это тенденциозная остросюжетная драма, в которой отец, не узнав своего сына, убивает его, чтобы завладеть золотом. Драма показывает, что ее автор был хорошо знаком с мировой драматургией: его пьеса построена по законам классической трагедии рокового стечения обстоятельств, усиленной атмосферой предзнаменований. В пьесе Р. Крле была затронута и важнейшая для межвоенной литературы Македонии проблема – проблема национального самосознания и языка. Герои пьесы говорят, что они не сербы и не болгары, а «свои», «наши», высказывается мысль, что народ должен именоваться по той местности, в которой живет. Слово «наши» было адекватно тогда самоназванию «македонец»,

Творчество первого национального македонского поэта Кочо Рацина представляет собой художественную кристаллизацию национальной идеи, которая в межвоенное время была неразрывно связана с идеей социального протеста. Ранняя лирика поэта, написанная на сербскохорватском языке, тяготела к поэтике экспрессионизма («Фейерверк»). Ей свойственна эмоциональная обнаженность чувств, гротескная образность, оголенная тенденциозность и восторг перед грядущей революцией. Лирический герой говорит от лица всего человечества. Зрелое творчество К. Рацина второй половины 1930-х гг., сохраняя

[14] См.: Петковска Н., *Театарот и идентитетот,* Скопје, 2008, 160–192.

прежнюю идейную направленность, обращается к основам национальной жизни и создается на македонском языке. Сборник лирики «Бели мугри» (1939) показал, что переход на родной язык повлек за собой решительные изменения поэтики. Происходит смена лирического героя, формы стиха и его жанровой природы. Эта поэзия органично связана с народной песней и наполнена современным содержанием[15]. Появление сборника «Бели мугри» – результат долгого исторического пути, которое прошло искусство слова Македонии, и в то же время это этапное произведение, открывшее дорогу будущему развитию национальной словесности. Факт рождения на рубеже 1930–1940-х гг. национальной македонской литературы К. Рацин отметил в статье «Развитие и значение нашей новой литературы» (1940). Он особо выделил народность македонской литературы. Литература, «тесно связанная с жизнью народа и не могла быть ничем иным, как верным и живым отражением всех тех мучений, страданий и чаяний народа, его сердцем и совестью и высоко поднятым знаменем»[16].

Проявление национального чувства в литературе связано с понятиями, важными для национального сообщества (родина, национальная история, национальная культура). Описание этих понятий осознается писателями как бесконечно близкое, «родное», «свое». Описание родных мест приобретает подчеркнуто эмоциональную окраску. Их образ является священным и прекрасным, а память о нем выходцы из Македонии хранят в своих скитаниях по чужим краям. Этот мотив, безусловно восходящий к известному стихотворению Д. Миладинова «Т'га за југ», прослеживается практически у всех македонских авторов. Так, озера, горы, реки и долины становятся частью образа родины в поэзии К. Неделковского. Герой его поэмы «Пеш по светот», путешествует по всем частям Македонии и любуется ее красотами (шумный Вардар, гранитные камни Солуна, горы Пирина). Он гордится славными подвигами народных героев, горюет о тяжкой доле своего народа и зовет на борьбу «за светлое завтра». Концепция творчества К. Неделковского сформировалась при участии в «Македонском литературном кружке».

«Македонский литературный кружок» (Н. Вапцаров, К. Неделковский, А. Жаров, А. Попов, Г. Абаджиев, Д. Митрев и др.) действовал в Софии в 1938–1941 гг. Б. Ристовский назвал его «самым значи-

---

[15] См.: Марковић С., *Појаве, стваралаци и дела у македонској књижевности,* Београд, 2005, 22–34.

[16] Рацин К., *Стихови и проза,* Скопје, 1954, 217.

тельным объединением в межвоенный период в борьбе за официальное использование македонского литературного языка и македонской литературы. Все, что мы имеем как литературное явление, прямо или косвенно в этот период с ним связано»[17].

Следующий важный для формирования македонской литературы этап приходится на годы борьбы с фашизмом. 1941–1944 гг. стали важным этапом в развитии македонской нации. Можно сказать, что он был весьма продуктивен (насколько это вообще возможно в обстановке военного времени) для становления национальной литературы. Начал решаться вопрос о литературном языке. Был принят специальный документ «Провозглашение македонского языка государственным языком» (1944). В партизанских отрядах и на освобожденной территории македонский язык с самого начала вводился как официальный и начал преподаваться в школах. На македонском языке во время войны издавались бюллетени, информационные листки, газеты.

Многие писатели стали участниками партизанского движения, в котором многие из них погибли (К. Рацин, К. Неделковский, М. Богоевский, А. Караманов и др.). Сама эпоха определила содержание литературы. Борьба с фашизмом воспевается поэтами как «кровавый и страшный бой», в котором исчезнут «тираны народа» и «Македония станет свободной» (одноименная песня на слова Л. Каровского). Этот образ, навеянный одновременно фольклором и пролетарским гимном «Интернационал», стал ключевым в поэме М. Богоевского «Триесет и девет минаа…» (1942). Духовно-исторической основой тесной связи с фольклором выступила в это время потребность в массовой песне, поддерживающей боевой дух, прославляющей подвиг народа в борьбе с захватчиками. Речь может идти о возникновении в македонской литературе явления, довольно широко представленного в других национальных литературах данного периода. Наблюдается возникновение нового жанрового синтеза. Многие популярные стихи утратили авторство и распространялись как народные (М. Богоевский «Стојанка, млада партизанка»). Массовая песня времен войны «Денес над Македонија се раѓа…» (слова В. Малеского) стала впоследствии государственным гимном Республики Македония.

В поэзии военного времени развивались преимущественно малые, новые для македонской литературы жанры. Особую популярность

[17] Ристовски Б., *Македонскиот јазик и националното маркирање во Кружокот и процесот на еманципацијата на нашата литература* // Он же, *Никола Вапцаров и македонскиот литературен кружок,* Скопје, 2009.

приобрели песни-марши. Широко исполнялись песни-баллады и героические поэмы. Для них характерен высокий патриотизм. Эпитет «свободная Македония» по частоте употребления стал близок постоянным эпитетам народной поэзии. В военные годы сформировался тип поэта-борца, с оружием в руках защищающего свою родину, готового отдать жизнь за счастье и равенство всех людей труда.

Прочное тяготение к фольклору, народной поэтике дало возможность А. Шопову, М. Богоевскому, В. Малескому, К. Чашуле поднять изображение партизанского движения в маленькой стране до уровня героико-монументальной картины. В центре произведения военных лет – герой-партизан, вступивший в смертельную схватку с врагом и осененный ежеминутной близостью смерти. Это придало повышенную эмоциональность художественному слову, сказавшуюся в единодушном призыве македонской поэзии к подвигу, и наложило на неё свою романтическую печать (А. Шопов «Песни», 1944). Поэтов военной поры объединяет героическая концепция личности рядового человека, мерилом красоты которого является самопожертвование.

Стихотворение «Љубов» А. Шопова воспевает подвиг погибшей партизанки Веры Йоцич. Преклонение перед бесстрашной и прекрасной девушкой выливается в стих-призыв. Этот мотив развит в стихотворении «Очи», где пламень очей возлюбленной и после ее героической гибели продолжает отражаться на лицах бойцов, он в «студеные утра греет, как солнце» и «никогда не погаснет». Здесь нашли выражение все приметы поэзии военных лет: в центре – возвышенный, прекрасный, идеальный образ девушки, которая своим беззаветным мужеством вдохновляет бойцов, поднимает воинский дух товарищей по оружию. Мотив самопожертвования достигает трагического накала, так как во имя родины гибнет самая красивая, самая храбрая, самая любимая. Отдавшая свою молодость, ушедшая из жизни «ранней весной», героиня заслужила бессмертие, она живет в сердцах товарищей. Для этого стихотворения характерно и выраженное лирическое «я» поэта, не заменяющее коллективное чувство.

Таким образом, вплоть до окончания Второй мировой войны борьба за право создавать литературу на родном языке была выражением возрастающего национального самосознания, неотъемлемой частью усилий, направленных на признание национальной идентичности. После 1945 г. интенсивно обогащающееся художественное слово стало проявлением бурно раскрывавшегося творческого потенциала македонской нации.

Јелена ЛУЖИНА

БЛАЖЕ РИСТОВСКИ – ЧУВАР НА ЦЕПЕНКОВСКАТА АУРА

Пред цели четири децении (1972) еден од тогашните мошне респективни македонски издавачи што веќе ги нема (*Македонска книга)* успешно го реализирал еден од најголемите потфати забележени кај нас: го објавил севкупното творештво на Марко К. Цепенков, спакувано во десет маестрално подготвени и беспрекорно едитирани томови, напечатени во тираж од денес речиси незамисливи 3.000 примероци.

Фактот дека пред точно четириесет години Македонија била кадарна да ја исполни речиси невозможната мисија: делото на Марко Цепенков да го прибере, научно да го обработи и да го напечати во количество од вкупно 300.000 поединечни книги (приближно тринаесет-четиринаесет милиони страници)! – несомнено ја потврдува автентичната потреба/подготвеност на нејзините најдобри и најангажирани интелектуалци стратешки да ги промислуваат некои од круцијалните национални прашања. Пред сè, **прашањето за идентитетот.** Кога се нафатила да го реализира еден олку амбициозен, темелно обмислен и исклучително компликуван макропроект, и тоа нецели три децении од датумот на конституирање на државата, Асномската Македонија, оваа земја – најпрвин – дала уште еден силен доказ за сопствената готовност компетентно да го истражува, да го промислува и да го толкува сопственото битие. И сопственото културно наследство, кое треба да има третман на културно богатство од прв ред. Богатство без преседан. Определувајќи се токму за ваква стратегија, тогашната македонска држава имплицитно („тивко“) покажувала и докажувала најмалку три важни работи:

Прва: дека нејзината културна политика умее, понекогаш, да биде и прилично *независна* од таканаречената државна политика запишана во **типизираните** партиски документи од највисок ранг; тогаш-

ната државна политика била целосно идеологизирана, апсолутно догматска и речиси сосема анационална, особено во оние почувствителни сфери, мислечки и творечки, каде што особено се внимавало на нејзината усогласеност со догмата за комунистичкиот/пролетерскиот интернационализам, кој категориите *нација* и *татковина* настојувал брзорако да ги супституира со категоријата *единство* (согласно максимата испишана на црвеното знаме: „Пролетери на сите земји, обединете се!“).

Втора: дека истата таа државна политика умее да покажува оти е подготвена да го респектира и соодветно да го третира фактот дека таканаречениот културен простор – сепак! – треба да биде „простор на слободата“ (не само во онаа творечката) и дека, наспроти „соодветната будност“ на чуварите на идеолошката чистота, таа слобода умее и да се поттикнува.

Трета, но не и помалку важна: дека за спроведување на една вака декларирана „про-слободарска“ културна политика државата треба да мобилизира луѓе што навистина ги владеат соодветните знаења и вештини и *ним* да им го довери менаџирањето на институциите што ќе знаат и умеат да се носат со капиталните проекти од јавен интерес.

Опцијата тие луѓе да не мораат нужно да бидат и партиски војници никогаш не била формализирана низ соодветни државни/партиски заклучоци, ама успевала, повеќе пати, дискретно (премолчено) да се „провлекува“ низ некои конкретни кадровски решенија. Едно од таквите било и решението 34-годишниот Блаже Ристовски, научник во најдобрите години, кој штотуку блескаво го одбранил докторатот за животот и делото на Крсте Мисирков, на 1 ноември 1965 да биде избран за директор на Институт за фолклор. Со неговото стапување на директорската функција (каде што ќе остане цели дванаест години, до 1977), институцијата ќе ја започне својата сериозна програмска, кадровска и технолошка реконструкција и ќе ги достигне научните стандарди, респективни не само за македонските услови.

Не ќе да е претенциозно ако се помисли/заклучи оти и приказната за десетте книги на Цепенков, кои ќе бидат објавени во 1972 (во текот на седмата година од директорувањето на Ристовски), започнала – всушност – некаде во средината или, најдоцна, во втората половина на шеесетите. Имено, за да биде привршен со „среќен крај“ еден таков *голем наратив* (како што велат постмодернистичките теоретичари), кому му било пишано да се реализира во оние технолошки „побавни“ (преткомпјутерски) времиња, кога сè морало да се прави рачно, чекор по чекор... на редакторите и на уредниците навистина им требало многу

време. Ама им требале и некои други предуслови, поважни дури и од времето. За да се реализира проект од таков обем и со таков квалитет, неговите учесници требало да располагаат и со соодветни знаења од повеќе специјалности, ама и логистички да бидат поддржувани од солидно конституирана институција што нивните знаења ќе умее ефикасно да ги организира и координира. Најпосле, ама и најважно: за проект од таков тип да биде сработен и публикуван, институцијата и носителите морале да бидат поддржани и од респективната политичка волја без која проектите од таков вид („од поширок јавен интерес“) не би можеле да ја дочекаат својата актуализација. Особено во тогашните времиња.

Денес, кога и додека ги прегледуваме десетте томови маркирани со моќниот тематски наслов ***МАРКО К. ЦЕПЕНКОВ, МАКЕДОНСКИ НАРОДНИ УМОТВОРБИ ВО ДЕСЕТ КНИГИ,*** не можеме најпрвин да не ја искажеме генералната констатација: дека, освен авторскиот тим што ги подготвувал овие книги – а чијашто кадарност, труд и трпение се покажале апсолутно натстандардни – вистинската почит ја заслужува и тогашниот скопски и македонски Институт за фолклор, во тие години институција во вистински подем, која сè уште го нема „присвоено“ чесното име на својот митски патрон, Марко К. Цепенков (патронатот е формализиран во 1979 година). Потсетуваме дека токму во тие пресудни мигови и години директорот на Институтот д-р Блаже Ристовски не функционира само како оперативен лидер на куќата, туку и како *добриот дух* што предано ја развива нејзината целокупна дејност. Благодарение на ваквиот среќен сплет на околности – кој, изгледа, понекогаш умеел да му се погоди и на тогашниот систем на самоуправен социјализам „со човечка лика“! – но и на личната вештина (итрина?) на луѓето од науката што знаеле да ги препознаваат и да ги определуваат истражувачките приоритети и кон нив да ја насочуваат енергијата, својата лична како и енергијата на институциите (особено кон оние со национален предзнак!), ***Проектот Цепенков*** среќно го поминал долгиот пат од првичната луцидна идеја и пуста желба до целосната реализација, спакувана во десетте *плаштосани* книги. Како што стои во нивниот наслов, целиот проект го модерирала мала ама куражна редакција, која решила да стори сè, дури и повеќе од сè, грамадното дело на прилепскиот волшебник-терзија да им го направи достапно на генерациите кои, до тој миг, со него едвај имале допир. Ама и на генерациите што допрва ќе доаѓаат.

Редакцијата на оваа капитална едиција, чиешто влијание врз македонската култура може да се оцени како немерливо, тогаш ја сос-

тавувале: **Кирил Пенушлиски**, како главен уредник, **Блаже Ристовски**, како одговорен уредник и **Томе Саздов**, како член. Во реализацијата на одделните томови нив ги придружувале уште тројца соработници: Блаже Петровски, Фанија Попова и Лепосава Спировска. Ги имало, веројатно, вкупно шестмина, што поминале низ долгиот и сложен процес на суредување на фотографските копии на манускриптите, редактирање на нивните транскрипти (мачен и бавен процес што обично се изведува во согласност со принципот „буква по буква", во полжавски ритам, со помош на големи лупи и сето можно трпение...), приредување/уредување на тематите, профилирање на одделните томови, нивното подготвување за печат...

Читани од навидум безбедна четиридецениска дистанца, овие десет беспрекорно приредени и перфекционистички опремени книги (технички уредник и автор на корицата бил Коста Бојациевски), спакувани во децентна белузлива ткаенина – самиот Цепенков би ги нарекол: *плаштосани!* – неизбежно нè наведуваат да се запрашаме зошто (во меѓувреме) успеавме олку загрижувачки да ги стенчиме (проблематизираме, редуцираме, намалиме...) некогашните заблазнувачки редакторски и издавачки стандарди. Ама, тоа е некоја друга тема, само навидум споредна.

Овој текст е, примарно, насочен кон истражувањето, но и кон вреднувањето на придонесот на само еден од тројцата дамнешни „чувари на цепенковското наследство", кои тогаш ја составувале Главната редакција на проектот ***МАРКО К. ЦЕПЕНКОВ, МАКЕДОНСКИ НАРОДНИ УМОТВОРБИ ВО ДЕСЕТ КНИГИ:*** на Блаже Ристовски, кој во книгите е потпишан како одговорен уредник на едицијата. Веќе и според својата функција/формација, Ристовски мораме да го третираме како човек, кој, по сè изгледа, врз себе морал да ја преземе не само одговорноста проектот да го истурка до „среќен крај", туку и да го заврши на начин што на дедо Марко Цепенков ќе му ги отвори вратите на секој македонски дом. Денес, како сите да го споделуваме чувството оти оние 300.000 книги, кои од март до август 1972 излегле од печатницата на некогашниот Графички завод „Гоце Делчев" од Скопје, навистина успеале да стасаат до секоја куќа и сечија рака. Чувството дополнително го засилува фактот што целиот проект доживеал и второ издание (1980) пак напечатено во голем тираж. Тешко дека ќе се најде човек – не само фолклорист, македонист, академски образован хуманист... – кој никогаш не ја видел, не ја допрел, не ја отворил и не ја читал, макар и бегло/делумно, барем едната од тие десет драгоцени *плаштосани* книги, бели и чисти како секоја *добрамисла.*

*

При речиси секое соочување со **Цепенковиот декалог,** кој, официјално, е насловен со експликативната синтагма ***МАРКО К. ЦЕПЕНКОВ, МАКЕДОНСКИ НАРОДНИ УМОТВОРБИ ВО ДЕСЕТ КНИГИ,*** секој пољубопитен и позадлабочен читател не може да не биде заинтригиран од онаа „невидлива", „нераскажана", ама и силно интригантна „лична историја" на овој круцијален стратешки проект. Кој, бездруго, не можел да се случи туку-така, спонтано, „самиот од себе"...

Дека Цепенков е објавуван и пред 1972 – знаеме. Општо се познати и на сите нам достапни информациите за сите оние компетентни македонски и бугарски истражувачи, кои, во протег на изминативе десетлетија, сериозно се занимавале со неговото дело и (парцијално/делумно) со неговата личност. Познати ни се, исто така, и информациите за одделни изданија на деловите од неговиот екстензивен собирачки/запишувачки опус (објавувани, во Македонија и во Бугарија, како поголеми или помали целини). Ги знаеме и коментарите пишувани по повод тие изданија што многумина од нас ги имаат читано и/или цитирано во разни контексти. Меѓутоа, **Цепенковиот декалог** составен од бели *плаштосани* книги, подготвен и отпечатен во редакција на Кирил Пенушлиски, Блаже Ристовски и Томе Саздов, суштествено се разликува од сите претходни изданија на делата на „најголемиот и најзначаен собирач на македонски народни умотворби, етнограф, поет и писател" (Македонска енциклопедија, 2: 1601). Различноста, ама и уникатноста на ова издание произлегува од два навидум едноставни, ама круцијални факта: а) дека само во него Цепенковото дело – за првпат! – е претставено целосно/нтегрално, вклучувајќи ги сегментите што никогаш не биле публикувани (ама ниту истражувани!); б) дека само во него, некои од најчувствителните сегменти од тоа дело – пред сè оние етнографските, собрани во десеттата книга) – се експлицирани, коментирани и протолкувани внимателно, компетентно и мошне темелно. Кога станува збор за коментарите и толкувањата во некои од книгите, пред сè во десеттата, без стеснување можеме да констатираме оти тие, по својата методичност и исцрпност/сеопфатност, сосема им се доближуваат на високите стандарди што се применуваат при подготовката на најстрогите критички изданија на најелитните светски автори.

Не само по применетите редакторски стандарди, туку – пред сè – по граѓата што во неа се презентира, *Книга десетта* од оваа престижна едиција суштествено се разликува од другите девет. Имено, таа

ги содржи автентичните записи за етнографските и филолошките истражувања на Цепенков, ама и сите негови авторски трудови: осум песни, една драма и интегралниот текст на апсолутно сензационалната автобиографија, која, освен како книжевен материјал од прв ред, функционира и како своевиден *клуч* за читање и толкување на личноста на авторот, но и како *интимна историја* на македонскиот деветнаесети век. Нејзиниот навидум неутрален и сосем општ наслов ***МАТЕРИЈАЛИ – ЛИТЕРАТУРНИ ТВОРБИ*** лично го читам и доживувам како некој вид стилоиндикативна криенка, со која намерно се „релативизира" бесценетото богатство „сокриено" помеѓу децентните бели корици. Откако кориците ќе се отворат (како капакот на сандакот од волшебните приказни), веќе во текот на читањето на првите страници, молскавично се активира таканаречениот ефект на изневереното очекување – инаку, најсилниот од сите драматуршки ефекти – кој прави оваа книга да не се испушта од раце. Или, поточно, да се има при рака постојано, за малку ќе речам доживотно!

Во книгата ***МАТЕРИЈАЛИ – ЛИТЕРАТУРНИ ТВОРБИ*** педантно е собрана, класификувана, редактирана и компетентно искоментирана **граѓа** која – наспроти нејзиниот формален „документаристички" карактер – денес се **чита**, но и се **гледа** со возбуда за која веруваме оти би им прилегала само на најнапнатите детективски романи. Имено, оваа книга со 350 страници текст запишан од самиот Цепенков, но и поддржан со репродукции на стотица-и-кусур „наивистички" цртежи изработени од неговата рака, компетентно „дополнета" со повеќе од стотина густо набрани страници со фусноти, белешки и коментари од нејзиниот редактор Б. Ристовски, лично ја доживувам како автентичен, жанровски сосема уникатен, неповторлив модел на текстура што виртуозно ги комбинира елементите на етнографијата, на филологијата, на историјата, лексикографијата и – на сказната.

Можна ли е, воопшто, една таква „невозможна комбинација"?

Блаже Ристовски, единствениот приредувач/редактор на книгата ***МАТЕРИЈАЛИ – ЛИТЕРАТУРНИ ТВОРБИ***, докажува дека е можна. Ама и дека е неизбежна, особено кога се работи за вака чувствителна, жанровски хибридна/поливалентна граѓа, која, благодарение на Цепенков и на неговиот толкувач Ристовски, во контекстот на националната култура најпосле го добива своето високо, дури и привилегирано место.

Книгата ***МАТЕРИЈАЛИ – ЛИТЕРАТУРНИ ТВОРБИ*** Ристовски ја организира во три големи тематски целини, сите апсолутно фасцинантни.

Првата тематска целина ги собира и ги претставува Цепенковите белешки за еснафите во градот Прилеп, за кои самиот вели дека во нив запишал сѐ што има запаметено од детството и што слушнал од стари луѓе. Веќе од првите страници разбираме дека, пишувајќи, тој агира од таканаречената евокативна позиција на загрижен/ангажиран автор што пишува за нештата да ги спаси од заборавот. Низ записите се „провлекува" носталгичното чувство за манливоста/загубата, кое, по сѐ изгледа, веќе седумдесетгодишниот Цепенков не го обзема само поради возраста, туку и заради природата на „собирачкиот занает" што си го избрал. И заради мисијата со која се нагрбил, за тоа минато да го дочува за некои идни времиња. Кога македонските теоретичари ќе почнат посистематски да ги ползуваат постапките на теоретичарите на новиот историзам, оваа *латентна меморабилност* на Цепенков бездруго ќе умеат соодветно да ја капитализираат. И да иницираат и некои нови/поинакви читања на неговото дело. Пишувајќи за занаетите, носталгичниот и меморабилен Цепенков постојано си приспомнува за некои подобри и, според него, далеку посреќни години на градот Прилеп и на неговата чаршија, та обзнанува дека тој – за да не се заборави како било – решил нив да ги реконструира и така да ги зачува за некои подобри дни. Читајќи ги неговите записи со голема возбуда, постапно ја разбираме сета еснафска историја на градот и начинот на кој триесетина тамошни еснафи живееле и функционирале, навлегуваме во нивниот „внатрешен устрој", во обичаите и ритуалите, во односите помеѓу мајсторите и калфите, во специфичните техники за правење разни предмети што авторот најпрвин трпеливо ги опишува, а потоа и детално ги црта некои од нивните сегменти... Облеката, сребрениот и златен накит, алатките со кои тој се произведува, десетици видови грнци и грнења, музички инструменти, едночудо куменџиски алатки – сето тоа е, најпрвин, опишано со јазикот полн со очудени конструкции и архаични зборови што произведуваат ефект на песна, на поезија од највисок ранг. Како во овој случај:

„Клештии и срматиро

Клештии ѓолеми; со нив тргаат тел стребрен, срмен за да ѓо танчат колку што сакаат. Ќе си врзи ќуменџијата едно дебело јаже за полоина и ќе ѓо запни за рачките од клештите, после ќе ѓо проври тељо во која дупка сака (најѓолема); та ќе ѓо вати крајот од тељо со клештите, и сирматирото ќе ѓо клаи под обете нозе (сирматирото ет едно железо дебело колку прст, долѓо колку една ноѓа

арна, дупено со многу дупки, од најмали до најголеми; така ќе го тргаш со клештата тело со силата на рацете и половината.“ (Цепенков, 1972/10: 84)

Кога ќе го изнапише сето она што знае и што дознал за овие две алатки, Цепенков ќе се помачи нив и да ги нацрта. А редакторот Ристовски ќе се погрижи за цел куп „дополнителни работи“, кои напишаното и нацртаното детално ќе ги елаборираат:

Откако најпрвин ќе ги истражи сите достапни извори што на кој било начин можат да бидат референтни за делото на Цепенков, Ристовски детално ќе ни раскаже (а раскажано ќе го документира повикувајќи се на недобројни, внимателно проверени факти, изнасобрани во текот на пусти години поминати во пребарувања на сите можни архиви): зошто Цепенков, воопшто, почнал да го запишува овој материјал; кога, всушност, започнал да го запишува (по 1888, откако за првпат се вратил од Софија, каде што на Иван Д. Шишманов му ги оставил своите први записи на усното творештво, ама и ги добил инструкциите за натамошните собирања и обработки на собраните материјали); кој му ги дал елементарните упатства за запишувањето (со сè бележникот во кој потоа запишувал и цртал); колку страници имаат одделни записи, каде се евидентирани, кога се и од кого за првпат објавени (тие што биле објавени пред 1972); како, во текот на запишувањето, Цепенков ја развивал и ја усовршувал својата ортографија, на кој начин неговите правописни „навики“ (бидејќи, нели, сè уште не можеме, да зборуваме за правописните правила?) се совпаѓаат со оние на Мисирков...

За вака детално да се толкува некој материјал, толкувачот мора да располага со енормни, па уште и епген деталистички/супспецијалистички знаења од многуте области: историјата, етнографијата, филологијата, архивистиката, технологијата, културата... Колку животи му требаат на еден човек за да стане ерудит од ваков ранг? Денес, во нашето мрзливо време, кое ***ѓоа***-признава само парцијални знаења насочени кон брзата примена и еднозначен/потрошувачки ефект (а останатото, ако некого воопшто го интересира, нека се бара на фамозната Википедија...), ерудицијата од овој вид обично се квалификува како „старомодна“. Не вреди, божем, да се инвестира во неа, бидејќи времето може да се арчи и на некои „позабавни“ и „повозбудливи“ нешта.

Ама, ете, Блаже Ристовски никогаш не мислел така. Тој му припаѓа на оној **тврдоглав** сој научници, кои доживотно ќе се застапуваат за еден радикално поинаков етички концепт. И, водени од него, пои-

наку ќе се занимаваат со сѐ, ама најпрвин со сопствената професија. Професионалците како него работите секогаш ги прават темелно и докрајно затоа што ги сметаат за важни, затоа што веруваат во нив и затоа што – просто – сето што го прават мора да го направат целосно и докрајно. Научната методологија што тие ја одбираат секогаш се „преклопува" со нивната професионална етика. И со вербата во тоа на што му се посветуваат. Ристовски е еден од оние научници – денес сѐ поретки! – кои сѐ уште веруваат во постојаната и континуирана работа, во **работата како смисла на животот,** во работата што треба да е доживот на начин на кој на монасите им е доживотна покајувањето што ја избрале и ја извршуваат со радост. Тој е еден од оние што, работејќи катадневно и напорно, преку сопствениот пример покажуваат дека не само што **вреди**, туку и **мора** да му се дава жесток отпор на општото продуцирање на културната амнезија на која постојано сме изложени.

Треба ли, воопшто, да се нагласи оти **таквиот** Блаже Ристовски многукратно се докажал како идеален редактор на редица најкомпликувани издавачки потфати, меѓу кои се вбројува и еден од првите што ги остварил: Цепенковите ***МАКЕДОНСКИ НАРОДНИ УМОТВОРБИ ВО ДЕСЕТ КНИГИ.***

Во десетата од тие книги, која тој ја приредил сосема самостојно и ја насловил ***МАТЕРИЈАЛИ – ЛИТЕРАТУРНИ ТВОРБИ,*** внесени се и протолкувани/искоментирани и исклучително вредните филолошки материјали на Цепенков, кои ја сочинуваат нејзината **втора тематска целина**.

Таа ги опфаќа, најпрвин, осумте важни прилози што Ристовски соодветно ги класификува како дијалектолошки. Најобемниот е оној во кој Цепенков го наведува и го толкува лексиколошкиот материјал – карактеристичните зборови и фрази од прилепскиот говор (Цепенков, 1972/10: 161–175), ама и другите седум се интригантни без остаток. Особено оној со „детинцки зборови", од кој дознаваме – на пример – оти во детскиот јазик јагнето некогаш се нарекува и *даше* или *бајче,* а заканата со родителскиот авторитет се формулира идиоматски: *тато тум ќе стори...* (ibid.: 178–180). Или оној што азбучно ги евидентира некои карактеристични аугментативи и деминутиви, кои кажуваат дека – пак во прилепскиот говор – од кои дознаваме дека предметите можат да се именуваат и според начинот на кој нив ги чувствуваме во одреден миг: обичното грне може да биде и *грненце,* а змијата може да е *змиште,* ама и *змиулче,* облик што јас си го толкувам како деминутив кому му е „придодадена" – благодарение на она двојно *ии* што можеби

е и печатна грешка – дури и дополнителна ономатопејска функција (ibid.: 181). Овие кратки но слатки филолошки прилози не сведочат само за исклучителното лексичко богатство на македонските говори од XIX век, во случајот на прилепскиот говор, туку и за реткото богатство на нивните синтактички и стилистички форми. Всушност, сведочат за една висока развиеност на народниот јазик, за која денес веќе не ни сонуваме.

Впечатокот за ваквото заблазнувачко филолошко и изразно/стилистичко богатство на македонските говори од XIX век дополнително го засилуваат наредниве осум филолошки прилози од книгата на Цепенков, коишто Ристовски ги организира во целината насловена со синтагмата „Тајни и пословечки говори“ (ibid.: 191–238). Во што е таинственоста на тие необични говори? Во нивната „затвореност“ во одделни социјални или културални групи, кои сопствениот метајазик го развиваат постапно и врз сосема ексклузивни принципи (*in camera caritatis,* би рекле старите Латини), за сопствената интерна комуникација да ја направат речиси целосно недостапна (или потешко достапна) за сите што се надвор од нивниот круг. Примерите што Цепенков ги запишува укажуваат и на големата педантност, флексибилност, на јазикот, која ги овозможува и ги поттикнува создавањата на ваквите говори (метајазици), ама и на силен креативен потенцијал со кој „обичниот“ народен живот перманентно бил *очудуван* (би рекле руските формалисти) со автохтони/автентични лудички елементи. Тајните јазици, меѓу другото, се блескави примери за врвен јазички лудизам, за кадарноста на говорниците да си играат со јазикот. Ова за да го разбереме, доволно е, чинам, само да ја свртнеме онаа една страничка што ги наведува Цепенковите примери на *птичешкиот јазик.* Пред да ги нареди, Цепенков напомнува дека станува збор за јазикот „со којшто зборуваше син ми Јордан во детинството со децата“ (ibid.: 218). Во својот коментар кон оваа забелешка и овие зборови, стандардно педантниот Ристовски не пропуштил да забележи оти „материјалов (...) е запишан попреку на еден посебен лист, на кој авторот направил и (...) скица за обработката на обичаите кај девојчињата и децата“ (ibid.: 363). Од таа обработка дознаваме дека, според толкувањата на самиот Цепенков, птичешкиот говор бил дел од „девојчинскиите игри на малката возраст (...), обичај пред да се за мажење“ (ibid.: 363). Ги читам примерите за тој обичај и не можам да им се изначудам на фонетичките и морфолошките каламбури со кои тие девојчиња умееле да се поигруваат:

Моґреґре миґри сеґре иґрира соґро ашиґрициґрици иґри сорґо оґрореґреиґри. (ibid.: 218).

Најпосле, во **третата тематска целина** на оваа чудовита книга, Ристовски го објавува и систематично го објаснува/коментира сето литературно наследство на Цепенков: неговите осум авторски песни, неговата сопствена драма „Црне војвода“ и неговата фабулозна „Автобиографија“. Овие авторски текстови на Цепенков, распослани врз стотина отпечатени страници (ibid.: 241–345), дополнително се коментирани низ повеќе од стотина екстензивно и мошне аргументирано испишани фусноти, во вкупниот обем од четириесетина густо набрани страници (ibid.: 366–405). Од тие страници го дознаваме, меѓу другото, најважниот податок: дека токму со ова издание, драмата за Црне војвода и „Автобиографијата“ се здобиваат со својата дефинитивна текстура, т.е. со статус на **критички изданија**. Ристовски во своите белешки појаснува дека, откако ги разгледал нивните претходно печатени верзии (верзијата на „Црне војвода“, објавена во софискиот весник „Автономна Македония“ од 1903, како и верзијата на „Автобиографија“ објавена во скопскиот „Македонски јазик“ во 1958, ама и со нејзиниот манускрипт, што се чува во архивот), тргнал да ги исправа многубројните пропусти и грешки што првично не биле евидентирани.

Проценуван од формален/статистички аспект, во однос на бројот на страниците и на нивната графичка искористеност, овој редакторско-коментаторски прилог на Ристовски, мерено според бројот на страниците, речиси е идентичен со поетските, драмските и прозните страници на самиот Цепенков. За да ги напише овие свои драгоцени коментари, базирани врз темелните познавања на севкупниот контекст што ја детерминирал и ја модерирал дејноста на Цепенков, Ристовски вложил труд и енергија што тешко можеме дури и да ги замислиме. Се разбира, книгата е опремена и со сета научна апаратура што ја подразбираат проектите од овој вид: библиографија на објавените трудови на Цепенков, библиографски преглед на позначајните прилози за Цепенков, регистар на имињата, дури и компатибилен речник што ги толкува помалку познатите зборови и изрази. Коментарите, библиографиите, речниците... – сите параметри што ја аргументираат и ја докажуваат нејзината темелност, едновремено ги потврдуваат – уште еднаш – натстандардната работливост на нивниот автор (кој тогаш има одвај четириесетина години), неговата ретка професионална акрибичност и високите научни стандарди кон кои тој постојано се стреми.

*

Без оваа книга, насловена речиси тривијално (***МАТЕРИЈАЛИ – ЛИТЕРАТУРНИ ТВОРБИ),*** ама – затоа – приредена и редактирана

токму на ваков начин, собраните дела на Цепенков не би биле само нецелосни, туку би останале и несоодветно прочитани и разбрани. Се осмелувам да тврдам дека во тој случај, последователно, и нашиот колективен однос и став кон „најголемиот и најзначаен собирач на македонски народни умотворби, етнограф, поет и писател“ (Македонска енциклопедија, 2, 2009: 1601) немаше да биде каков што е денес: рационален ама и емотивен, евокативен ама и малкунsа сентиментален, ексклузивен ама и „популистички“, обичен, секојдневен, близок...

Чинам дека ваквиот заклучок најдобро ќе го појасни, но и ќе го потврди/илустрира анегдотата што ќе ја раскажам со задоволство и со големата почит кон нејзините двајца протагонисти:

Еднаш, пред некои дваесетина години, со покојниот Тодор Николовски (1902–2002), легендарниот македонски актер-стогодишник, стоевме пред прилепскиот споменик на Цепенков, чијшто автор, прилепчанецот Драган Дада Попоски (1933), совршено го разбрал и во белиот мермер експлицитно го извајал токму амбивалентниот, ама и мошне суптилен, сосема тактилен/„интимен“ однос што трајно се воспоставува помеѓу нас и еден од најрелевантните творци во историјата на македонската литература.

– Гледаш, ми рече тогаш *древниот* Тодор Николовски, покажувајќи кон наведнатиот старец, кој, заседнат на високиот мермерен постамент, се беше загледал во некоја книга и, низ неа, во вечноста на која ѝ припаѓа – *дедото* и јас убаво си муабетиме!

Оттогаш наваму, некако ми стана навика, зборувајќи и пишувајќи (многупати) за македонскиот волшебник-терзија, него спонтано да го нарекувам **дедо Марко Цепенков**. Впрочем, и самиот Ристовски, во некои од своите недобројни белешки во кои ги коментира неговите текстови, спонтано ја скратува дистанцата помеѓу себе и него (помеѓу сите нас и него!), нарекувајќи го – **дедо Марко Цепенков**.

Во колективната меморија на секој народ има големци, јавни личности од различни профили, кои, заради различни причини, понекогаш се нарекуваат и „татковци на нацијата“. Бидејќи, во реалниот живот, со ваквиот амбигвитетен статус на над-родител најмногу ги честат политичарите (непостојани и кратковечни, како сорта и како професија), не треба да нè зачудува флуидноста и непостојаноста на неговиот карактер. Народот, вистина, ваквата патерналистичка атрибуција умее да ја доверува/подарува лесно и брзорако (особено во некои специфични, драматични ситуации), ама искуството покажува дека умее и лесно да ја повлече, откажувајќи му ја (од разни причини) довербата на

носителот. Не можам да објаснам зошто, ама чувствувам дека атрибуцијата „дедо на нацијата“ не е од таквиот кратковечен и априорно нестабилен вид. Веќе и заради фактот што дедовците се долговечни по дефиниција. И добродушни по правило. Сериозноста на нивните години и мудроста што со нив ја стекнале како да ја подразбира и чесноста на нивното битие.

Се обидувам да се сетам има ли и во некоја друга култура/традиција сличен или ист пример некој *чесен старец* консензуално да се доживува како „дедо на нацијата“, ама, по сè изгледа, таков специфичен случај како да не се погодил на ниту едно друго место. Освен кај нас, во Македонија. Изгледа оти само нашето колективно паметење имало сериозни причини да ја „издвои“ и како таква – издвоена и сосема уникатна – за завек да ја запамети митската фигура на еден и единствен *дедо,* кој легитимно се стекнал со „авторското право“ на една убава, лирска, дури и малку сентиментална аура на **Прв меѓу запишувачите на нашето колективно минато**. Се разбира, македонската културна историја ги знае и ги почитува сите запишувачи на тоа минато, зачувано (најмногу) во народното творештво: и оние што му претходеле на Цепенков, и оние што запишувале напоредно со него, и оние што запишувале подоцна, речиси до нашите дни... Меѓутоа, чувството за симболичниот, ама и за фактичкиот **примарен статус** што му припаѓа на Цепенков е – општо и консензуално. Таквиот статус, кој лесно се „брани“ и се „докажува“ дури и со „прв поглед“ фрлен врз десетте томови од неговите собрани дела, Цепенков го стекнал и со својата **темелност** – бидејќи само тој запишувал навистина сè! – ама и со **начинот** на кој запишувал: *„на сочен и пр̄ав македонски јазик, со умеење и смисла за т̄ечно и неп̄ринудено раскажување“* (Ристовски, 1972: 12). Неговото запишување на народното творештво од секаков вид е авторско, а не техничко. Неговиот пристап кон материјалот што го запишува е иманентно писателски (а не само „запишувачки“), а таков му е и ракописот/дискурсот ѝниз кој, во неговиот случај, пишаното постојано се *рециклира* и *ресемантизира* – како што велат постмодерните теоретичари. Дали сме навистина сигурни дека, читајќи го „Силјан Штркот“, можеме прецизно да ги одредиме границите помеѓу незнајниот кажувач на таа волшебна приказна (некојси селанец од Големо Коњари, заседнат под ќепенок на терзискиот дуќан на дедо Марко за да му ја раскаже „локалната варијанта“ на библиската сказна за одметнатиот син...) и Мајсторот што неа внимателно ја запишува, ама притоа и „коавторски“ ја редактира? Дури и самото спомнување на дедо Марко Цепенков како автоматски да го отвора легендарното шекспировско

прашање за Хекуба. *Ergo*: Што ѝ е, всушност, Марко К. Цепенков на приказната за Силјан Штркот? И што му е таа нему?

Енциклопедиската единица посветена на Цепенков, објавена во вториот том од Македонска енциклопедија, започнува со констатацијата дека тој е „најголемиот и најзначаен собирач на македонски народни умотворби, етнограф, поет и писател“ (ibid.). Соочен со неговата *многугличност* и со неговиот заблазнувачки авторски потенцијал што одвај може да се објасни, во еден свој текст од 1995 година Блаже Ристовски настојува – најпрвин – да ги евидентира сите негови потврдени/докажани квалификации: „...писател, преродбенски деец, автодидакт филолог и етнограф (...), најголем собирач и писмен интерпретатор на македонското усно народно творештво...“ (Ристовски, 2011: 676). Секогаш експлицитен, цврсто потпрен врз фактите и нагласено несклон кон паушални/импресионистички заклучоци, Ристовски сепак не може (ама и не сака!) цитираната реченица да не ја поентира со суперлативот **најголем.** За него, како и за сите нас, Цепенков е – просто – „најголем собирач и писмен интерпретатор на македонското усно народно творештво“ (ibid.)!

Луцидноста, умешноста, целосната идентификација со тематите, „смисла за течно и непринудено раскажување“ (Цепенков/10, 1972: 12) – како што Ристовски уште во 1972 година го има дефинирано високиот стил на „запишувачот“, та најпосле (и најважно!) **„сочен и пргав македонски јазик“** (ibid.) – тоа се капиталните влогови што Цепенков ги внел во македонската фолклористика, македонската литература и македонската (културна) историја. Поточно, тоа се аргументите што го афирмираат ексклузивниот статус што Цепенков го има во нашата културна меморија. Тие аргументи дополнително го зацврстуваат нашето колективно чувство за него како колективен *дедо-мудрец* што умеел да го собере, да го подреди и во аманет да ни го остави сето што од векутума века го токмело, го одредувало и го дочувало македонскиот идентитет.

Капиталниот проект реализиран, пред четириесет години, во форма на десетте *плаштосани* книги објавени под заедничкиот наслов ***МАРКО К. ЦЕПЕНКОВ – МАКЕДОНСКО НАРОДНО ТВОРЕШТВО ВО ДЕСЕТ КНИГИ*** треба да го третираме како еден од круцијалните докази за точноста и за издржаноста на оваа важна констатација. По неговата реализација – веќе тогаш, пред четири децении – во македонската култура и литература ништо не било исто, ама за тоа станувавме свесни отпосле, полека, малце по малце.

Ќе потсетам, уште еднаш, дека Блаже Ристовски, како одговорен уредник на тој проект и како директор на институцијата што безрезервно застанала зад него (и со тоа го овозможувала неговото целосно објавување), освен што рамноправно учествувал во неговата професионална реализација (самостојно ја приредил десетата книга, најкомпликувана од сите), едновремено бил и неговиот прв оперативец, координатор, **извршител,** оној што постојано морал да води грижа за многубројните детали (технички, финансиски, кадровски, стручни...), ама и за целината. Макар што не знаеме како работела неговата Главна редакција составена од само тројца членови (Ристовски е единствениот што денес би можел за тоа да посведочи!), логично е да претпоставуваме дека постојаниот увид во таа голема целина и во сите не-мали проблеми околу нејзиното повеќегодишно „составување" го имал токму тој. Најпрвин тој. Можеби и – единствено тој. Денес, од четиридецениската дистанца, која, меѓу другото, помага нештата да ги согледуваме поцелосно и пообјективно, како да стануваме свесни за никогаш јавно приспомнуван, ама сосема очебиен **личен ангажман** со кој Ристовски го *туркал* овој капитален проект од **јавен интерес**, обмислен и *истуркан* заради некое **општо добро**.

Категориите од типот *ангажман*, *општо добро* и *јавен интерес* неизбежно го наметнуваат прашањето за **јавноста**, оттука и за позицијата и значењето на таканаречените **јавни интелектуалци**. Особено во нашиве дни и на овие наши простори.

Кои се луѓето што, денес, сè уште можеме да ги третираме за автентични припадници на малку подзаборавената категорија наречена **јавни интелектуалци?** Постои ли сè уште некоја таква категорија („интелектуалец од општ тип"), или таа е веќе целосно супституирана со категоријата **експерт?** Му требаат ли денес на светот **јавни интелектуалци** – незгодна сорта луѓе што се плеткаат во работите што лично не ги засегаат, ама тие за нив сепак имаат сопствен став? Но и силна потреба тој став јавно да го кажуваат, дури и кога тоа никој од нив не го бара. **Јавни интелектуалци** се луѓе, кои, зборувајќи секогаш од свое име, настојуваат да ги афирмираат идеите/концептите за кои сметаат дека се од **јавен интерес** и дека би требало да бидат реализирани заради некое **општо добро.** Некогаш, поодамна, во времето на Зола, Сартр или Бертранд Расел, таквите интелектуалци ги сметале за некој вид *совест на епохата*. Денес епохите веќе не се оптоваруваат со *совеста*, а и *свеста* за јавен интерес и *општото добра* радикално е сменета. Во нашево време на реалната економија, на постполитиката и

на релативизмот на сите културни вредности, како сосема да исчезнала и потребата од градење визија за некоја подобра пообмислена иднина од општ тип. Оттука, последователно, интересот за големите проекти од јавен интерес – а таквите проекти се секогаш непрофитабилни! – како да секнува сè повеќе.

Макар што сето ова го знае, а и го има истрадано повеќе пати, Блаже Ристовски не се откажува од својата автентична, дури и романтична верба во јавниот збор, јавниот интерес и јавниот чин. Наспроти сите искуства, вклучително и најгорчливите, тој продолжува да зборува, пишува, агира и на сите начини да ја вознемирува заедницата (нацијата) на која безусловно ѝ е посветен.

Да не ја следел својата верба (илузија, утопија...), нашата култура во својата актива најверојатно ќе ги немаше некои капитални проекти: за Мисирков, за Цепенков...

*

Да ѝ се вратиме, за миг, на веќе спомнуваната „лична историја" на круцијалниот стратешки проект ***МАРКО К. ЦЕПЕНКОВ – МАКЕДОНСКО НАРОДНО ТВОРЕШТВО ВО ДЕСЕТ КНИГИ*** за кој сите што ја познаваме методологијата на научната работа, без да размислуваме, можеме да се заколнеме оти не можел да се случи туку-така, спонтано, „самиот од себе"... И дека е вистинско чудо што тој воопшто ни се случи!

Во текот на еден разговор со академик Блаже Ристовски, неговиот одговорен уредник, оперативен лидер и *добриот дух,* настојував да разберам како таа „лична историја" воопшто започнала и како, потоа, се развивала. Разговорот го водевме во неговиот кабинет во МАНУ на 7 февруари 2011, а дигиталниот запис го сочував и го парафразирам при пишувањето на овој текст.

Според кажувањата на академик Ристовски, формалниот иницијатор на проектот бил проф. д-р Кирил Пенушлиски (1912–2004), доајен на македонската фолклористика, кој интензивно ги истражувал не само објавените записи на Цепенков, туку и неговата дотогаш необјавена оставина, која се чува во Софија. Соработувајќи, со години, со бугарските колеги, Пенушлиски ги имал потребните контакти и врски, благодарени на кои, уште кон крајот на педесетите години (или на почетокот на шеесетите), успеал да издејствува дозвола за целосно преснимување и натамошно користење на ракописите на Цепенков.

Според сеќавањата на Ристовски, клучниот „посредник“ во добивањето на оваа дозвола бил самиот Тодор Павлов, кого со Пенушлиски го сврзувале некои странични роднински врски. Фолклорист по вокација (докторирал со тезата за Стефан Верковиќ како собирач на народни умотворби), тој континуирано се занимавал со Цепенков, главно со неговите прозни сочинениа. Во 1959 година, тој ги подготвил и ги објавил Цепенковите македонски народни приказни, организирани во три тома.

И самиот Ристовски, во текот на својот прв студиски престој во Софија во 1962 година, со внимание ги прегледувал фондовите на Бугарската академија на науките и уметностите, во кои се чува оригиналното наследство на Цепенков. Напоредно ги консултирал и дотогаш објавените бугарски изданија на неговите дела.

Како упатен и опитен истражувач, но и како агилен директор на Институт за фолклор, тој со ентузијазам ја прифатил иницијативата на Пенушлиски, пројавувана некаде во втората половина на шеесетите. Препознавајќи го нејзиниот **јавен интерес** и **општото добро** што ќе го произведе нејзината реализација, бил готов и самиот да се вклучи во работата (како одговорен уредник на целината и како приредувач на бездруго најспецифичната од сите десет книги, последната). Меѓутоа, за постапката да може да започне, Ристовски најпрвин морал да се соочи со нужноста самата матична институција – релативно кревок, кадровски сè уште недоволно екипиран Институт за фолклор – да ја подготви за најголемиот зафат со кој нејзиниот тим дотогаш се соочил. Дека подготовките успеале целосно докажува и ноторниот факт: тричлената редакција на проектот (Пенушлиски, Ристовски, Саздов) и нејзините три соработници/соработнички, кои се вклучувале во подготовките на одделни томови (Петровски, Попова, Спировска), својата повеќегодишна работа ја завршиле, со голем успех, во раната есен 1972, кога и последните книги биле напечатени.

Чинам дека **Цепенковиот декалог** треба да се смета за прво интегрално издание на едно авторско дело кај нас. Хипотезата би требало и дополнително да се провери, ама врз основа на моиве досегашни истражувања, проверки, имам доста сигурно чувство дека – по *Избраните дела во седум книги* на Блаже Конески, објавени во 1967 година и по седумтомните избрани дела на Димитар Митрев, објавени во 1970 година – интегралното **десеттомно издание** на Цепенков е прв македонски издавачки потфат од толкав голем обем. Ама и потфат со тол-

кав одглас – денес би рекле: **outcome**! – чиј бенефит, во протег на изминативе четири децении, во ништо не се намалува, туку постојано се засилува. И добива на квалитетот.

Со објавувањето на Цепенковите десет тома, како да се смени свеста за статусот на македонското културно наследство, не само литературно, туку наследството во целина. Благодарение и на тој голем исчекор, македонското народно творештво, искажувано и обликувано низ сите творечки модалитети и форми (книжевни, музички, танцови, градителски, ликовни...), денес сите го разбираме, го доживуваме и го толкуваме како поттик/потврда на долгиот континуитет на нашата автентична култура и како автентичен/неспорен исказ на нашиот идентитет. Заслуга за тоа несомнено им припаѓа и на реализаторите на овој проект.

Во разговорот што го водевме на 7 февруари 2011, и самиот академик Ристовски истражувањата на фолклорот ги проценува не само како исклучително референтни, туку како базични, примарни, иницијални, тие од кои треба да се тргне при секое истражување на македонската култура и историја. Познавањето, ама и разбирањето на фолклорната традиција се услови за разбирање и толкување на историските процеси и на македонскиот културен развој во целина. Во предговорот на една од своите фолклористички книги, двотомното издание со наслов *„Македонскиот фолклор и националната свест“*, самиот Ристовски констатира дека „фолклорот беше еден од базичните сегменти на народниот живот на Македонецот во ропските векови, тој беше навистина неговата и песна и воздишка, негов верен придружник од крштенката до погребот, но истовремено и неговата вера и упорство, негова надеж и закана“ (Ристовски, 1987/I: 5).

Проектот ***МАРКО К. ЦЕПЕНКОВ – МАКЕДОНСКО НАРОДНО ТВОРЕШТВО ВО ДЕСЕТ КНИГИ*** ова го докажува на најдобар можен начин. Дури денес, четириесет години по неговото завршување, како да стануваме свесни оти тој ни ја поттикнува вербата во вредностите за кои се исплашивме дека времето ги има изедено. Мислам на оние универзални вредности и општи добра, околу кои сè уште се ангажираат последните јавни интелектуалци на нашето време.

КОНСУЛТИРАНА ЛИТЕРАТУРА

Македонска енциклопедија, 2009, гл. и одг. редактор Блаже Ристовски, МАНУ, Скопје.

Ристовски, Блаже, 1987, *Македонскиот фолклор и националната свест,* I–II, Студентски збор, Скопје.

Ристовски, Блаже, 2011, *Македонскиот преродбенски XX век* – I том / втора книга, Три, Скопје,

Цепенков, Марко К., 1972, *Македонско народно творештво во десет тома,* Книга десетта. *Материјали – Литературни творби;* ред. д-р Блаже Ристовски, Македонска книга, Скопје.

Jelena LUŽINA

BLAŽE RISTOVSKI – THE GUARDIAN OF CEPENKOV'S AURA

(Summary)

Some four decades ago (1972), the then renowned Macedonian publishing house which no longer exists (Makedonska kniga), successfully accomplished one of the biggest endeavors recorded in our country: the publishing of the complete works of Marko K. Cepenkov, compiled in ten masterfully prepared volumes. The redacting body of this capital edition, which has invaluable influence in the Macedonian culture is composed of: Kiril Penušliski, editor in chief; Blaže Ristovski, editor in charge; Tome Sazdov, member.

When we today go through these ten immaculately edited books, not only do we inevitably ask ourselves why have we (in the mean time) diminished/reduced/decreased the astounding redacting standards, but we also share the honest respect for the resourcefulness, the effort and the patience of the editors that had put Cepenkov's work at the disposition of the generations.

However, this text is directed towards the contribution of only one of the three "guardians of Cepenkov's heritage", Blaže Ristovski; even more: it is directed only towards one of the ten books, the last in the decalogue, which was prepared/redacted by Ristovski himself.

Titled with the seemingly "most unattractive" syntagma ***Materials – Literary Works***, this book (numbered with the ordinal 10) mainly systemizes and comments the so-called *built*: the historically ethnographic and philological materials,

but it also offers the valuable Cepenkov's authorship texts – eight songs, one play and his famous autobiography.

Ristovski affirms, and also complements, the exquisiteness of this "materials" with sheets of minutiose comments, backed by hard/confirmed facts. Without them – not only without the facts, but also without the comments! – it would be virtually impossible for the readers of today, with the exception of the folklorists, to appropriately comprehend grandpa Marko Cepenkov!

Key words/terms: Marko K. Cepenkov, folkloristics, cultural heritage, self-referentiality, aura.

Танас ВРАЖИНОВСКИ

ЗНАЧАЕН ФОЛКЛОРИСТИЧКО-ЕТНОЛОШКИ ПРОУЧУВАЧ

Академик Блаже Ристовски е еден од ретките научни работници во Македонија кој своето научно творештво го градел во повеќе научни дисциплини: историја, наука за литературата, лингвистика, фолклористика, етнологија и др. Во таа смисла, неговото творештво има мултидисциплинарен карактер. Во личноста на Б. Ристовски нераскинливо се споени и медиавелистот, и историчарот на религиите, и фолклористот, и литературниот историчар. Неговото научно творештво е во функција на расветлување на историските процеси низ кои се пробивала македонската национална мисла[1] во кои неговите фолклористички и етнолошки истражувања заземаат важно место.

Тој се потврди како еден од најзначајните македонски научни истражувачи, од половината на XX век, кој, како еден од најплодните автори кај нас, со несмалена посветеност, работоспособност продолжува и понатаму да придонесува за развојот на македонската наука во целина. Нему му е својствена огромна енергија, дисциплинираност, систематичност и посветеност во научните истражувања и се покажа како научник со видливи организаторски способности. Гане Тодоровски пишува дека Ристовски е ретко плоден автор и врвен авторитет во нашата национална култура, а неговите дела се резултат на еден континуиран и системен труд[2].

---

[1] Миодраг Друговац, *Историја на македонската книжевност XX век,* Мисла, Скопје 1990, 678.

[2] Гане Тодоровски, *Решки и шарки, По sидовите на времето – Литературни записи,* Матица македонска, Скопје 2001, 236.

Овој автор е еден од оние македонски научни творци што најголемиот дел од својот творечки опус му го посвети на својот народ, проучувајќи ја неговата судбина од најразлични аспекти на општествениот живот во минатото и во сегашноста. Неговите мисли, размислувања и ставови во нашата научна јавност не секогаш се најдобро разбрани, па затоа од некои се критикувани, па и неприфатливи, но тој секогаш е подготвен да ги брани своите ставови, влегувајќи и во полемики, длабоко анализирајќи ја суштината на проблемот, не заборавајќи го и своето достоинство. Своите размислувања и проучувања ги проширува и ги потврдува со нови факти, осовременувајќи ги своите погледи и определби.

Интересот кон истражувањето на македонскиот фолклор во прв ред го има насочено кон проучувањето на македонската народна песна и зафаќа повеќе нејзини области. Првите негови трудови се покажаа уште од 1968 година, кога ги објавува главно во списанието *Македонски фолклор*. Во 1987 година го подготви двотомното издание *Македонскиот фолклор и националната свест. Истражувања и записи*[3], во кое се објавени дотогашните негови трудови, кои ги групира во неколку тематски поврзани групи. Самиот наслов на ова дело укажува во кој правец се движи научниот интерес во проучувањето на македонскиот фолклор и етнографијата. Читателот веднаш ја добива неговата основна преокупација – преку фолклорот и етнографијата да ги открива содржините и мотивите што сведочат за развојот на македонската национална свест. Всушност, оваа тематика е една од основните негови преокупации. Во тој поглед, тој е еден од оние научници кои на оваа проблематика исцело се има предадено, поставувајќи ги основите, правците и задачите во проучувањето на појавата и развојот на националната свест на нашиот народ.

Во ова двотомно издание се објавени значајни студии што датираат од неговите почетоци во проучувањето на македонскиот фолклор. Тие се соодветно систематизирани по тематскиот принцип, а не хронолошки, односно по временскиот редослед кога тие се објавени. Првиот том го носи заедничкиот наслов *Студии за македонската народна песна.* Тука се опфатени следниве поглавја: 1. *Кон проучувањето на старите слоеви,* 2. *Проучувања на борбените народни песни,* и 3. *Посебноста во заедничкото поет-*

[3] Блаже Ристовски, *Македонскиот фолклор и националната свест, Истражувања и записи, I, II,* Студентски збор, Скопје 1987.

ско потекло. Вториот том го носи насловот *Студии, материјали и реагирања*, со следниве поглавја: 1. *Фолклорот и фолклористиката во Македонија* 2. *Национални дејци – Етнографија – фолклористика,* и 6. *Народното поетско творештво во Гора,* и 3. *Прикази и реагирања.*

Посебен интерес кај Блаже Ристовски предизвикува проучувањето на историскиот поетски фолклор што се однесува за македонската револуционерна песна. Тоа се подразбира, бидејќи во овој тип фолклор, покрај преданијата, најизразито се појавува развојот и афирмацијата на македонската национална свест.

Во проучувањето на старите слоеви авторот се задржува на обредните песни од типот на додолските и лазарските народни песни. Во додолските песни доаѓаат до израз едни од најстарите и најраспространетите обичаи што се придружени со песни што имаат цел да се предизвика дожд во сушните периоди. За нивното зачувување и развивање има придонесено и религијата, којашто се обидувала старите паганси верувања и обичаи да ги придобие и да им даде свое толкување. Статијата на Блаже Ристовски *Македонските додолски и други обичаи и песни за дожд*[4] има првичен карактер. Основната нејзина цел е да се откријат непознати факти и материјали и да се укаже на некои моменти од досегашните проучувања, имајќи ја предвид постојната литература и теренските материјали, на кои им се дава приоритет. Врз основа на досегашните проучувања на обичаите и песните за врнежи тој предлага опстојна класификација: 1. додолски обичаи и песни; 2. обичаи и песни за покрсти (скрсти); 3. детски обичаи и песни за дожд, и 4. обичаи и песни за одвраќање или разбивање на поплави или градоносен облак. Авторот ги анализира обредните песни и верувања во врска со атмосферските врнежи, во согласност со предложената систематизација, која дозволува длабоко навлегување во суштината на природата и појавата на овие обичаи и песни.

Обредните песни сврзани со обичајот додоле кај Македонците за предизвикување врнежи во својата основа не се разликуваат од оние кај другите балкански народи. Оваа појава е сосема разбирлива, иако сите поодделно си имаат и определени специфики кај одделните етнички региони што се диктирани од кон-

[4] Блаже Ристовски, *Македонските додолски и други обичаи и песни за дожд,* цит. дело, I, 11–50.

кретната етнокултурна средина, како во однос на изведбата на обичајот, така и во однос на јазично-верификаторските карактеристики на песните, во композицијата, мотивиката, мелодиката и начинот на интерпретација. Овој труд го сметаме како еден од најкомплетните досега кај нас, има споредбен карактер и детално ги опишува спецификите на овој тип обредни песни.

Од истите мотиви авторот го објавува и трудот посветен на проучувањето на македонските лазарски народни песни, каде што се поставени и тези што во минатото не биле поставувани во нашата наука и кои треба да се сфатат како важен прилог кон идното комплексно проучување на лазарските обичаи и песни и тоа од фолклористички и од етнолошки аспект. Кај нас нема ниту една студија што комплексно би ја третирала оваа интересна и важна проблематика. Во анализата на овој обичај и песните се доаѓа до констатација дека постојат три основни пласта: претхристијански, христијански и битов. Лазарските обредни песни претрпувале значајни промени низ историјата, во зависност од разните социјални, културно-историски, конфесионални и други услови[5].

Двете статии ги карактеризира детално изнесување на податоците сврзани со изведбата на обичајот и песните што го придружуваат. При анализата на обредните песни се застапени материјали од сите делови на Македонија. Проучувањето на обредните обичаи и песни може да дадат, меѓу другото, и важни укажувања за културно-историскиот развиток на народот и на националната култура.

Бл. Ристовски посебно место во своите истражувања им посвети и на машките еротски народни песни што се изведуваат во времето на палењето на коледарскиот, односно василичарскиот огин во некои места во Македонија. Еротскиот фолклор зафаќа добар дел од нашиот фолклор, но неговото проучување сè уште е табу тема. Тој е одраз на животот на човекот и на неговата духовна култура и претставува интерес за проучување, но и презентирање за научна анализа. Овој обичај е широко распространет во Македонија, но еротски песни се пеат само во некои региони во Република Македонија: Кавадарци, Неготино, Велешко, Крушевско, Порече, Демирхисарско, Прилепско. Еротските песни кај нас се познати под терминот коледарски *мрсни* или *гнаси песни.* Нивната содржина е доста едноставна, а смислата би требало да се бара

[5] Истиот: *Кон проучувањето на македонските лазарски народни песни*, цит. дело, I, 51–64.

во некогашниот магиски карактер и во поттикнување кон еротски расположенија за зголемување на плодноста[6]. Да спомнеме дека на оваа проблематика подоцна се има осврнето и Кирил Пенушлиски[7].

Кон старите слоеви во македонската народна песна Ристовски ги вклучува и своите проучувања на легендарниот лик на Марко Крале во македонската обредна народна песна. Предмет на проучување, во прв ред, се некои битово-семејни трудови и комични песни за овој наш јунак. Авторот ги разгледува календарните и општествените обичаи и песни што се застапени во разни делови на нашата земја. Во таа смисла, тој поаѓа од појавата на ликот на Марко Крале во божикните песни. Ваквите песни се појавуваат во ограничен број и само во некои делови на Македонија (во Дебарско и во Порече, како и во Пиринскиот дел на Македонија). Оттука и нивната ретка појава. Сепак, тој е убеден дека во постојните записи може да се најдат и повеќе коледарски песни за Марко Крале. Водичарските песни за него се едни од најмногубројните и едни од најубавите македонски обредни народни песни. Тие се среќаваат низ целата територија на Македонија (Струшко, Дебарско, Крушевско и Кумановско). И велигденските песни се пеат речиси по целата територија на етничка Македонија: од Серес, Дебарско, Кичевско, Пореч, преку Гостивар, Охридско, Тиквешијата, до Беровско, Демирхисарско и др.

Ликот на Марко Крале, освен во наведените обредни народни песни мошне често се среќава и во семејните обредни песни. Тие најмногу се застапени во свадбените песни и во сите обреди во свадбениот обичај. Најмногу тоа се лирски, кратки песни, наполно осамостоени и вклопени во свадбениот ритуал. Во лирските песни за Марко Крале постојат и други видови песни, на пример: службарски, самовилски, жаловни, потоа трудови песни (летоечки, аргатски, овчарски, а особено жетварски). Покрај овие видови песни авторот се задржува и на хумористично-сатиричните и пародично-гротескните. Во овие песни народниот пејач му се потсмева и беспоштедно го исмева славниот јунак.

---

[6] Истиот: *Машките еротски народни песни околу коледниот оган во некои места во Македонија,* цит. дело, I, 65–78.

[7] Кирил Пенушлиски, *Кон проучувањето на македонските еротски приказни,* „Македонски фолклор", VII, 114, 1974, 67–85. Истиот: *Македонски еротски приказни,* Мисла, Скопје 1981.

Значајното присуство на ликот на Марко Крале во обредниот фолклор зборува не само за посебниот однос на творците на овие песни кон него, туку, што е многу важно, за нивната старост. Марко во нив е обичен човек, со сите човечки особини, а не јунак над јунаците[8].

На ликот на Марко Крале Бл. Ристовски се навраќа уште еднаш, и тоа од историска перспектива, но не ја одбегнува и традицијата. Тој повеќе место му посветува на историскиот лик на Марко, истакнувајќи ја притоа митологизацијата на неговиот лик како резултат на апсорбирањето на многу карактеристики од разните претстави за митски и легендарни ликови, главно од балканска провиниенција. Од друга страна, пак, преку дејноста на јунакот доаѓаат до израз историските околности во кои живеел народот, бранејќи го од претставниците на османлискиот завојувач[9].

Во македонскиот фолклор се забележува значително влијание на турскиот фолклор. Оттука и појавата на турски елементи во македонската народна традиција. Македонското народно творештво не остана имуно на влијанието од турската духовна култура. Највпечатливо тоа доаѓа до израз во градската чаршија и до денеска најсилно тоа се чувствува во градското усно творештво. Присуството на турски елементи во македонското поетско творештво авторот го гледа во некои рефрени во македонските градски песни, кои можат да бидат од еден збор, од еден стих или од цела строфа. Лексичкиот фонд е многу измешан со турцизми што и дава посебен белег на целата песна. Тие го одразуваат времето, воспоставуваат однос со временската и социолошко-културолошката димензија. Турцизмите посебно се навлезени во фолклорот на Македонците муслимани и тоа во прв ред во конфесионалните сфери. Турските елементи во нашиот фолклор не се ниту малку значајни. Тие се важен сврзувачки елемент меѓу нашите современи култури[10].

---

[8] Блаже Ристовски, *Марко Крале во македонската обредна народна песна,* цит. дело, I, 79–125.

[9] Истиот: *Кон проучувањето на кралот Марко во историјата и во традицијата,* Кралот Марко во историјата и во традицијата, Прилози од научниот собир одржан по повод 600-годишнината од смртта на кралот Марко. Прилеп, 23–25 јуни 1995 година, Прилеп 1997, 7–22.

[10] Истиот: *Турски елементи во македонската народна поезија,* цит. дело, I, 126–140.

Во своите истражувања на македонскиот поетско историски фолклор Блаже Ристовски посебно внимание му посветува и на проучувањето на борбените народни песни, а посебно на песните од времето на Илинденското востание. Првата негова статија со илинденска проблематика се однесува на одразот на духот на Илинден во македонската народна песна. Авторот се задржува на раѓањето и развојот на македонските народни револуционерни песни, вршејќи соодветна тематска класификација потчинета на историските настани на почвата на Македонија во нејзините етнички граници: 1. Народни песни што го одразуваат периодот од Разловечкото востание до образувањето на Македонската револуционерна организација (1876–1893); 2. Народни песни од илинденскиот период – од образувањето на Организацијата, па до распаѓањето на Отоманската Империја, односно до Првата балканска војна (1893–1912); 3. Народни песни по поделбата на Македонија помеѓу завојувачите, па до Втората светска војна (1912–1941); 4. Народни песни од Народноослободителната борба на македонскиот народ, вклучувајќи ги тука и песните од времето на Граѓанската војна во Грција (1946–1949). Оваа класификација има универзален карактер и може да се подели на соодветни подгрупи. Таа е прифатена од нашата фолклористика и претставува патоказ во проучувањето на македонската револуционерна песна во целина.

Бл. Ристовски накратко ги анализира и песните посветени на видни личности од времето на Илинден, какви што се песните за Јонче Крушјанчето, за војводите Митре Влавот од Костурско, Леонид од Гевгелиско, Методи Патчев и Христо Узунов од Охрид, Веле Марков од Крушево, Александар Турунце од Леринско, Гоце Делчев и други војводи. Голем дел од овие песни се позајмени од комитските и од ајдутските народни песни, но најголемиот дел се нови песни за даден настан. Авторот нагласува дека особено од 1902 година наваму речиси нема ниту еден позначаен настан од револуционерниот живот на Македонија и нема поистакнат војвода на организационите чети што не бил предмет на народната песна[11]. Во подоцнежните негови трудови тој и поединечно се задржува на најголемиот дел од наведените борци од илинденскиот период.

На класификацијата на борбените народни песни Ристовски се навраќа и во трудот *Кон класификацијата на македон-*

[11] Истиот: *Одразот на духот на Илинден во македонската народна песна,* цит. дело, I, 171–199.

ските борбени народни песни. Тој предлага класификација, која е слична на погорната, но со извесни модификации. На пример, тој ја внесува групата на песните посветени: 1. за подвизите на разните феудални јунаци, и 2. за ајдутите во Македонија. Што се однесува на класификацијата на револуционерните народни песни, речиси е идентична како погорната. Двеве класификации се актуелни и до денешен ден[12].

Од голема важност во проучувањето на револуционерната народна песна претставува обемниот труд посветен на македонската револуционерна народна песна од Пулевски до Рацина. Тоа е период што претставува преломна епоха во националниот и општествено-политичкиот развиток на Македонија, кога се појавиле и првите најавтентични форми на македонската национално-ослободителна борба, проследена од народната песна како незаменлив придружник на сите револуционерни настани. Авторот ги проследува првите песни настанати во тој период и собирачите што ги забележиле, на пример: Ѓорѓија М. Пулевски, Стефан Верковиќ, Петар Драганов, Марко Цепенков, Наум Тахов, Кузман Шапкарев.

Карактеристично, според Бл. Ристовски, е што во зарегистрираната и објавената народна поезија до времето на Пулевски наполно отсуствува македонското национално обележје. Првите записи на револуционерни народни песни што го носат македонското национално обележје се среќаваат во стихозбирката *Македонска песнарка* (1879).

Од времето на Илинден, па сè до 1912 година се пееле голем број револуционерни песни. Васил Икономов во 1910 година ја објавил збирката *Народна песнопојка*, во која се објавени повеќе илинденски револуционерни песни. Во 1924 година Панчо Михајлов го објавил обемниот зборник *Бугарски народни песни од Македонија*, во кој се објавени поголем број илинденски револуционерни песни. Вакви песни објавуваат и Јосиф Чешмеџиев, Добри Христов, Георги Цапев и други. Меѓутоа, сè до 1943 година нема објавено ниту еден зборник што поцелосно би го претставил овој најнов слој од македонското народно творештво[13].

[12] Истиот: *Кон класификацијата на македонските борбени народни песни,* цит. дело, I, 141–148.

[13] Истиот: *Македонската револуционерна народна песна од Пулевски до Рацина,* цит. дело, I, 154–170.

Во богатото македонско народно творештво, во текот на последниве стотина години се создаде посебен пласт во општиот фонд на нашиот поетски фолклор. Значајно место тука им припаѓа на илинденските народни песни, кои не се само обична хроника на настаните од овој период: „Таа – вели авторот – е уметнички одраз на свеста и чувството на масата како организирана целина, национално јасно изразена и идејно определено насочена. [...] го фиксира и го зачува духот на ослободителното движење, обезбедувајќи му го континуитетот и низ следниве фази од борбите за национално ослободување на народот. Функцијата на овие песни беше осмислена со поттикнувачкиот тон и јасновидноста на претстојните перспективи, многу често величавоста на подвигот или величината на ликот, а секако и со естетската димензија на текстот и мелодијата“[14].

Главниот лик на илинденските песни е Гоце Делчев. Фолклорните песни за водачот на Илинденското востание претставуваат посебен циклус на македонското поетско народно творештво. Тој беше општоомилен деец по целата македонска земја, така и денеска песните за него се пееле на целата етничка територија на Македонија. Една од најпознатите песни од овој циклус е баладата *Црна се чума зададе,* позната во сите делови на нашата татковина, настаната врз меѓународни мотивски елементи[15]. Македонското народно поетско творештво е прекрасен пример за креативните способности на народниот творец. Тој создава самостојни креации, посебни верзии на одделни песни, кои носат сопствени белези[16].

Освен за народните песни за Гоце Делчев[17], Блаже Ристовски посебно место им посветува и на песните за познатите македонски револуционери од времето на Илинден: Јордан Пипер-

[14] Истиот: *Македонската илинденска револуционерна народна песна,* цит. дело, I, 200–209.

[15] Истиот: *Историскиот развиток на баладата „Црна се чума зададе“,* цит. дело, I, 221–244.

[16] Истиот: *Креативниот чин на пејачот на епските народни песни,* цит. дело, I, 210–220.

[17] Истиот: *Кон македонските револуционерни народни песни за Гоце Делчев, Јордан Пиперката и Питу Гули,* цит. дело, I, 256–273.

ката[18], Питу Гули[19], Никола Карев, Веле Марков[20], Јане Сандански[21], Даме Груев[22].

Најважниот придонес на Б. Ристовски во проучувањето и објавувањето на илинденските народни песни претставува зборникот *Македонски револуционерни народни песни за Гоце Делчев, Јордан Пиперката и Питу Гули*[23], со значајниот предговор. Тој содржи 273 македонски револуционерни народни песни (со мелограми). Зборникот има и богат научен и прецизен научен апарат: 1. Податоци и забалешки за песните, 2. Скратеници, 3. Регистар на запишувачите, 4. Регистар на пејачите, 5. Регистар на имињата на песните по местото на раѓањето на пејачите, 6. Регистар на имињата во песните, 7. Регистар на географско-топографските имиња во песните, 8. Предметен регистар, 9. Речник на туѓите и понепознатите зборови во песните, 10. Тонски низи, 11. Основни метроритмички структури на мелодиите, 12. Формална структура на текстот и мелодијата во мелографата, 13. Мелографи на мелодиите. Музичкиот дел на Зборникот е во авторство на Ѓорѓи М. Ѓорѓиев.

При систематизацијата на песните се дава објаснување на принципот за нивното групирање, сврзани со тројцата истакнати личности од периодот на Илинденското востание. Димче Најчевски вели дека овој принцип се засновува главно врз историските димензии на овие личности и нагласува дека внатрешната класификација на народните песни според личностите не е непозната во фолклористичките изданија, но таа има и недостатоци. Објаве-

[18] Истиот: *Песните за Јордан Пиперката и создавањето народен идеал за борец за слобода,* цит. дело, I, 274–291.

[19] Истиот: *Питу Гули во македонската револуционерна народна песна,* цит. дело, I, 292–309.

[20] Истиот: *Никола Карев и Веле Марков во народната песна,* цит. дело, I, 310–327.

[21] Истиот: *Јане Сандански во македонската народна песна,* цит. дело, I, 328–342.

[22] Истиот: *Даме Груев во усното народно творештво,* цит. дело, I, 343–348.

[23] *Македонски револуционерни народни песни за Гоце Делчев, Јордан Пиперката и Питу Гули,* Избор, редакција и забелешки д-р Блаже Ристовски. Музиколошка обработка Ѓорѓи М. Ѓорѓиев, Соработник Татјана Жежељ-Каличанин, Институт за фолклор – Скопје, Македонско народно творештво, Народни песни, книга I, Скопје 1974, 7–363.

ните песни и од тематска гледна точка не се однесуваат само за личностите што се спомнуваат, туку и за значајните историски настани. Со таква внатрешна класификација, вели Најчески, тешко може да се следи хронологијата на ослободителното движење. Тој смета дека поприфатливо е класификацијата да ги одрази основните етапи на ослободителната борба: предилинденскиот период, периодот на Востанието и востаничките настани во времето по Востанието. Имињата на личностите во народните песни не секогаш ја претставуваат основната доминанта во поетската содржина. Сижетите и основните мотиви на песните често во песните се побитни и претставуваат идејно-тематски ориентири[24]. И класификацијата што ја предлага Д. Најчески не му е туѓа на Бл. Ристовски. Во некои негови трудови тој токму поаѓал од настаните поврзани со Илинденското востание и воопшто со историскиот поетски фолклор.

Овој Зборник претставува досега најцелосно издание кај нас во поглед на квалитетот на изборот и квантитетот на народни револуционерни песни од периодот на Илинденското востание. Песните првпат ѝ се презентираат на научната и поширокатa јавност. Тие се собрани во нашата современост што сведочи за големата актуелност и популарност на илинденскиот поетски фолклор во Македонија во изминатиот 20-ти век. Многу битен момент е територијалната застапеност на песните. Во него има песни од сите делови на етничка Македонија, со што добива посебна вредност. Важна компонента на Зборникот е и објавувањето на повеќе варијанти на една и иста песна.

Улогата и значењето на македонските револуционерни песни добро ги согледал и Кочо Рацин. Тој во 1943 година во Лопушник, во „Штампарницата" „Гоце Делчев" ја објавил првата збирка *Македонски народно-ослободителни песни.* Во оваа збирка се застапени и македонски илинденски народни песни што на најавтентичен начин се поврзува борбата на илинденците со партизаните во единствена народноослободителна борба. Во текот на 1944 година беа објавени уште неколку збирки со народноослободителни песни. Објавените песни во овој период претставуваат континуитет од претходната револуционерна народна песна, бидејќи, како што

[24] Димче Најчески, *Македонски револуционерни народни песни за Гоце Делчев, Јордан Пиперката и Питу Гули,* ... во: „Македонски фолклор", IX, 18, Скопје 1976, 129–130.

нагласува Б. Ристовски, и борбата беше само квалитетно видоизменето продолжение на борбата започната уште во XIX век.

„Македонските народноослободителни песни“ на К. Рацин Блаже Ристовски ги објави во посебно издание *Македонски народноослободителни песни* во 1974 година, со обемен предговор[25]. Ова издание е подготвено со големо познавање на проблематиката, но истовремено со чувство на одговорност на авторот во претставувањето на фактите сврзани со последните настани околу К. Рацин пред неговото трагично загинување. Него посебно го интересира историјатот на појавата на двете истоимени збирки народни песни. Во вториот дел на книгата Ристовски ги анализира песните од двете збирки на Кочо Рацин. Познато е дека народната песна имала голема традиција во семејството на Рацин. И татко му и мајка му биле песнари. Така што уште од многу мала возраст Кочо почнал да запишува народни песни, па се претпоставува дека првите негови записи потекнуваат некаде од есента на 1925 година.

Основната структура на песните во збирките на К. Рацин, наполно соодветствува на нивниот карактер. Народните песни ги носат карактеристиките на македонската револуционерна традиција од XIX век, а посебно од илинденскиот период. Во сите овие постари народни песни, особено во првата збирка, е извршена незначителна, но доста важна адаптација и артикулација во согласност со новите околности и конкретните народни задачи и цели. Рацин го сфаќал значењето на народната поетска традиција и нејзината улога во мобилизацијата на масите во борбата против окупаторот[26].

Бл. Ристовски констатира дека местото и улогата на македонската револуционерна песна во нашето националноослободително движење допрва ќе го привлекува вниманието на истражувачите и уште долго ќе го чува активното дејство при воспитувањето на младите генерации[27]. Оваа негова порака, за жал, само делумно е прифатена од нашата наука. Многу мал е бројот на научните работници што ја истражуваат оваа проблематика и тоа

[25] Д-р Блаже Ристовски, *Македонски народноослободителни песни,* Институт за фолклор, Библиотека на списанието „Македонски фолклор“ 3, Скопје 1974, 9–88.

[26] На истото место, 16.

[27] Истиот: *Македонската револуционерна народна песна од Пулевски до Рацина,* цит. дело, I, 170.

главно во претходниот век. Сведоци сме дека во последниве дваесетина, ако не и повеќе години, немаме објавено некои посериозни трудови или зборници со македонски револуционерни песни, а тие што се објавени потекнуваат од 70-тите години од минатиот век. Како потврда на овие зборови може да го посочиме симпозиумот посветен на 100-годишнината на Илинденското востание од 2003 година, во организација на Македонската академија на науките и уметностите на кој учествуваше само еден фолклорист[28].

Лазо Каровски во освртот кон оваа книга нагласува дека таа претставува достојно презентирање на последното дело на Кочо Рацин и прво во слободната македонска културно-литературна историја[29].

Ристовски ги следи најважните периоди од историјата на Македонија, одразени во револуционерните песни. Такви се и трудовите посветени на Народноослободителната борба од времето на Втората светска војна. Него го интересираат песните што имаат изразито национален и патриотски карактер. Такви се неговите прилози *Како е настанатa песнатa „А бре Македонче“*[30] и *Песнатa „Денес над Македонија се раѓа“ – израз на самоопределувањето и апотеоза на слободата*[31]. Тој го следи историјатот на настанувањето на овие песни во НОБ, кои подоцна стануваат и едни од најпопуларните. Притоа се повикува на спомените на некои учесници во НОБ, поткрепени со искажувања на авторите на овие две песни. Авторот ги проследува и промените што се вршеле сè до конечното оформување. Првата песна, на пр., е настаната во септември 1941 година, додека втората првпат јавно е изведена при пречекот на Новата 1942 година. Во овој циклус се вбројува и песната *Рајна Скопјанкатa* (363–380), посветена на седумнаесет-

[28] Танас Вражиновски, *Илинден – чесноста на Македонија.* Тематиката на илинденскиот фолклор, 100 години Илинден 1903–2003, Прилози од Научниот собир одржан на 6–8 мај 2003, Том II, Македонска академија на науките и уметностите, Скопје 2005, 367–376.

[29] Лазо Каровски, *Македонски народноослободителни песни,* Библиотека на списанието „Македонски фолклор“ 3, Институт за фолклор, Скопје 1974. во: „Македонски фолклор“, VII, бр. 14, Скопје 1974, 273.

[30] Блаже Ристовски, *Како е настанатa песнатa „А бре Македонче?“,* цит. дело, I, 349–362.

[31] Истиот: *Песнатa „Денес над Македонија се раѓа“ – израз на самоопределувањето и апотеоза на слободата,* цит. дело, I, 355–363.

годишната партизанка Рајна, жена-борец во Одредот „Д. Влахов". Авторот го проследува историјатот на трите песни за Рајна Скопјанката (во неколку верзии) и заклучува дека овие песни можат да послужат за интересни и сериозни проучувања на историјата на раѓањето и патиштата на развитокот на една епска народна песна и еволуцијата на историската вистина во неа[32].

Циклусот на песните за НОБ Ристовски го завршува со статијата посветена на националноослободителната компонента во песните од НОБ во Македонија. Овие песни, во споредба со песните на другите народи на поранешна Југославија, имаат карактеристики што ги прават поавтентични, бидејќи во нив на прв план доаѓа националната компонента и создавањето на македонска држава. Песни со таква содржина се пеат низ целата територија на етничка Македонија и дејствуваат интегративно на сите простори каде што живеат Македонци. По завршувањето на Втората светска војна македонската народноослободителна песна продолжува да живее и добива нови содржини и форми во Егејскиот дел на Македонија во времето на Граѓанската војна во Грција. Македонската песна од НОБ го одразува континуитетот на илинденските револуционерни традиции, сообразени со новите историски реалности[33].

Бл. Ристовски во своите истражувања го проширува својот круг на проучувањата и во правец на историјата на македонската фолклористика и на современата состојба на народната песна во Македонија. Во истражувањето *Кон фолклорот и фолклористиката во Македонија* ја проследува собирачката дејност на значајните собирачи од XIX век, па сè до времето на настанувањето на овој труд. Исто така е претставена и издавачката дејност од областа на македонскиот фолклор, како и објавуваните трудови за нашиот фолклор[34].

Блиски на овие проучувања се и прилозите кои се однесуваат на современата состојба на народната песна кај нас низ три

[32] Истиот: *Рајна Скопјанката во народната песна од НОБ,* цит. дело, I, 363–380.

[33] Истиот; *Националноослободителната компонента во песните од НОБ во Македонија,* цит. дело, I, 381–383.

[34] Истиот: *Кон фолклорот и фолклористиката во Македонија,* цит. дело, II, 7–7–14.

генерации[35] и современата состојба и проблемите на етнографијата и фолклористиката во Македонија[36]. Во нив, меѓу другото, се опишува собирачката и научната дејност на Институтот за фолклор и значењето на списанието *Македонски фолклор,* како орган на Институтот. Во 1975 година тој забележува: „Не само што ние сè уште немаме етнографи и фолклористи теоретичари, туку немаме ни позадлабочени студии во однос на проучувањето на етногенезата на Македонците и историјата на нивната народна култура. Но основите се веќе затемелени и младата македонска наука рамноправно зачекорува со науката на другите јужни Словени.[37] Тој вели дека денешната македонска фолклористика и етнологија имаат направено несомнено големи чекори и стојат рамо до рамо со фолклористите и етнолозите од балканските земји и пошироко.

Посебен интерес за македонската фолклористика предизвика обемниот труд посветен на македонското народно поетско творештво во Гора[38]. Овој труд го вбројуваме во позначајните трудови на Б. Ристовски. Гане Тодоровски забележува: „Тоа не е само изворно истражување (од прва рака, на терен), туку и критички став кон досегашната литература по ова прашање, [...], придонесува во расветлувањето на етничката мистерија на ова (недефинирано и до нашиве дни по национална припадност) население, кое бездруго си било и си останува македонско“[39].

По предговорот посветен на проучувањето на народната поезија на Гораните се приложени 133 народни песни од селата во Гора (од делот што се наоѓа во границите на Косово) и од две села од Тетовско: Урвич и Јеловјане населени главно со Горани, кои со својот говор и фолклор не се разликуваат од населението во Гора. Овој труд има пионерски карактер, првпат покомплексно е претставен фолклорот на Македонците муслимани од Гора. Материјалот потекнува од Архивот на Институтот за фолклор, каде што се

[35] Истиот: *Современата состојба на народната песна во Македонија низ три генерации,* цит. дело, I, 393–399.

[36] Истиот: *Современата состојба и проблемите на етнографијата и фолклористиката во Македонија,* цит. дело, II, 15–23.

[37] На истото место,

[38] Истиот: *Кон проучувањето на народната поезија на Гораните,* цит. дело, II, 213–324,

[39] Гане Тодоровски, *Звучниот здив на татковината,* Култура, Скопје 1992, 139.

чуваат околу 1 000 горански народни песни. Голема заслуга во собирањето на овие песни има и соработникот од Гора Феим Хоџа (Мазламоски) што беше ангажиран од Институтот за фолклор во рамките на програмата за собирање на фолклорот во Македонија. Притоа Ристовски критички се осврнува и на литературата посветена на Гораните, главно од српски автори, кои нив ги сметаат за Срби со муслиманска вера.

Најобемниот и најзначаен дел од фондот на горанските народни песни се љубовните, но важно место заземаат и песните поврзани со печалбарството. Се нагласува дека во горанската народна песна речиси не постојат револуционерни или патриотски песни: „Општо земено, вели Бл. Ристовски, горанската народна песна е строго реалистична, без развиена епска фантазија, а јунаците и настаните се земани главно директно од секојдневниот живот на Гораните. Според тоа, оваа поезија е речиси наполно локална или пак сосема локализирана. [...]. Големата затвореност на Гора создала услови за сопствени поетски структури и свои изразни можности, конзервирајќи стари мотиви и форми“[40].

Авторот по прегледната анализа на народната песна на Гораните констатира дека таа е мошне богата, со доста разновидна сижетика, со впечатлива мотивика, со предизвикувачки метроритмички карактеристики и со изградени идејно-уметнички структури[41].

Во своите проучувања Блаже Ристовски значајно место им посветил и на националните дејци – етнографи и фолклористи, како што се Ѓ. Пулевски – самоук sидар, печалбар, комита и револуционер, војвода и поет, учебникар и фолклорист, лексикограф и граматичар, историчар и идеолог на македонскиот национален развиток[42]. А пак Марко Цепенков по запишаниот фолклорно-етнографски материјал, филолошки, етнокултурен и социолошко-историски материјал сè уште е ненадминат во нашата средина, додека по обемот и карактерот на своето прозно дело тој ги надвишува сите литературни појави на македонски јазик сè до Ослободувањето[43].

---

[40] Блаже Ристовски, *Кон проучувањето на народната поезија на Гораните,* цит. дело, II, 235.

[41] На истото место, 229.

[42] Истиот, *Меѓникоѓ Ѓорѓија Пулевски,* цит. дело, II, 43–59.

[43] Истиот, *Класикоѓ на нашиоѓ XIX век Марко Цепенков,* цит. дело, II, 60–72.

Посебно е претставен рускиот славист Петар Драганов, најдоследниот македонолог и основоположник на македонистиката во Русија, проучувач, афирматор и заштитник на самобитноста на македонскиот народ, афирматор на посебната индивидуалност на македонската култура во словенскиот свет[44]. Но за Ристовски Крсте Мисирков претставува цела една епоха од народниот развиток. Тој е најкомплетниот македонски славист, историчар, филолог, етнограф и фолклорист и еден од проучувачите на ликот на Марко Крале[45]. А во прилогот за Димитрија Чуповски авторот го проследува родословието, спомените, народните кажувања и песните за родот на овој значаен наш деец[46]. Филип Николовски е еден од најактивните членови на Македонското научно-литературно другарство во Петербург, кој се истакнал и како собирач и издавач на македонско народно творештво на почетокот на минатиот век, па два свои записа на народни песни има напечатено во Мисирковиот *Вардар* (1905)[47]. Но народниот учител Васил Икономов е бездруго еден од значајните собирачи и издавачи на македонското народно творештво, печатар и публицист и истакнат културно-национален деец[48].

Ристовски се задржува и на некои современи собирачи на нашиот фолклор, како што се Васил Хаџиманов – интерпретатор и собирач, проучувач и презентатор на македонската народна песна, пасиониран вљубеник во фолклорот[49], и Милан Ристески, ревносен собирач на македонското народно творештво во Македонија, со изразени амбиции и за неговото проучување и презентирање. Неговата собирачка дејност е поврзана главно со родното Мариово[50].

---

[44] Истиот, *Доследниот македонолог Петар Драганов,* цит. дело, II, 73–99.

[45] Истиот, *Далновидниот Крсте Мисирков,* цит. дело, II, 100–133.

[46] Истиот, *Родословие, спомени, народни кажувања и песни за родот на Димитрија Чуповски,* цит. дело, II, 134–167.

[47] Истиот, *Филип Николовски во развитокот на македонската национална мисла и неговите записи на народни песни во Мисирковиот „Вардар" (1905),* цит. дело, II, 168–183.

[48] Истиот, *Лазарополскиот учител, етнограф, фолклорист и национален деец Васил Икономов (1848–1934),* цит. дело, II, 184–200.

[49] Истиот, *Етномузиколог Васил Хаџиманов (1905–1969),* цит. дело, II, 201–206.

[50] Истиот, *Милан Ристески (1923–1983),* цит. дело, II, 207–211.

Фолклористичко-етнолошкото дело на Блаже Ристовски е обемно и се движи во два правца. Прво, своето внимание го насочува кон прочувањето на народната македонска песна. Неговите статии имаат пионерски карактер, бидејќи тој е еден од оние научници што отвори теми што до тогаш не биле предмет за проучување од младата македонска фолклористичка и етнолошка наука. Во таа смисла, ги постави задачите и укажа на насоките по кои треба да се движи развојот на македонската наука за фолклорот. Второ, Ристовски е еден од првите научни работници што го увиде нивното значење во развојот на македонскиот национален идентитет. Своите тези ги поткрепува со посебно изразената во песните борба за национално ослободување и за создавање македонска држава. Зашто патриотското чувство особено доаѓа до израз во револуционерната народна поезија. Поткрепа на своите размислувања во тој правец наоѓа во дејноста на познатите македонски дејци и собирачи на фолклорни и етнографски материјали од изминатите два века. Широки се темите што го привлекле вниманието на овој наш истакнат научник: „Блаже Ристовски – пишува Гане Тодоровски – ни нуди, значи, на показ широк опфат на теми и проблеми на фолклористиката, она што може да се збере на релацијата од фолклорна до национална култура. Според тоа, во двотомникот негов не се презентираат само извесни индивидуални, лични љубопитства кон материја или дисциплина која претставува нераскопачена нива, туку овие трудови (ситни и пообемни) предочуваат колку и како фолклорот имал и има влијание и удел во историската судба на македонскиот народ, неговата литература и култура“[51].

Во своите трудови Ристовски покажа дека располага со големо познавање на фолклористичката и етнолошката литература. Тоа е карактеристично за сите негови трудови. Посебно покажа дека суверено ја владее особено словенската литература, па на македонската јавност преку рецензии, прикази и полемички написи ѝ ги приближи фолклористичките и етнолошките достигнувања на познати научни работници од словенскиот свет. Тој е учесник на многу значајни меѓународни и национални конгреси и други научни собири во кои со своите реферати и дискусии го афирмираше македонското народно творештво, застанувајќи во

[51] Гане Тодоровски, цит. дело, 138.

одбрана пред оние што го присвојуваат, создавајќи една ненаучна и искривена слика за потеклото на нашата народна култура.

Со жалење го изразуваме нашето разочарување што Блаже Ристовски во последниве години речиси престана да го проучува нашиот фолклор, но неговите достигнувања во изминатиот период му обезбедија значајно место во историјата на македонската фолклористика. „Тој – вели Гане Тодоровски – е една *автентична личност* на нашата култура – во модерната смисла на зборот: научник истражувач [...], благодарејќи му токму на овој наш трудбеник во науката, врашки или фанатички упорит, системен и инвентивен, ние денеска располагаме со богати знаења за својата поблиска и подалечна историја“[52].

*

Блаже Ристовски, меѓутоа со својата дејност придонесе и за развојот на некои институции од областа на фолклористиката, кои под негово раководство достигнаа значајни резултати, потврдувајќи ги своите организаторски способности и визии. Тоа во прв ред дојде до израз во времето кога тој беше директор на Институтот за фолклор. Слободно може да се каже дека токму во тој период овој Институт ги постигна најзначајните успеси во својата историја. Овој факт се потврдува со следниве важни негови зафати. Прво, кадровската структура на Институтот беше една од најголемите негови грижи. Во тој период беа примени на работа млади асистенти, кои подоцна станаа столбот на Институтот и на македонската фолклористика. Благодарение на таквата поставеност Институтот постепено стануваше препознатлив не само во Македонија, туку и во тогашна Југославија и надвор од неа. Второ, го основа првото наше специјализирано списание *Македонски фолклор* и стана негов главен и одговорен уредник. Во рамките на списанието се објавуваше и Библиотека на списанието *Македонски фолклор*. Трето, тој е основоположник на Меѓународниот симпозиум за балканскиот фолклор во Охрид, кој е актуелен до денешен ден. Овие две институции од меѓународен карактер ги отвориja вратите на македонската фолклористика и етнологија во светот во време кога нашата наука и држава водеше тешка битка за афирмација на надворешен план. Тие станаа препознатливи маке-

[52] На истото место, 142.

